**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Валентина Блажевска Андоновска

Докторска дисертација

СКОПЈЕ, 2020г.

**МЕНТОР:** проф. д-р Светлана Николоска
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**
проф. д-р Оливер Бачановиќ
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

проф д-р Миодраг Лабовиќ
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

проф. д-р Борис Мургоски
Факултет за безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

Проф. д-р Неџат Корајлиќ
Факултет за криминалистика, криминологија и безбедносни студии
на Универзитет во Сараево

Датум на одбрана:

Датум на промоција:

Наука на којашто се стекнува докторатот: Доктор на безбедносни науки.

## ИЗЈАВА

од м-р Валентина Блажевска Андоновска

Изјавувам, дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавила:
м-р Валентина Блажевска Андоновска

## Листа на табели, шематски и графички прикази

## Табели


Табела бр.1 Убиства кои завршиле со самоубиство во иста криминална ситуација

Табела бр.2 Обем на извршени убиства и убиства во обид

Табела бр.3 Убиства по СВР по градови во РМ и ОСОСК

Табела бр.4 Обид за убиства по градови во РМ и ОСОСК

Табела бр.5 Вид на убиства

Табела бр.6 Убиства по градови во РМ

Табела бр. 7 Динамика на убиствата по месеци

Табела бр. 8 Сооднос на просторот и местото на извршување

Табела бр 9 Конкретно место на настан

Табела бр. 10 Осудени лица за убиство

Табела бр. 11 Средства за извршување на убиства

Табела бр. 12 Мотив на сторителите

Табела бр. 13 Проверка на варијабла за работен статус и средства за убиство

Табела бр. 14 Кростабулација на средствата и професијата

Табела бр. 15 Образованието и употребените средства за убиства

Табела бр. 16 Проверка на варијабла за образованието и средствата за убиство

Табела бр. 17 Средства и мотив за извршување убиство

Табела бр. 18 Пол на сторителите и просторот за убиство

Табела бр. 19 Просторот за извршување убиства и полот на сторителот

Табела бр. 20 Сторители според полот и средствата за извршување

Табела бр. 21 Динамика на убиствата според годишното време

Табела бр. 22 Старост и пол на сторителите

Табела бр. 23 Возраст на сторителите

Табела бр. 24 Национална припадност и пол на сторителите

Табела бр. 25 Брачен статус на сторителите

Табела бр. 26 Осудуваност на сторителите

Табела бр. 27 Користење на дрога и алкохол пред извршување на делото

Табела бр. 28 Соизвршителство при извршување убиство

Табела бр. 29 Број на жртви на убиство

Табела бр. 30 Пол на жртвата и мотивот на сторителот

Табела бр. 31 Пол на жртвата и сторителот

Табела бр. 32 Односот на жртвата и сторителот на убиство

Табела бр. 33 Конкретен однос на жртвата и сторителот

Табела бр. 35 Убиства за кои има пресуди на сторителите за двата периода на анализа

Табела бр. 36 Вид на убиства во двата периода на анализа

Табела бр. 37 Употребени средства за извршување убиства во двата периода на анализа

Табела бр. 38 Место за извршување убиство во двата периода на анализа

Табела бр. 39 Период од годишно време за извршување убиства во двата периода на анализа

Табела бр. 40 Пол на сторителите на уб иства во двата периода на анализа

Табела бр. 41 Образование на сторителите во двата периода на анализа

Табела бр. 42 Работен статус на сторителите на убиства во двата периода на анализа

Табела бр. 43 Пол на жртвите на убиство во двата периода на анализа

Табела бр. 44 Претходен однос помеѓу жртвите и сторителите на убиство во двата периода на анализа

## Шематски прикази

Шематски приказ бр. 1 Однос на трагите со кривичното дело-местото, сторител и жртва

## Графички прикази

Графикон бр. 1 Соодност на убиствата и обидот за убиство

Графикон бр. 2 Процентуален приказ на убиствата според СВР по градовите и ОСОСК

Графикон бр. 3 Обид за убиство според СВР по градовите и ОСОСК

Графикон бр. 4 Убиства во РМ

Графикон бр. 5 Старост и пол на сторителите

Графикон бр. 6 Образование на сторителите

Графикон бр. 7 Работен статус на сторителите

Графикон бр. 8 Жртви на убиства според полот

**<u>Географски мапи</u>**

Мапа бр.1 Мапа на осудени сторители за убиство
Мапа бр.2 Мапа на убиства според СВР и ОСОСК
Мапа бр.3 Мапа на обид за убиство според СВР и ОСОСК

**Чек листа на истражувањето**

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **ВОВЕД** | **3** |
| **I. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВО ПРОУЧУВАЊЕ** | **5** |
| 1. Формулација на проблемот | **6** |
| 1.1. Предмет на истражување | **16** |
| 1.1.1. Поимно - категоријален апарат | **20** |
| 1.1.2. Операционално определување на предметот | **22** |
| 1.1.3. Дисциплинарно определување на предметот на истражување | **24** |
| 1. 2. Цели на истражувањето | **25** |
| 1.3.1. Научна цел на истражувањето | **25** |
| 1.3.2. Општествена цел на истражувањето | **26** |
| 1.4. Хипотетска рамка | **26** |
| | **28** |
| 1.5. Методи и техники на истражувањето | |
| 1.5.1. Начин на истражување, користени инструменти и примерок | **30** |
| 1.6. Просторна и временска рамка на истражувањето | **31** |
| 1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето | **33** |
| **II. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО УБИСТВО** | **34** |
| 2.1. Кривично-правни аспекти на кривичното дело убиство | **35** |
| 2.2. Кривично-правна определеност на убиствата според КЗ на РМ | **43** |
| 2.3. Класификација на убиствата | **57** |
| | **59** |
| **III. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВАТА** | |
| 3. Криминалистички карактеристики на убиствата | **60** |
| 3.1. Начинот на извршување | **62** |
| 3.2. Криминална ситуација | **66** |
| 3.3. Трагите од кривичното дело | **67** |
| 3.3.1. Биолошки траги | **70** |
| 3.3.1.1. Траги од крв | **70** |
| 3.3.1.2. Траги од сперма | **73** |
| 3.3.1.3. Траги од плунка | **73** |
| 3.3.1.4. Траги од влакна и коса | **74** |
| 3.3.1.5. Траги од нокти | **74** |

3.3.1.6. Траги од папиларни линии 75
3.4. Траги од огнено оружје 76
3.4.1. Утврдување на траги од раката на сторителот кој употребил огнено оружје 78
3.4.2. Утврдување на микротраги 80
3.5. Траги од орудија 82
83
3.6. Личноста на сторителот
3.6.1.Темпераментот на сторителите на убиство 84
3.6.2.Интелигенција на сторителите на убиства 92
3.7. Личноста на жртвата 94
3.8. Мапирање на извршените убиства 98
107
**IV. Самоубиство**

4.Особеност на трагите преку кои може да се забележи разлика помеѓу убиство и самоубиства 108
4.1. Видови самоубиства според начинот на извршување 110
4.1.2. Самоубиство со огнено оружје 115
4.1.3. Самоубиство со пресекување на вените 116
4.4. Самоубиство со бесење 116
4.5. Самоубиство со труење 117
119
**V. МЕТОДИКА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВАТА**

5. Методика на откривање, расветлување и докажување на кривичното дело убиство 120
5.1. Основи на криминалистичко истражување на убиствата 122
5.2. Индиции 124
5.3. Постапување на Јавниот обвинител во случај на убиства 125
5.4. Процедура на постапување на полициските службеници на МВР за кривично дело убиство 127
5.5. Начин на дознавање на извршено убиство 132
5.5.1. Пријава на исчезнато лице 133
5.5.2. Пријава за откриен труп 134
5.5.3. Пријава од сведоци 135
5.5.4. Анонимна и псевдоанонимна пријава 136
5.5.5. Јавно озборување 137
5.5.6. Активности на полицијата 138
5.5.7. Пријава од здравствена установа 138
5.6. Мерки и дејствија од првиот оперативен зафат 139
5.7.Класификација на местото на настанот 140
5.7.1.Определување на просторна големина на местото на убиство 144

5.7.1.2. Преглед на поширокиот простор на местото на убиство **145**
5.7.1.3. Преглед на лице местото на убиство на отворен простор **151**
5.7.1.4. Преглед на лице местото на убиство на затворен простор **151**
5.7.1.5. Можни контаминации на лице местото **152**
5.8. Специфичности при вршење увид на местото на настанот **152**
5.8.1. Опис на лице на местото **153**
5.8.2. Скицирање на лице на местото **154**
5.8.3. Претрес на дом и други простории **156**
5.9. Криминалистичка обработка на криминален настан **158**
5.10. Идентификација на жртвата **159**
5.11. Информативен разговор со лицата кои можат да дадат информации **159**
5.12. Сведоци, вештаци од корист при расветлување на случајот **162**
5.12.1. Тактика на сослушување сведоци **164**
5.12.2. Заштита на сведоци **166**
5.12.3. Криминалистички експеримент **170**
5.13. Откривање на сторителот **174**
5.13.1. Изработка на фоторобот на осомниченото лице **176**
5.14 Лишување од слобода **178**
5.15. Тактика на сослушување осомничен **180**

**VI. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ** **187**

6.1. Резултати од истражувањето **188**
6.2. Дискусија на резултатите **234**
6.3. Компаративна анализа на убиствата во Република Македонија **226**

**ЗАКЛУЧОК** **237**

**ПРЕПОРАКИ** **242**

**Библиографија** **245**

**Прилог 1** **253**

## ВОВЕД

Убиството претставува едно од најтешките и најсложените општествено негативни појави. Убиствата како феномен, ги следи сите етапи на цивилизациски развој и се прилагодува на сите моменталните општествени односи. Достигнатиот степен на развој и осовременување на општествата цивилизација, и имплементацијата на развојот на општествено-технички решенија, и осовременувањето на општеството, сè уште се обременети со едно од најстарите кривични дела, како што се убиствата.

Сознанието дека е извршено убиство кај населението предизвикува негативни чувства на небезбедност, со што се наметнува потреба од зголемена активност на органите задолжени за заштита на безбедноста и сигурноста на општествениот поредок.

Градејќи ја сликата за сторените убиства во нашата држава, преку истражување на нивните особености дојдовме до сознанија за состојбата со ова кривично дело на нашиве простори.

Целта на презентирањето на состојбата со сторените убиства е да се прикаже состојбата на овој вековит феномен и да се поентираат неговите особености, преку презентирање на нивните криминалистички карактеристики.

Проучувањето на криминалистичките карактеристики на сите кривични дела, а особено проучувањето на карактеристиките на убиствата е од особено значење. Трудот е конципиран во два дела: во првиот дел е дадена теоретската поставка на трудот, а во вториот дел се прикажани резултатите од емпириското истражување.

Почетниот дел го опфаќа воведот во проблемот на истражување, хипотетската рамка на истражувањето, начинот на истражување целите и научната и општествената оправданост на истражувањето.

Заради одредување на кривично-правната поставеност на убиствата во нашиот кривичен законик, во втората глава ќе бидат обработени овие аспекти.

Во централен дел на трудот, кој е назначен во третата глава, е преставена теоретската обработката на криминалистичките карактеристики на убиствата.

Во четвртата глава се обработени криминалистичките истраги, односно оперативна процедура на постапување на органите задолжени за осознавачкиот процес на откривање на кривичното дело и подвргнување на сторителот на истото на кривични санкции. Во овој дел обработена е методика на постапување во откривачкиот процес.

Во вториот дел на трудот се прикажани резултатите од емпириското истражување, односно тука се претставени резултатите од истражувачкиот извештај за убиствата во Република Македонија преку табели, графикони и шеми. Во овој дел е направена и проверка на поставените хипотези преку кои се извлекуваат заклучоците.

Докторскиот труд, низ неговите страници, преку сублимација на заклучоците добиени од анализата на криминалниот процес на ова сложено кривично дело, треба да даде информации за состојбата со ова кривично дело во нашата држава, за неговото штетно влијание низ повеќе животни и општествени сфери, со препораки кои треба да се преземаат во борбата за подобрување на состојбата со убиствата.

# ГЛАВА I

## ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО - МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВОТО ПРОУЧУВАЊЕ

## 1. Формулација на проблемот

Темната страна на човекот отсекогаш излегувала на површина преку извршување на кривични дела. Нивната појава е поврзана со појавата на човекот, а нивниот развој го следел развојот на човековата цивилизација.[1] Како огледало на моралниот карактер, фразата Џекил и Хајд (*Jakyll and Hyde*) е насекаде прифатена за објаснување на темната страна на човекот, којашто е скриена некаде во него. Истата фраза е искористена и за објаснување на терминот мизантроп (*misanthrope),* за објаснување на човекот кој ги мрази другите луѓе или кој бил постојано разочаран во односите со другите луѓе, што довело до негова постојана негативност и чувство на бес.[2]

Почнувајќи од *Шестата Божја Заповед* која гласи ***не убивај,***[3] *па продолжувајќи со* формирањето на општествените и економски формации на државно уредување, во сите казнени законодавства без исклучок, државите дале правна и казнена дефиниција на убиството.

Во согласност со традиционалната дефиниција на убиството, убиството се дефинира, како акт на лишување од живот на едно човечко битие од страна на друго човечко битие, преку користење на насилни средства.[4]

Кога се расправа за убиствата, како општествен феномен, треба да се земе предвид и фактот дека и од едната и од другата страна има човек, којшто на брутален и

[1]Milutinović M., *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije*, Savremena Administracija, Beograd, 1973, str. 219. (1)

[2]Jacobs D., *Analyzing Criminal Minds: Forensic Investigative Science for the 21st Century*,Praeger, Santa Barbara-Denver-Oxford, 2011, p.15.

[3] Шестата заповед го забранува убиството извршено од омраза, завист, корист или од одмазда (крвна освета). Бог го создава човекот и му дава живот. Затоа ние не можеме и не смееме да го одземеме она што не можеме да го дадеме, она што е туѓо - Божјо, а не наше. Кога ќе му скршиш грне на грнчарот, не чувствува болка грнето, туку грнчарот. Исто е и кога убиваш човек - болката на човекот е помала, отколку болката Божја. И, ако мораш да му го платиш скршеното грне на грнчарот и да одговараш за тоа, уште повеќе мораш на Бога да Му го надоместиш одземениот човечки живот и затоа убиството на другиот, претставува истовремено убиство и на себеси - самоубиство, оти убиецот е духовно убиен. Затоа и кога сме полни со омраза и гнев кон својот ближен и кога крцкаме со заби пред својот противник, да се сетиме на Божјата заповед „НЕ УБИВАЈ!" и да не ги заборавме зборовите на Господа Исуса Христа: „Сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат" (Матеј 26, 52). Никој на овој свет не може да рече: „Животот е мој". Животот нам ни е даден како дар од Бога. Никој не се родил и не дошол на светов по негова заслуга, по лична желба и барање. Бог ни го дал животот и ние сме Божји и затоа ќе полагаме сметка за добиеното, како сме го употребиле. Никој нема право да одземе ниту нечиј туѓ живот, ниту својот.https://eprints.ugd.edu.mk/617/1/ZAKLINA%20TRAJCEV%20FON%20RELIGISKO.pdf

[4] Сулејманов З., *Убиствата во Македонија*, Студентски збор, Скопје, 2005, стр. 7. (1)

на нехуман начин ги разрешува спротивностите, со насилни средства, со директна намера (умисла) или, пак, тоа настанало како резултат на невнимание (небрежност).[5]

Актот на убиство е акт на директно уништување на човековиот живот, со него се загрозува темелното право на неприкосновеност на животен и темелен интегритет на човекот.[6]

Во Кривичниот законик на Република Македонија, убиствата се обработени во глава четиринаесетта од посебниот дел, односно тука се дава кривично-правна заштита на почитувањето на човековиот живот и телесниот интегритет кои се елементарна основа на нашата цивилизација[7] или поконкретно убиствата се сместени во групата на кривични дела против животот и телото.[8]

При одмерување на казната Законодавецот ги ценел околностите под кои е извршено кривичното дело за што предвидел затворска казна од пет години до доживотна затворска казна. Покрај основната класификација, предвидел и дела кои се групирани во групата на дела од општ вид, предвидел квалификувани (тешки) и привилегирани (полесни) убиства.

Во класификацијата на квалификувани (тешки) убиства спаѓаат, убиствата на: убиство на свиреп и подмолен начин, убиство при вршење семејно насилство, убиство со умисла со доведување во опасност на уште некое лице, нарачано убиство, убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело, ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди, убиство на жена за која сторителот знае дека е бремена, друг ќе лиши од живот по порачка, друг ќе лиши од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување лишување од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или е на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

[5] Сулејманов З., *оп. цит.*, стр. 9. (1)

[6] Димоски Д., *Класифицирани убиства според начинот на извршување*, Правен факултет Ниш, 2015, стр. 3. (1)

[7] Камбовски В., *Кривично право, посебен дел*, Скопје, НИО Студентски збор, Скопје, 1982, стр. 119 - 125. (1)

[8] Кривичен законик на Република Македонија, Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14.

Во класификацијата на *(полесни),* односно убиства од привилегирани причини категоризирани се: убиства на миг и убиство од небрежност и убиство на дете при раѓање (чедоморство).

Двете класификации на кривичното дело убиство се разликуваат меѓу себе според: начинот на кој се извршени убиствата, особеноста на жртвата, субјективните околности и мотивот на сторителот.

Заедничко за двете квалификации, е што објект на заштита е животот, односно се заштитува од уништување или престанок на туѓиот живот, бидејќи уништувањето на сопствениот живот - самоубиството не преставува кривично дело.[9]

Животот може да биде уништен на повеќе начини, но предмет на наш интерес се случаите, каде што дошло до уништување на човечки живот, како резултат на дејствие од друг човек и каде што да има жртва на убиство или ситуации каде убиство е во обид.

Криминалитетот е хетерогена појава, која е подложна на постојани промени, а криминалистичките карактеристики претставуваат важен дел од неговото објаснување и опишување.[10]

Криминалистичките карактеристики на кривичните дела претставуваат апстрактен научен поим и како такви се дел од криминалистиката. Нивното значење не е само теоретско, туку истите имаат и големо практично значење.

Значењето на криминалистичките карактеристики се гледа во градењето на организацијата и правилна стратегија, која покрај другите елементи на дејствието ќе ги земе предвид и овие елементи на кривичното дело, убиство.

Во криминалистичката литература не постојат идентични ставови кои дефинираат кои елементи ќе ги сочинуваат криминалистичките карактеристики на кривичното дело.

Во теоријата на криминалистичката наука, ги земавме овое особености кои се дефинирани како елементи на криминалистички карактеристики[11]:

- *Начинот на извршување на кривичното дело,*

[9] Хентинг според мотивираноста на сторителот прави разлика во неколку категории на убиства:убиство од користољубие, убиство заради прикривање на друго дело, убиство заради конфликтни ситуации (омраза, завист, одмазда и сл.), убиство од сексуални побуди, убиство без мотив, кај кој е тешко да се најде конкретен рационален мотив (убиство од спорт) Камбовски В., *оп. цит.* стр. 134 - 137. (1)
[10] Ангелески М., *Криминалистика,* Скопје, 1993, стр. 120. (1)
[11] Ангелески М. , *оп. цит.*, стр. 120. (1)

- *Криминална ситуација,*
- *Траги од кривичното дело,*
- *Личноста на сторителот и*
- *Личноста на жртвата на кривичното дело.*[12]

*Начинот на извршување* (modus operandi), како криминалистичка карактеристика на убиствата се однесува на конкретната ситуација во која сторителот ја создава ситуацијата во која ќе го реализира убиството. Секој сторител создава конкретен начин на извршување. Начинот на извршување се разликува од случај до случај по свои специфични особености и конкретни постапки и дејствија на сторителот.

Начинот на извршување на убиство се реализира со конкретни средства, за коишто сторителот проценил дека се погодни во моментот и нив ги користел во реализација на чинот, според негов личен мотив.

Начинот на извршување, како и на дејствијата што сторителот ги презел можат да се престават како се: подготвување, извршување и активности што ги преземал за прикривање со птеземањето на активностите на уништување на вистинските и создавањето на нови вештачки траги, со намера да го донесе во заблуда и да го пренасочи криминалистичкиот спознаен процес.

Според начинот на извршување (*modus operandi)* убиствата, добиваат посебна класификација на делото, како:

- убиство на свиреп начин,
- на подмолен начин,
- убиство при вршење семејно насилство,
- убиство со умисла со доведување во опасност на уште некое лице,
- нарачано убиство,
- убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело,
- убиство на жена за која сторителот знае дека е бремена,
- убиство од благородни побуди,
- убиство на миг,
- убиство од небрежност и сл.[13]

---

[12] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 120. (1)

Начинот на извршување на делото (modus operandi) ги опфаќа припремните дејствија, самото дејствие на извршување, дејствијата *post factum*[14]. Начинот на извршување на делото треба да се гледа низ призмата на:

- Начинот на подготвување (криминалната замисла и подготвување на убиството);
- Начинот на извршување ( криминалниот чин);
- Начинот на прикривање на убиството (напуштање на местото на настанот, уништување на постоечките и начинот на фингирање на трагите).

Во потесна смисла начинот на извршување претставува дејствие на извршување на убиството. Додека во поширока смисла, го опфаќа видот на убиството, методот на извршување, средството за извршување (instrumentum operandi) објектот на напад, местото на извршување, времето на извршување, како и други објективни и субјективни карактеристики поврзани со одреден „стил“ на извршување на убиство.[15]

Откривањето на начинот на извршување на делото е во директна зависност од средствата кои се користени за извршување на делото.

Најчести средства кои извршителите ги употребуваат за извршување на убиства се[16]:

- огнено оружје (пиштол, револвер, ловечка пушка, автоматска пушка),
- сечила и други остри предмети ( нож, ножици, срп, секира, сабја, мачета),
- рачни бомби, минско-експлозивни направи или запаливи течности,
- разни алати (секира, лопата, ашов, штрафцигер,крамп),
- хемиски отровни материи (солна киселина, камена сода, оцетна киселина, цијано-водородна киселина, арсен, лизол и сл.),
- медикаментозни средства (барбитол, railway мединал, проминал и др.),
- сообраќајни средства (автомобил, теренско возило, мотоцикл) и
- други предмети (колец, стап, камен, стаклени предмети, оклагија и сл.)
- покрај со овие средства убиства се случуваат и со удар со рака, нога, глава, со буткање или туркање од висина, под автомобил, и сл.

---

[13] Николоска С., *Методика на истражување на општ криминалитет,* Ван Гог, Скопје, 2015, стр. 260.
[14] Котески М. , *Криминалистички карактеристики кај убиствата*, Скопје, 2006, стр. 36. (1)
[15] Perić V., *Kako se prikupljaju i provjeravaju objavestenja o krivicnim djelima za koja se goni po sluzbenoj duznost*, Savremena administracija, Beograd, 1971, str. 32.
[16] Бошковиќ М., *Криминалистичка методика I*, Полициска академија, Београд, 1998, стр. 37. (1)

- со недавање вода или храна,
- како и со предизвикување на одредени психички притисоци, со цел предизвикување на болка или силен стрес кој може да предизвика смрт.[17]

Секое убиство, иако е извршено со исти средства се одликува со конкретни криминалисички карактеристики. Тие можат да се разликуваат меѓусебно по конкретниот мотив за извршување убиство. Начинот на извршување на убиствата и употребените средства за извршување се во директна зависност и од мотивот на сторителот. Мотивите за извршување на убиство (*Acutrim Sceneries cause*) се различни.

Мотивите можат да бидат групирани како убиства: од користољубие, омраза, освета од политички, фанатичко-религиозни, крвна одмазда, љубомора, прељуба, нерасчистени семејни односи, да се отстрани лицето кое знае нечија тајна и сл.[18]

Во случаите каде мотивот е користоубие, омраза, освета, завист и сл. сторителот плански го подготвува делото и ја чека најповолната прилика за реализација на истото, со тоа што прави прикривање на делото за да не дојде во кругот на сомнителни лица.

Кога мотивот е прељуба, љубомора, нерасчистени имотни односи и слично, кај нив доаѓа до израз психичкото дејство на делото врз сторителот и го наведува сторителот сам да се пријави пред органите на прогонот и не презема никакви дејства на прикривање на стореното дело. Но, не се ретки и случаите каде тој огледувајќи го резултатот од своето делување решава да посегне и по својот живот.[19]

Мотивот може да биде содржан и во самиот начин на извршеното дејство, односно со сторување на едно кривично дело, се прави друго кривично дело за да се прикрие првото ( како на пример со убиството на силуваната жртва се има за цел да се прикрие силувањето или да го убие чуварот за да ја направи кражбата во фабриката)[20].

Мотивот е важна криминалистичка карактеристика на убиствата, без осознавање на мотивот не може да се сфати вистинската психолошка природа на сторителот и да му се даде соодветната класификација на делото.[21]

---

[17] Николоска С. , *оп. цит*., стр. 272.
[18] Petrović A., *Kriminalistička metodika*, Viša Škola unutrašnjih poslova, Beograd, 1978, str. 453.
[19] Бошковиќ М. *Криминалистичка методика II*, Београд 1996, стр. 218. (2)
[20] Бошковиќ М., оп. цит., стр. 37 – 39. (1)
[21] Котески М. , *Криминалистички карактеристики на убиствата*, Прилеп, 1996, стр. 96. (2)

Спознавањето на целокупниот амбиент во кој е извршено делото, како криминалистичка карактеристика е од огромно значење за откривачкиот процес.
Под криминална ситуација се подразбира севкупност на сите околности под кои е извршено конкретното кривично дело.[22] Од елементи кои се составен дел на криминалната ситуација, кои во исто време се елементи на кривичното дело е моментот на подготвување, па сè до настанување на општествено опасни последици.

Во околности на криминалната ситуација на извршување на убиство спаѓаат територијалните (radius i locus operandi), климатските, демографските и други специфичности и сите останати околности и услови на местото и времето на извршување во кои дејствувал сторителот.

Местото на извршено убиство (locus operandi), како карактеристика каде што најчесто се извршуваат убиствата се урбаните и руралните средини. Изборот на местото за извршување на убиство е во зависност од мотивот и целта на убиецот, и од неговиот однос со жртвата, како и од текот на бројните други услови, што го детерминираат извршувањето на едно конкретно дело (време, достапност на средство, што го условува начинот на извршување, психофизички способности на сторителот, а секако и на жртвата и сл.).

Временската распространетост на извршувањето на убиствата (tempus operandi), како криминалистичка карактеристика треба да се разгледува од аспект на дејствата на општествено-економските и социо-културните фактори и услови коишто имаат, не само временски, туку и просторни импликации.

Временските карактеристики треба да се поврзуваат со просторните карактеристики на средината, социјалните услови на населението, начинот на живот, навиките, обичаите, работните активности, користењето на слободното време и сл.[23]

Една од битните алки на системот на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, убиство се трагите на кривичното дело, како криминалистички карактеристики.

Под трага на убиство се подразбираат *материјалните траги и предмети* поврзани со извршеното дело кои можат да се најдат на: лице место на криминалниот настан, на жртвата и на сторителот и *идеални нематеријални траги* на кривичното дело

[22] Ангелески, М. , *оп. цит.* , стр. 121. (1)
[23] Сулејманов З., *оп. цит.*, стр. 80 – 88. (1)

кои претставуваат одрази во свеста на субјектот, исказите на сторителот, соучесниците, помагачите, сведоците.

- Покрај трагите на местото на криминалниот настан, можат да се пронајдат и разни предмети како: капа, шешир, чадор, ракавици, делови од облека и сл. предмети кои се пронајдени на лице место, кои можат да потекнуваат од сторителот, од жртвата или од дејството на криминалниот настан, којшто придонел да бидат да бидат оставени.
- Трагите и предметите кои се пронајдени на местото на настанот претставуваат многу важна материјална индиција и се од особена важност за поставувањето и потврдувањето на верзии за криминалниот настан и за определувањето на кругот на осомничени лица.[24]

Личноста на сторителот (hominess Crime), како криминалистичка карактеристика на кривичното дело убиство е од значење. Проучувањето на личноста на можниот сторител започнува од моментот на постоење на најслабите основи на сомнение.[25]

Проучувањето на личноста на сторителот, како потенцијален сторител на убиство, како криминалистичка карактеристика се остварува преку доведување во врска со особеностите на: толерантноста на фрустрации, карактерот, биолошките својства (пол, возраст, образование, брачна состојба), степенот на интелигенција, социјалните ставови, морални особености, емоционална состојба, релации со средината, степенот на зрелост и сл.

Лицата реагираат различно на иста животна ситуација во зависност од личните особености, како: темперамент, емоционалност, карактерни особености на различен начин.

Во настојување да ги согледаме факторите кои ги детерминираат убиствата ќе ги анализираме односите и врските на овие дела со: полот, возраста, образованието, занимањето, брачната и семејната состојба, вработеноста, рецидивизмот, соучесништво во извршувањето и поранешното социопатолошко поведение и сл.

Во Република Македонија, според основните сознанија како извршители на убиства најчесто се појавуваат лица од машки пол, додека учеството на жените како извршители на убиства се намалува [26].

[24] Бошковиќ М., *оп. цит.,* стр.43 – 45. (1)
[25] Ангелески, М., *оп. цит.,* стр. 122. (1)

Личноста на жртвата на убиство, како криминалистичка карактеристика, која е објект на делото, од причина што кон неа е насочен актот на извршување, што кај убиствата секојпат се со фатален крај.

Карактеристичните особености на личноста на жртвата и нејзината психо-социјална предиспозиција влијаат на сторителот при извршувањето на делото или при изборот да биде жртва, со цел да му се олесни актот на извршувањето, особено ако се работи за сторител на сериски убиства.

Иако, анализата на убиствата потврдуваат, дека секое лице е во потенцијална опасност да стане жртва на убиство, сепак проценката потврдува дека има предиспонирана предиспозицијата некоја жртва да стане жртва на убиство. Предиспозициите на жртвата на убиство се однесува на: возраста, полот, брачниот статус, емоционалноста и најважно од карактерот на интерперсоналните односи меѓу жртвата и сторителот.[27]

Со проучување на личноста на жртвата (de victim Crème personality) како криминалистичка карактеристика, имаме за цел да го проучиме постоењето на убиствените предиспозиции. Во истражувањето се преставени нејзините индивидуални својства и нејзиниот претходен однос со извршителот на убиство.

Според придонесот на жртвата за извршување на делото убиство, разликуваме:

- Активна провокација (кога има однесување на жртвата, како оправдувачки фактор за настанување на убиство). Нашиот кривичен законик води сметка за активната провокација и придонесот на жртвата за извршување на делото, во смисла на околности под кои е извршено убиството, што би ја намалило казната за извршеното убиство(како во случаите на нужна одбрана каде има намалување на казната, па сè до ослободување од одговорност на сторителот). [28]
- Пасивната провокација, која се состои од непреземање на мерки за заштита од убиство (кај убиствата, што се случуваат како несреќен случај при лов).[29]

[26] http://www.mvr.gov.mk/analizistatistiki/site (пристапено 15.01.2020г.)
[27] Котески М. , *оп. цит.,* стр. 129. - 146. (2)
[28] Николоска С., *оп. цит*, стр. 254.
[29] Сулејманов З., *оп. цит.* , стр. 163 – 170. (1)

Според Вуковиќ Ш. кој проучил 200 случаи на класични, тешки и привилегирани убиства и проценувајќи го придонесот на жртвата, ги категоризирал жртвите во четири групи:

а) поведенија на жртвата, коишто го започнале криминалниот настан;

б) поведенија на жртвата кои имале силно провокативно дејство;

в) поведенија на жртвата со послабо провокативно дејство и

г)поведенија на жртвата кои немале никакво дејство на извршувањето на криминалниот настан.[30]

Кривично дело претставува систем од три потсистеми: дело - сторител, жртва - сторител и кривично дело - жртва.

Преку согледување на криминалистичките карактеристики на кривичните дела се добива многу појасна слика за состојбата на криминалитетот на убиствата воопшто и се детализираат одредените видови убиство.

Во докторскиот труд преку извршена теоретска и емпириска анализа на поединечните случаи на извршени убиства ќе дојдеме до заклучоци за: обемот, динамиката, структурата, географската распространетост, временската рамка на извршените убиства, начинот и средствата на извршување, на извршените и за убиствата во обид, соучесништвото, како и другите бројни прашања кои ќе се појават во текот на истражувањето на криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија.

Информациите кои се добиени преку истражувањата на криминалистичките карактеристики на кривичните дела, се корисни во борбата против извршителите на кривичните дела. Преку нивното согледување полесно би се согледале потребните мерки за поуспешна репресија и за нивна превенција.

За надминување на лошата состојба со убиствата секојпат има простор и потреба за општествено превентивно реагирање.

Едукацијата на помладото население и граѓанството е потребна за мирно разрешување на меѓучовечките конфликти, но има потреба и од надоградување на стратегија за мирно справување со конфликтни ситуации и истата да биде спуштена на

[30] Сулејманов З., *оп. цит.*, стр. 167. (1)

локално ниво помеѓу населението. На ова поле има потреба многу да се работи, со цел да дојде до помал бројот на извршени убиства во нашата држава.

### 1.1. Предмет на истражување

Ако појдеме да разгледуваме за потеклото на убиствата ќе дојдеме до заклучок, дека тие се иманентна појава од самата појава на човекот. Но, за нив имало и особеност да не бидат секојпат санкционирани и да бидат забранети за извршување на сите слоеви на населението. [31] Ваквата состојба останала иманентна, долго и ја следи историја на санкционирани дејствија на извршување на убиства во сите држави во светот. [32] Не постои држава во светот која не го санкционирала извршувањето на убиство.

За објаснување на причините за настанување на убиствата, водени се многубројни полемики уште од времето на античките мислители, па сè до денес. Според Платон, како што е запишано во делото *Nomor* , за казнувањето на луѓето кои сториле кражби или убиства, тој ги нагласува *причините,* како олеснителна околност при одредување на казната за извршување на делото.

Според Аристотел, *ако делото е извршено од слабост или незнаење, се нагласува потреба за намалување на казната, односно за поблаго казнување за стореното*.

Не е сеедно дали мотивот за убиство е гнев или непромисленост, или пак се работи за внатрешен немир или од некои други внатрешни или надворешни причини.[33]

Кај Аристотел доминантно е сфаќањето, дека деликвентот се решава да изврши злодело во одредени животни ситуации под притисок на животните ситуации, или под притисок на стекнатите околности.[34]

[31] Најстариот форензички доказ за извршено убиство датира од 430 000 години и е пронајден во Сима де лос Хуесос на северот на Шпанија при археолошки ископини. Имено, примитивниот човек бил усмртен од друг примитивен човек со два удари со тврд предмет во главата веднаш над левото око. - https://daily.mk/vesti/forenzichki-dokaz-najstaroto-ubistvo-chovechkata-istorija-2 (пристапено 15.01.2020)
[32] Морган Л. , *Древно друштво*, Просвета, Београд, 1981, стр. 92.
[33] Костиќ М., *Превенција као средство политике сузбијања криминалитета*, Правни факултет, Ниш, стр. 303.
[34] Бовцон Љ., *Општи проблеми социјалне патологије*, Југословенска ревија за криминологија и кривично право бр. 1, 1970, стр. 41.

И во подоцнежниот период на развој на општествената мисла правени се анализи на причините за настанување на убиства, ова се поврзува со мислителите како Монтескје, Волтер, Хобс, кои не ги издвојуваат посебно причините за убиствата.

Објаснувањето на причините за извршување на убиства треба да се бараат во теориите кои ги обработуваат биолошките, психопатолошките, психолошките и социолошките правци.[35]

Крвните деликти, односно кривичните дела против животот и телото во чии рамки е сместено убиството се сериозен проблем. Убиство според последиците претставува најтешко кривично дело, а делото се состои од сторител и жртва на која ѝ е прекинат животот по насилен пат.[36]

Факт е дека кога ќе се добие некакво сознание, дека е сторено убиство тоа секојпат предизвикува огромен интерес и бурна реакција во јавноста, особено доколку е сторено во рамките на семејството или на брутален и суров начин. Убиството, само по себе имплицира сочувство со жртвата, и создава чувство на вознемиреност, несигурност и страв, додека сторителот како извршител на убиство секојпат е изложен на морална санкција, осуда и гнев од страна на населението во заедницата.

Постапката на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, убиство и подвргнувањето на сторителот кон кривична санкција е многу сложено. Осомничениот во многу случаи, на почетокот на истрагата не го признава делото, и се обидува да врши влијание врз сведоците, честопати кон сведоците испраќа закани по нивниот живот или животот на нивните блиски, а под закана можат да бидат и блиските на жртвата доколку го пријават делото. Сторителот се обидува да создаде фингирани траги, а се обидува и да врши влијание и на текот на истрагата.[37]

Криминалистиката, како самостојна наука, ги открива и истражува законитостите на настанувањето на криминалниот настан и механизмот на откривање и прибирање на оперативни и доказни информации, со цел подвргнување на сторителот на криминалното дејствие кон кривична санкција.[38]

---

[35] Димовски Д., *Криминолошко одређење убиства*, (докторска дисертација), Правни факултет Ниш, 2012, стр. 140. (2)
[36] Николоска С., *оп. цит*, стр. 254.
[37] Симоновски Д. , *Криминолошки и криминалистички карактеристики на к.д. убиство со посебен осврт на подрачјето на Град Скопје за период 2000 – 2010 , докторска дисертација,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
[38] Ангелески М. *оп. цит.*, стр. 114. (1)

Полицијата на Република Македонија, како и насекаде во светот, постојано се соочува со криминалистичко истражување на убиствата. Полицијата ги разработува сите убиства, без оглед дали се сторени под олеснителни или отежителни околности. Во некои околности постојат и криминални ситуации во кои убиецот сам си пресудил со извршувањето на убиство, си прави самоубиство.[39]

Убиствата се конкретни и контактни кривични дела кои се резултат на меѓусебниот однос помеѓу жртвата и сторителот. Убиствата во нивната основа се одликуваат со криминалистички карактеристики кои се специфични и иманентни за секој засебен кривичен настан.

Помеѓу дејството на извршување и настанатата последицата (смртта на жртвата) треба да постои причинска жртва, која се определува со пронаоѓањето на мотив за извршување на делото или пак можно е делото да е извршено од лице со психички проблеми кои го иницирале да изврши убиство, без да има никакво влијание од страна на жртвата.

Според околностите на извршување на убиствата се разликуваат преку повеќе групи на околности:[40]

- Околности кои се однесуваат на начинот на извршување – во оваа група се убиствата извршени на свиреп и подмолен начин, убиство со доведување во опасност на животот на уште некое лице.
- Субјективни околности, што се однесуваат на мотивот на сторителот- убиство од користољубие, убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело, безобзирна одмазда, убиство од други ниски побуди, убиство по порачка.
- Околности кои се однесуваат на својствата на жртвата- убиство на бремена жена.
- Околности кои се однесуваат на особеноста и должноста на жртвата- лишување од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или е на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

[39] Николоска С., *оп.цит.,* стр. 254.
[40] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 258.

Секое убиство е случај за себе и се разликува по свои индивидуални криминалистички особености од другите убиства. Убиствата се диференцираат по средствата кои се употребени, трагите кои настанале, мотивот на извршителот, начинот на извршување и од конкретните околности под кои дошло до предизвикување на смрт, а особеноста на конкретните убиства е во директна врска и од надворешните влијанија и внатрешните психички особености на сторителот.

Мотивот, како важна особеност за целокупниот процес на разјаснување на делото може да биде осознаен преку истражување на претходниот однос меѓу сторителот и жртвата, преку анализа на начинот на извршување на делото и од користените средства за извршување на убиството. [41]

Во класификацијатана убиствата, Модли им ги дава следниве особености:[42]

- убиства кои воопшто не можат да се расветлат;
- убиства кои тешко се расветлуваат и за кои има потешкотии во откривањето докази;
- убиства кои лесно се расветлуваат.

Преку анализата на криминалната ситуација и на првичните сознанија за криминалниот настан можат да се укажат или да се посочат кој е можниот сторител, и да се откријат инволвирани лица во подготвувањето, извршувањето или прикривањето на делото. За постигнување на оваа цел, од помош е анализата на средствата коишто биле користени за извршување на делото.

Криминалистичката вредност на проучување на личноста на сторителот треба да се согледа и пошироко преку неопходното мултидисциплинарно проучување на осомничениот (обвинетиот) од причина што на тој начин се навлегува во структурата на кривичното дело и се разјаснуваат субјективните околности на кривичното дело и на севкупните причинско-последични врски и односи.[43]

Навлегувањето во виктимогенезата и утврдувањето на придонесот на оштетениот во случајот на убиство е важен чекор. Виктимолошката предиспозиција на жртвата, треба да подлежи на анализа за тоа какво било однесувањето пред и за време на извршувањето на криминалниот акт.

---

[41] Николоска С. , *оп. цит*., стр. 260.
[42] Modly D., *Pripucni kriminalisticki leksikon,* Fakultet kriminalistickih nauka, Sarajevo, 1998, str .86. (1)
[43] Ангелески М. , *оп. цит*., стр. 122. (1)

Виктимогенезата претпочита во откривачкиот процес при собирањето на криминалистички информации подеднакво внимание да му се посвети на откривањето, обезбедувањето, фиксирањето и користењето на потенцијални и латентни оперативни и доказни информации, кои според содржината се од криминалистичко–виктимолошки карактер, што е одредено и во зависност од секоја криминалистичко–тактичка ситуација.

Проучувањето на личноста на жртвата во микросредината и на нејзиниот интеракциски однос со сторителот е поврзана и со механизмот на извршување на кривичното дело.[44]

Со анализата на севкупноста на криминалната ситуација и преземањето соодветни законски мерки и дејствија, заедно водат кон целосно расветлување и обезбедување на доказите, за криминалистичкиот спознаен процес при откривање, разјаснување, докажување и спречување на кривичните дела, што е од значење за постапката пред судот. На обвинетиот кој е сторител на делото убиство, треба да му биде изречена заслужената казна. Казната за стореното убиство може да биде и со доживотен затвор, но каква ќе биде казната зависи од откриените доказите кои ќе бидат добиени од спроведената истрага.[45]

### 1.1.1. Поимно – категоријален апарат

Во рамките на поимното определување на категоријалниот апарат се дефинираат поимите кои ќе се употребуваат во текот на нашето истражување

***Криминалистички карактеристики***- конкретна ситуација на механизмот на извршување на делото, начин и средства на извршување на делото, траги од кривичното дело, прикривање на кривичното дело, личноста на сторителот како и личноста на жртвата.[46]

***Убиство***-насилен акт на едно лице преку коешто дошло до згаснување, односно уништување на животот на друго лице.

[44] Ангелески М. , *оп. цит.*, стр. 123. (1)
[45] Николоска С. , *оп. цит.*, стр. 255.
[46] Ангелески М. *оп. цит.* , стр. 119. (1)

***Насилство*** -преставува злоупотреба на сила, како акт на агресија, со што се повредуваат лица или се уништува сопственоста.

***Умисла-*** свесност за извршување на кривично дело со постоење на волја за негово извршување и согледување на последиците од стореното[47].

***Небрежност (culpa)***-е повреда на правото за должно внимание, покрај предизвикување на последица, овде не се констатирани намерата или мотивот на сторителот. Кај убиствата од небрежност, небрежноста може да се појави во два облика, како свесна и несвесна небрежност.[48]

***Утврдување на време на смртта*** - е моментот на настанување на целебрална смрт, односно прекинот на делување на централниот нервен систем (мозокот). [49]

***Привилегирани убиства*** - се убиства во посебна субјективна состојба на раздразнетост на сторителот предизвикан од жртвата.

***Криминалистичка тактика*** претставува посебна област на криминалистичката наука, систем од научно разработени знаења кои се однесуваат на проучување на појавните облици на начините на извршување на кривичните дела во најширока смисла на зборот, својствата на личноста на сторителот, како и на практиката за откривање, истражување и спречување на криминалитетот, за да ги усоврши начините, методите и правилата, но и да пронајде нови. Сите заедно служат за откривање, докажување, разјаснување и спречување на кривични дела, а не се од техничка природа и со тоа за практиката дава најоптимални модели на постапување што се од општа природа(важат за сите типови на кривични дела) и на крајот врши органско поврзување на техничките и тактичките начини на работа.[50]

***Криминалистичка техника*** **е** потсистем на криминалистиката, претставува систем на знаења за проучување и примена на најсоодветни средства, начини и методи од областа на природните и техничките науки (биологија, хемија, физика, техника итн.) кои ги користи и прилагодува, ги усовршува или создава нови на нив слични методи за потребите на преткривичната и кривичната постапка, како и за откривање, прибирање, обезбедување и фиксирање на траги и предмети на кривичното дело, со цел откривање и

---

[47] Камбовски В. , *Кривично право општ дел* , Култура , Скопје, 2004, стр. 561. (2)
[48] Камбовски В. , *оп. цит.*, стр. 571. (2)
[49] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 126. (1)
[50] Ангелески, М. *Вовед во криминалистика*, Скопје, 2007, стр. 16. (2)

утврдување на кривичното дело и на неговиот сторител и воопшто за спречување на криминалитетот.[51]

***Криминалистичка методика*** **е** третиот потсистем на криминалистиката таа претставува целокупност на примена на стандардните методи, начини и средства од тактиката и техниката на конкретен оперативен, односно кривичен предмет, во специфични услови на криминалистичка контрола, обработка и кривична постапка за одредени видови кривични дела и сторители во репресивни и превентивни цели.[52]

### 1.1.2. Операционално определување на предметот на истражување

Операционалното определување на предметот е составено од 6 елементи:

- *Чинители* – овде спаѓа воочувањето на актуелната фактичка состојба со сторените убиства и нивна анализа, преку составните елементите од кои произлегуваат криминалистичките карактеристики.
- *Услови*–општествени-ги опфаќаат менталитетот и општествените прилики кои го мотивирале сторителот да посегне кон уништување на туѓиот живот.
- *Учесници*–непосредни учесници се чинителите и жртвите на кривичното дело, како и органите задолжени за откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело и приведување на сторителот на истото кон кривична санкција.
- *Мотиви*, интереси и цели–целта којашто е потребно да се постигне преку ова истражување е обид за одредување на криминалистичките особености на кривичното дело, убиство, преку анализа на поединечните случаи на извршени убиства за определениот период на истражување на територијата на нашата држава.
- *Активности*-потребно е да бидат рационални, плански насочени кон суштинските прашања на проблематиката со која се занимава докторската дисертација.

[51] Ангелески М. , *оп. цит*., стр. 16. (2)
[52] Ангелески М., *оп.цит*., стр. 18. (2)

- *Очекувани резултати*-треба да дадат одговор на главните прашања, што се предмет на истражување на докторската дисертација и можните идни постапки и можности за изнаоѓање на рационално и практично решение.

### 1.1.3. Дисциплинарно определување на предметот на истражување

Предметот на  истражување на убиствата, најопшто припаѓа на подрачјето кое го покриваат општествените науки. Во основа станува збор за проблем кој бара мултидисциплинарен пристап кон проучување на предметот на истражување. Причината на ваквиот пристап се бара во тоа што се работи за многу сложена материја, која бара поширок спектар на проучување и разгледување на проблемот од различни аспекти, што за предметот на проучување се наоѓа во повеќе науки.

Криминалистичката наука  е тесно поврзана со правните науки, особено со кривичното право. Убиствата претставуваат многу сложена општествена појава, условена од многубројни фактори, мотиви и околности, што побудува интерес за нивно разгледување од: кривично-правен, кривично-процесен, криминалистички, криминолошки, пенолошки, психолошки, криминално-политички, психопатолошки, виктимолошки и други аспекти.[53]

Имено, насловот упатува на тема која го покрива обсегот на криминалистичката наука, бидејќи во основата на трудот ќе ги обработуваме криминалистичките особености на убиствата, со методиката на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, убиство.

Обработката на криминалистичките карактеристики на убиствата доаѓа во допир со науките како: психологија, виктимологија психопатологија, криминално-политичка, и на нив блиски други науки.

[53]Сулејманов З., *оп. цит.*, , стр. 35. (1)

## 1.2 .Цели на истражувањето

### 1.2.1. Научна цел на истражувањето

Научната цел на трудот е да даде научна дескрипција на убиствата, преку проучување на карактеристики кои се однесуваат на: начинот на извршување, криминалната ситуација, трагите на кривичното дело, личноста на сторителот и личноста на жртвата. Преку анализата на извршените убиства ќе се обидеме да добиеме научни фундирани податоци за општествената состојба, а пред сè за загрозеноста на личната безбедност на граѓаните.

Убиствата во Република Македонија се наметнуваат на општеството, како сериозен проблем, пред и поради состојбата на нивна зачестеност и тенденцијата, како и поради облиците низ кои се изразуваат по вид, тежина и опфатност. Исто така, ќе ја прикажеме и состојбата, каде што сторителот на убиство го загрозува и сопствениот животот со самоубиство, како резултат на сторено убиство, што секако е сериозен проблем.

Актуелноста на проблемот и прикажувањето на едно место на состојбата, преку издвојување на криминалистичките карактеристики ја оправдува целта на истражувањето, иако убиствата биле предмет на проучување и на други студии но од поинаков аспект, и за други временски периоди.

Нашата цел е со анализата на состојбата со убиствата да дадеме придонес во согледување на пошироки и продлабочени претстави за состојбата со убиствата во Република Македонија.

Целите ни се насочени кон влијанието на механизам на општествен одговор, во насока на негово подобрување, а воедно да придонесеме и за подобрување на превентивните стратегии за справување со конфликтни ситуации, или пак да придонесеме за надополнување на стратегијата за превенирање на овој многу сериозен општествен феномен.

**1.2.2. Општествена цел на истражувањето**

Општествената цел на трудот ќе се реализира, доколку придонесе кон запознавање на пошироката општествена јавност со состојбите и проблемите на особеностите на ова кривично дело. За ова кривично дело интерес од сознанија имаат, како државните органи кои носат одлуки во врска со политиката на превенција и санкционирање, така и органите кои се занимаваат со политиката на прогон на сторителите, така и граѓани кои имаат интерес да ги следат случувањата на криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија.

Општествената цел ќе биде постигната, ако и во најмала мера придонесе за согледување на фактите за благовремена општествена реакција.

Како и за останатите кривични дела, така и на убиствата им влијае состојбата на општествена нестабилност на државата и долгиот процес на транзиција, за што според резултатите доаѓа и до нивна експанзија и бруталност во извршувањето, па макар тоа било и за банални причини и од нереален мотив.

Во македонската криминалистичка пракса за периодот на наш интерес се забележа еден случај на сериски убиства. Останатите беа поединечни случаи на убиства, каде што сторителот бил мотивиран од конкретни мотиви, како на пример за да се стекне со противправна имотна корист, има сторени убиства од љубомора, поради нерасчистени имотно-правни и друг тип на семејни проблеми и од други разни мотивирани случаи.

Со нивна поединечна обработка имаме за цел да дојдеме до индикатори преку кои ќе можат да се превенираат идни случувања.

Општествената оправданост на трудот е во насока да даде придонес во анимирање на јавноста, и во поттикнување на невладиниот сектор да се ангажира со поголем интензитет во изнаоѓање на механизми на превенција.

Проучувањето на убиствата се важни и од причина, што *безбедноста на државата се мери преку бројот на извршени убиства, а преку успешноста на откривањето на сторителите на убиства се оценува успешноста на работата на полицијата.*[54]

[54] http://www.mvr.gov.mk/в (пристапено на 16.01.2020)

## 1.3 .Хипотетска рамка

**Генерална хипотеза**

**„Убиствата во Република Македонија се одликуваат со карактеристики, кои зависат од: начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителите и на личноста на жртвата на кривично дело.“**

**Генералната хипотеза** ќе биде проверена преку емпирискиот дел на истражувањето. Заради сеопфатност на истражувањето поставивме помошни и поединечни хипотези.

**Посебна хипотези**

1.Според начинот на извршување сторителот најчесто користи огнено оружје.
2.Во однос на криминалната ситуација убиствата се случуваат во затворен простор, во зимски период и најчесто во урбана средина.
3.Сторителите на убиства имаат специфични лични особености.
4.Жените се најчесто жртви на убиство во услови на семејно насилство и го познаваат својот убиец.

**Поединечни хипотези**

- Употребеното огненото оружје, како средство за извршување на убиство е поврзано со работниот статус на сторителите.
- Употребеното огненото оружје, е поврзано со образованието на сторителот.
- Сторителите најчесто извршуваат убиство мотивирани од расправија.
- Сторителите најмногу убиства извршиле во затворен простор.
- Сторителите најмногу убиства извршиле во урбана средина.
- Најмногу убиства се случуваат во лето.

- Сторители на убиства се најчесто мажи.
- Сторители на убиства се млади лица.
- Сторители на убиства се припадници на најмногубројната заедница.
- Сторителите се најчесто со средно образование.

- Сторителите се најчесто невработени.
- Сторителите на убиства најчесто се лица кои немаат формирано брачна заедница.
- Сторителите на убиства се лица кои имаат криминално минато.
- Сторителите на убиство користеле алкохол и/или дрога пред извршувањето на делото.
- Сторителите на убиство делото го извршиле самостојно.

- Жените се најчесто жртви на убиство.
- Жените се најчесто жртви на убиство во услови на семејно насилство
- Жртвите најчесто го познаваат својот убиец.

## 1.4. Методи и техники на истражувањето

Во истражување на криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија и за постигнување на целите на истражувањето, ќе се применат повеќе научно истражувачки методи и техники, за прибирање на податоци, за нивна обработка и за нивна анализа.

Користени методи во истражувањето се:

- *Нормативниот метод,* како начин за обработка на кривично-правната регулатива за конкретното кривично дело;

- *Индуктивно-дедуктивниот метод* за утврдување на општи заклучоци преку поединечни конкретни ставови и обратно доаѓање до нови заклучоци преку општи ставови;

- *Дијалектичкиот метод* за проучување на законитоста на појавата, што е предмет на проучување, имајќи ги предвид причините за меѓусебната поврзаност, детерминираност и причинско-последичките односи при настанувањето на оваа појава;

- *Аналитичко - синтетичкиот метод*, како почетен и основен логичко методолошки пристап за анализа на поединечните случаи и нивно расчленување на поединечни делови и групирање, според заедничките карактеристики и врз основа на тоа извлекување нови заклучоци;

- *Анализа на содржина на правосилни судски пресуди и на останатите записи* кои ќе бидат најдени во досиејата на обвинетите лица за сторено убиства за период од 2007 до 2017. Во овој метод ќе се користи и при анализа на дневен печат во кој ќе се пребаруваат убиствата кои завршиле со самоубиство во иста криминална ситуација;
- *Компарадивниот метод* ќе се употреби заради согледување на промените на состојбата со убиствата на територија на Република Македонија во различни периоди на истражување;
- *Статистичкиот* ќе биде користен заради подобро претставување на промените за временскиот период кој е од наш интерес.

Со цел да се согледа на состојбата со убиствата ќе се користат официјалните податоци добиени од:

- Податоци од јавен карактер на Министерството за внатрешни работи, и од Полициската статистика,
- Публикации од Државниот завод за статистика и
- Казнено - поправните институции во државата
- Содржини од дневни весници и портали.

### 1.4.1. Начин на истражување, користени инструменти и примерок

За анализа на криминалистичките карактеристики на кривичното дело убиство беа поставени четиринаесет варијабли, преку чии поставки се огледуваат карактеристиките на убиствата кои се однесуваат на: начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителот и личноста на жртвата.

Истражувањето се спроведе во КПУ- Идризово во Скопје. Сите анализи беа извадени од обработката на досиејата на сторителите на убиства, кои се наоѓале во затворот или во моментот на истражување се на издржување на затворска казна, со одобрение за еднократен пристап до нив.

Дополнително беа опфатени уште шест варијабли со цел да бидат земени предвид и убиствата, кои завршиле со самоубиство на сторителот. За овие варијабли податоците беа собирани преку интернет пребарување на дневни весници за нашиот период на интерес.

Во истражувањето беа проучени 186 случаи, од кои за 173 податоците беа собрани со пополнување на *чек листа* при обработката на правосилните судски пресуди.

Со обработката на правосилните судски пресуди добивме мноштво информации за околностите во кои се случиле убиствата, од социодемографска природа на криминалната ситуација. Во смисол на информации во врска со криминалната ситуација, од местото и времето на случување, средствата со кои е извршено делото, добивме доволно информации за биографските карактеристики на сторителите, но за жал недобивме доволно информациите за жртвите на убиство, информациите за нив се однесуваат на полот на жртвата и на нивната поврзаност со сторителот.

Податоците кои беа обработени преку новинарските записи за случаите кои ги обработивме за убиства кои завршиле со самоубиства на сторителите, дадоа многу пооскудни информации за биографските карактеристики на сторителите и жртвите, но кај нив беше јасно нагласен мотивот за извршување на дејствието.

Со цел да добиеме целосна претстава за состојбата се обративме до Министерството за внатрешни работи од каде добивме податоци за вкупниот број на сторени убиства и убиства во обид, за вкупниот број на сторители и за сторени убиства по СВР Скопје, СВР Штип, СВР Куманово, СВР Струмица, СВР Тетово, СВР Велес.

За добивање на податок за сторителите на убиство кои имаат правосилни судски пресуди, а кои не се јавиле на издржување на затворска казна и се во бегство, за таа цел ја користевме базата на податоци на официјалниот сајт на Министерството за внатрешни работи.

Добивме податок од ЈЗУ Психијатриска болница, Бардовци, каде што има сторители на убиства кои се на психијатриско лекување. Податокот за нив е само како вкупна бројка, затоа што побараната чек листа со податоци ми беше вратена со образложение дека податоците се од личен карактер и се во спротивност со законот за заштита на лични податоци.

Добиените резултати се преставени табеларно со цел, а за обработката на податоците употребен е аналитичкиот програм *SPSS,* кој ни овозможува пресметка и графичко претставување на состојбата.

## 1.5 . Просторна и временска рамка на истражувањето

Временскиот период на истражувањето е периодот од 2007 година до 2017 година. Временскиот интервал од 11 години, ценевме дека е сосема доволен за согледување и анализа на сотојбата на криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија.

Од територијален аспект со истражувањето е опфатена територијата на Република Македонија, според територијалната поставеност на Секторите на министерството за внатрешни работи и градовите во РМ и Одделението за сузбивање на организиран и сериозен криминал и казнено-поправната установа Идризово, каде што се сместени полнолетните сторителите кои се наоѓаат на издржување на пресудената казна за извршеното кривичното дело.

## 1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Во денешниот степен на општествено живеење обичниот човек е изложен на најразлични опасности, меѓу другите опасности кои го демнат, тој е изложен и на најголемата опасност да го изгуби сопствениот живот. Некои теоретичари велат дека убиствата останувaат да бидат нормален и очекуван одговор на веќе пренатрупаната животна средина, борбата за опстанок и нееднаквите можности за успех.[55]

Во современиве услови кога има забрзан економски и општествен развој се нараснати потребите за чувство на сигурност и безбедност, се зголемува и барањето за поголема вредност на живот. Од друга страна, убиствата останаа да бидат „секојдневие“ со мотиви кои можат да бидат и од банална природа, па сè до застрашувачки поводи и причини, сегашноста се одликуваат и со поголема нетолерантност и агресивност во споредба со порано.

[55] Лесоска, Н. *Кривично - правни и криминолошки аспекти на серискиге убиства во Република Македонија и во светот* (магистерски труд)- Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Правен факултет – Битола, Битола, 2018, 2018, стр. 20.

Во анлизата на извршените убиства , се забележуваат и убиства кои се извршени во услови на семејно насилство, каде што таткото или мајката на очиглед на децата извршуваат убиство, а кратко потоа се решаваат да извршат и самоубиство.[56]

Гледајќи низ призмата на проблемот, предметот и целите на ова истражување повеќе од очигледно е дека постои како научна, и општествена оправданост за изработка на истото.

Научната оправданост на ова истражување добива на значење поради сериозноста на ваквиот вид на криминалитет, и особеноста на фактот, што иако не се ретки студиите, сепак, има потреба за проучување на конкретниот период и повторно да се разработи оваа проблематика**.**

Научната оправданост е во насока на придонесот кон анализа на појавните облици, средствата на извршување, мотивите, сторителите и жртвите, што ќе даде придонес во насока да се посвети поголемо внимание на оваа проблематика и да се изработат механизми за подигање на степенот на превенција.

Општествената оправданост се надоврзува на научната оправданост, затоа што интересот за подобар и побезбеден живот кој е во интерес на сите правни и релевантни фактори во општеството.

Кога е општествената оправданост во прашање, потребата од вакво истражување е неоспорна, од причина што криминалното однесување каде има предизвикано убиство, како сегмент од криминалитетот воопшто, претставува значаен облик на загрозување на чувствот на небезбедност.

---

[56] Кочанска семејна трагедија. Вчерашното убиство на сопругата со нож и чекан од 54-годишниот сопруг, кое се случи во раните утрински часови во Кочани, е прв случај на фемицид во 2018 година, сметаат експертите. Според Благица Кирова од невладината организација „ЕХО“ од Штип, која работи со жртви на семејно насилство, вчерашната крвава семејна драма во која е убиена жена, а потоа се самоуби и сопругот, е класичен пример со кој се отсликува родовата димензија на семејното насилство. Фемицидот е најтешка форма на дискриминација на жените. Тоа е убиство на жена затоа што е жена. Најтешка форма на насилство врз жени и девојчиња, вели Кирова. И покрај тоа што надлежните институции немаат регистрирано насилство во тоа кочанско семејство, според Кирова ваквиот чин е резултат на долгогодишна психичка и физичка тортура која се криела од институциите. Сознанијата кои ги имаме говорат дека многу често семејното насилство и насилството врз жените останува скриено во фамилиите. Значи не се пријавува, најчесто поради предрасуди кај самите жени жртви за да се зачува имиџот на нормално, функционално семејство. Причини за да не се остават децата сами да се снаоѓаат, да се издржи во тешки околности, најчесто жените не пријавуваат. Како некој кој со години се занимава со оваа проблематика, сметам дека ова не е случај, што сега се случил инцидентно, рече Кирова. Во Македонија нема официјална статистика на фемициди, но според анализа направена од невладини организации во изминатите три години на државно ниво се регистрирани 19 случаи на фемицид.
https://arhiva.republika.mk/884133 (пристапено 07.08.2019)

Јавноста во принцип реагира со заинтересираност и вознемиреност и изразува длабоко сочувство кон жртвите на убиства и со осуда на сторителот, не навлегувајќи во анализата на мотивот на сторителот.

Начинот на извршување на делото, средствата кои притоа се користат, местото на извршување на кривичното дело, трагите на кривичното дело, личноста на сторителот и личноста на жртвата како битни криминалистички карактеристики, кои ќе бидат презентирани во овој труд, ќе им биде од корист на институциите во чиј делокруг на работа е и проблемот со убиствата.

# ГЛАВА II

# КРИВИЧНО – ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО, УБИСТВО

## 2. Кривично-правни аспекти на кривичното дело, убиство

Почитувањето на човековиот живот и неговиот телесен интегритет се елементарна основа на нашата цивилизација. Иако, станува збор за кривично дело кое по времето на настанување е старо колку и староста на цивилизациите, тоа во принцип е класично дело според начинот на извршување, но неговото опстојување во реалноста и по тоа што сè уште ја оптеретува општествената заедница.

Историјата на човештвото е историја на борба за човековата егзистенција, а во таа борба најголемиот непријател на човекот потекнува од самиот човек. [57]

Животот на човекот како објект на заштита за кривичното право, претставува биолошко-социолошко единствено право. Не постои кривично законодавство кое не дава кривично-правна заштита на фундаменталното човеково право, како што е правото на живот.

Правото на живот е втемелено во Универзалната декларација на човекови права и во Општата декларација за правото на човекот на ООН од 1948 година, во членот 3 од Пактот за граѓански и политички права од 1966 год., во член 6 став 1 каде што стои дека *човекот има вродено право на живот, што мора да биде заштитено со закон и никој своеволно не може да биде лишен од живот.*[58]

Неприкосновеноста на животот во нашата држава е подигната на степен со устав загарантирана категорија. Во Уставот на Република Македонија во членот 10, во алинеја еден, е пропишано правото, дека *животот на човекот е неприкосновен.*

Во следната алинеја од Уставот *се укажува, дека во нашата држава не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ*[59]. Од највисокиот правен акт државата, произлегува дека првото на живот е предмет на заштита, самостојно, сеопфатно и во целост.

Убиствата како кривични дела, се сместени во глава XIV во групата на кривични дела против животот и телото. Република Македонија од осамостојувањето на 8.9.1991

[57], Камбовски. В., *оп. цит.,* стр. 119 – 130. (1)

[58] Ѓорѓевиќ. М., *Живот као објект кривично правне заштите*, Правни живот бр. 9/95, Београд, стр. 45.

[59] *Уставот на Република Македонија*, (бр.06-4642/1 од 17.ноември 1991)

година започна да создава кривично законодавство кое ќе обезбеди ефикасна казнено-правна заштита на демократските вредности. [60]

Со пропишувањето во законодавството, објект на заштита е човековиот живот, кој има апсолутна категорија. Животот на човекот се вреднува од неговото зачнување во утробата на мајката, тој е еднакво релевантен и има апсолутна вредност, без оглед на способноста за живот и без оглед на вреднувањето од општеството и за која животна доба се работи.

Сепак предвидени се некои исклучоци како што се: дозволено пометнување, убиство во нужна одбрана, убиство во војна и сл.[61]

Субјект на правото е човековиот живот, на секое живородено битие родено од жена. Заштитата на животот од моментот на зачнувањето до напуштањето на утробата на мајката е предмет на противправно прекинување на бременост. Објект на кривично-правна заштита е моментот на живот кој започнал за време на пораѓањето и непосредно по него.

За тоа кога е започнат животот и кога е определен конкретно моментот на раѓањето, различни автори даваат различно толкување. Според едни автори тоа е моментот на прекинување на папочната врска на телото на мајката и новороденчето, според други автори тоа е моментот на прва респирација на воздух на новороденчето, а според трети раѓањето започнува со контракција на матката и истекувањето на плодовата вода, без оглед на тоа што новороденчето е сѐ уште во утробата на мајката. Не претставува услов за изземање од заштита животната неспособност за самостоен живот на новороденчето или ако новороденчето е родено со деформитети и абнормалности.

Самоубиството не е предвидено како инкриминација, освен ако со неговото извршување не се загрозува некое општо добро, односно правото на живот, како апсолутно право на човекот и со него да располага до моментот кога човекот одлучил да се откаже од тоа право.

Животот и телесниот интегритет се заштитени, опфатот на кривично-правна заштита го опфаќа периодот од моментот на раѓањето, па сѐ до настапување на смртта.

---

[60] Кривичниот законик на Република Македонија е донесен на 23 јуни 1996 година и објавен во *Сл. весник на РМ бр. 37/96.*

[61] Камбовски В., *оп. цит.,* стр. 123. (1)

Со престанокот на животот настапува смртта, а со тоа и кривично-правната заштита. Констатирањето на настапувањето на смртта е од особена важност од повеќе аспекти: [62]

- со констатирањето на смртта во целост се исполнети битието на кривичното дело убиство;
- со настапувањето на смртта, како последица на кривично дело (нанесување на тешки телесни повреди) се добива тотешка квалификација;
- со констатирањето на времето на смртта може да се согледа неподобниот обид за убиство, од причина што не може да се убие веќе мртов човек.

Со прогресирањето на новините и развојот во медицинската наука која за продолжување на животот применува техники на респирација и реанимација во многу ситуации на клиничка смрт  и привремениот престанок на виталните фунции, како дишењето и крвотокот не значело дека настапила смрт.

Разликата се прави помеѓу *биолошка смрт*, кога изумираат клетките и органите, *клиничка смрт* кога мозокот не е активен и е во кома и *целебрална смрт,* кога запира мозочната активност.

Законодавецот предвидел, времето во кое настанува целебрална смрт, да се смета за време на смрт.

Законодавецот предвидел околности на специјална животна ситуација во која може да биде донесен животот, поради неподносливите болки и страдања и предвидел посебна категорија на убиства од благородни побуди. Ваков тип на убиства кои можат да бидат по барање и наговор на самата жртва, за нив законодавецот само предвидел поблаги казни, во однос на класичното убиство.

За разлика од кај нас, во некои држави  на убиствата по барање на жртвите не предвидел санкции.

Во нашето законодавство се заштитува животот во целост, како биолошки факт, односно предвидел можност за развој на нови откритија во медицинските науки или за докторска дијагностичка грешка и можност за подобрување на состојбата.

[62] Камбовски В., *оп. цит.* , стр. 128. (1)

Законодавецот ги предвидел убиствата од благородни побуди во два облика: евтаназија и евгеника. [63]

**Евтаназија**–(помагање во умирање односно предизвикување *„блага смрт“*) се однесува на убиство на лице кое боледува од неизлечива болест, со цел да се спаси од болките, да му се прекинат маките и да се дојде до брз и безболен крај.[64]

**Евгеника**–претставува уништување на безвреден живот на животно-неспособни, душевно болни или изнемоштени лица, односно тоа е убиство на лице кое самостојно е неспособно за живот.[65]

Во македонскиот кривичен законик во својство на обвинет за кривично дело против животот и телото може да се појави секое лице.

Нашиот законодавец предвидел динстикција во однос на сторителите и начинот на издржување на кривичната санкција, во поглед на староста, односно возраста на сторителот.

Имено, примената на Кривичниот законик се однесува на **возраста на сторителите**:[66]

- на децата кои се на возраст до 14 години, иако се сторители на кривично дело, не им се изрекуваат кривични санкции;
- на малолетниците кои се на возраст од 14-16 години, им се изрекува воспитна мерка;
- на извршителите кои се на возраст од 16-18 години им се изрекуваат воспитни мерки, само во исклучителни случаи тие се упатуваат на издржување на затворска казна во малолетнички затвори.

Покрај возраста за ограничување за добивање на својство на обвинет, законодавецот предвидел клаузула да ги заштити од кривична одговорност душевно заболените, а предвидел заштита на посебна категорија на лица кои уживаат дипломатски имунитет од кривично гонење. Значи, според нашиот Кривичен закон, за лице да биде обвинето за делото убиство, потребно е истото да има душевна здравост.[67]

[63] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 128. (1)
[64] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 128. (1)
[65] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 128. (1)
[66] Чл. 6 а од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14*
[67] Матовски Н., Бужеровска Л., Калајџиев Г., *Казнено процесно право*, Скопје, 2011, стр. 129.

Имено, според [68] Законикот се предвидени и околностите на душевна болест, односно **непресметливост на сторителот** во време на извршување на делото или поконкретно ги предвидел како околности следниве состојби:

- Не е пресметлив сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки, поради трајна или привремена душевна болест, поради привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, или други особено тешки душевни пречки (непресметливост).
- Сторителот на кривично дело чија способност да го сфати значењето на своето дело или способноста да управува со своите постапки била битно намалена поради некоја состојба (битно намалена пресметливост). Во ваков случај може да се казни поблаго.
- Кривично одговорен е сторителот на кривично дело, кога преку употреба на алкохол, некои дроги или на некој друг поинаков начин ќе се доведе во состојба во која истиот не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки.

Во случаите кога сторителот пред да се доведе во состојба не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки, а ако делото било опфатено со неговата умисла или во однос на кривичното дело, кај него постоела состојба на небрежност, а законот за такво дело предвидува кривична одговорност и за небрежност.

За изрекување на кривична одговорност на сторителот на убиства потребно е кај него да постоела **умисла**. Под постоење на умисла на сторителот според КЗ[69], потребно е сторителот да бил свесен за своето дело и да го сакал неговото извршување или кога бил свесен, дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.

---

[68] Чл. 11 од Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[69] Член 13 од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

**Небрежноста** е предвидена во[70] КЗ. За едно Кривично дело да потпадне во категоријата на дело од небрежност потребно е истото да е сторено од небрежност. Небрежност е кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапат штетни последици, но сторителот од лекомисленост сметал дека ќе може да го спречи или дека таа опасност нема да настапи, или кога истиот не бил свесен за можноста од настапувањето на штетната последица, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел само уште тој да биде свесен за таа можност.

**Зголемена одговорност на сторителот** постои, кога тој на жртвата и нанесол потешка последица, ваквата околност на кривичното дело е предвидена во КЗ.[71] Зголемена одговорност постои кога кривичното дело е извршено и кога од него произлегла потешка последица за која законот пропишува потешка казна. Казната може да се изрече и ако сторителот во однос на последицата постапувал од небрежност.

За постоењето на **стварна заблуда** [72] предвидено е дека:

- Не е кривично одговорен сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не бил свесен за постоењето на некое негово обележје, кое е определено со закон или ако сторителот погрешно сметал дека постојат околности, според кои, доколку тие околности навистина постоеле, тоа дело би било дозволено.
- Ако сторителот бил во заблуда, поради небрежност, истиот е кривично одговорен за кривичното дело, ако е сторено од небрежност кога законот определува кривична одговорност и за такво дело.

**Подготвување на кривично дело** е предвидено како посебна кривична одговорност[73] и се однесува на ситуации, кога сторителот со умисла подготвува

---

[70] Член 14 од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[71] Член 15 од Член 13 Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[72] Член 16 од Член 13 Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

извршување на кривично дело. За подготвувањето на кривично дело ќе се казни сторителот, само во услови кои Законот изречно го определува.

Подготвувањето на извршување на кривично дело со закон е определено, како посебно кривично дело за што со закон се пропишува казна за сторителот за извршеното подготвување за извршување на определено кривично дело.

Законските пропишани условите за казнување на сторителот за подготвувањето за извршување на определено кривично дело, се постоењето на умисла и подготвувањето да се состои од:

- подготвувањето може да се состои во набавување на средство за извршување,
- ако се обидел со приспособување на средства за извршување да го изврши кривично дело,
- ако се обидел да го изврши кривичното дело со отстранување на пречките за извршување,
- ако за извршување на кривично дело, во договор со други извршители, правеле планирање или организирање за извршување на кривично дело,
- како и во преземање на други дејствија, со кои се создаваат услови за непосредно извршување на кривичното дело, а кои не претставуваат дејствие на извршување.

**Обидот за извршување на кривичното дело**[74] предвиден во кривичниот законик, како и за останатите кривични дела, се однесува и за убиствата. Под обид за извршување на убиство се однесува за околностите, кога сторителот на дејствието со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но истиот нема да го доврши.

Во ваквиот случај сторител ќе се казни само за обид на кривично дело, за кое според закон може да се изрече затвор од пет години или потешка казна. Обид е казниво дејствие само кога законот изречно пропишува казнување и за обид.

Сторителот може да се казни и поблаго, но кога е во прашање обид за убиство казната за обид е во границите на казната пропишана за кривичното дело.

---

[73] Член 18 од Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[74] (Член 19) Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

**Неподобниот обид** за извршување на кривичното дело е предвиден во Законикот и се однесува на ситуации, кога сторителот кој ќе се обидел да изврши кривично дело со неподобно средство или спрема неподобен предмет, во ваков случај може се ослободи извршителот од добивање казна[75].

**Доброволно откажување од извршување** на кривичното дело се однесува на околностите во кои сторителот се подготвувал или се обидел да изврши кривично дело, но истиот доброволно се откажал од неговото извршување, во ваков случај истиот може да биде ослободен од казнување.

Доброволното откажување од извршување на делото е пропишано и кога сторителот престанал со натамошното подготвување за извршување на делото или го спречил извршителот да го изврши делото или сериозно настојувал да го спречи започнувањето на извршувањето на кривичното дело. [76]

**Соучесништво во извршувањето на кривично дело** се однесува на околности во кои:

Кога две или повеќе лица, учествуваат во дејствието на извршување на делото или со друг особен придонес кон извршувањето на делото, заеднички сторат кривично дело. Секој од учесниците во извршувањето ќе се казни со казната пропишана за тоа дело. [77]

**Поттикнување во извршување на кривично дело**[78] се однесува за случаите кога лице со умисла ќе го поттикне друго лице да стори кривично дело, во ваков случај и поттикнувачот ќе се казни како делото да го сторил самиот. Казнувањето на поттикнувачот е за потешки кривични дела за кои е предвидена казна од најмалку пет години затвор или за дела за кои има потешка казна. Во случај кога поттикнувањето застанало само во обид за извршување на кривичното дело и истото нема да направи , ќе се казни како за обид на кривично дело.

---

[75] (Член 20) Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[76] Член 21 од Член 13 Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[77] Член 22 Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[78] (Член 23)Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

**Помагање во извршувањето на кривично дело** се однесува на околностите, како што се :[79]

- Тој што на друг со умисла ќе му помогне во извршување на кривично дело ќе се казни како да го сторил самиот, само во некои околности може да се казни и поблаго.
- За помагање се смета давањето совети или упатства како да се изврши кривичното дело, давањето на средства на сторителот за извршување на кривичното дело, отстранување на пречките за извршување на кривичното дело.
- Во помагање на кривично дело спаѓа и давање на согласност, ветено прикривање на кривичното дело, или на сторител, на средство со кои е извршено кривичното дело, прикривање на траги или на предметите со извршувањето на кривичното дело.

**Граници на кривичната одговорност** и на казнивоста на соучесниците во извршувањето на кривичното дело: [80]

- Соизвршителот е кривично одговорен само во границите на својата умисла или небрежност со која учествува во извршувањето на делото. Поттикнувачот и помагачот ја имаат својата одговорност само во рамките на границите на нивната умисла.
- Во случаите кога соизвршителот, поттикнувачот или помагачот се предомислил во извршувењето на дејствието на кривичното дело и доброволно го спречил или сериозно се обидел да го спречи извршувањето на кривичното дело, може да биде ослободен од казната.

[79] (Член 24) Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

[80] (Член 25) Кривичниот законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

## 2.1. Кривично - правна определеност на убиствата, според Кривичниот законик на Република Македонија

Кривичното дело убиство, во македонскиот кривичен законик е сместено во посебниот дел од законикот, поконкретно обработено е во Глава XIV, во групата на кривични дела против животот и телото.

**Кривично дело „Убиство“ ( Член 123)**

Основниот облик на кривичното дело *„Убиство“*, предвидено во членот 123 кој гласи:

*(1)* ***Тој што ќе лиши од живот друг ќе се казни со затвор од најмалку пет години.***[81]

Ова е основниот облик на умислено лишување на животот на некој друг. Делото е извршено во моментот на настанување на смртта. Дејствието на извршување претставува секое дејствие коешто може да биде преку: физичко и психичко делување, а со тоа дејството може да предизвика смрт на друг. Помеѓу дејството на извршување и настанување на последицата треба да постои причинска врска.[82]

Кај основниот облик на убиства мотивот, односно умислата е ирелевантна без оглед дали таа е директна или евентуална.

При одмерување на казната постоењето на конкретниот мотивот односно умислата на сторителот кај основниот облик на извршено убиство, може да биде значаен индикатор кој ќе придонесе за расветлување на природата и тежината на делото и за одредување на личноста на сторителот.

*(2)* ***Со затвор од десет години до доживотен затвор ќе се казни тој што:***

***- друг ќе лиши од живот на свиреп и подмолен начин (чл.123 ст. 2 т. 1)***

[81] (чл.123)Кривичен законик„Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

[82] Камбовски, В., *оп. цит.*, стр. 135. (1)

*(а)* ***Друг ќе лиши од живот на свиреп начин (чл. 123 ст. 2 т. 1)*** - особеност на ваквиот начин на извршено убиство потребно е во енормно зголемените психички и физички болки, маки и страдања на жртвата, кои по интензитет или времетраење многукратно ги надминува болките, маките и страдањата кои се присутни кај умислените убиства.[83]

Свирепоста се однесува на нанесување на повеќе рани, тормозење или употреба на оган и вода, или бавно задушување. Свирепоста може да се однесува и на недавање на храна и вода. За постоење на овој облик на делото потребно е свирепоста да е со цел и истата да е очигледна, како од аспект на сторителот, така и од аспект на жртвата.

Не постои свирепо убиство во случаи, ако жртвата се наоѓа во бесознание и не ги чувствува болките или кога свеста не е формирана како кај малите деца.

И вториот елемент кој е потребен за исполнување на делото коешто треба да постои, за делото да добие ваква правна квалификација, потребата за постоење на свесност на сторителот, дека со дејствието што тој го преземал ја изложува жртвата на зголемени маки и страдања .[84]

***(б) Убиство на подмолен начин (чл. 123 ст. 2 т. 1)*** за ваков тип на убиство се работи кога сторителот со умисла на потајно и прикриено постапување ќе ја искористи довербата на жртвата за да биде доведе во беспомошна ситуација.

Со доведувањето на жртвата во таква беспомошна ситуација, целта на сторителот е таа да биде целосно затечена и изненадена и да не може да се одбрани во рамките на своите способности и можности за одбрана.[85]

- ***Друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство (чл. 123 ст. 2 т. 2)***

Овој тип на убиство се карактеризира со два облика:

- Првиот тип на убиство што се случува по претходно долготрајно и повторувано семејно насилство спрема жртвата. Насилството да биде од

[83] Канавчев М., *Квалифицирани (тешки) убиства,* Прегледна научна статија, Скопје, стр. 1 УДК:343.611:340.13, (1)
[84] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 139. (1)
[85] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 139. (1)

типот што кај жртвата би предизвикало постојано чувство на несигурност, загрозување и страв.

- Втор тип на убиство со семејно насилство-потребно е сторителот и жртвата да се наоѓаат во блиски семејни односи: брачна или вонбрачна заедница, да живеат во заедничко домаќинство или се во постапка на раздвојување од семејната заедница.

Класичниот облик на делото, за коешто следува затворска казна од десет години е вршењето на семејно насилство и стореното убиство да се случило во рамките на семејството.

Рамките на семејството се дефинира без оглед на цврстината на семејните односи, дали се работи за брачна или вонбрачна заедница или е започната постапката за развод меѓу сопружниците. Во рамки на семејството се работи и кога е нарушен односот во семејството помеѓу родителите и децата.

Потребата за ваква правна заштита и висина на казната се дадени во прилог на заштита на члeновите на семејството, од насилство во семејството кое во одредени случаи завршува со фатални последици, кои можат да бидат и смрт на член од семејството.

Во случаи кога жртвата на семејно насилство ќе изврши убиство на насилникот како резултат на акумулирана агресивност. Во случаи кога жртвата е доведена во состојба на афект тогаш таквото кривичното дело се квалификува како привилегирано убиство (убиство на миг чл.125)[86]

- ***<u>Друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе доведе во опасност живот на уште некое лице (чл. 123 ст. 2 т. 3)</u>***

Особеност на овој тип на убиство е тоа што според начинот на извршување, со кој сторителот веќе извршил убиство, а со извршувањето на дејствието довел во опасност по животот уште некое лице. Дејствието на ова дело се однесува на тоа, откако настапила смрт кај едно лице, постоела и опасност и друго лице да биде лишено од живот, или да претрпи телесна повреда како нус-појава од извршеното убиство.

[86] Канавчев М., *оп. цит.*, стр. 5. (1)

За да се задоволат елементите на ова кривично дело, опасноста морала да биде конкретна, односно да има реално висок ризик за опасност по животот на најмалку уште едно лице, покрај жртвата на убиство.

На пример, убиецот со оружје пукал во лице кое се наоѓа во простор преполн со народ и пукајќи кон таргетираната личност, истовремено можел да убие или да им нанесе повреди на лица кои се наоѓаат во близина на жртвата. Или во случај кога, сакајќи да усмрти едно лице употребил бомба, што како нус-појава може да им го загрози животот на повеќе лица.

Имено, во однос на случај кога има лишувањето од живот на едното лице убиецот постапува со директна умисла, додека во однос на конкретната опасност по животот на другите лица, убиецот постапува со евентуална умисла.[87]

Ако сторителот фрлил рачна бомба со намера да убие повеќемина ќе се работи за убиство на повеќе лица (тогаш ќе се работи за чл.123 став 3 лишување од живот на две и повеќе лица).

***- Друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на некое друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди (чл.123 ст. 2 т. 4)***

***а) Друг ќе лиши од живот од користољубие***

Квалификаторна околност кај овој облик на тешко убиство е алчноста и користољубивоста на сторителот, кое се дефинира како безобѕирен, егоистички стремеж по секоја цена да се дојде до имотна или друга материјална корист.[88]

Имотната корист може да биде наменета за сторителот, или за нему блиско лице (на пример: да се убие зетот, за куќата да ѝ припадне на ќерката). Имотната корист може да биде во насока на зголемување на имотот, или да биде во насока на спречување имотот да се намали (на пример: да се убие доверителот за да не му се врати долгот).

[87] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 140 – 141. (1)

[88] Во оваа смисла, Johannes Wessels /Michael Hettinger, Strafrecht Besonderer Teil 1, стр. 29 и Zlataric, op. cit., стр. 80 - 81

Делото убиство од користољубивост постои и во случаи, кога не дошло до реализирање на имотната намерата на сторителот (на пример: ако после извршеното убиство на зетот, ќе се испостави дека тој не поседувал никаков имот).

Доминантен став во теоријата е дека намерата не морала да се реализира [89], па така, за овој облик на убиство ќе се работи и во случаи кога доверителот го убил должникот за да си го наплати долгот.

***б) Убиство заради извршување или прикривање на некое друго кривично дело (чл. 123 ст. 2 т. 4)***

Кај овој облик на убиство се работи за две неправилности, а со тоа доаѓа и до зголемена вина на сторителот: прво е убиството заради извршување на друго кривично дело и второ, убиство заради прикривање на веќе извршено кривично дело.

За овој случај на убиство се зборува кога се работи за убиство со: висок степен на суровост, бесчувствителност, егоизам или кукавичлук на сторителот, а жртвата е доведена во ситуација на обично средство за остварување на некаква намера на сторителот.

Пример за вакво убиство може да биде кога сторителот го убива сопругот за да ја силува сопругата на жрвата, да се убие обезбедувањето на банката за да се ограби банката.[90]

Убиството заради извршување на друго кривично дело му претходи и е во функција на извршувањето на другото кривично дело. Сторителот убива друго лице за на тој начин да си го овозможи или олесни извршувањето на планираното кривично дело, што е негова првенствена цел (на пример убиство на обезбедувањето, за да се провали во магацинот, банката и сл.).

Втората неправилност може да биде кое било кривично дело, независно од неговата природа или тежина.

[89] Zlatarić, op. cit., стр. 80; Tahović, Janko, *Komentar krivčnog zakonika*, Beograd 1962, str. 135; Novoselec i dr., op. cit., стр. 15
[90] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 142. (1)

Спорно е дали постои ова дело кај убиство, ако сторителот претпоставува дека претходно извршеното дело, всушност е кривично дело, во случај ако постои директна умисла, па се решил да го прикрие делото, со тоа што ќе изврши убиство.

За постоење на ова квалифицирано убиство не се бара планираното кривично дело навистина да е извршено (по убиството на сопругот, сторителот не успеал да ја силува неговата жена, зашто таа успеала да побегне).[91]

***в) Убиство од безобѕирна одмазда (чл. 123 ст. 2 т. 4)***

Поимот „безобѕирна одмазда“ во законот не е дефиниран, толкувањето се препушта на теоријата и на судската пракса.

Судот и теоретичарите имаат прифатено определени основни критериуми од објективен и субјективен карактер. За убиство од безобзирна одмазда се работи за ситуации кога постои драстична несразмерност или разлика меѓу претходно стореното, како причина за одмаздување и убиството.

На пример, ако сторителот го убил лицето кое претходно го навредувало или го наклеветило. Овде станува збор за претходно нанесено зло.

Нема да зборуваме за убиство од безобѕирна одмазда, туку само за убиство–во случај кога родителите го лишиле од живот сторителот на брутално силување на нивната ќерка.

За убиство од безобѕирна одмазда може да станува збор и кога жртвата е целосно невина. Односно кога жртвата нема никаква поврзаност со претходното нанесено зло на сторителот од некој член на нејзиното семејство или ако на пример дошло до убиство на некој член од група на пријатели, кога еден од нив сторил некакво зло спрема сторителот на убиство.

Може да станува збор за убиство од безобѕирна одмазда во ситуација во која сторителот на убиство ги игнорира вообичаените, легални и легитимни средства за намирување на правдата и го убива детето на докторот, од причина што докторот претходно одбил да го лекува неговото дете.

[91] Каневчев М. , *оп. цит.*, стр. 5 – 6. (1)

Во ваков тип на убиство спаѓаат убиствата од крвна одмазда, кои за жал, се уште постојат во некои делови на нашата земја кои уште се сметаат за „традиционален тип на убиства". Во основа се убива заради „око за око или заб за заб", во случаи каде што имало претходно пролеана крв -„крв за крв".

Елементи за постоење на делото се:

- жртвата да е целосно невина, односно да немала никаква врска со претходно стореното зло (убиство на член на поширокото семејство, наместо лицето кое го нанело претходното зло, што е повод за одмаздата);
- сторителот целосно да ги игнорирал вообичаените легални средства за воспоставување правда, односно „да ја зел правдата во свои раце". Таков би бил, на пример, случајот кога таткото на прегазено дете во сообраќајна незгода, не можејќи да ја преболи загубата, за возврат го убива детето на „сторителот", кој претходно бил ослободен од обвинение.[92]

Според Камбовски[93], безобѕирна одмазда е онаа одмазда при која сторителот не ги почитува веќе востановените патишта за задоволување на неговата замислена или вистинска правда за која одлучил да ја земе правдата во свои раце и да спроведе лична репресија, покрај постоењето на легални средства за остварување на неговото лично право, а со тоа ја реализира замислената правда игнорирајќи го правниот поредок.

### *г) Убиство од други ниски побуди (чл. 123 ст. 2 т. 4)*

Поради фактот, што објективно не е возможно да се набројат сите ниски побуди врз чија основа едно лице би извршило убиство, нашиот законодавец определува една генерална формулација под која се подведуваат сите убиства од ниски побуди кои не се опфатени во чл. 123 ст. 2 од КЗ. [94]

[92] Каневчев М. , *оп. цит.,*. стр. 5 – 6. (1)
[93] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 144. (1)
[94] *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

Поимот други ниски побуди се доведува во релација со владејачките социјално-етички погледи и ставови кои се во диспаритет со општоприфатените морални ставови, што е спротивно на етичкиот и моралниот кодекс.

Ниски побуди кои се потенцираат се: љубомора (иако сама по себе љубомората е посебна душевна состојба од која може да произлезе ниската побуда), потоа особеностите на личноста како што се зависта, егоизмот, злобата, омразата, и други слични девијации. [95]

***Убиство по порачка (чл. 123 ст. 2 т. 5)***

За постоење на овој облик на убиство потребно е убиството да е извршено од лице кое немало никаков претходен контакт со жртвата, тоа лице да се појави како непосреден извршител-егзекутор на убиство, и вториот елемент е да постои нарачател или плаќач кој го иницирал убиството.

Ваквиот овој облик на убиство се карактеризира со особена организираност и професионалност според начинот на кој е извршено убиството од егзекуторот, кој во случајот е само алатка за реализација на нечија порачка.

Мотивот на егзекуторот може да биде: стекнување со имотна корист, или пак да биде мотивиран од политички, религиозни и други побуди.

Во реализацијата на убиството нарачателот, иако не учествува во извршувањето директно, доколку биде откриен, ќе одговара како соучесник во извршувањето, а доколку не може директно да се поврзе со делото, може да се казни само како поттикнувач.

Казната за ваков начин на извршено убиство и за нарачателот и за егзекуторот во случаи кога ќе се докаже делото, изнесува од најмалку десет години, па сè до доживотен затвор.

[95] Камбовски В., *оп. цит.,* стр. 145. (1)

***<u>Убиство на бремена жена или малолетно дете (чл.123 ст.2 т.6)</u>***

Суштината на пропишувањето на ваквата инкриминација за ваквото тешко кривично дело е да се обезбеди кривично-правна заштита на најранливата категорија на лица како што се бремена жена, за која сторителот знаел дека е бремена, или на малолетните лица.

Кај убиството на бремената жена за која сторителот знаел дека е бремена постои акумулација на две неправа:

- убиство на бремената жена и
- убиство на плодот, (плодот иако е дел од телото на мајката подлежи на правна заштита).

Со оваа инкриминација се штити правото на живот на нероденото дете кое сè уште се наоѓа во утробата на мајката. Но, умислата во извршувањето на делото и неговото знаење за бременоста на жената му дава тешка квалификација на делото.

За дејствието на извршување на делото ирелевантен е стадиумот на бременоста на жената жртвата.

Вториот субјект на заштита во ова кривично дело од убиство е малолетно дете. За малолетно лице се смета лицето кое не наполнило 18 години живот.

За се задоволи елементот на делото потребно е сторителот да биде свесен за посебното својство на жртвата, односно да е свесен дека жртвата е малолетна. Во спротивно дејствието ќе се смета како заблуда за битието на делото.[96]

Погрешната претстава на сторителот за двете заштитени категории е ирелевантна, без оглед дали умислата е директна или евентуална за сторителот може да се изрече и казна од десет години, па до доживотен затвор.

[96] Камбовски В., *Коментар на кривичниот законик на Република Македонија*, Клуб Матица Скопје, 2011, стр. 634. (3)

***<u>Убиство на судија, јавен обвинител или адвокат при вршењето на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице при вршење на работа на државната безбедност или на должност на чување на јавниот ред или чување на сторителот на кривично дело или чување на лице лишено од слобода (чл.123 ст.2 т.7)</u>***

Целта на пропишување на ваквата категоризација на заштита е да се обезбедат извршителите на ваквите должности кои секојдневно извршувајќи ги своите високо-ризични дејности, должности и функции кои во самата основа можат да бидат изложени на висок ризик по нивниот живот, на кои се изложени при извршувањето на нивната функција.[97]

Важен елемент за делото да е извршено, дејствието на убиство потребно е да е извршено во моментот на вршење на функцијата, дејноста односно должноста која жртвата секојдневно ја извршува.

Покрај умислата на сторителот, потребно е да содржи и свест за својството на жртвата, односно за неговата функцијата, односно за должноста што тој ја врши, тоа не значи дека сторителот треба да ги знае легалните дефиниции за, на пример, службено и воено лице, туку доволно е да има перцепција и претстава за нив.

***<u>Со затвор од најмалку десет години или доживотен затвор ќе се казни тој, кој со умисла ќе лиши од живот две и повеќе лица (чл. 123 ст. 3)</u>***

Оваа инкриминација се однесува за сторено умислено убиство на две и повеќе лица за кои на сторителот не му е судено за кривично дело од чл. 9 став 3, чл. 10 став 3 и чл.124, 125 и 127.[98]

Членот 9 став 3, се однесува на сторителот кој ги пречекорил границите на нужна одбрана може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето го сторил поради силна

[97] Камбовски В. и Тупанчевски Н. *Кривично право (посебен дел),* Скопје, 2011, стр. 43.
[98] *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14.*

раздразнетост или уплав предизвикан од нападот, може да биде и ослободен од кривична одговорност.

Членот 10 став 3, се однесува на ситуација на сторителот кој сам предизвикал опасност од небрежност или ги пречекорил границите на крајна нужда, може да се ослободи од казната или да се казни поблаго, ако пречекорувањето е сторено под особено олеснувачки околности.

Околностите во кои сторителот извршил лишување од живот на две и повеќе лица како пречекорување на нужна одбрана или за крајна нужда, како и за привилегираните убиства (од благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност и убиство на дете при породување) се околности за кои законодавецот предвидел и олеснителни околности.

За постоење на ова дело потребно е дејството на извршување да е умислено, односно сторителот да е свесен дека со неговото дејствие му го уништува животот на две и повеќе лица.

Иако основниот облик на дејствието се однесува на случаите на две или повеќе основни убиства, не е исклучена нејзина примена и за ситуациите на стек на основното дело убиство и некое квалифицирано убиство, како и на стекот на две или повеќе квалифицирани убиства.[99]

## ***Кривично дело „Убиство од благородни побуди“ (чл. 124)***

Убиствата претставуваат опасно поведение на поединецот, но законодавецот предвидел некои околности со кои го намалил степенот на општествена одговорност на поединецот за извршеното дејствие да добие и предвидел поблага казна. Пропишаната казна за убиство од благородни побуди е од шест месеци до пет години.

Убиства од благородни мотиви, како што се евтеназија и евридика се забранети во нашата држава. Евтаназија е извршување на убиство од благородни побуди со цел скратување на маките на неизлечиво болен пациент. Евтаназија може да изврши исклучиво медицински тим и тоа во два облика: активна евтаназија со вбризгување на течност со која ќе настанат хемиски процеси на усмртување. Пасивна еутаназија се

[99] Каневчев М. , *оп цит.*, стр. 10. (1)

извршува со напуштање на терапијата од која е зависен пациентот без која ќе се загрозат виталните функции на живот.

Евгениката се однесува на усмртување на пациент кој поради нарушени психо-моторни функции на организмот не е способен за самостоен живот.

Забележани податоци за прифаќање на убиствата од благородни мотиви датираат и од периодот првите цивилизации, кога и биле оправдани во времето на стара Атина, Спарта, Рим. Убиствата од благородни побуди изречито се забранети од католичката црква.

Нашата држава пропишува казни за недавање помош на лица во *тешка* состојба од причина, што цени дека состојбата може да биде погрешно проценета, заради докторска заблуда или погрешна дијагноза, па пациентот можел да се разбуди од кома или меѓувремено пациентот може да се разбуди од кома, како резултат на пронаоѓање на нов лек, како резултат на развојот на медицината или создавање на нова техника на лекување[100].

***<u>Убиство на миг (член125)</u>***

Убиство на миг или убиство во кое *активна улога* за извршување на убиство има жртвата. За постоење на квалификацијата убиство на миг, за кое законодавецот предвидел поблага казна од една до пет години, потребно е да бидат исполнети следниве три елементи:[101]

- убиството да е извршено, како резултат на силна активна провокација на жртвата,
- активната провокација да извршила силно пореметување на свеста за расудување на сторителот, или поконкретно настанала силна раздразнетост на сторителот,
- делото да е извршено, како резултат на неразумна одбрана, односно да е извршено како резулатат на физичка или психичка во одбрана на честа и угледот на неговото достоинство,

---

[100] Гроздановска М. Есеј на тема: „*Евтаназијата како современ начин на убиство*“, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2012, стр. 2.
[101] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 149. (1)

- како последица на семејно насилство од страна на убиениот.

Под изместување на свеста за расудување се подразбира предизвикана силна емоционална навреда, која придонела за изместена свест и состојба за рационално расудување поради моментално акумулиран гнев, лутина, бес и возбуденост многу повеќе од нормалното.

За афектна состојба не се смета изместена структура на личноста или состојбата во која се наоѓал сторителот пред извршувањето на делото без да има вина на жртвата. Класичен пример за убиство на миг во кое се загрозени честа и угледот на сторителот е убиството на брачен партнер, доколку биде затекнат во извршување на дејство на прељуба.[102]

***Убиства од небрежност (член 126)***

Ваквиот облик на убиство се однесува на лишување од живот поради запоставување на обврската за должното внимание, како и во случаи на умисла или од лекомисленост мислел, дека фаталните последици нема да настанат или дека има повеќе време да превентира.

Кривичното дело убиство од небрежност се изрекува и кога сторителот не бил свесен за можноста, дека можат да настапат смртни последици, поради одредени околности на делото или личните својства на сторителот, кои тој можел или бил должен да ги превенира, со цел да не настапат смртните последици.

Законодавецот за ова привилегирано убиство предвидел затворска казна од 6 месеци до 5 години.

Класичен пример за убиство од небрежност се случаите кога доаѓа до несреќи при лов на дивеч, кога заради невнимание и оддалеченост се добива погрешна претстава за метата, а од испуканиот проектил смртно се застрела пријателот без никаква намера.[103]

[102] Каневчев М. , *оп . цит.*, стр. 10. (1)
[103] Ласовска, Н. *Кривично правни и криминолошки аспекти на сериските убиства во Република Македонија и светот.* (магистерски труд), Правен факултет – Битола, Битола, 2018, стр. 48.

***Убиство на дете при породување (член 127)***

Особеност на оваа инкриминација, што улогата сторител на дејството на извршување ѝ е дадена исклучиво на мајката (*delicta propria)* при што законодавецот ја ценел посебната психичка состојба, а дејствието на извршување предвидено е да биде во времето на пораѓањето за време на траењето на посебната состојба, во која таа се наоѓа заради претрпените болки и посебната психичка состојба, што може да доведе до растројство што го претрпела мајката од чинот на раѓање. За овој облик на убиство предвидена е затворска казна од 3 месеци до 3 години.

Ова дело на убиство кое го извршува мајката се нарекува уште и чедоморство. Објект на заштита е животот на детето, којшто е предмет на заштита од моментот кога е започнато раѓањето, и кога тоа сè уште не е способно за самостоен живот, предуслов за постоењето на делото детето да е живородено. Времето на извршување на ваквиот облик на убиство е пресудно и тоа може да биде прифатено ако е извршено во времето на траење на чинот на породување или непосредно после породувањето. Под време на породување се смета времето на започнување на породилните болки до прекинувањето на телесната врска помеѓу мајката и детето и кога детето започнува самостојно да дише. Утврдување на состојбата на растројството на мајката и колку таа траела, кога делото е извршено веднаш по раѓањето треба да биде констатирано од вештаците, докторите и психијатрите. Состојбата се оценува како стресната свест со намалена состојба за расудување и управување со своите постапки со намалена пресметливост[104]

Законодавецот поаѓа од фактот дека подеднакво му се дава право на живот на секој, без оглед што новороденчето не е во состојба на водење на самостоен живот или е родено со некаква вродена аномалија.[105]

Во случај, ако делото е извршено со помош на помагачи и поттикнувачи тогаш нивната вина се казнува како квалифицирано убиство.

[104] Каневчев М . , *оп цит*., стр. 51-54. (1)

[105] Кривични законик, *Сл. гласник РС бр. 85/05 и 111/2009*, стр. 43 – 45.

## 2.2. Класификација на убиствата

Според околностите на извршените убиства, како што се начинот на извршување, својствата на жртвата, субјективни во нашиот кривичен закон предвидени околности кои ја даваат супсидијарната природа на основното кривичното дело убиство по однос на квалифицираните и привилегираните облици на лишување од живот.

Објект на заштита кај сите дела на убиства е животот на човекот и тоа секогаш е туѓиот живот, не сопствениот. Самоубиството не е казнено дело.[106]

Квалифицираните се нарекуваат уште и тешки убиства со умислено лишување од живот на друг, извршени под особено отежнувачки околности определени со законот што го креваат степенот на неправото и степенот на вината на сторителот и поради кои законот за убиството пропишува потешка казна како доживотен затвор. Квалификуваното убиство се разликува од обичното по определени квалификаторни околности од субјективна и објективна природа.

Одредбата од чл.123 ст.2, како што е формулирана, разликува неколку групи на околности што на умисленото убиство му даваат својство на некои од тешките убиства. За квалификуваните убиства е пропишана казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор. *Постоењето на повеќе квалификаторни околности е од значење за одмерување на казната.*

Оваа казна се применува и за умислени убиства на две или повеќе лица за кои на сторителот не му е судено, освен ако не се работи за дела кои се извршени во нужна одбрана или крајна нужда, или за привилегираните убиства (чл. 123 ст. 3).

Околности кои се однесуваат на ***<u>начинот на извршување</u>***:

- Убиство на свиреп и подмолен начин;
- Убиства при вршење на семејно насилство;
- Убиство со доведување во опасност на животот на уште некое лице.

Околности кои се однесуваат на ***<u>мотивите на сторителот</u>***:

[106] Канавчев М., *Казено право - посебен дел*, Просветно дело, Скопје, 2010, стр. 30. (2)

- Убиство од користољубие;
- Убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело;
- Убиство од безобѕирна одмазда;
- Убиство од други ниски побуди.

Околности кои се однесуваат на ***своjствата и должноста на жртвата***:

- Убиство на бремена жена или малолетно лице;
- Убиство на судија, јавен обинител, адвокат при вршење на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице при вршење на работите од јавната или државната безбедност или должност чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

***Привилегираните облици на лишување од живот***

Некои умислени лишувања од живот заради олеснителни околности Законикот ги издвојува од другите убиства и за нив предвидел поблаги казни од обичните убиства.

- *Убиствата од благородни побуди;*
- *Убиство на миг;*
- *Убиство на дете при породување.*

# ГЛАВА III

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВАТА

### 3. Криминалистички карактеристики на убиствата

Криминалистиката, како самостојна хеуристичка наука, која ги открива и истражува закономерностите во настанувањето на кривичниот настан и механизмот на откривањето и прибирањето на информации (оперативни и доказни) за кривичното дело и сторителот, ги разгледува техничките средства и тактичките начини и методи заради репресивно превентивна борба против криминалитетот.[107]

Криминалистиката е трихотомна наука, составена од три огромни гранки: криминалистичка тактика, криминалистичка техника и криминалистичка методика. Криминалистичката тактика ги проучува и разработува основните правила и работни методи типични за откривањето, разјаснувањето и за истражувањето на сите видови кривични дела, криминалистичката методика ги проучува специфичните.[108] Значењето на криминалистичката методика се огледа во давањето на најоптимални модели на постапување преку поврзување на тактичките и техничките начини на работа. Во себе таа ги инкорпорира криминалистичка регистрација, криминалистичка фотографија, криминалистичка трасеологија, оперативна техника, криминалистичка балистика, вештачење на документи и сл.[109]

Предмет на истражување на докторскиот труд се криминалистичките карактеристики на кривичните дела со елементи на убиства, како најсериозни насилни кривични дела со кои се напаѓа животот на човекот.

Значењето на поимот и суштината на криминалистичките карактеристики на кривичните дела се огледува во вградувањето на таква организација и правилна стратегија за борба против криминалот која ќе се заснова и во целост ќе ги почитува покрај другото и овие криминалистички својства кои се карактеристични за поединечните типови на кривични дела или на цела група на кривични дела.[110]

Криминалистиката како наука ни е клучна, преку проучување на карактеристиките на едно кривично дело, коешто во принцип претставува систем од елементи кои го опкружиле сторителот во моментот на извршување на делото: начинот на извршување и прикривање на кривичното дело, криминалната ситуација, трагите на

[107] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 11. (1)
[108] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 119. (1)
[109] https://www.euba.edu.mk/tl_files/Forenzika/Kriminalisticka%20tehnika.pdf
[110] Ангелески М., , *оп. цит*, стр. 119. (1)

кривичното дело, личноста на сторителот и личноста на жртвата. Имаме за цел да дојдеме до информации со кои ќе ја формираме целосната слика за состојбата, а ќе помогнеме и во градењето на стратегија за превенирање и справување со сторителите на убиства, преку изградба на мерки за успешна истрага, откривање на сторителите, нивно гонење преку законска процесна постапка и санкционирање.

Значењето на поимот и суштината на криминалистичките карактеристики на кривичните карактеристики на кривичните дела се огледува во градењето на организација и правилна стратегија за борба против криминалитетот, која ќе се заснова и во целост ќе ги респектира, покрај другото и овие криминалистички својства кои се карактеристични за посебните типови на кривични дела или на цела група на кривични дела.[111]

Кога зборуваме за криминалистички карактеристики на конкретно кривично дело се мисли на:

- Начин на негово извршување (*modus operandi).*
- Криминална ситуација *(statue Crime).*
- Траги на кривичното дело.
- Личноста на сторителот (*hominess Crime).*
- Личноста на жртвата (*de victim Crème personality*).

Преку проучувањето на конкретните криминалистички карактеристики на кривичното дело се добиваат информации за конкретната ситуација во која е извршено делото, кое претставува систем од елементи кои го опкружиле сторителот во моментот на извршувањето на кривичното дело.

Начинот на извршување е поврзан со средствата или средството, што сторителот го одбрал како најпогодно за реализација на конкретната цел. Трагите претставуваат секоја видлива и со голо око невидлива материјална промена настаната во моментот на подготвување, извршување или прикривање на кривичното дело, на самиот сторител, на жртвата или на самото место на криминалниот настан.

Поврзаноста на личноста на сторителот и на жртвата е клучна за секое кривично дело, а особено кај убиствата.

[111] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 119. (1)

### 3.1. Начин на извршување на кривичното дело

Во зависност од целите на кривичното право, кривично-процесното право и начинот на извршувањето на кривичното дело има уште и криминолошко и криминалистичко значење. За остварување на целите на кривичното право, од начинот на извршување на кривичното дело ќе зависи правната квалификација на делото и висината на казната на сторителот.

Начинот на извршување на едно кривично дело во себе ги содржи сите дејствија кои ги преземал сторителот од моментот на добивање на мотив за извршување на дејствието, што би значело од преземањето на подготвителните активности, извршувањето на дејствието и преземените дејствија на прикривање на делото.

За целите на криминалистиката сите дејствија (подготвителните, извршувањето и прикривањето) што ги презел сторителот преку начинот на кој го извршил делото, се од важност за откривачкиот процес на откривање, разјаснување и докажување на делото и сторителот. Акцентот на интерес за кривичното право е ставен само на начинот на извршувањето.[112]

Начинот на извршување на кривичното дело за криминолошката наука, како искуствено постапување на професионалните и виновниците по навика, по правило се тврди дека се специјализираат за карактеристичан начин на извршување, ја создаваат основата на криминалистичката збирка на информации и нивно користење.[113]

Терминот *modus operandi (MO )*е латински, а се користи за означување на начин на работа, има подеднакво значење како за означување на начин на работа на нечиј бизнис, така и во криминалистиката.[114]

Како научно-спознаен процес за објаснување на начинот на извршување на кривичното дело во криминалистиката, почнал да се употребува од доцните триесетти години на минатиот век. Едвин Сатерленд (Edwin Satherland) го дефинирал *modus operandi* како принцип според кој најчесто го користи криминалецот, со анализата на

[112] Водинелиќ В., *Криминалистика откривање и докажување,* Факултет за безбедност, Скопје, 1985, стр. 404. (1)
[113] Водинелиќ В., *оп. цит*., стр. 407. (1)
[114] Терминот *modus operandi потекнува од 1654 год. а во сегашно значение се употребува од 1835 год.за прв пат е употребен во кратките раскази на Кенет Грахам –Праведно убиство (Justifiable Homicide) Analysis-of-Modus-Operandi-and-Signature-Characteristics/KeppelBirnes/p/book/97814200(*пристапено 01.12.2018)

користената техника на извршување, може да се дојде до идентификација на сторителот.[115]

Сите видови на кривични дела се манифестираат со конкретни начини на извршување, кои во конкретен облик на криминална активност означуваат систем на постапки и дејствија на деликвентите, кои според нивната криминална замисла се најпогодни за реализација на нивната цел, како и такви дејствија со кои преку прикривање на вистинските и создавање на вештачки траги сторителот има за цел да се заштити, со наведување на истрагата во погрешна насока и трајно да ги ужива плодовите од стореното дело. Начинот на извршување наложува на истражните органи строго специјализирано и криминалистичко-методично постапување.[116]

Од начинот на извршување на конкретно кривично дело се добиваат голем дел на оперативни и доказни информации, кои ги користи криминалистичката полиција за одредување на насоката на процесот на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело и идентификувањето на можниот сторител.

Начинот на извршување и користените средства при извршување на кривичното дело се своевидна „визит-карта" на сторителот, односно на неговите битни психофизички особености: интелигенција, ставови, вредности, мотиви и сл.

Според Водинелиќ[117], начинот на извршување припаѓа на објективната страна на извршување на кривичното дело, па затоа мора да влезе во секое кривично-правно разгледување, со кое значењето на таа појава не е исцрпено. Начинот на извршување, односно преку анализата на користените средства на извршување на кривичното дело (после добиеното сознание за сторено кривично дело, преку оперативно-тактичките и истражните дејствија, со помош на увидот на лице место, од самиот почеток на криминалистичката обработка), се добиваат битни информации за криминалистичкиот случај, личноста на сторителот и неговиот однос со жртвата.

За разоткривањето на сторителот и откривање на доказите кои се поврзуваат со него, од голема важност е согледувањето на начинот на извршување за формирањето на оперативните и истражните верзии.

---

[115] Suherland, E., *Princip of Criminologu*, 1955, pg.121.
[116] Ангелески М., *оп. цит*., стр. 121. (1)
[117] Водинелиќ В, *оп. цит*., стр. 411. (1)

За *modus operandi* кај убиствата Белкин го нагласува нивното значење, како решавачко во градењето на криминалистичката методика на откривање, разјаснување и докажување, доколку начинот на извршување е база за формирање на општи и посебни верзии, во одредување на насоката на истрагата во откривачкиот процес.[118]

Принципот на методиката насочува „според начинот на кој е извршено криичното дело се определува и начинот на откривање на кривичното дело и сторителот“. Поаѓајќи од системско-структурниот пристап со кој е успешен, функционира и правилен во криминалистиката, преку елементите на начинот на извршувањето на делото, кој во целост ќе ги опфати елементите на личноста на сторителот и криминалната ситуација, со која двата елемента се во многукратни односи.

Начинот на извршувањето се добива на криминалистичкото прашање *„како е извршено делото?“,*[119] но тоа гледиште е претесно и недоволно и не ја дава криминалистичката карактеристика на начинот на извршувањето на кривичното дело, кое во себе ги содржи мотивот, целите, подготвеноста за извршување на дејството и сл.

Проучувањето на *modus operandi* кај убиствата се дефинира, како значајна индиција, што упатува на постоење на нечија намера да се посегне по туѓ живот во зависност од карактерот, неговото знаење, стручност, способностите, мотивите и сл. на самиот сторител.[120]

Според начинот на извршувањето на секое кривично дело, па и на убиствата може да се утврдат, како стручните, така и професионалните знаења и вештини на сторителот.

Одговорот на начинот на извршување на кривичното дело е преку криминалистичкото златно прашање *„Како?“*-начинот на извршување на кривичното дело треба да го осветли самиот тек на кривичното дело, опфаќајќи ги сите елементи на дејството на извршување.[121]

Под средство за извршување *instrument operandi* на кривичното дело убиство се сметаат сите предмети, оружја и орудија (во сите агрегатни состојби) со кои можат да се нанесат смртоносни повреди, покрај нив сторителот може да убие и со удар (рака, нога,

---

[118] Ангелески М., *оп. цит*., стр. 122. (1)
[119] Цуклески Г., *Вовед во криминалистика*, Скопје, График Мак Принт, Скопје, 2007, стр.235
[120] Николоска С. , *оп. цит*., стр. 269.
[121] Цуклески Г., *Вовед во криминалистика*, Скопје, График Мак Принт, Скопје, 2007, стр. 150 – 151. (1)

глава), со туркање од висина, со недавање на вода и храна, труење. Убиството може да биде предизвикано и со психолошки притисок и предизвикување на психичка болка, со предизвикување стравови, психички трауми кои поради развојот на силни емоции можат да предизвикаат смрт.[122]

Изборот на најпогодено средство на кривичното дело, убиство, за кое сторителот во дадениот момент го избирал за најдобро е во директна зависност од неговата намера да посегне по туѓ живот и од: неговите лични особености и од особеностите на жртвата да се одбрани во дадениот момент, и од образованието, професијата, хобито, полот на сторителот, мотивот за извршување на делото и сл.

Начинот на извршување и употребените средства за извршување на убиство се значајна криминалистичка карактеристика и најчесто начинот на извршување е поврзан со употребените средства за извршување.[123]

Одговорот на криминалистичкото златно прашање за употребените средства се однесува на прашањето „*Со што се случило?*“- употребените средства претставуваат значајна материјална индиција, кои даваат основа за сомневање за планирањето и за проверувањето на криминалистичките верзии заради утврдување на средството со кое е извршено кривичното дело. Средството за извршување на кривичното дело може да укаже и на сторителот на кривичното дело, неговите соучесници и на други лица кои имаат некаква врска со кривичното дело. Не секојпат средствата со кои е извршено кривичното дело се пронаоѓаат на местото каде е извршено кривичното дело, во тој случај ќе се поставуваат верзии и врз основа на трагите ќе се трага по средството за извршување. [124]

[122] Korajlič N., *Kriminalistička metodika (krvni, seksualni, imovinski*), Sarajevo-Priština, 2007, str. 37. (1)
[123] Николоска С. *оп. цит.,* стр. 269
[124] Цуклески Г., *оп. цит*., стр. 152 – 153(1)

### 3.2. Криминалната ситуација на кривичното дело

Една од алките на криминалистичкиот процес е откривањето на криминалната ситуација во која се одвивало кривичното дело. Под криминална ситуација се подразбира целокупност на сите околности кои го опкружиле сторителот од моментот на појавување на идејата да изврши убиство, неговата реализација и начинот на прикривање на вистинските и создавање на нови латентни траги. [125]

Терминот *ситуација* има латинска генеза (*situs, situation* означува положба или состојба) од субјективни и објективни околности кои доведуваат до создавање на ситуација или положба.

Криминалната ситуација се однесува на околностите кои се поврзани со местото на настанот, во однос на територијалните, климатските, демографските и другите специфики на регионот, како и останатите услови на местото.[126]

Времето на извршување на убиството е карактеристика за криминалната ситуација. Настанот се случил во конкретен момент од денот или ноќта, во конкретен месец од годината, во поволности кои оделе во прилог на извршувањето.

Временската дистрибуција на извршеното дело треба да се разгледува од аспект на влијанието на општествено-економските и социокултурните фактори, кои покрај временскиот имаат импликации и на територијалните и демографските фактори. Конкретниот период од годината и конкретниот временски интервал оди во прилог на извршувањето на кривични дела.

Во криминалната ситуација влегуваат и сите околности кои претходно постоеле од аспект на работни навики, обичаи, користење на слободното време, кои постоеле помеѓу жртвата и сторителот, а кои му претходеле на криминалниот настан. Од претходниот однос помеѓу сторителот и жртваа произлегува и мотивот за извршување на делото.[127]

Во претходен однос кој постоел помеѓу сторителот и жртвата можеме да разликуваме ситуации на убиства кога:

- Сторителот и жртвата воопшто не се познавале;

[125] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 121(1)
[126]Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 122. (1)
[127] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 123. (1)

- Постоел едностран однос со жртвата, кога само сторителот ја познава жртвата;
- Кога постои само површен социјален однос помеѓу сторителот и жртвата; и
- Кога постојат цврсти контакти помеѓу сторителот и жртвата.

Да резимираме во криминалната ситуацијата на извршување на кривичното дело влегуваат сите околности на кривичното дело кои оделе во прилог или на штета кон извршувањето на убиството.

### 3.3. Трагите на кривичното дело

Иако нема единство на дефиницијата за тоа што е трага, ќе ја употребиме најопшата дефиниција, дека *трагите се невидливи, но се сигурен очевидец на злосторството*.[128] Со трагите се занимава засебна научна дисциплина наречена трасеологија (терминот е од француските збор *la trace*-трага и *logos*-наука).

Поширокото дефинирање на трагите кое е општо прифатливо е ставот дека тие *претставуваат материјални промени настанати во врска со извршувањето на кривичното дело*.

Секоја трага не претставува материјален доказ, трагата ќе има доказно значење исклучиво, ако се донесе во врска со кривичното дело, жртвата и со сторителот.

Трагата е материјална појава, настаната како резултат на заемно делување на сторителот и жртвата во врска со конкретен кривичен настан. Тие во себе ги содржат елементите на кривичниот настан и преку нивното пронаоѓање и „дешифрирање“ може да се „реставрира“ ситуацијата во која се случило кривичното дело и да се дојде до заклучок за нивниот причинител и истото како се случило.

Под трага во потесна смисла на зборот се подразбираат т.н. идентификациони траги врз основа на кои може да се изврши идентификација на сторителот или да се одреди неговата групна припадност.[129] Тоа се т.н. *corpora delicti,* каде што материјален

[128] http://www.zupsudvu.hr/strucni_radovi.asp (пристапено 15.01.2010)
[129] Бусарчевиќ М., *Основи криминалистичких вештачења*, Београд, 2001, стр. 13–14.

доказ може да биде секој предмет којшто може да послужи да биде извор на податоци за утврдување на факти важни за кривичната постапка.[130]

Материјалните докази не се докази сами за себе, тие треба да бидат доведени во врска со сторителот и со кривичното дело. За да може еден предмет да послужи како доказ во постапката треба да биде:

- сочуван и неоштетен и во текот на постапката и истиот да не ја измени својата супстанција,
- да биде регистирано местото на негово пронаоѓање и
- да може да се доведе во врска со предметото на докажување.

Односот на трагите со кривичното дело, местото на настанот, сторителот и жртвата, може наједноставно да се претстави низ (шема бр. 1):

***Шематски приказ бр. 1 – Однос на трагите со кривичното дело, местото на настанот, сторителот и жртвата***




А – место на настан
Б – сторител
В – жртва

Особеностите на криминалистичките траги се:

- Тие треба да се настанати во врска со извршувањето на делото.
- Криминолошките траги можат да бидат видливи со голо око или невидливи, но мора да претставуваат материјални промени.
- Трагите треба да бидат подобни за криминалистичка идентификација.

[130] Матовски Н., Бужаровска Л.и Калајџиев Г., *оп. цит.*, стр. 227.

Трагите претставуваат материјални докази, ако на нив се утврдат и докажат елементите кои го утврдуваат нивното потекло односно начинот на нивно настанување (идентификација).

Трагите како носители на информациите даваат одговори на деветте златни прашања на криминалистиката.

- Место на локација–*Каде?*
- Временски–*Кога?*
- Начинот на кој е извршено–*Како?*
- Идетификација на можен сторител (субјективна претстава)-*Кој? Со кого?*
- Објективна претстава на настанот-*Што се случило?*
- Инструментална идентификација-*Со што е сторено дејството?*
- Мотивот- *Зошто?* [131]

Трагите можат да се класифицираат на различни начини:[132]

- Според големината: микро и макро траги.
- Според можноста за воочување: видливи и невидливи.
- Според потеклото: човечки, животински, растителни, траги од предмети и траги од делување на сила.
- Според начинот на настанување: статички и динамички.
- Според важноста: траги кои укажуваат на постоење на кривично дело, траги кои укажуваат на идентитетот на сторителот, на жртвата или на соучесниците.

---

[131] Modly D., *Osiguravanje mjesto krivicnog dogadzaja,* MUP RH, Zagreb, 2001. (2)

[132] Podnar A., *Trace of evidence, Strucni rad, UDK 343.98-* https://hrcak.srce.hr/file/141114

*Од интелектот на Шерлок Холмс во истражувањето на замрсени убиства, во иднина форензичарите во своите торби ќе носат цели лаборатории (електричен нос, спреј за отисоци, ДНК анализатор преку кој ќе се откриваат нови траги). Професорката Maxwell од факултетот во New Havana со дозвола на властите се надева дека ќе се создаде светска база на ДНК преку која ќе се пронаоѓаат жртвите и сторителите на убиство. Според обликот на пронајдената капка крв со математичка прецизност ќе може да се пресметаод каде и од која висина е настаната. Со помош на електричниот нос кој го конструирале стручњаци од областа на хемијата во Leicester ќе се пронаоѓаат закопаните тела на жртвите. Преку употребата на т.н. паметни телефони ќе се следи сторителот дури и во ситуација кога тој не е во функција, преку зрачењето на телефонската картичка. Со помош на спрејот кој е мешавина на прав од злато и бакар ќе се пронаоѓаат траги од папиларни линии настанати дури пред една година. Придонесот на психологот проф. David Canter директор на центарот за интернационални истражувања во насока на трагите на убиства е во насока дека она што е невидливо за истражителите на местото на криминалниот настан, психологот може да го направи видливо преку правецот на размислување на психологот како убиецот и да се предвиди движењето на осомничениот.- Pass CCNA Security Exam, 24sara(пристапено 27.11.2018)*

- Траги кои укажуваат на: користените средства на извршување, траги кои укажуваа на местото на извршување.
- Според вистинитоста разликуваме: вистински и фингирани траги.
- Според обликот трагите се делат на: отисоци и утисоци (релјефни и површински.)

Во однос на местото каде можат да бидат пронајдени трагите, разликуваме:

- Траги на жртвата,
- Траги на сторителот и
- Траги на местото на криминалниот настан.

Најчести траги и предмети на убиство кои можат да се пронајдат на лице место се:

- биолошко потекло како: крв, сперма, влакна, плунка, измет и други излачувања, траги од папиларните линии, траги од стапала, нокти, заби, земја, прашина, мириси и др.
- траги од средството за извршување: траги од огнено оружје, траги од различни орудија кои се употребени за извршување на делото,
- различни микротраги кои укажуваат на жртвата и сторителот и сл. [133]

## 3.3.1. Биолошки траги

### *3.3.1.1. Траги од крв*

Кај убиствата најчести траги кои можат да се пронајдат на самото место се траги од крв. Пронајдените крвни траги може да потекнува од жртвата и од сторителот.

Крвните траги кои се пронаоѓаат на местото на настанот се материјал за обработка на судскиот медицинар и увидната екипа. Со анализата на крвните траги се донесуваат важни заклучоци. Бојата на пронајдената крв укажува од кого истата потекнува. Преку бојата се утврдува и видот на повредата, ако бојата е светлоцрвена потекнува од артериско крварење, ако е темноцрвена потекнува од венско крварење, ако е пенливо црвена потекнува од повреда на белите дробови и сл.

[133] Лукиќ М. и Пејковиќ С., *Судска медицина*, Београд, 1975, стр. 270 – 272.

Имено, преку крвните траги се доаѓа до заклучок за местото на настанот, во случај, ако количината на пронајдената крв не е во содејство со констатирана рана, може да се донесе заклучок и за постоење на друго место на настан.

Обликот на крвните траги може да биде: локва, капки, испрскано, трага од течење, трага од влечење и млазеви: [134]

Локвата крв настанува кога жртвата изгубила многу крв. Капките од крв добиваат различен облик во зависност од висината и насоката на која паднале и од положбата на подлогата од која паднале.

Пронајдената испрскана трага укажува на насоката од која крвна капка потекнува и по која се одвивал настанот помеѓу жртвата и сторителот.

Трагите од влечење настануваат вообичаено кога има локва крв, а жртвата сѐ уште била при свест и се придвижувала или ако некое лице се обидело да ја смени положбата.

Млазевите настануваат, како резултат на слевањето на крв од раната.

Важноста на обликот на пронајдените крвни траги упатува на положбата на жртвата во која и настанале повредите (дали била во движење или мирување), какво средство и на кој начин, по кој редослед настанале повредите и дали жртвата подоцна е поместувана.[135]

Преку лабораториска анализа на пронајдената крв може да се констатира, дали потекнува од маж или жена, колку е стара пронајдената крвна трага и сл.

Пронаоѓањето на крвните траги покрај на лице местото може да се пронајдат и на сторителот. За постоење на крвни траги на сторителот за нив тој може да биде свесен и да се обиде да ги отстрани и да не биде свесен за нивното постоење.

Кога се трага по крвни траги на сторителот потребно е особено внимание да се обрне во делот кој задолжително се допира, особено околу патенти, копчиња, околувратник и сл. и задолжително да се земе материјал за анализа од под ноктите.

За забележување е и фактот, дека сторителот под психолошко дејство на извршеното убиство има потреба да уринира затоа треба да се обрне внимание и на делот на патентот и џебовите од пантолоните.

[134] Горкиќ С., *Медицинска криминалистика*, Белград, 1981, стр. 69 – 79.
[135] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 298. (1)

Траги од крв често се пронаоѓаат и на чевлите на сторителот, иако тој максимално се обидува да ги отстрани.

Крвните траги не можат во потполност да се отстранат и да се маскираат и после нивното бришење или повеќекратно перење. Трагите од крв можат да се пронајдат на шавови на гардеробата, што во моментот ја носел, на пешкирите додека се обидувал да ја отстрани крвта од себе, да ја нанесе и на мијалникот, да капне и да се задржи помеѓу плочките, во расцепот на паркетот и сл.[136]

Од причина што крвните траги се подложни на уништување, особено под дејство на атмосферските неприлики, документирање на крвните траги се врши со нивно фотографирање, скицирање и опишување. Секоја пронајдена крвна трага добива свој идентификационен број кој останува за цел период, додека трае процесот. Собирањето и пакувањето на крвните траги, ако се најдени во течна состојба се врши со собирање на крвната течност во епрувети со физиолошки раствор.

Фатално за постоењето на доказната вредност на крвната трага е ако истата дојде во допир со вештачки извор на топлина или на директна сончева светлина. Во случај на пронаоѓање на засушени крвни траги на тврда или стаклена површина нејзино пакување се прави со гребење на површината со остар нож и нејзино понатамошно пакување.

Значењето на крвните траги во доказната постапка е во тоа што:[137]

- Преку нивната анализа може да се заклучи крвната група на лицето од кое потекнува, да се утврди подгрупата, ДНК и некои индивидуални својства.
- Преку дополнителни анализи на крвните траги може да се заклучи колку време е поминато од настанатото крварење до моментот на анализа.
- При настанати повреди со тапи предмети или огнено оружје од блиско растојание можно е да се пронајдат и фрагменти од кожа, влакна, ткива, мозочни коски во трагите од крв.

[136] Симоновиќ Б., *Криминалистика*, Правни факултет, Крагујевац, 2004, стр. 353. (1)
[137] Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 353 – 355. (1)

### *3.3.1.2.Траги од сперма*

Во некои случаи на извршено убиство, можно е да му претходел и актот на силување. Во тој случај покрај останатите траги кои можат да се пронајдат не е невообичаено да се пронајдат и траги од сперма.

Трага од сперма, на лешот, може да се пронајде и после 10-14 дена од настанувањето. Преку пронајдените траги од сперма може да се открие староста на нивно настанување и да се констатира крвната група од лицето од кого таа потекнува.

Пронаоѓање на траги од сперма се врши со употреба на ултравиолетова ламба, од причина што спермата предизвикува ефект на флуоресценција.

Пакувањето на ваквите траги се врши со нивно обележување и подигање за понатамошна лабораториска анализа. Со нејзина анализа може да се изврши идентификација на личноста од која потекнува.

Споредувањето на спермата со идентитетот на осомничениот може да се изврши со земање на примерок од плунката и да се направи ДНК тест и да се докаже контактот помеѓу осомничениот и жртвата.[138]

### *3.3.1.3. Траги од плунка*

Со воведувањето на ДНК анализата, на трагата од плунка ѝ се зголемува значењето, од причина што преку анализата на ваквата трага може да се идентификува лицето од кого плунката потекнува.

Траги од плунка се пронаоѓаат на местото на настанот кај т.н. контактни кривични дела, каде има контакт помеѓу жртвата и сторителот. Ваквите траги можат да се пронајдат на жртвата или на поединечни предмети кои сторителот ги користел на местото на настанот, како на чаша и сл. или може да се пронајде на отпушок од цигара, на гума за џвакање, на маска во случај сторителот да бил маскиран, на места каде има одгриз на кожа и сл.

Преку нејзина анализа може да се направи ДНК тест и да се открие лицето од кое потекнува истата.[139]

---

[138] Горкиќ С., *оп. цит.,* стр. 83.
[139] Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 258. (1)

#### *3.3.1.4. Траги од влакна и коса*

Трагите од влакна и коса се наоѓаат при извршени убиства, особено ако имало физички контакт меѓу жртвата и сторителот. Трагите од влакна можат да дадат информации за идентификација на сторителот. Трагите од овој вид можат да се пронајдат на лице местото, на жртвата или сторителот да ги понел со себе.

За да имаат доказна вредност, како и останатите траги потребно е пред да се подигнуваат, да се фотографираат и да се скицираат на местото каде што се пронајдени. Подигнување на влакната од местото се врши со прозирна леплива трака.

Преку анализа на трагите од влакна и коса може да се констатира состојбата каква била пред нивното пронаоѓање: дали се работи за природно отпаѓање или е настанато како резултат на насилно оттргнување.

Во случај кога е пронајдена трага со искорнато влакно, може да се направи дополнителна анализа на епителни и крвни клетки, преку кои може да се изврши ДНК анализа и да се идентификува носителот на оваа трага.[140]

#### *3.3.1.5.Трага од нокти*

Постојат три вида траги кои можат да се доведат во врска со трагата од ноктите:

- Траги од гребење кои можат да се пронајдат на сторителот или жртвата, како резултат на близок физички контакт. Ваквиот вид на трага може да има ориентационо-елиминирачка вредност во доказната постапка.
- Траги кои можат да се пронајдат под ноктите во сите случаи кога има насилна смрт без оглед дали има сомнение дека се работи за убиство или самоубиство, задолжително е потребно да се направи анализа на трагите под ноктите. Содржината под ноктите се симнува со дрвена турпија, а материјалот се пакува за секој нокт одделно.
- Трага од скршен нокот може директно да доведе до идентитетот на сторителот во случај времето за негово идентификување, кога е пократко и тој не стасал да ги исече ноктите. Употребната моќ на скршениот нокт за ДНК идентификација е од голема важност.[141]

[140] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 488 – 490. (1)
[141] Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 259 – 261. (1)

### *3.3.1.6. Траги од папиларни линии*

На прстите на рацете, дланките и стапалата се наоѓаат уникатни релјефни шари на секој човек, кои имаат ситни микроскопски отвори кои на допир со предмети оставаат уникатни идентификациони траги. Трагите од папиларни линии се своевидна *визит-карта* на создавачот на трагата. Трагите од папиларните линии можат да се пронајдат на лице местото можат да бидат видливи и латентни.

Видливите папиларни траги можат да бидат површински (во случај кога е допрена крв, па оставена е трага од прст) и релјефни кои настануваат, како резултат на допир на мека површина (трага од стапало во кал).

Латентните траги се невидливи со око, но постојат на тврди и глатки површини. Пронаоѓањето на латентните траги се врши со посебни методи и техники на нивно откривање, а нивното пронаоѓање е од важност за да може да се направи мисловната реконструкција на одвивањето на настанот.

Претворање на латентните во видливи траги се врши со запрашување (со алуминиумски прав) со фина четка на површината каде се очекува нивно постоење.
Подигањето на пронајдената трага се врши со примена на дактилоскопска фолија која може да биде во црна, бела или провидна боја (примената на бојата на фолијата зависи од прашокот кој би се употребил за пронаоѓање на трагата - како прашок може да се употребат различни гранули, магнетен прашок, прашковит спреј, флуоресцентни прашоци, сребрен-нитрат, сребро-хлорид, нинхидрит и сл.). Латентните траги можат да бидат предизвикани за да се појават со јодна пареа. Имено, јодниот раствор се загрева и испушта пареа која ја обојува површината каде има трага од папиларна линија.

Нова современа метода која се применува за откривање на латентни траги од папиларни линии е со примена на ласерски зрак на светлина при што се предизвикува луминисценција на трагата во комбинација со фотографирање.[142]

---

[142] Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 390 – 395. (1)

### 3.4.Траги од огнено оружје

Во нашето истражување во 50% од случаите на извршување на убиство сторителот за извршување на делото употребил огнено оружје. Со оглед на тоа што голем број од населението поседува легално и нелегално оружје или до него доаѓа лесно, во праксата на докажување на убиството многу често се врши ваков вид на вештачење.

Особеностите на трагите од огнено оружје зависат од видот на оружјето кое е употребено, и во рамките на ист вид на оружје постојат различни системи кои оставаат специфични траги врз основа на кои може да се направи увид и да се заклучи видот, типот, калибарот, марката и сл.[143]

Според должината на цевката оружјето се дели на: *долгоцевно оружје* во кое спаѓа и сачмарката, па во зависност од тоа дали внатрешноста на цевката е мазна или набраздена, проектилот би добил на забрзување, ротација или поголема ударна моќ, и *краткоцевно оружје* во кое спаѓаат револверот (кој има буренце за муниција) и пиштол (со посебен магацин-кутија за складирање на куршумите). Според начинот на функционирање на оружјето разликуваме: репетирачко, полуавтоматско и автоматско. Но, секое оружје со себе носи групни и идентификациони обележја.

За вештачење на огненото оружје се користат трагите од огненото оружје кои се пронајдени на лице местото: [144]

- од проектилот и чаурата,
- траги кои се настанати со поминување на проектилот низ различни пречки,
- траги од барутни и останати гасови,
- траги од испалување во цевката и
- траги кои остануваат на раката која го испалила проектилот.

Пронаоѓање на местото од каде тргнало зрното е најтешката задача, во пронаоѓањето на трагата од огнено оружје. За нивно пронаоѓање потребно е да се посвети внимание и откако истиот биде пронајден потребно е да се провери да не имало

---

[143]Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 410. (1)

[144] Јовановиќ К. *Криминалистичка техника,*Виша школа унутрашних послова, Београд,1981, стр.111-115

и други испукувања (да се обрне внимание на плафонот, прозор, врата, ѕидови, делови од мебел и сл.).

Кога проектилот завршил во тело и кога има прострелна рана треба да се пристапи внимателно (со поминувањето низ телото, кога се работи за малокалибарски проектил кој нагло ја изгубил силата па зрното, истиот не може да ги пробие алиштата, па има можност, проектилот да се изгуби при манипулирање со лешот) .[145]

Во праксата често се случува кај убиства на миг, кога дошло до убиство, како резултат на несреќен случај или кај самоубиствата оружјето да остане на лице местото. Во ваков случај најпрво да се фиксира положбата во која телото во која е пронајдено, се обезбедуваат докази и дури тогаш се помрднува лешот од првично затекнатата состојба.

При вештачење потребно е огненото оружје најнапред да се идентификува. Идентификацијата се врши со испалување на проектил од ист тип на оружје.

Во криминалистичката пракса има случаи, со исто оружје да се извршени повеќе убиства. Од оваа причина важно е да се направи компјутерска база на податоци преку која ќе се направи идентификација на оружје.

Идентификација на огненото оружје може да се изврши врз основа на: трагите кои остануваат на проектилот, идентификација на трагите од чаурата, идентификација врз основа на трагите од ударната игла, траги на челото на затворачот, траги од извлекувачот и исфрлувачот, траги од устата на рамката, траги од лежиштето на куршумот и сл.[146]

Пронаоѓање на местото од каде е пукано и откривање на чаурите е многу важна задача, иако во праксата се случува, сторителот да ги собира чаурите, со цел да ја пренасочи истрагата или да остава чаури од друго оружје.

Сите цевки на оружје имаат заеднички групни обележувања, коишто зависат од типот, калибарот и моделот. Но, покрај групните особености на цевката постојат и индивидуални особености кои настануваат поради: несовршеност на машинската обработка, начинот на чување и одржување се појавуваат индивидуални обележја на цевката. Особеностите на цевката можат да бидат во вид на: испапчувања, вдлабнатини,

---

[145] Јовановиќ К. *Опш.цит.,* стр.113.

[146] Симоновиќ Б., *оп. цит.,* стр . 411 - 423. (1)

зарези, неправилности во формата на жлебот и сл., од кои се создаваат идентификациони микротраги.

Со поминување на проектилот низ цевката, проектилот ги поприма на себе индивидуалните обележја наследени од цевката. Анализата на индивидуалните особености на оружјето се прави под микроскоп, при што се прави анализа на спорниот и неспорниот проектил.[147]

Во судската пракса на убиствата многу често се поставува прашањето - *Од која оддалеченост е пукано?*

Констатирањето на оддалеченоста се врши со анализа на влезната рана, односно отворот од којшто поминал куршумот. Кога е пукано од близина околу влезната рана се појавува *ореол* од барутни гасови (*огнен прстен*), а влезниот отвор е помал од излезниот.

Со откривање на патеката на движење на зрното се занимава балистиката. Со анализа на пронајдената чаура може да се открие приближното место од каде е пукано. Секојпат при анализата се поаѓа од последицата (од жртвата) која во себе има куршуми, а се бараат и траги на тврди предмети, кои ги оставило зрното пред да дојде до телото, при што треба да се земат предвид и траги кои можеле да настанат од рикошет (одбивање на проектилот од тврди предмети).

Се бараат две фиксни точки низ кои поминал проектилот и со визирање и повлекување на коноп или ласерски сноп од светлина за да се констатира точката од каде е пукано.[148]

### *3.4.1. Утврдување на траги на раката на сторителот кој употребил огнено оружје*

Со испалување на куршумот се ослободува чаурата која создава „облак“ од честички на олово, бариум, калај и антимон. Во случаите кога е употребувано огнено оружје остануваат траги од барутни честички, особено во пределот на палецот и показалецот и во делот на кожата, којашто се наоѓа во близина на отворачот за исфрлање на чаури.

[147] Симоновиќ Б., *оп. цит.*, стр. 411- 423. (1)
[148] www.The-History-of-Firearm-and-Toolmark-Identification11/17/08/firearmsid.com (пристапено 10.01.2019г)

Постоењето или непостоењето на траги на барутни честички кај жртвата на самоубиство е од големо значење кое ни укажува и ги разрешува дилемите, кога се анализира состојбата и се утврдува дали се работи за убиство или самоубиство.[149]

За констатирањето на траги од барутни честички, криминалистичките техничари ја употребуваат дифениламинската метода или популарно наречената, парафинска ракавица.

Методот на парафинска ракавица се состои од парафин кој на температура од 38-40С се загрева и истиот поминува во течна агрегатна состојба. Раката на осомничениот се прелива со парафинот и се замотува со парче газа, која во овој случај ја има улогата на арматура и се прелива уште еден слој од парафин. Кога ќе се олади парафинот се формира ракавица која се расекува по работ од страната на малиот прст.

Моделираната ракавица се сместува во пластичен сад со делот кој бил во допир со кожата нагоре. Обележувањето на земениот материјал на анализа се врши со констатирање на времето и часот на нејзино земање. Подоцна мулажот во хемиска лабораторија се обработува со дифениламин и сулфурна киселина, при што доколку има траги од барут ќе добие сино обојување.[150]

Важно е да се каже и дека овој метод не дава 100% сигурност на резултатот, од причина што барутните честички лесно се отстрануваат со миење и бришење на деловите каде се очекува да ги има. Методов дава и погрешни заклучоци во случај кога лицето кое се анализира работи во: хемиска, фармацевтска, козметичка индустрија, или во печатница, во изработка на фотографии или претходно било во допир со хемиско ѓубриво.[151]

За симнување на траги од барут се користат и силиконски пасти (слично како кај земање отисоци на заби кај стоматолозите), со специјална самолеплива фолија и со употреба на филтер хартија која наквасена во раствор од 4мл. солна киселина во 10дл. дестилирана вода. Понатамошната постапката е иста како кај парафинската ракавица.

---

[149] Водинелиќ В., *Криминалистика,* Крагујевац, 1984, стр. 592. (2)
[150] Максимовиќ –Тодоровиќ, *оп. цит.* стр. 444.
[151] Максимовиќ –Тодоровиќ, *оп. цит.* стр . 445.

### *3.4.2. Утврдување на микротрагите*

Под микротрага се подразбира ситна честичка од материјална природа, која е невидлива или недоволно видлива при вообичаени услови на посматрање а настанала при криминалниот контакт. За микротрагите се вели уште дека се контактни траги, факт е дека нивното присуството е неминовно, тие секојпат се присутни на лице местото, за нивното постоење сторителот не е свесен и не е во состојба да ги прикрие. [152]Микротрагите укажуваат на:

- Постоење на кривично дело и го покажуваат начинот на кој истото е извршено,
- На тоа кој е сторител, кое средство за извршување го употребил,
- На *modus operand* кај серискокто извршување на ова кривичното дело.
- Микротрагите го поврзуваат сторителот со жртвата, средството за извршување и лице местото.
- Жртвата преку микротрагите се поврзува со сторителот, лице местото и средствата за извршување.
- Лице местото се поврзува преку микротрагите со сторителот, жртвата и средството за извршување.
- Средството за извршување преку микротрагите го поврзува сторителот, жртвата и лице местото.

[152] Максимовиќ –Тодоровиќ, *оп. цит*., стр. 445.

***Дијаграм бр. 1  Значењето на микротрагите на кривично дело***




Кај убиствата неминовна е анализата на микротрагите кои се пронаоѓаат ***под ноктите,*** како кај сторителот (*тој ги носи под ноктите доказите за своето злодело*) така и кај жртвата (*во случај кога дошло до физички контакт со сторителот)*, особено ако човечката рака е користена како *instrument operandi* за извршување на делото.

Анализата на ***микротрагите од влакна од алиштата*** е вештачење кое се употребува за откривање на сторителот и разјаснувањето на кривичното дело убиство. Откривањето на ваквите микротраги се врши преку мисловна реконструкција и анализата на собраните траги од оперативните податоци за гардеробата што ја носел можниот сторител.

Пронаоѓањето на микротрагите се врши со различна апаратура и помагала која ја користат вработените од криминалистичка техника. Тие за пронаоѓање на микротраги од влакна од ткаенина користат: ултравиолетова светлина со цел да предизвикаат ефект на илуминација, инфрацрвени зраци со употреба на електронско-оптички пребарувач.

Фиксирањето на микротрагите се прави со: самолеплива трака или фолија на која се подигнуваат (употребата на оваа трака бара особено внимание од причина, што некои траги под дејство на хемиска реакција можат да ја сменат бојата на микровлакната), за подигнување на микровлакната може да се употреби и *магичен валјак, со помош на*

*специјална правосмукалка за прашина, со користење на магнетизиран стап, со користење на магнетиза подигање на фрагментирани честички на метал.*

Како и кај останатите траги и кај микротрагите, за да имаат вредна доказна моќ, треба да се скицира и фотографира местото на нивно пронаоѓање и да се поврзат со кривичното дело и сторителот. Не е дозволено ист криминалистички техничар да собира доказен и компаративен материјал од причина што микротрагите лесно се пренесуваат и не е дозволено со ист прибор за работа да се симнува инкриминираниот и пробниот материјал, особено внимание е потребно при пакување на ваквиот материјал и за да не дојде до некаква забуна, потребно е негово обележување.[153]

### 3.5. Траги од орудија

Во случаи на убиство сторителот како средство за извршување употребува и разни орудија како секира, нож, штрафцигер, ножици и други слични предмети со кои на жртвата ѝ нанесува смртоносни рани. За таа цел се ангажираат трасеолошки експерти кои можат да потврдат дека орудието кое може да се поврзе со сторителот е употребено за извршување на убиство.

При пронаоѓање на трага од користено орудие најнапред се анализира формата и големината на пронајдената трага. Секое орудие кое се употребува поседува идентификациони обележја.

Најнапред се пронаоѓа групната идентификација на која ѝ припаѓа орудието, а потоа се пристапува кон пронаоѓање на неговите индивидуални особености. Идентитетот на орудието е идентификуван кога ќе се пронајдат неговите индивидуални обележја.[154]

Најдобро обезбедување на трагите од употребеното орудие се врши, ако се пронајде орудието со кое е извршено убиството или на некој негов дел. Ако е пронајдено орудието се врши негово фиксирање по вообичаените процедури за фиксирање на траги.

Во случај орудието да не е пронајдено се прави скенирање на нанесените повреди на меките и тврдите ткива на жртвата и врз основа на нив се изработува мулаж на

[153] Modly D., *Mikrotragovi*, Prirucnik 1/86, Sarajevo, 1993, str. 25 – 28. (3)
[154] Водинелиќ В. , *оп. цит*., стр. 574 – 582. (2)

влезната рана, со цел да се идентификуваат особеностите на орудието, и се трага кон пронаоѓање на средството за извршување.[155]

## 3.6. Личноста на сторителот

Проучувањето на личноста на субјектот на кривичното дело е значаен самостоен елемент во структуралната целост на криминалистичките карактеристики на кривичните дела.[156] Проучувањето на личноста на сторителот, како криминалистичките карактеристики на кривичните дела започнува од првиот момент на собирање на најслаби основи на сомнение, што се прави во почетната фаза на откривачкиот процес. Затоа што целокупниот откривачки процес е насочен кон потрага и е насочен против лицето за кое постојат индиции, дека е можен сторител на кривичното дело, за што се поставуваат и соодветно оперативни верзии за начинот на кој се одвивало кривичното дело.

Откривањето на сторителот на кривичното дело го дава одговорот на златното криминалистичкото прашање: *„Кој?“,* што преставува централен дел во целокупната криминалистичка обработка. Кој е сторителот на делото е најзначаен одговор, без оглед дали одговорот се однесува на познат или непознат сторител. Одговорот на деветте златни прашања на криминалистиката ја даваат целоста на откривачкиот процес на кривичното дело и сторителот. Отсуството на одговорот на на прашањето *„кој е сторителот?“* на почетокот на истрагата, може да се надополни со квалитетот на одговорите на прашањата *„како е сторено делото, со што е извршено, кога е извршено, каде е извршено, зошто е извршено“*.[157]

Откривањето на одговорот кој е сторителот на кривичното дело може да се добие на крајот на криминалистичката оперативна дејност.[158]

Криминалистичката вредност на личноста на сторителот на кривичното дело како негова криминалистичка карактеристика потребно е да се разгледува

[155] Водинелиќ В., оп. цит., стр. 582-592. (2)
[156] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 122. (1)
[157] Џуклески Г., *оп. цит*., стр. 155. (1)
[158] Џуклески Г., *оп. цит*., стр. 155. (1)

мултидисциплинарно.[159] Причината за потребата на ваквото разгледување ја наоѓаме во откривањето на околностите под кои се одвивало кривичното дело.

Затоа што кривичното дело е збир на субјективни и објективни околности кои се во причинско-последична врска, а кои се случиле помеѓу жртвата и сторителот, во дадениот момент на извршувањето.

Проучувањето на својствата на личноста на сторителот на кривичното дело и на неговата улога во настанувањето на кривичното дело, како еден од значајните елементи во одредувањето на тактиката и методиката на постапување при разработката на поедини типови на кривични дела, што дава посебна специфика на активностите на системот на оперативно-тактички мерки и истражни дејствија.[160] Пред да преминеме на анализирање на карактеристиките на личноста на сторителот на кривичното дело убиство, ќе презентираме што науката-психологијата подразбира под поимот личност и како го дефинира.

Најсоодветна дефиниција на личноста дале Н. Рот и С. Радоњиќ кои личноста ја дефинираат како „единствена организација на особини, која се формира со заемно влијание на поединецот и средината и го одредува општиот, за поединецот карактеристичен начин на однесување“.[161]

Оттука произлегува, каква ќе биде личноста, дека е во зависност од наследните особини, но за нејзиното формирање, има влијание и од средината во којашто личноста живее и функционира и од влијанието на факторите кои дејствуваат во таа средина. Објаснувањето на психологијата покажува што оваа наука подразбира, под поимот личност и како личноста станува деликветна, односно кои црти треба да ги поседува личноста за да може да се нарече деликвент.

Нормалната личност се карактеризира со „емоционална, интелектуална и социјална зрелост“. [162] Отсуството на која било од горенаведените особини условува појава на неурамнотеженост и нарушување на развој на еден човек и непосредно придонесува таа личност да се развие во нормална личност на општеството.

---

[159] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 122. (1)
[160] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 123. (1)
[161] Рот Н. и Радоњиќ С. , *Психологија*, Скопје 1980, стр. 37.
[162] Котески М., *оп. цит.,* стр. 72. (1)

Интелектуалната попреченост предизвикува состојба во која поединецот не е во можност правилно да расудува и да има рамнотежа на своите постапки и има потешкотии во оформувањето на образовниот процес.

Емоционалната нерамнотежа предизвикува ситуација на неможноста личноста да ги канализира своите чувства и емоции и на нив рационално и одмерено да реагира. Емоционална неурамнотеженост предизвикува непродуктивност и штетни постапки кон околината.

Социјалната незерлост на личноста се огледува во тоа како личноста знае да се соочи со социјалните текови, односно дали и колку е поединецот во корелација со општествените настани, дали има потешкотии да остварува контакти со средината и како го има организирано својот социјален живот. Социјалната девијантност создава неспособност за комуникација со средината и реализација на личните и општествените цели.[163]

Попреченостите од интелектуална, емоционална или социјалната сфера на личноста на поединецот претставуваат сериозна основа за појава на деформации во личноста која може да го мотивира кон вршење на кривични дела.

Социјалните услови во кои поединецот растел и се развивал имаат силно влијание во развојот на здрава личност. Значењето на животната ситуација, односно нејзиното влијание врз деликвентот да го поттикнат на неприлагоденост и склоност да изврши злодело, поради стекнатите животни околности се среќава кај размислувањата на голем број научници кои се занимавале со проучување на оваа проблематика.[164] Во теоријата се среќаваат научници кои го оправдуваат злосторството, сметајќи дека во општествените прилики го детерминираат криминалниот акт на деликвентот како социјално патолошка појава.[165] *Психолошкиот профил на сторителот на кривично дело се одликува со следниве особини:* [166]

Недостаток на свест за последиците на своите дејствија, особено за жртвата на неговото делување.

- Оправдување на забранетите дејства и оправдување дека тие се оправдани.

[163] Канепа Џ., *Криминална личност и типологија деликвената*, Југословенска ревија за криминологија и кривично право, бр.3, Скопје, 1973, стр. 421.
[164] Котески М., *оп. цит.,* стр. 73 – 76 . (1)
[165] Котески М., *оп. цит.,* стр. 73. (1)
[166] Алексоски С., *Психологија со криминалистичка психологија*, Трекс, Скопје, 2005, стр. 126.

- Ниско ниво на самопочит, кое повеќе се редуцира со извршувањето на делото.
- Оправдување на стореното кривично дејство со лесната заработувачка.
- Неможноста на личноста да ги контролира желбите и можностите.
- Неспособност да се одложи неприфаќањето.

Во однос на личноста на сторителот на кривичното дело убиство и основата на кривично-правното групирање на убиствата за појдовна основа е акт на убиство, мотивот на сторителот и неговата улога во настанувањето на убиството.

Крон[167] според психолошкиот профил прави поделба на убијците во пет групи: нормални, параноични, невротични, симулативни и депресивни.

- Според анализите на Крон најголем процент од убијците (29%) се од групата на нормални. Овие сторители се со високо образование, потекнуваат од сиромашни семејства, а нивни жртви се роднини или пријатели.
- На параноичниот тип на убијци им припаѓаат (28%), овој сторител е со ниско образование, склон кон консумирање алкохол, а жртви им се личностите коишто тие процениле дека ги следат или прогонуваат.
- Невротичните убијци процентуално се (6,4%), во оваа група извршители се образовани, се склони кон консумирање алкохол, а нивни жртви се роднини и пријатели, а мотив им е љубомора.
- Симулативните убијци (12,7%) се лица без образование, имаат нагласен степен на агресивност кон семејството, роднините и пријателите.
- На депресивниот тип на убијци им припаѓаат (23,9%), овие личности се социјално изолирани, се карактеризираат со многу ниска емоционалност. Убиството го извршуваат во алкохолизирана состојба, а мотивот им е од сексуална природа и со цел да го прикријат мотивот, извршуваат убиство.

Според Штајгледер[168] се издвојуваат три типа на убијци: убиец кој убива во афект, нагонски убиец и рационален тип на убиец.

---

[167] Алексоски С., *оп. цит.*, стр. 273 – 274.

[168] Капамаџија Б., *Убиство - психопатологија и судска медицина*, Матица српска, Београд,. 1981, стр. 125 -126

- Убијците во афект се одликуваат со абнормалност и интелектуална заостанатост, а се одликуваат со несигурност. Причината за афектот е смалената способност за проценка на ситуацијата, која е заедно со комплексот на пониска вредност и континуитет со желбата за осветољубивост.
- Нагонскиот убиец ги поседува следниве атрибути: тој е со пониска интелигенција (под просекот), со слаби меѓучовечки контакти, егоистични црти и слабо развиен алтруизам, реагира бурно, во основа има реакции на „краток спој“.
- Рационалниот тип на убиец се карактеризира со особено изразен егоизам, бесчуствителност и осетливост.

Во првата половина на XIX век, американскиот психијатар Реј убијците ги групира во два вида: криминални убијци и хомицидни манијаци. Криминалните убијци се одликуваат со психолошки абнормалности, нивниот мотив за убиства е заради остварување на конкретна цел. За разлика од нив хомицидните манијаци се нормални личности со апсолутна желба за доминација.[169]

Најпознатата и најприфатена класификација на убиствата според мотивот на сторителите е класификацијата според Миендорф.[170] Тој разликува: убиства од политички мотиви (во војна), конфликтно убиство, масовно убиство, убиство заради прикривање на некое друго кривично дело, убиство поради остварување на некое свое право, убиство од користољубие, убиство од сексуални мотиви, убиство од религиозни побуди и убиство од изолација при посебни околности.

Кај убиства од политички мотиви во војна, убиствата можат да бидат извршени од групи или поединци, а можат да бидат насочени кон воени лица и кон цивили. Овде го вброил и актот на тероризмот.

Конфликтните убиства можат да бидат насочени кон членовите на семејството или надвор од него, а во основа се последица на нерасчистени конфликтни меѓучовечки односи на релација сторител - жртва.

[169] Бошковиќ М., *оп. цит.* , стр. 273. (1)
[170]Middendorff W., *Kriminologie der Tötungsdelikte,* Sttutgart, München, Hannover, 1984, pp. 15.

За масовните убиства постои поделба, во врска дали се извршени со отров и бес или од разјаденост, но секако со дејството да е предизвикано голем број на жртви, мотивот за ваквите дела е различен.

Во убиство заради прикривање на некое друго кривично дело се убиствата на сведоци, на разбојништва, сообраќајни незгоди, и сл., а убиството е заради уништување на доказите и стравот од казната.

За убиство заради остварување на некое свое право, во основа се убиствата од користољубие, и се имотно мотивираните деликти (изнудите, уцените, осигурителните измами, разбојништвата и кражбите).

Сексуално мотивираните убиства се извршени како последица на силување.

Убиствата од религиозни побуди се последица на ритуали на култ на секти, како сатанистички убиства заради „*истерување на ѓаволот*" од телото на жртвата.

Многу слична типологија на убиствата има Ханс вон Хентинг според која има: убиства од користољубие, конфликтни убиства, убиства заради прикривање на некое друго кривично дело, сексуални убиства и убиства без мотив.[171]

Следна поделба на убиствата е според бројот на жртвите: поединечни, масовни и сериски убиства.

- Сериските убиства како облик на повеќекратни убиства, кои се извршени со насилен криминалитет и каде има повеќе од три жртви, со постоење на временска дистанца, а лишување од живот доаѓа на различни места.[172]

Во однос на дефинирањето на сериските убијци Џенкис ги дефинира како лишување од живот на најмалку четири лица во тек на 72 часа, додека криминологот Диетс зборува за лишување од живот на најмалку пет лица во различни географски реони. Лејман го нагласува истиот географски реон како место за лишување од живот.[173] Постојат и поединечни класификации помеѓу сериските убиства, како онаа на организирани и дезорганизирани сериски убиства.

Организираните сериски убиства се одликуваат со одлична подготвеност на нивниот сторител, тој поседува висока интелигенција (IQ од 105-120), добро го планира

[171] Димовски Д., *оп. цит.*, стр. 115 – 118. (2)
[172] Kepel R. and Birnes W. , The psychology of serial killer investigations, Academic press, 2003, pp. 12.
[173] Димовски Д., *оп. цит.*, стр. 124. (2)

делото, во принцип е оженет, насилен по карактерна особина на цртите на личноста, со високо образование, многу тешко се откриваат затоа што се во постојано движење.

Криминалните фактори кои се мотивирачки за личноста на сторителот, можат да се дефинираат, како збир на фактори од биопсихолошка и социјална природа кои делуваат, како причини, услови и фактори за извршување на кривично дело.[174]

Ломброзо криминогените фактори ги пронаоѓал во антрополошките црти на личноста на сторителот (*роден злосторник),* Фери ги нагласува влијанијата на општествената средина и ги најавува мултифакторските теории. Садрленд заедно со Зелигон ги дели факторите на историски и на оние кои делуваат при формирањето на личноста, како и ситуационите во моментот кога е извршено кривичното дело. Тард разликува ендогени и егзогени фактори. Ендогените произлегуваат од надворешната средина, а егзогените од психолошките и биолошките фактори.[175]

Темната страна на сторителот на убиство дејствува кој се одликува без *ограда,* лаже, краде, изнудува пари, убива без чувство на вина, и со него раководат нагоните, изопаченоста, кои претставуваат карактеристична пустош во душата, ова изопаченост се трансферира во страст за извршување на дејствието, што пак од друга страна е закана за прекин на друга човечка судбина.[176]

Чинот на убиството во своето настанување содржи психолошки импликации, а самото извршување ситуациони елементи, однос на жртвата наспроти сторителот и обратно, сето тоа е резултат на делување на посебни психолошки механизми.

Но, податоците од истражувањата направени во САД зборуваат дека 90% од сторителите на убиства се обични луѓе, кои секојдневно нормално функционирале во својата работна и животна средина, биле прифатени од заедницата, без особени финансиски проблеми. Само 10% покажале дека имаат ментални пореметувања, од типот на психози, шизофренија или депресија.

Личноста на сторителот не треба да се поврзува секојпат со асоцијално однесување. Убиствата не треба да се изедначуваат со насилствата, во многу случаи убиствата се извршени без класично насилство.

[174] Димовски Д., *оп. цит.,* стр. 246. (2)
[175] Димовски Д., *оп. цит,* стр. 248. (2)
[176] Батковска Л., *Криминалистичка психологија*, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2007, стр. 331.

Кај убиствата секојпат треба да се трага по **мотивот** на сторителот, ако се знае дека најголем процент на убиства се извршени од луѓе со нормален количник на интелигенција.

Сторителите со ментално пореметување убиваат без реален мотив, односно од бесмислени поводи поттикнати од илузии или халуцинации кои ги довеле во состојба на деперсонализација и дереализација.[177]

Во рамките на криминалистичката психологија вршени се истражувања на поврзаноста на убиствата со конкретен профил на личноста на сторителот на истото. Според првата варијанта која ги степенува способностите за контрола на сопственото однесување се појавуваат два типа на убијци: невоздржани личности на убијци и премногу воздржани личности на убијци.

Во групата на невоздржани типови на убијци се сторители кои не можат да го контролираат своето агресивно однесување и тука спаѓаат агресивни психопати.

Според нивната импулсивност се појавуваат во две форми:[178]

- Интровертни агресивни психопати-многу комуникативни, со изразени црти на нетрпеливост и непријателски став, со богато досие на сторени злосторства. Нивната интелигенција е просечна, а нивни жртви се непознати лица или случајни познаници. Тие не се во состојба да формираат брачна заедница, а нивните убиства во 50% имаат и сексуални компоненти.
- Екстровертните агресивни психопати, како сторители на убиства, во најголем процент жртвите им се од рамките на семејството или од соседството. Тие создаваат брачна заедница, но за краток период таа заедница се распаѓа. Нивната интелигенција е во рамките на просекот, а се одликуваат со изразен непријателски став кон сè во околината.

Особеност на превоздржаниот тип на личност на сторители на убиство е во нивната строга контрола на сопствената агресивност, но со жестоко акумулирана фрустрација која моментално може да експлодира со огромна агресивност.

Во однос на реагирањето на провокација таа се појавува во два облика:

- Интровертен повлечен психопат кој се одликува со изразена некомуникативност, повлеченост и тивкост, во однос на интелигенцијата се просечни до натпросечна

[177] Батковска Л., *оп. цит.* стр. 345.
[178] Батковска Л., *оп. цит.* стр. 331.

интелигенција. Во принцип се недруштвени и немаат круг на пријатели, а со тоа се и осамени и не можат да формираат брачна заедница. Нивни жртви се луѓето за кои тие веруваат дека ги попречуваат во нивните намери.

- Екстровертните повлечени психопати, се одликуваат со надворешен став на непријателство и нетрпеливост кон надворешната средина, под дејство на фрустрации ја губат контролата на своите постапки. Вообичаено се во брак и целосно се посветени на семејството. Нивни жртви се брачните партнери или децата.

### *3.6.1. Темперамент на сторителите на убиство*

Во литературата се смета дека особеностите на темпераментот на личноста на сторителот се изразува според начинот на реагирање, интензитетот, брзината, зачестеноста и траењето на емоционалното реагирање.[179]

Особеностите на темпераментот укажува на реакцијата на надворешните дразби, односно на обликот, силата и брзината на реагирање.

Најпозната класификација на темпераментите е на Хипокрит кој ги поделил темпераментите во четири категории:[180]

- *Меланхолик*-кој е спор и бавен, но со силни реакции;
- *Флегматик*-кој е со слични реакции како и меланхоликот, но неговата особеност е многу слаба реакција, или воопшто ја нема;
- *Сангвиник*-има брзи и бурни реакции, но тие се со кратко траење (*реакција на краток фитил);*
- *Колерик*-кој е со силни чувства и цврста решителност за реакција, со чести и бурни реакции.[181]

За темпераментот и склоноста кон криминалното однесување пишувал Ајзенак, кој развил теорија, која се потврдува во Австралија. Склоноста кон вршење на криминал со примена на насилство имаат лицата кои според темпераментот припаѓаат на групата на сангвиник и колерик.[182]

---

[179] Сулејманов З., *оп. цит.*, стр. 213. (1)
[180] Сулејманов З., *оп. цит.*, стр. 213 – 216. (1)
[181] https://otx.alienvault.com/indicator/hostname/www.natasakaralic.com (pristapeno 01.11.2018)
[182] Димовски Д., *оп. цит.,* стр. 297. (2)

Значењето на темпераментот на сторителите на убиства е од голема важност, но за жал во нашето истражување не успеавме да дојдеме до податок.

Но, од анализата на правосилните судски пресуди и останатата документација од осудените за убиство, можеме да се сложиме со заклучокот до кој дошол Сулејманов,[183] дека сторители на убиство се невоздржани и силно импулсивни личности, со ниска емоционална зрелост, што продуцирала со брза решителност за акција, дека се личности без емоционалната чувствителност и самоконтрола над разумот, што одговара на сангвиникот и колеричкиот темперамент. Жените-сторители на убиства според темпераментот се во групата на меланхолик, тие извршуваат убиство во рамките на долготрајно трпење на семејно насилство и во еден момент, под дејство на афект, се одлучуваат да извршат убиство.

### *3.6.2. Интелигенција на сторителите на убиство*

Иако во литературата нема единствена дефиниција за интелигенција, ќе ја прифатиме онаа на Рот Радоњиќ дека интелигенцијата претставува способност за адаптација или прилагодување, односно способност за учење или поконкретно применување на старите искуства во нова ситуација.[184]

Психолозите се согласни дека зад интелигенцијата стојат мисловните процеси, начинот на размислување, брзината на создавањето мисловни склопови, начинот на мисловниот тек, апстракцијата и мисловното поврзување.[185]

Францускиот психолог Бине наведува четири димензии на интелигенцијата: сфаќање, пронаоѓање, насоченост и самоконтрола.[186]

За одредување на степенот на интелигенција психолозите применуваат одредени стандардизирани тестови, преку кои се определува количникот на интелигенција (IQ). Количникот на интелигенција се добива со делење на менталната возраст и календарската возраст помножено со 100.

Скалата на интелигенција се распоредува во осум категории во зависност од количникот на интелигенција (IQ):

---

[183] Сулејманов З., *оп. цит*., стр. 215. (1)
[184] Батковска Л., *оп. цит*., стр. 147.
[185] Батковска Л., *оп. цит*., стр. 147.
[186] Батковска Л., *оп. цит*., стр. 147.

- Многу висока интелигенција со (IQ) помеѓу 120-140,
- Висока интелигенција со (IQ) помеѓу 110-120,
- Просечна интелигенција со (IQ) помеѓу 90-110,
- Ниска интелигенција со (IQ) помеѓу 80-90,
- Физиолошки тап со (IQ) помеѓу70-80,
- Дебили со (IQ) помеѓу 50-70,
- Имбецили со (IQ) помеѓу 20-50,
- Идиоти со (IQ) помала од 20.

Не постои единствен став за влијанието на интелигенцијата во извршувањето на кривичното дело. Според едно стојалиште, интелигенцијата нема никаква поврзаност со кривичното дело, додека според другото стојалиште деликвентите со ниска интелигенција се повеќе склони да извршуваат прекршување на законот со правење на кривични дела.[187]

За жал од истражувањето не добивме конкретен податок за интелигенцијата на сторителите на убиства, но податокот за интелигенцијата на сторителите ќе го прикажеме според степенот на образованието на сторителите, по што можеме посредно да заклучиме за степенот на интелигенција (само 3 мажи и 1 жена сторител се со високо образование, со средно кое е задолжително образование се 63 мажи и 5 жени, со основно образование се 96 мажи и 5 жени, а има и 1 неписмен).

[187] За корелацијата на интелигенцијата со извршителите на убиства правени се истражувања во 1982 година од криминологот Лингевина при што се добиени заклучоци дека извршителите на убиство се со понизок степен на интелигенција во споредба со лицата кои се осудени за ненасилен криминал. Ваквиот заклучок го потврдиле и слични истражувања кои ги спровеле Хајнес, Солвеј и Шрајнер кои се занимавале со истражувања на малолетниците како сторители на убиства. Друго истражување кое било спроведено во Северна Каролина потврдува дека нема никаква разлика во степенот на интелигенција на сторителите на убиства и силување и сторителите на останатите кривични дела. Димовски Д., *оп. цит.*, стр. 279. (2)

## 3.7. Личноста на жртвата

Со развојот на криминалистичката наука се отвори трендот за проучување на личноста на жртвата и на нејзината улога во настанувањето на кривичното дело. Со проучување на жртвите се занимава посебна научна дисциплина - виктимологијата. Имено, во целосното проучување на кривичното дело и на нивните сторители, покрај проучувањето на сплетот на конкретните причини и услови кои довеле кон настанување на кривичното дело, му се посветува внимание на личноста на жртвата на кривичното дело.

Под поимот жртва се подразбира секое физичко или правно лице чиишто добра, права, вредности и интереси биле непосредно загрозени, оштетени или уништени со криминално поведение.[188] Според Николиќ - Ристановиќ „најосновната дефиниција за жртва се ограничува само на физичките лица кои се директно погодени од криминалната активност“.[189]

Проучувањето на жртвата се однесува на нејзиниот однос со сторителот и кривичното дело, пред извршувањето на делото, за време на извршувањето на кривичното дело и после извршувањето на кривичното дело, кое може да влијае на откривачкиот процес. При прибирање на криминалистички информации подеднакво внимание им се посветува на откривањето, фиксирањето и користењето на потенцијални, латентно -оперативни и доказни информации кои според содржината се од криминалистичко -виктимолошки карактер, што е одредено и од секоја поединечна криминалистичко -тактичка ситуација.[190]

Проучувањето на личноста на жртвата и на нејзиното однесување во микросредината, каков бил претходниот однос со сторителот и поврзаноста со механизмот на извршувањето на кривичното дело, ја дава суштината на извршувањето на кривичното дело, кое се состои од три потсистеми: дело - сторител, жртва - сторител и жртва - кривично дело.

Прашањето за жртвата на кривичното дело, е едно од златните прашања на криминалистиката а тоа е *кого или што?* Кај убиствата жртвата на кривичното дело

---

[188] Габеров, М. Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство, Правдико, 2016, стр.5 https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2016/01/

[189] Николиќ-Ристановиќ В. Констатиновиќ-Вилиќ С. Криминологика, Београд,2003

[190] Ангелески,М. Криминалистика, Скопје, 1993г. стр.123

принцип е веднаш позната, и најчесто се трага по сторителот на убиство. Од криминалистичко стојалиште истрагата започнува од жртвата, од каде се започнува со собирање информации за причините за кривичното дело и за мотивот на сторителот. Процесот за откривање на сознанија кои се потребни за жртвата е преку проучување на нејзината структура на личност, од каде се доаѓа до сознанија за битните околности на кривичното дело, кои се однесуваат на претходниот однос со сторителот, од каде може да се претпостави и можниот мотив за извршување на делото (одмазда, користољубие, љубомора и сл.)[191]

Од оваа причина откривањето на виктимолошкото однесување на жртвата не е потребно само криминалистичко-виктимолошко проучување, туку и од пошироко криминолошко, психолошко и социопсихолошко ниво на изучување на личноста на жртвата.[192]

Кога се зборува за жртвите на убиства треба да се нагласи фактот дека не постои некое посебно правило за тоа кој може да стане жртва, односно не се одредени карактеристики кои треба да ги поседува жртвата, како би се нашла во одредена ситуација од која би била жртва на кривично дело, убиство.

Убиствата по правило не се манифестираат ненадејно во основата им претходи честа и упадлива состојба на страна на идниот сторител на кривичното дело или, пак ситуација во која живее и делува, од што може да се извлече заклучок дека постои помала или поголема опасност која постепено била се потешка и поопасна, која кулминирала со убиство. [193]

Мотивот на сторителот за извршување на убиство во основата се криел зад конфликтните меѓучовечки односи во семејството, соседството, колегијалните, пријателските и останати односи во средината во која функционирал сторителот во кои имало неразрешени конфликтни односи, закани,нестабилност на личноста, склоност кон алкохолизам, сексуални девијации, психопатии и ментално пореметување или постоење на душевна болест.[194]

---

[191] Џуклески, Г.Вовед во криминалистика, Скопје,2009, стр.156
[192] Ангелески,М. Криминалистика, Скопје, 1993г. стр.123
[193] Бачановиќ,О.,Пејовска.Н. *Виктимологија,* Авторизирани предавања на Прв циклус на студии на Факултетот за безбедност, Скопје, 2017, тема бр.17
[194] Бачановиќ,О. *, оп. цит.,тема бр.17*

Дефиницијата на убиствата во која има и виктимолошка димензија гласи: „Секое убиство е акт на човек извршено во одредена ситуација, што ја карактеризираат односи во кои се нашол убиецот спрема својата потесна или поширока општествена средина, а посебно спрема својата идна жртва.“[195]

За разјаснување на криминалната ситуација на кривичното дело од непомало значење е проучувањето на личноста на жртвата, односно нејзините психосоцијални предиспозиции.

Некои автори сметаат дека важноста на виктимизацијата на жртвата е идентична со криминализација на сторителот. [196]

Психосоцијалната предиспозиција за жртвата да стане жртва на убиство се дели на лична и на ситуациона. Според улогата на жртвата што ја има во извршувањето на кривичното дело, убиство, личните психосоцијални предиспозиции на жртвата влијаат на сторителот, за тој да изврши избор на жртва и да му го олесни насилниот акт.[197]

Типологијата на жртвите се засноваат на иста постапка, како и типологијата на престапниците, од причина што, личноста на жртвата не е ништо помалку значајна од личноста на сторителот .[198]

Со одреден тип на жртва, не се опфаќа само индивидуата како жртва, ни групи поединци, туку комплекс од карактеристики, што се заеднички за бројни поединци кои секогаш се наоѓаат во одредена корелација со останатите нивни меѓусебни различни карактеристики. Притоа секоја поединечна индивидуа е претставник на типот.

Карактеристиките на различните типови жртви не мора меѓусебно да се исклучуваат, туку една индивидуа може истовремено или сукцесивно да им припаѓа на разни типови. (мешовити тип).[199]

При одредување на карактеристиките на жртвите на убиство, Сулејманов тргнува од следните критериуми:[200]

- Предиспонирани жртви во однос на:

---

[195] Бачановиќ,О. , *оп. цит.тема 17,*
[196] Сулејманов,З. ., *оп. цит.,* стр.226
[197] Котески,М. ., *оп. цит.,* стр130
[198] Габеров, М. Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство, Правдико, 2016, стр.5 https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2016/01/
[199] Николиќ-Ристановиќ,В. Пети меѓунарони симпозиум виктимолога, Југословенска ревија за криминологију и кривично право, Београд, 1985, стр.144
[200] Сулејманов,З. ., *оп. цит.,* стр.149-170

- од биопсихолошки аспект: старците, децата, телесните инвалиди (слепи, глуви, лица со ментални пречки и сл.);

- од психолошки аспект-лесномислените, наивните, суеверните и сл. и

-од социолошки аспект- странци, политичари и лица кои со вршење на професијата се изложени на ризик.

- Интерперсоналните односи помеѓу жртвата и сторителот пред извршувањето на дејствието убиство.
- Тука се појавува типологија жртви:
  - на активна провокација од страна на жртвата,
  - пасивна провокација, кога жртва е избрана од сторителот и
  - случајна жртва.

Според Шепаровиќ жртвите на убиство се групираат на: [201]

- Доброволни жртви кои инсистираат врз нив да се изврши кривичното дело убиство (евтеназија, противправно прекинување на бременост и сл).
- Непозната жртва (тоа се жртви на убиство кои не го пријавуваат сторителот).
- Небрежна жртва (тоа се жртви кои не даваат значење на обезбедување на своја сигурност).
- Симулирачки жртви (кои се подносители на лажирана пријава на обид за убиство).
- Жртви на кривично дело во обид (жртви кои не ја претрпеле планираната штета).

Според тоа кој е жртва на убиство разликуваме: *инфантицид* - убиство на деца, *патрицид*-убиство на татко , *матрицид*-убиство на мајка, *фратицид*-убиство на брат или сестра и *геноцид*-убиство на повеќе лица од друга националност.[202]Во поново време се издвојува како посебен облик и *фемицид-убивање на жени.*

За разјаснување на мотивот на сторителот за извршеното убиство од особена важност е проучувањето на личноста на жртвата како криминалистичка карактеристика.

[201] Шепаровиќ, З. Виктимологија-студија о жртвама, Загреб, 1987, стр.85-87

[202] Батковска,Л. ., *оп. цит.,* стр.343

За убиството како контактно кривично дело меѓу жртвата на која ѝ е одземено правото на живот, постојат меѓусебни интерперсонални односи кои влијаеле и го мотивирале сторителот да го стори насилниот чин. Со проучувањето на интерперсоналните односи можат да се откријат, не само мотивите за делото, туку и причините за избор на жртва и настаните што му претходеле и го определиле преминот кон делото.[203]

Влијанието на жртвата и нејзините објективни и субјективни својства во кривичното дело, убиство како кривично правна определеност на кривичното дело и нејзиното влијание врз одмерување на казната на сторителот, ја определил законодавецот и во однос на нејзините својства и особеност и нејзиното влијание во извршувањето на делото.

Насилниот криминалитет директно го напаѓа човековиот интегритет, односно човековото здравје и живот. Жртвата на убиство може да има активна или да биде во ситуација на пасивна провокација со непревземање на потребни мерки за заштита и претпазливост. Предодреденоста на жртвата на убиство може да произвлегува и од нејзиниот општествен статус, како и од професијата што ја извршува.

Во емпирискиот дел од трудот жртвата ќе биде обработена според полот и претходниот однос и својството со сторителот.

### 3.8. Мапирање на извршените убиства

Специфичноста на поедините кривични дела бараат од откривачкиот механизам развој на метод и вештина на криминалистичкото истражување. На такви основи се развило криминалистичкото профилирање, како метод на истражување на криминалот, во кој постои интерперсонално насилство, како кај кривичните дела на: сериските убиства, сериско силување, сериско подметнување на пожари и сл.

Концептот за географско мапирање има свои корени од средината на XIX век по заслуга на развојот на компјутерската технологија и работата на Андре Мишел Гуери и Ламберт Адолф кои на националната база изработиле географски мапи на кои ги обележале кривичните дела од насилен и имотен криминал, а сето тоа го поврзале со

[203] Котески,М. ., *оп. цит.,* стр135

сиромаштијата. Мапирањето својот зенит го има постигнато во периодот на 1960-1970 година кога има револуција на развој на компјутерската технологија. [204]

Процесот на истрагата има огромен број прашања и осомничени и секојпат е преоптоварена со информации, со цел да се пронајде ефикасни методи за управување и приоретизирање на информациите што ги собираат за да можат ресурсите ефикасно да се распоредат. Географското профилирање користи анализа на сајтови со криминал за да се утврди веројатната област на движење и престојот на сторителот.

Со цел давање на одговор на две прашања во криминалистичката истрага, се развиваат два правци на криминалистичко профилирање:[205]

- Типолошко профилирање на сторителите, и
- Географско профилирање.

Основата на мапирањето се состои во откривањето на врската помеѓу просторниот распоред на извршените убиства и психолошкиот модел на однесување на конкретниот сторител во конкретното дело на убиство (од изборот на жртвата, изборот на погодна локација за извршување на конкретниот криминален напад) и се прави анализа со цел да се утврди центарот на криминалната активност и да се констатира местото каде сторителот има престојувалиште. Оваа метода е многу успешна за откривање на сторителот кај сериските убиства на одреден простор.[206]

Преку мапирањето се поврзуваат: лице местото и истото се анализира со времето кога е извршено кривичното дело, се анализираат трагите и се поврзуваат со средствата за извршување. Во оваа фаза на мапирање се анализира и патеката на движење на жртвата пред да се изврши делото, а се предвидува и насоката на движење на сторителот по извршување на делото.[207]

Со географското профилирање се настојува да се создадат претпоставки за сторителот на кривичното дело врз база на информациите за локацијата и времето на извршување на истото. Ваквиот начин на постапување на откривачкиот механизам на

---

[204] https://www.iir.com/Documents/Homicide_Process_Mapping_September_email.pdf(пристапено 12.12.2018.)

[205] Cacan A.,*Geografsko profiliranje pocinilaca u kriminalistickoj istrazi seriskih krivicnih dela*, Casopis za kriminalistiku, kriminoligiju i sigurnosne studije, Godiste X, Broj 3-4, 2010, str.155–173.

[206] Ибид

[207] www /investigativepsyc.com_geoprofile.htm (пристапено 11.02.2019)

државата е да се насочи и кон превенцијата на кривични дела на одредено место и кое се сторува на конкретниот начин.

Целта на географското мапирање на убиствата се фокусира на истражувачките практики да се идентификува праксата на сторување на убиства.

Мапата е производ на детална анализа и интеграција на откривачкиот процес. Суштинската задача на мапирањето е во помош во изнаоѓањето на најпогодни дејствија на откривачкиот процес на органите во откривањето на начинот на кој е извршено дејството на убиство и пронаоѓање на сторителот. Да се изнајдат најдобрите извршители во откривачкиот процес, а останатите извршители да се обучат за ефикасен начин на извршување на задачите.

Со цел да се поедностави работата на откривачкиот процес се прави визуелизација и се изработува дијаграм за секој конкретен настан. Истражувањето на убиствата е комплексна задача, која мора да се обработи за многу краток временски период. Но, задачата е премногу стресна и за извршителите во откривачкиот процес. Дополнително оптоварување на задачата претставуваат законските стандарди кои мораат да бидат почитувани и истите да бидат во согласност со научниот интегритет за квалитетна форензичка анализа. Се очекува задачата да биде извршена со брзина, прецизност и точност за да биде квалитетна и да го посочи идентитетот на можниот сторител, да има доволно информации за негово апсење и да се посочи неговото место на движење и престој.

**Географското профилирање се фокусира на:[208]**

- Географијата на криминалот,
- Сторителите,
- Жртвите,
- Поврзаноста на сторител и жртва,
- Поврзаност на сторител – жртва – место на криминален настан и
- Психолошко профолирање на личноста.

[208] https://www.txstate.edu/gii/geographic-profiling/overview.html (пристапено 11.02.2019)

Географското профилирање во принцип се користи при реактивна истрага, но треба да се каже дека наоѓа своја примена и при проактивна истрага при предвидување на просторот каде би можеле да се планира конкретно кривично дело или да се предвиди профилот на потенцијалниот сторител.

➢ Процесот на изработка на географскиот профил се одвива во шест фази:

- Во детали се анализираат сите списи кои се однесуваат на изјави на сведоци, обдукциски извештаи, психолошки профил на можен сторител, извештаи од увид и сл.;
- Се прави разговор со раководителот на истрагата и се создава активна соработка со него;
- Лицето кое е задолжено за географското мапирање потребно е да излезе на лице местото на настанот;
- Потребно е да се направи детална анализа на статистиката на криминалот и истите да се споредат со демографските податоци;
- Потребно е да се направи детална анализа на сообраќајната мрежа и просторното уредување;
- Да се направи детална анализа на состојбата и да се направи извештај со заклучоци за состојбата.

Компјутерската поддршка на истрагата изискува софтвер со високи технички решенија. За да може комјутерскиот систем да даде највисоки технички решенија за географско профилирање потребно е да бидат исполнети следниве услови:

- Потребно е сериско извршување на кривични дела кои се извршени на различни локации;
- Сите овие кривични дела да се сторени од еден сторител;
- Сторителот да не ги избира локациите за извршување на кривичните дела;
- Локациите да се во близина на сторителот, до неговото престојувалиште, работа и сл.;
- Сторителот при извршувањето на делото да има иста појдовна точка, како на пример од местото каде живее.

Ќе претставиме дел од програмите за мапирање на криминалот кои најчесто се користат: *Crime Stat, Dragnet, Predator* и *Rigel Analyst.*

***Crime Stat*** **-** со оваа програма се изработува мапата на злочинот и ја користи САД. За првпат е создадена во 1999 год. и оттогаш повеќе пати е надградувана и усовршувана. Програмата за одбележување бесплатен приод за студентите, професорите, истражувачите и аналитичарите, истиот се дистрибуира со прирачник за употреба.

Оваа програма се состои од: патеката на движење на сторителот до местото на извршување, просторниот распоред, анализа на оддалеченоста, хот-спот анализа, интерпелација и просторно-временска анализа. Програмата ги анализира сериските кривични дела и ги предвидува следните движењата на сторителот.[209]

***Dragnet*** **-** оперативниот систем се развил во Англија од универзитетскиот професор *David Canter* на универзитетот во Ливерпул во 1990 год.[210] Програмата е конструирана за помош на студентите за проучување на просторните обрасци на сериските злосторства. Како и претходната програма работи на истиот принцип, но овде има дводимензионални карти поделени во ќелии кои претставуваат веројатност за појдовна точка на сторителот. Во оваа програма може да постои веројатност за повеќе сторители и дава можност за веројатност на идните активности на сторителот.

***Predator***[211] **-** овој софтвер се покажал како исклучително практичен за полициската работа, се развил во доцните 90-ти години на минатиот век. Оваа програма го формира психогеографскиот профил на можниот сторител со анализа на просторните и психолошките анализи на однесување на сторителот и го определува можниот профил на сторителот.

***Rigel Analyst***[212] **-** оваа програма е дело на *Dr. Kim Rossimo* кој е и основач на *Enviromental Criminology Research* (ECRY) кој создавал *Rigel* софтвери кои можеле да се купат како и сите останати софтвери. Спецификата на овој софтвер за мапирање на криминалот е во тоа што тој се состои од два типа на компјутерски прозорци кои се

---

[209] https://support.robertsspaceindustries.com/hc/en-us/articles/360008162913-Crime-Rating-FAQ( пристапено 20.01.2019)

[210] https://www.revolvy.com/page/Dragnet-%28policing%29(пристапено 20.01.2019)

[211] http://www2.bakersfieldcollege.edu/cfeer/Organized%20Crime/Criminal%20Profiling/Geo%20Profiling.ppt ( пристапено 20.01.2019)

[212] https://ecricanada.com/products/rigel-analyst/ ppt( пристапено 20.01.2019)

закотвени и слободно лебдечки, кои резултатите од анализата можат да ги престават на повеќе монитори. Во основа овој програм преставува *multi view* геопретставување, кој прикажува повеќекратни поврзани прикази на мапата на податоци, истовремено користејќи повеќе услуги на мапата.

Мапирањето на криминалот својата целисходност и оправданост ја има докажано низ криминалистичката пракса. Формираните географски профили не го соопштуваат идентитетот на сторителот, но укажуваат на особеностите на сторителот и локацијата на која може да се појави, но во комбинација со традиционалниот начин на водење на истрага. Мапирањето на криминалот, покрај тоа што е компјутерска алатка од голема зависност е од човечкиот фактор и од знаењето, искуството и вештината на ракувачот за нејзино користење. Искуствата од високоразвиените земји кои во работата ја користат оваа алатка имаат резултат со голем успех во откривачкиот процес, од причина што доаѓа до брза размена на информации кои можат да се поврзат со конкретното кривично дело и сторителот.[213]

[213]Сасап А. , *оп. цит*. стр. 171 – 172.

***Географска мапа бр. 1: Мапа на осудени сторители за убиства***



***Географска мапа бр. 2: Убиства според СВР и ОСОСК***



*Географска мапа бр. 3: Обид за убиства според СВР и ОСОСК*



# ГЛАВА IV

# САМОУБИСТВА

## 4. Самоубиство

Самоубиство претставува свесно и намерно уништување на сопствениот живот. Извршителот самостојно се решава на смрт и си го прекинува животот.

Во Римското Царство за самоубиствата се гледало како на возвишен чин, а самоубиецот бил со возвишен углед поголем и од боговите, бидејќи боговите не можеле сами себе да си пресудат, а човекот како живо битие имал право, можност и способност да си го уништи сопствениот живот.

Аристотел на самоубиството му придавал негативно општествено и семејно влијание, а за самоубијците тврдел дека се слаби личности, кои своите проблеми им ги оставаат на членовите на семејството тие да ги решаваат.

На почетокот под влијание на црквата, лешот на самоубиецот се спалувал и не било дозволено да се закопа традиционално. Во средниот век, црквата го сменила ставот кон самоубијците и сметала дека влегуваат во вистинскиот живот.[214]

За истиот период на општествената реакција ставот кон самоубиствата бил негативен и се сметал за криминален акт против државата, владата и против бога. Ваквиот став долго се задржал и во некои европски држави. Во Унгарија, на пример, до почетокот на Втората светска војна, на самоубиствата се гледало негативно и се казнувал и обидот за самоубиство.[215]

Во однос на мотивите на сторителите за извршување на самоубиство, се:[216] неизлечиви физички или душевни болести, пореметени семејни или брачни односи, страв од казна, материјални потешкотии, животно разочарување, старост и изнемошеност, страв пред испит, жал за изгубена личност, вонбрачна бременост, претрпен неуспех и сл.

Во однос на старосната структура на самоубијците тие се на возраст од 12 до14 години, потоа следуваат малолетниците од 14 до 18 години живот, потоа се полнолетните од 18 до 21 година. Кај возрасните најголем процент на обиди за самоубиства има во групата од 20 до 24 години, потоа следуваат 26-30 години, потоа процентот паѓа, најмал процент има кај повозрасната категоризација преку 75 години.

---

[214] Шипрага Ј.и Алексиќ Ж. *Криминалистичка методика*, Београд, 1986, стр.170 – 175.
[215] Бошковиќ М. , *оп. цит.*, стр. 54 – 57. (1)
[216] Шипрага Ј. и Алексиќ Ж., *оп. цит.*, стр. 170.

Според местото на извршување многу почесто се случуваат во град, отколку во рурални средини. Многу почесто се случуваат во летните и пролетните годишни периоди, отколку во зима и на есен. [217]

Самоубиството, само по себе не е кривично дело, но негова особеност е што во принцип се извршува со исти средства, како и убиствата и му претходи испланиран начин на нивно извршување.

Разновидни се начините на извршени самоубиства, но најчесто се вршат со: труење, бесење, со огнено оружја, со пресекување на вените, скокање од висина, фрлање под воз и сл.

Кога има дојава за сторено самоубиство, криминалистичките работници се должни да излезат на местото на настанот и да ги преземат сите оперативно-тактички и технички работи и да ги преземат сите истражни дејствија, да го обезбедат местото, да соберат известувања и да се побара обдукција на лешот.[218]

На работниците од криминалистичката пракса им се изложува многу сериозен проблем на разоткривање, кога има ситуација на насилна смрт да констатираат дали во конкретниот случај се работи за самоубиство или убиство. Проблемот е во ситуација со која неретко се среќаваат во праксата, убијците своите кривични постапки да ги прикриваат, со тоа што симулираат самоубиство или насилната смрт ја претставуваат како природна.[219]

[217] Korajlić N., *op. cit.*, str. 88. (1)
[218] Korajlić N., *op. cit.*, str. 90. (1)
[219] Симоновиќ Б. *, оп. цит.*, стр. 566. (1)

## 4.1.Особеност на трагите преку кои може да се забележи разлика помеѓу убиство и самоубиство

**Убиство или самоубиство?**

Во сите случаи, па дури и во оние кои навидум изгледаат како самоубиство, треба да се поставуваат верзии, за можноста во конкретниот случај да се работи за фингирано убиство. Симулираното самоубиство, вистинското убиство и природна смрт во неразјаснети околности спаѓаат во групата на најтешки кривични предмети, од причина што во рубриката на самоубиство постои можност да се сместени и самоубиствата, кои всушност се убиства. Старата криминалистичка поговорка гласи: *помалку неразјаснети самоубиства, значи повеќе откриени убиства. Не секој леш кој е пронајден со пиштол во рака е самоубиствено дело и не секој давеник е жртва на сопственото самоубиство.*[220]

Вклучувањето на судски медицинар во моментот на вршење на увид е неминовност. Одговорот на прашањето дали се работи за убиство или самоубиство го дава местото на настанот, поточно мисловната реконструкција со нејзина проверка на неопходните траги кои морале да постојат, треба да се проверат, точка по точка. Во случај кога нешто од трагите недостасува, се добива сосема поинаков резултат. Особеност на трагите преку кои може да се забележи разлика помеѓу убиство и самоубиство.[221]

Според Водинелиќ постапката на увидот на лице место ќе даде одговор на скриените одговори на одвивањето на настанот за што конкретно се работи. Еден треба да ги пронаоѓа доказите и да ги фиксира, а другиот да ги контролира. На ваквиот начин ќе се открие дека нешто не е во ред во склад со пронајдената сосотојба.

Второто правило на постапување на увидната екипа е да се замисли ситуацијата како се одвивала (точка по точка) и да се констатираат сите фази со цел да се увиди дали нешто во случајот може да недостатува. Мисловната реконструкција и начелото на самокритичност во постапувањето го даваат и претпоставениот и конкретниот одговор за текот на настанот.

[220] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 508. (2)
[221] Симоновиќ Б. *, оп. цит.,* стр. 568. (1)

Секојпат кога се врши увид за констатирање на состојбата и расчистување на дилемата дали е во прашање природна смрт, самоубиство или убиство, потребно е конкретен одговор да се направат добри снимки на местото на настанот, пасивното забележување не секојпат е добар и доволен метод, но секако води кон целта. Вклучувањето на криминалистичкиот психолог, може да даде одговор на постапувањето, површинско прегледување на лице местото [222]

*Во фазата на откривање дали се работи за убиство или самоубиство треба да се одговори и на следните прашања:*

- Дали имало некакви самоубиствени предиспозиции кај сторителот на самоубиство, или дали имало и претходни обиди за самоубиствени мотиви и сл.? Дали некој од потесното семејство пател од некакво душевно заболување или бил склон кон суицидни намери? Потребно е да се заклучат и т.н. суицидни стимуланси, како што се: пубертетот, бременоста, доење, менопауза, *climacterium virile* (машки климактериум) и сл.
- Дали има конкретен и специфичен мотив во конкретна животна ситуација или дали постои конкретно некаква специфична животна ситуација која би го навела да преземе чекор за одземање на животот (дали имало поставување на дијагноза за неизлечива болест, дали дошло до душевно пореметување, како резултат на претрпена болка поради смрт на член од семејство, или семејството неочекувано дошло до тешка финансиска ситуација, дали има невозвратена љубов, или се појавил некаков конфликт во семејството или постои некој посебен мотив, што би можел да го знае само еден член од семејството)?
- Какво било расположението на самоубиецот и дали семејството било запознаено со идејата дека ќе се обиде да се самоубие, дали семејството приметило нешто невообичаено пред смртта, дали оставил опростувачко писмо во кое го образложил мотивот? За расчистување на состојбата важни се и забележувањата на незаинтересираните лица кои последно разговарале со покојникот.

[222] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 508. (2)

Самоубиецот остава проштално писмо во кое ја објаснува причината на неговата одлука за решеноста да си го одземе животот. Ваквите писма обично се оставени на впечатливо место.

Кога постои проштално писмо задолжително треба да се констатира дали е напишано од покојниот и дали во пишаното постојат контрадикторности, кои би можеле да потврдат, дека во моментот на самоубиството имало уште некое лице, кое дало поттик кон извршувањето на самоубиството. Со пишувањето на прошталното писмо самоубиецот не само што го покажува мотивот за самоубиството, со намера е да ја оправда својата демонстрација, има намера да префрли вина и одговорност на некој член од семејство.

Во случаите на двократно убиство, тоа е случај кога сторителот најнапред извршува убиство и со истото средство се решава да изврши самоубиство, тоа се случаи кои најчесто се случуваат помеѓу два различни пола, но праксата покажала и случаи на убиство на жена со жена или маж со маж во случаи на хомосексуалци. Кога ваквото убиство и самоубиство е случено со исто средство на извршување се работи за вистинит случај. Кога едното убиство е извршено на пример со огнено оружје, а самоубиството со бесење укажува на поттик на нагонот на размислување. Мотив за ваквата ситуација се љубовни проблеми, макар да имало и случај кога болен меланхолик го убива својот партнер.[223]

**Случаите на убиство кои завршиле со самоубиство на сторителите се преставени во табела бр. 1**

[223] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 511. (2)

***Табела бр.1: Убиства кои завршиле со самоубиство во иста криминална ситуација***

| ***Р. Бр.*** | ***Датум на настан*** | ***Град /село*** | ***Однос со жртвата*** | ***Место на настан*** | ***Убил со*** | ***Се самоубил*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.* | *17 03. 2009*[224] | *Охрид* | *Љубовници* | *Градска плажа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *2.* | *06.04. 2011*[225] | *Охрид* | *Сопруг* | *Семејна куќа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *3.* | *19.10. 2012*[226] | *с.Аргуње* | *Вработен –овчар го убил работодавачот* | *Семејна куќа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *4.* | *30.12. 2012*[227] | *Скопје* | *Бивша девојка* | *Автомобил* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *5.* | *09.01. 2013*[228] | *с.Речица* | *Ќерка* | *Семејна куќа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *6.* | *22.05. 2014*[229] | *Скопје* | *Девојка и вереник* | *Семејна куќа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *7.* | *03.11. 2015*[230] | *Битола* | *Сопруга* | *Хотелска соба* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *8.* | *20.04. 2016* | *Скопје* | *Бивши дечко, ја убил девојка и мајка и* | *Куќа на жртви* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *9.* | *26.09. 2016*[231] | *Куманово* | *Сопруга* | *Семејна куќа* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *10.* | *25.02. 2017*[232] | *Велес* | *Пријатели* | *Хотел* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *11.* | *25.06. 2017*[233] | *с.Глумово* | *Убил 3 внуци од брат* | *Двор* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |
| *12.* | *01.07. 2017*[234] | *Скопје* | *Дедо и внук* | *Двор* | *Огнено оружје* | *Огнено оружје* |

[224] https://www.utrinski.com.mk/?ItemID=EE4792BA51E42C4181E56D849BF03BB4 пристапено на 07.02.2020

[225] https://time.mk/cluster/0f06bf6991/ubistvo-i-samoubistvo-vo-ohrid.html пристапено на 07.02.2020

[226] https://time.mk/cw/eddb3d67e4/dve-ubistva-i-edno-samoubistvo-vo-kumanovo.html пристапено на 07.02.2020

[227] https://akademik.mk/luboven-triagolnik-e-motivot-za-dvojnoto-ubistvo-i-samoubistvo-4/ пристапено на 07.02.2020

[228] http://www.ozon.rs/vesti/2013/ubistvo-i-samoubistvo/ пристапено на 07.02.2020

[229] https://time.mk/cw/8697436212/marjan-si-pukal-vo-usta-otkako-gi-ubil-zenite.html пристапено на 07.02.2020

[230] http://www.time.mk/c/a06f5d8393/ubistvo-i-samoubistvo-vo-selo-kolicani.html пристапено на 07.02.2020

[231] https://akademik.mk/identitetot-na-zhenata-mozhe-da-go-rasvetli-dvojnoto-ubistvo-i-samoubistvoto-shto-se-sluchi-vo-kisela-voda-4/ пристапено на 07.02.2020

[232] https://www.kanal5.com.mk/articles/242342/ubistvo-i-samoubistvo- пристапено на 07.02.2020

[233] https://fokus.mk/gi-ubil-bratot-negovite-sin-i-vnuk-pa-se-samoubil/ пристапено на 07.02.2020

[234] https://novatv.mk/ubistvo-i-samoubistvo-vo-skopje-dedo-go-ubi-vnukot-i-se-samoubi/ пристапено на 07.02.2020

Во периодот на наш интерес дојдовме до податок, дека во 12 случаи, кога сторителот извршил убиство, во истата криминална ситуација, си извршил и самоубиство. Иако, во вкупната бројка на сторени убиства, како што видовме во периодот од 2007 до 2017г. има вкупно 804 (322 се сторени убиства и 482 убиства во обид) процентот на убиства претставува 1,5%, но иако се работи за мал процент, нивното влијание во оптшествената средина е вознемирувачко и секојпат е на засилен интерес на јавноста. Во однос на состојбата којашто е претставена во табела бр.36, ја имаме следната состојба:

- Во однос на местото на извршување: 10 убиства се извршени во градовите: Скопје 5, Охрид 2, во Битола 2, Куманово 1 и Велес 1, а две се извршени во рурална средина.
- Во однос на местото на кое е извршено вакво убиство сторителот, за најпогодно место за убиства го одбрал затворениот простор. За најпогоден простор тој ги одбрал: семејната куќа во која се сторени 5 убиства, куќа на жртвата во еден случај, во хотелска соба се сторени две убиства и во еден случај за место на извршување е одбран автомобилот.
- Во три случаи настанот се случил на отворен простор: во еден случај на градската плажа и во два случаи во дворот на куќата.
- Сторителот во 11 случаи е од машки пол, а само во еден случај сторител кој извршил убиство е од женски пол.
- Во сите случаи жртвата и сторителот се познавале. Имено, во три случаи несомнено се работи за убиство во рамките на семејното насилство, сопругот си ја убил сопругата. Во еден случај жртва е љубовницата; бивша девојка во еден случај; мајка и ќерка се жртви на љубовникот на ќерата; вереникот си ја убил вереницата; во еден случај вработениот овчар го убил работодавачот; во еден пријател си го убил пријателот; во еден случај чичкото си убил тројца внуци од брат и во еден случај дедото го убил својот внук.
- На сите случаи им претходела вербална расправија. За најпогодно средство за извршување на убиство користено е огнено оружје.

- После извршување на делото и согледување на состојбата, сторителите со употреба на истото средство за извршување на делото си го одзеле својот животот.

## 4.2. Видови самоубиства

### *4.2.1. Самоубиство со огнено оружје*

Самоубиството со огнено оружје во принцип се извршува со испукување на проектил од оружјето во слепоочницата, челото, устата или во пределот на срцето, во подбрадокот, во стомакот а многу ретко во тилот. Самоубијците како средство за извршување најчесто користат краткоцевно оружје, пиштол или револвер. На вакво самоубиство повеќе се склони мажите во споредба со жените.

За надминување на дилемата за што се работи се бара одговор на прашањето- *кој е сопственик на оружјето?* Најчесто за извршување на самоубиство се користи личното оружје.

Судскиот медицинар треба да обрне внимание на: положбата на телото, стрелната повреда, на влезната и излезната рана, растојание од која е испален проектилот, насоката на проектилното зрно, број на испалени зрна, да направи преглед на раката со цел откривање на барутни честички и сл.

За самоубиство станува збор ако: проектилот е испален од непосредна близина и во дофат на рацете, од лично вооружување, ако се пронајдени барутни честички на телото. Во принцип самоубиствата се извршуваат на непокриени делови од телото. Потоа да се констатира дали жртвата е левичар или десничар, и дали влезната рана одговара на положбата во која е пронајден, во согласно со типот на оружјето кое е пронајдено до телото.

Многу огнострелни повреди кои имале фатален исход се случени при чистење и при поправка на огнено оружје или кога било достапно на деца.

За убиство се работи ако:

- Пронајдениот проектил поминал низ покриени делови на телото, низ облека (капут, шешир и сл.);
- Ако влезната рана се наоѓа вон дофат на рацете;

- Ако постојат повеќе испукувања од оружјето во различни насоки и во разни делови од телото,
- Ако проектилот е дојден од поголема оддалеченост.[235]

#### *4.2.2. Самоубиство со пресекување на вените*

Кога има индиции за самоубиство со пресекување на вените, судскиот медицинар треба да внимава на правецот на влезната рана, дали големината и обликот на влезната рана одговара на пронајденото сечилото на средството со кое е извршено пресекувањето на вените.

Траги кои укажуваат дека е во прашање самоубиство: ако има обилно крварење на предниот дел од телото, ако раката која го држела ножот е силно закрварена, кога на истата рака нема други исекотини.

Траги кои укажуваат дека се работи за фингирано убиство: ако не е пронајдено доволно крвни траги на предниот дел од телото каде морало да ги има, ако се пронајдат одбранбени или залутани исекотини и сл.[236]

#### *4.2.3. Самоубиство со бесење*

Кај самоубиство со бесење смртта настанува како резултат на прекин на крвотокот во артериите коишто ја носат крвта во мозокот, така што доаѓа до ситуција да пукаат артериите во срцето, од што настанува губење на свест и аневризма во мозокот. При што не е потребно на јамката за бесење да дејствува целата тежина на телото, доволно е да се предизвика притисок на каротидата од 5кг. и *nervus vagus* да доведе до несвестица и смрт.[237]

Во праксата се пронаоѓаат случаи на бесење во: висечка, седечка, клечечка или лежечка положба на телото, со бесење околу предмети како: цевки од радијатор, ормар, лустер, квака од врата и сл. Како средства со кои се бесат се користи: ортома, жица, ремен, чорапи, постелнини, делови од алишта и сл. За извршувањето на делото потребна е само кратка јамка.[238]

---

[235] Горкиќ С. , *оп. цит.*, стр.143 – 163.
[236] Горкиќ С., *оп. цит.*, стр.124 – 135.
[237] Petrovič A., *op. cit.* str, . 483 – 485.
[238] Шипрага Ј.и Алексиќ Ж., *оп. цит.*, стр. 172.

Кај самоубиство со бесење сторителот го користи материјалот кој му достапен околу него.

На пример електричарот за да си изврши самоубиство би користел електричен кабел, земјоделецот користи ортома, домаќинката се беси со хулахопки или делови од алишта (марама, шал, ракав или ногавица од алишта).

Судскиот медицинар треба да го насочи вниманието кон: откривање на траги на вратот, правецот на влечење и рацете на жртвата, обликот на јамката и сл.

*На самоубиство се укажува* – ако јазолот е во тилот, ако правецот на тегнење е према надолу, ако се пронајдени траги од тегнењето на рацете кои треба да се идентични со оние на средството на извршување. Во недостаток на овие траги ќе се работи за фингирано убиство.

#### *4.2.4. Самоубиство со труење*

Ова е најчест начин на извршување на самоубиство. Отровната супстанција најчесто се внесува преку уста или преку инјектирање, но забележани се труења со внесување на опасната супстанција преку дебелото црево и вагиналниот отров.

За отровна супстанција сторителот се служи со различни хемиски средства или штетни гасови:

- Од хемиски средства најчесто користат: оцетна киселина, натриум хироксид, солна киселина, разни дезинфекциски киселини (фенол, лизол и сл.) отрови за уништување на штетници (цијанводородна киселина, фосфор и сл.), средства за спиење (барбифенол, проминал, фенобарбитол и сл).
- Од гасовити отрови најчесто употребуваат: јаглерод моноксид, цијанводородна киселина, светлосен гас и сл.[239]

Постојат некои општи симптоми кои укажуваат на самоубиство со труење:

- повраќање - се јавува како резултат на труење со арсен, антимон, фосфор, јод, жива и сл.;
- грчеви при случаи на труење со јаглен моноксид, никотин, цијанидстрихин и сл.;
- парализа - се јавува кај труење со бариум, олово, алкохолно труење или од храна;

[239] Petrović A., *op. cit.*, str. 483 – 485.

- делириум - предизвикува предозираност од алкохол или лекови, барбитурати, канабина, морфиум и сл..

Настанатите промени на телото на жртвата на самоубиство со труење може да се однесуваат на зеницата на окото, да настанат промени на кожата, карактеристичен мирис на здивот и сл. [240]

Голем дел од отровите не оставаат карактеристични траги на лешот. Клиничките знаци на почетокот ја даваат истата клиничка слика, како и многу други заболувања. Со понатамошното следење на пациентот искусниот доктор ќе ги препознае трагите од труење.

Првичните мерки кои судскиот медицинар треба да ги преземе кога има сомнеж дека се работи за фингирано труење е да се направи детален и целосен преглед на лешот и местото на кој истиот е пронајден.

Треба да се откријат садовите од кои е консумирана храната (чаши, чинии, шолји и сл.), а остатокот од храната треба да се однесе на анализа. [241]

Со аутопсијата на лешот треба да се одговори на прашањата за видот и количината на употребениот отров којшто ја предизвикал смртта и дали има наводи кои би се однесувале на извршено самоубиство, убиство или фингирана природна смрт.

[240] Korajlić N., op. cit., str. 94. (1)
[241] Korajlić N., op. cit., str. 94. (1)

# ГЛАВА V

# МЕТОДИКА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВАТА

## 5. Методика на откривање, расветлување и докажување на кривичното дело убиство

Убиствата спаѓаат во групата на најтешките облици на крвни деликти. Под поимот крвни деликти се подразбираат кривичните дела насочени кон физичкиот интегритет на личноста, или поконкретно, тоа се деликтите кои се извршуваат со примена на сила или насилство преку кои се загрозуваат виталните вредности на животот и телесниот интегритет на човекот.[242]

Во групата на крвни деликти се вклучени сите облици на напад над животот и телесниот интегритет. Во оваа група спаѓаат: убиства, телесни повреди, недозволено прекинување на бременост, наведување и помагање при самоубиство, учествување во тепачка во која некое лице е лишено од живот или му е нанесена тешка телесна повреда, насилно одземање на човечки органи или на делови од телото, напуштање на немоќно лице, недавање помош, како и имотните деликти кај кои се применува насилство, како кај разбојништвата и разбојничките кражби.

Сите овие се деликти каде се одзема човечки живот, се повредува или загрозува животот, телото и здравјето. Во зависност од мотивот на сторителот, неговата намера и волја во однос на нападнатиот објект, кој е предмет на заштита кај крвните деликти разликуваме дела против животот и телото и имотни деликти. Кај делата против животот и телото намерата на сторителот и објектот на заштита е јасна, но кај имотните деликти објект на заштита е имотот, но при противправното одземање на имотот во одредени ситуации при извршувањето на одземањето на имотот е со насилство, кое е насочено кон совладување на препрека и жива сила, иако целта е материјалната корист [243].

Крвните деликти можат да се групираат:

- Кривични дела против животот;
- Кривични дела против телото;
- Кривични дела на загрозување на животот и телото;
- Незаконско прекинување бременост; и

[242] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 250.
[243] Константиновиќ –Вилиќ С. и Николиќ-Ристановиќ В. *Криминологија*, Ниш, 2003, стр. 119.

- Недавање помош и напуштање на немоќно лице.[244]

Полицијата како надлежен орган за откривање, расветлување, обезбедување на докази и гонење на сторители на кривични дела, во постапката на откривање разјаснување и докажување на кривичното дело-убиство мора да биде во согласност со *Европската конвенција за човекови права* од 1998 година и принципите што ја поткрепуваат.

Со имплементирањето на СОП, се воспоставуваат стандардите, што треба да се постигнат во спроведувањето на криминалистичкото истражување и постапувањето на полициските службеници по пријава на кривични дела, убиства и други кривични дела од областа на крвни и сексуални деликти, како и сите случаи на неочекувана и неразјаснета смрт под сомнителни околности.

Постапувањето според стандардната оперативна процедура се однесува на сите припадници на Министерството за внатрешни работи (МВР), кои ќе бидат вклучени во преземањето на мерките и активностите во откривачкиот, расветлувачкиот и докажувачкиот процес.

Целта на овие стандардни оперативни процедури е да им овозможи сите припадници на МВР да имаат упатства и насоки, за тоа како ќе се спроведуваат криминалиситичките истражувања, со цел преземање на сите потребни мерки и активности, што се во надлежност на Министерството, заради откривање на сторители на кривични дела, обезбедување на материјални докази и поднесување на кривична пријава до надлежното Јавно обвинителство.

Во процесот на криминалистичкото постапување припадници на МВР постапуваат под раководење на ЈО во преземањето на законските мерки и дејствија, за расветлување на кривичното дело и обезбедувањето на релевантни информации и докази за начинот на извршување на кривичното дело, средствата со кои е извршено и најважното да го откријат мотивот на сторителот.

Ангажираноста на припадници на МВР постапуваат на докажување на кривичното дело и изведување на сторителот пред суд продолжува сè до изрекувањето на правосилна судска пресуда. Припадници на МВР се ангажирани во процесот на расветлување на убиствата, тие постојано се вклучени во процесот да прибираат

[244] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 252.

информации затоа што судот има право и слобода на оценка на доказите, така што има случаи во кои сторителот направил свирепо убиство, а судот пресудил поблага казна, ценејќи дека се работи за „непресметлив“ сторител. Прибраните информации и докази од страна на припадници на МВР се од нерпроценлива важност во сите фази на кривичната постапка, во одредувањето на видот на кривичното дело и во одредувањето на висината на казната на сторителот за стореното.[245]

### 5.1. Основи на криминалистичкото истражување на убиствата

Криминалистичката обработка е збир на методолошки планирани и преземени мерки и дејствија кои ги презема полицијата по причина (за сторено кривично дело или за пронаоѓање на сторителот на тоа кривично дело), со цел основите на сомневање до кои се дошло, да се подигнат на степен на веројатност, со што ќе се овозможи донесување на одредени кривично-правни одлуки (основано сомнение).[246]

Појдовна основа за поведување кривична постапка е веројатноста, дека е сторено кривично дело. Постапката на кривично поведување треба се одвива во сите фази, дури и кога на самиот почеток има силни докази, дека одредено лице е можен сторител, од причина што исклучиво доказите го товарат обвинетиот. Нашиот Устав[247] и Закон за кривична постапка наложуваат:[248] „предвидува невиност, сè додека не биде докажана вина со правосилна судска пресуда“. Од оваа причина доказите, колку и да се силни и очигледни на почетокот на истрагата треба да се земаат предвид, како веројатност за некое лице да се смета дека може да биде кривично одговорно.

Преземањето на кривичната постапка се одвива по постапка, која треба да биде строго систематизирана и да претставува единствена целина. Кривичната постапка секојпат започнува со поведувањето на претходната постапка. Со претходната (предистражна постапка) се презема со цел на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал за да оцени дали основите на сомневање како првични сознанија, преминуваат во основано сомневање како повисок степен на сомневање, засновано прз прибраните

---

[245] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 278.
[246] Korajlić N., op. cit., str. 8. (1)
[247] Чл. 3 ст. 1 од Уставот на РМ, *Сл. весник на РМ бр.* 08-4642/1 од 17 ноември 1991г
[248] Чл. 2 ст. 1 од Законот за кривична постапка на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 150/10.*

докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице сторило кривично дело, за да може тој да поднесе барање до судот за спроведување на истрага.[249]

Предистражната постапка се нарекува уште и полициски извид. Задача на оваа постапка која може да биде спроведена без никакво формално решение, е да даде одговор на прашањето за:[250]

- постоење на кривично дело;
- да го посочи и пронајде сторителот;
- да ги открие трагите и предметите на кривичното дело, кои во подоцнежната постапка можат да бидат докази за кривичното дело и сторителот;
- со предистрагата се обезбедуваат сите известувања за понатамошната постапка.

Во оваа постапка се преземаат и определени истражни дејствија за кои постојат опасности од одложување. Од значење за работата на правосудната полиција се криминалистичките и кривично-процесните аспекти кои се компоненти на практична примена на поединечните мерки и активности врз основа на овластувањата, кои се определуваат во Законот на кривична постапка, во Законот за полиција, во Законот за финансиска полиција и др.[251]

Правосудната полиција не е посебен вид на полиција, ниту претставува општ термин за сите служби во чиј делокруг е постапување во правец на откривање и спречување кривични дела, пронаоѓање на сторителите на кривични дела кои се гонат по службена должност.

Инспекторите од МВР, Финансиската полиција и Царинската управа и натаму ќе останат во своите министерства и ќе работат, скоро исто како и досега, сега само со појасен линк и посилна врска со надлежниот обвинител.[252]

[249] Матовски Н., Бужаровска Л. и Калајџиев Г., *оп. цит.*, стр. 271.
[250] Матовски Н., Бужаровска Л. и Калајџиев Г., *оп. цит.*, стр. 271.
[251] Џуклески Г., *оп. цит.*, стр. 121. (1)
[252] Член 21 ст. 1 т. 9 од *Законот за кривична постапка на РМ, Сл. весник на РМ бр. 150/10.*

### 5.2. Индиции

Идницииите или основите на сомневањето се факти кои укажуваат на постоењето на кривичното дело и на поблиска или подалечна врска помеѓу тоа дело и некое лице. Врз основа на тие факти, може со помала или поголема сигурност да се заклучи постоењето или непостоењето на кривично дело, дали одредено лице е извршител или соучесник или постојат други за кривичниот предмет важни факти.[253]

Македонскиот законодавец не се занимава со поделба на доказите бидејќи ја усвоил слободната оценка на доказите кои укажуваат на постоење на кривично дело и на поблиска или подалечна врска помеѓу тоа дело и некое лице. Праксата покажува дека индициите се од огромна важност на процесот на докажување. Доказната постапка водена преку индициите е посложена и бара особено внимание.

Во доказната постапка индициите претставуваат индирекни докази со кои прво се утврдуваат некои споредни факти, односно факти кои не се предмет на докажување, но поради тесната и логичка врска со релевантните факти, посредно односно по пат на анализа и логичко заклучување помагаат во утврдување на вистината и на релевантните факти.[254]

Теоријата дава класификација на индициите:[255]

- Непосредни индиции преку кои непосредно се поврзува кривичното дело со конкретниот сторител, (во случај кога постои сведок кој го видел сторителот, како го напушта местото на настанот, но не бил сведок на кривичното дело, или ако кај осомничениот се пронајдени предмети и траги кои можат да се поврзат со кривичното дело и сл.);
- Посредни индиции се основи на сомнение врз основа се заклучува за постоење на некој друг факт, а преку него посредно се заклучува за постоење на одлучувачкиот факт (ако се пронајдени траги кои посочуваат на можниот сторител);
- Обвинителни индиции се индициите кои одат во прилог на обвинението;

---

[253] Водинелиќ В. , *оп. цит.*, стр. 125. (2)
[254] Матовски Н., Бужаровска Л. и Калајџиев Г. *, оп. цит.*, стр. 181.
[255] Матовски Н., Бужаровска Л. и Калајџиев Г., *оп. цит.*, стр. 182.

- Оправдувачки индиции се индициите кои му даваат алиби на потенцијалниот осомничен (ако осомничениот во моментот кој е посочен за време на извршеното убиство, се наоѓал на друго место, за кое постојат сведоци, дека бил присутен и не можел да се смета за сторител на кривично дело).

### 5.3. Постапување на Јавниот обвинител во случај на убиство

Јавниот обвинител е субјект и странка во кривичната постапка која од името на државата дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривични дела каде што се гони по службена должност. Јавниот обвинител е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.[256] Функцијата што ја извршува ЈО е во согласност со Уставот на државата и меѓународните договори кои се ратификувани во согласност со Уставот.

Должност на ЈО е да обезбеди функцијата да ја извршува со обезбедување на еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Правата и должностите на јавниот обвинител се однесуваат на тоа да:[257]

- Ги насочува дејствијата на надлежните органи за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,
- Издава наредби или предлага користење на посебни истражни мерки (ПИМ),
- Донесува наредба и спроведува истражна постапка,
- Пронаоѓа, предлага и обезбедува докази,
- Предлага привремени мерки за конфискација на имот прибавен со извршување на кривично дело,
- Одлучува за одлагање на кривично гонење под услови определени со закон,
- Предлага издавање на казнен налог,
- Предлага и прави спогодба со обвинетиот за признавање на вина,

[256] Матовски Н, Бужаровска Л. и Калајџиев Г., *оп. цит*., стр. 109.
[257] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/права и обврски на ЈО (пристапено 11.12.2018).

- Поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд,
- Поднесува жалба против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилните судски одлуки,
- Одлучува по жалба на оштетениот, и
- Презема и други дејствија утврдени со закон.

Клучната улога на Јавниот обвинител во кривичната постапка е:[258]

- Да раководи со преткривичната постапка каде на располагање ја има правосудната полиција, но може и сам да презема дејствија за откривање на кривично дело и гонење на сторители за кои се задолжени МВР (криминалистичката полиција, крим-техника и сл.),
- ЈО раководи со целокупната постапка (предлага мерки, дава упатства за постапување, врши контрола на мерките и дејствијата кои ги презема полицијата),
- ЈО хиерархиски е надреден над полицијата во делот на спроведување на преткривичната и кривичната постапка, (полицијата е во подредена положба во однос на ЈО, полицијата постапува по наредба и упатства за постапување од ЈО, за сите активности во постапката полицијата е должна писмено да го известува ЈО).

Јавниот обвинител ја започнува кривичната постапка со:

- Издавање на наредба за спроведување на истражна постапка,
- Постапката може да започне со преземање на истражни дејствија пред издавање на наредбата,
- Со обвинителен предлог,
- Со предлог за издавање на казнен налог и со
- Изрекување на мерки за безбедност.

Полицијата по приемот на дојавата или пак добиените сознанија или пак ако постојат основи на сомнение за стореното убиство има обврска без одлагање по писмен пат да го извести јавниот обвинител. Заради потребата или итноста на постапувањето

[258] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/права и обврски на ЈО пристапено 11.12.2018.

известувањето може да се стори и по устен пат, но писменото известување мора да следи. Во текот на предистражната постапка, правосудната полиција е должна да постапува по наредбите на ЈО, а бараните известувања должна е да ги обезбеди најдоцна за 30 дена од приемот на наредбата. Овој рок може да биде продолжен за уште 30 дена само во случаи кога се работи за тешки дела каде има вклученост на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело или во случај кога делото го сторила организирана криминална група.

### 5.4. Процедура на постапување на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи за кривично дело убиство

Стандардната оперативна процедура (СОП) претставува унифицира начин на постапувањето на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи (МВР) за кривични дела, убиства и други случаи на неочекувана, неразјаснета и смрт под сомнителни околности. Целта на имплементирањето на СОП, да се воспостават стандарди на криминалистичкото истражување и постапувањето на полициските службеници по пријава на кривични дела, убиства и неразјаснета и смрт под сомнителни околности.

СОП се однесува на сите припадници на МВР, кои ќе бидат вклучени во преземањето на мерките и активностите кои се во надлежност на МВР, заради откривање на сторители на кривични дела, обезбедување на материјални докази и поднесување на кривична пријава до надлежното Јавно обвинителство.

Криминалистичко истражување за убиства и неразјаснета и смрт под сомнителни *околности* се дели во следниве категории:

- ***Криминалистичко истражување од Категорија А*** – криминалистичко истражување на убиство која предизвикува голема грижа кај јавноста, кога не се знае идентитетот на сторителот и кога треба многу повеќе ресурси за собирање на докази.
- ***Криминалистичко истражување од Категорија Б*** – криминалистичко истражување на убиство, каде што не се знае идентитетот на сторителот, а ризикот за јавноста не е голем и спроведувањето на криминалистичкото

истражување или собирањето на докази, може да се постигне со нормален број на лица и ресурси.

- ***Криминалистичко истражување од Категорија В*** – криминалистичко истражување на убиство, кога се знае идентитетот на сторителот уште на самиот почеток и кога многу лесно може да се спроведе криминалистичкото истражување и да се соберат докази.

Во случаи кога има пријава за убиство Дежурниот оперативен центар (ДОЦ) потребно е веднаш да го извести началникот на Секторот за сериозен криминал или началникот на Одделение за криминалистичка полиција при Секторот за внатрешни работи (СВР) и да му ја пренесе информацијата.

Во случај на пријава на кривичното дело од Категорија А, Секторот за сериозен криминал од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (СОСК) веднаш презема криминалистичкото истражување.

За сторено убиство од категорија Б, се одбира една од следниве опции:

- Ја следи и ја спроведува истрагата и го составува тимот од припадници на СВР кој ќе продолжи со активностите. Истражниот тим од СВР може да побара помош од началникот на Секторот за сериозен криминал, но ќе си ја задржи сопственоста врз истрагата или
- Истрагата може да ја спроведува Секторот за сериозен криминал од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

Истрагите за убиства од Категорија В треба да останат во надлежност на истражниот тим од СВР, освен во случај, ако началникот на Секторот за сериозен криминал не процени, дека е поврзана со некоја друга тековна истрага на организиран криминал. Одлуката за ваквата истрага ја носи реакцијата на полицискиот службеник по приемот на пријава дека е сторено убиство.

Тој е потребно да побара од лицето што пријавува да:

- Се врати на безбедна локација близу лице местото;
- Да не влегува во очигледните параметри од лице местото, освен ако нема потреба да даде основна медицинска помош;
- Да не допира или поместува ништо на местото на настанот и
- Да се обиде да ги спречи други лица да влезат на лице местото.

По добиеното сознание за извршено убиство, дежурниот полициски службеник во Центарот за информации и команда (ЦИК), односно дежурниот полицаец во Полициска станица од општа надлежност, треба да му ги постави следниве прашања на лицето што ја дава информацијата:

- Име и презиме, домашна адреса и телефон;
- Првична изјава од лицето што пријавува за тоа што видел и што слушнал;
- Да даде поточна локацијата на лице местото;
- Да раскаже за условите под кои го открил убиството;
- Да даде информација за можниот идентитет на жртвата и дали ја препознава;
- Да информира за други лица, дали има и други присутни на местото на настанот;
- Дали лицето што пријавува има некаква врска со починатото лице;
- Каде точно се наоѓа лицето што пријавува, од лице местото;
- Се прашува и за детали за опис на осомничениот и дали има претпоставка за тоа кој може да биде сторител на убиството;
- Полицискиот службеник потребно е да се обиде да го открие идентитетот на лицето што се јавува, а тоа лице инсистира да остане анонимно;

Откако ќе се пренесе информацијата до Началникот на Центарот за информации и команда, започнува постапката за понатамошно проследување и преземање на активности.

Веднаш се формира група за обезбедување на местото на настанот и се отпочнува постапката за прибирање на првични информации;

- Се известува дежурната увидна група и истата се упатува на местото на настанот;
- Веднаш телефонски се известуваат: началникот на Секторот за внатрешни работи,
- Началникот на Одделението за криминалистички работи, началникот на единицата за насилен криминал, раководителот на Отсекот за криминалистичко-технички истраги на место на настан, командирот на полициската станица и Јавниот обвинител;

- Со првичните сознанија за извршеното кривично дело кога има непознат сторител (НН лице), или пак ако сторител е познат, но истиот се решил да оди во бегство, задолжително се известува и Секторот за известување и координација на состојби на Министерството, со цел да се известат сите полициски станици, и заради преземање на зајакната гранична контрола;
- Се доставува телеграма со информација за извршеното кривично дело убиство и до Секторот криминалистички работи и до Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа во Бирото за јавна безбедност и до Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Централните полициски служби.
- *Задача на полициските службеници коишто се најблиску или се движат кон лице место на кривичното дело потребно е:*
    - Да го запише датумот и времето кога им е проследена задачата, за информациите за кривично дело, да добијат информации за потеклото на повикот и да добијат и други детали за можност за присутност на други итни служби што можат да се присутни на лице местото на кривичното дело;
    - Со внимание да се запишат возилата, или лицата што се движат од правецот на лице место на кривичното дело или се во негова близина со цел да се идентификуваат потенцијални сторители и сведоци;
    - Да се направи проверка на сите сомнителни лица, возила или други активности со кои се среќаваат и да ги пренесат податоците до дежурниот во оперативниот центар.

*Полициските службеници од групата за обезбедување*, по добиената задача од дежурниот полицаец излегуваат на местото, каде што е извршено кривичното дело каде што раководителот на групата ги презема следните мерки и активности во однос на:

- Идентификација на жртвата;
- Идентификување на осомничениот;
- Набљудување на лице местото на кривичното дело;
- Да презема мерки за заштита на лице местото;

- Да ги постави надворешниот и внатрешниот периметар и да постави обезбедување;
- Да започне со подготовки за водење на дневник, за сите влезови во внатрешниот и надворешниот периметар на лице место на настанот;
- Да започне со обработката и раководењето со лице местото на кривичното дело;
- Да ги преземе сите мерки за справување со можноста од контаминација на лице местото;
- Да започне со прибирање на првични сознанија за кривичното дело и ги утврди лицата кои се сведоци на делото и ги изолира од другите сведоци;
- Да го забранува пристапот на сите неовластено присутни лица, сè до завршување на увидот;
- Да оневозможува движење на граѓани кои имаат некаков интерес за делото, а воедно да се обиде да прибира сознанија од нив, без да си дозволи да коментира за делото и
- По доаѓање на увидната екипа на местото каде е извршено кривичното дело, началникот на Отсекот за општ криминалитет или началникот на Одделението за крвни, сексуални и сообраќајни деликти и раководителот на Оперативниот тим, поднесуваат извештај за констатираната состојба од моментот на излегување на лице местото на настанот, каде што е извршено убиството, за добиените сознанија, и за промените на лице местото кои можеле да бидат предизвикани од граѓани или од лицето кое пријавило за настанот, од полициските службеници или од здравствените работници, за можните сведоци или кои се можни осомничени лица.[259]

[259] Добиени созанија од разговор со извршители на МВР.

## 5.5. Начини на дознавање за извршено кривични дела со елементи на убиство

За настанатото лишување од живот на некое лице, не мора секогаш веднаш да биде видно манифестирано. За настанатиот чин на убиството не мора веднаш да се дознае, за тоа може да помине некогаш пократок или подолг временски период од извршувањето на убиството до неговото откривање.

Во одредени случаи за убиството се дознава веднаш по неговото извршување. Во друг случај, за убиството се дознава по пријавува на сведок на настанот, или од друго лице кое посредно дознало за настанот. За сторено убиство може да се дознае и по непосредно полициска активност, на откривање на леш или човечки остатоци при рутинско поминување на местото на настанот. Самиот сторител може да го пријави случајот – самопријавување, или од моментот на извршување на убиството да помине подолг временски период, ако убиството е извршено на место, каде што немало некој да го забележи убиството и слично.

Во одредени ситуации, и по подолг временски период се открива кривично дело, убиство на лице кое е пријавено како исчезнато или лице кое не е пријавено како исчезнато, со пронајден леш исфрлен од речни или езерски води, со пронајдено возило во кое е пронајден човечки труп, итн.

Без оглед на тоа кога е извршено кривичното дело, полицијата ведаш по дознавањето презема мерки и дејства на откривање, расветлување и докажување на настанот и презема мерки за приведување на сторителот.

Првичните информации за сторено кривично дело убиство или за некој настан од каде првичните сознанија се за кривично дело, убиство, полицијата ги добива на неколку начини, а тоа се: [260]

- Пријава за исчезнување на лицето;
- Пријава за откриен труп;
- Пријава од сведоци;
- Анонимна и псевдонимна пријава;
- Пријава од здравствени установи;
- Самопријава.

[260] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 279.

### *5.5.1. Пријава за исчезнато лице*

Еден од начините за отпочнување на криминалистичката оперативна дејност на полицијата е преку пријавата за исчезнато лице од нејзините блиски (членови на семејство, соседи, пријатели, колеги, станодавачи и сл.), иако во најголем дел од случаите на вакви пријави не секојпат се работи за убиство.

Предвид треба да се земат различните животни состојби, како на пример да се работи за: бегање од домот вообичаено кај малолетници поради неуспеси во љубовта, на училиште, потреба од авантуризам и сл. или кај постари лица да не се во состојба да се вратат во домот поради сенилност (амнезија), поради некоја душевна болест и сл.

Во моментот на прием на пријавата за исчезнато лице треба да се забележат следните факти:[261]

- Кој го извршува пријавувањето на исчезнато лице,
- Идентификациски податоци на исчезнатото лице (личен опис и фотографија),
- Каде е видено лицето за последен пат,
- Се поставуваат прашања за можни места на престој,
- Семејни прилики,
- Се прибираат сознанија за психофизичкото здравја,
- Се разработуваат верзии за можен мотив и сл.

Со цел пронаоѓање на исчезнатото лице оперативната активност може да започне со распрашување по здравствените установи, казнено-поправните установи, со ставање на известувања по медиумите и електронските комуникации. По добивањето на првичните сознанија за личноста на исчезнатото лице, се создаваат првичите верзии за можно сценарио за пронаоѓање на исчезнатото лице.

Особена внимателност на постапката на пронаоѓање на малолетно лице, поради нивната сугестибилност и нестабилност  постапката на исчезнување може да биде и разултат на извршување на некое кривично дело или да биде жртва од најразличен тип на кривично дело.

Секоја пријава на исчезнато лице треба да се земе предвид и со неа да се постапува многу сериозно. Иако, сите пријави на исчезнати лица не завршуваат фатално, во многу случаи исчезнато лице се вратило кај своето семејство. Но има и

[261] Ангелески М., *оп. цит.,*  стр. 209. (1)

случаи каде лешот е пронајден, а нема идентитет на тоа лице, размената на оперативи информации на криминалистичните служби е од огромна важност при водењето на евиденција на исчезнати лица и евиденцијата на непознати пронајдени лешеви.[262]

### *5.5.2. Пријава за откриен труп*

Преку пријава за откриен леш или човечки остатоци многу често започнува преткривичната постапка. На почетокот има многу нејасни прашања на кои подоцежната постапка треба да даде одговори. Најпрво, според состојбата на лешот треба да се одговори на прашањето дали се работи за природна или насилна смрт. Односно на пријавителот или отривачот на лешот, кој пријавата до органот ја врши по телефон, му се поставуваат прашања во смисла:

- Кога и каде го нашол трупот?
- Дали се работи за маж, жена или дете?
- Дали го препознава трупот?
- Дали имало уште некој со него во моментот кога е пронајден лешот?
- Што правел тој на местото кога го пронашол лешот?[263]

Места на кои може да се пронајде леш или човечки остатоци:[264]

- Леш или човечки остатоци можат да бидат пронајдени во природата на кое било место. Тие можат да бидат пронајдени на отворен или затворен простор. Во напуштено место, или објект кое не може да се донесе во врска ниту на убиеното лице или сторителот. Во ваков случај има потешкотии во откривањето на идентитетот на жрвата.
- Лешот или човечките остатоци можат да бидат пронајдени во местото на престој на жртвата. Во овој случај не се поставува прашање за идентитетот на лешот, туку прашањето е насочено кон откривањето дали смртта настанала насилно.

---

[262] Korajlić N., op. cit., str. 22 (1)
[263] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 280.
[264] На криминалистичката пракса познати и се разновидни начини на прикривање на лешеви и прикривање на кривичното дело убиство- лешот се фрла во река, бунар, полски клозет, контеjнер за отпадоци, лешот се распарчува и се закопува на различни места, се уништува лешот со палење, се закопува во домот и сл., Симоновиќ Б. , *оп. цит.* стр. 555. (1)

- Лешот или човечките остатоци можат да бидат пронајдени на место кое не е место на настанот, туку е дополнително донесен лешот. Од причина што местото на настанот е непознат, се појавуваат потешкотии во откривањето на сторителот, а во зависност од состојбата на пронајдениот леш можни се и потешкотии во идентификацијата на жртвата, особено ако со описот на исчезнати лица не одговара пронајдениот леш или ако се работи за странски државјанин.
- Потешкотии на откривачкиот процес претставува и лошата состојба на лешот, ако е во распаѓање или е распарчен и се пронаоѓаат делови на различни места (особено на напуштени места, депонии, на места на новоградби и сл.). Соединувањето на лешот, односно поврзувањето на распарчените делови се врши преку т.н. ДНК анализа каде преку неа се потврдува дека се работи за исто лице.[265]

### *5.5.3. Пријава од сведоци*

Ова е најчестиот начин за дознавање на ОВР за сторено убиство. Во основа се работи за пријава од членови на семејството, роднини, пријатели на жртвата или сторителот, соседи и сл. кои биле сведоци или очевидци на конкретниот настан. Во основа тоа се лица кои први пристапиле на местото на настанот или се нашле во својство на сведоци на извршувањето на криминалниот настан или се сомневаат, дека во соседството се случува убиство по слушање на вербална расправија, врисоци или слушнатиот истрел.

Вообичаено лицата кои се затекнале, во моментот на извршувањето на убиство или први пристапиле кон лице местото, каде што ја пронашле жртвата на убиство, пријавата до ОВР ја поднесуваат по телефонски пат.

Ваков вид на пријава можат да поднесат малолетници или возрасни лица. Кога деца поднесуваат ваква пријава треба да се насочат кон побарување на повозрасна

[265] Нашата криминалистичка пракса има искуство со ваков случај- имено сопругата после стореното убиство на сопругот со метална шипка, настанот се случил во Штип најпрво го замрзнува телото во замрзнувачот и му го распарчува телото на сопругот и во ќеса за одпадоци го разнесува телото низ градот. Со ДНК анализа е констатиран идентитетот на лешот и човечкитеостатоци.http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=5610D41D41B4114DB88DF7AA069A3C5F (пристапено 04.02.2019г.)

личност која ќе ги потврди наводите, освен ако се работи за дело во обид кое можело да биде насочено кон нив.

Приемот на ваков вид на телефонска дојава за сторено убиство, треба да биде во насока на барање на одговор на деветте златни прашања на криминалистиката. Во смисла треба да се добијат одговори за тоа (*што се случило, кога се случило, многу е важно да се констатира времето кога се случило, како се случило, точното место, каде се случило, со што се случило, кој бил мотивот, кој е сторителот и сл.)*[266].

Секако дека со излегувањето на лице место треба да се констатираат сите искази добиени од пријавата, која секако треба да биде во целост веродостојна. Со доаѓањето на лице место на настанот, од патролната служба треба да се забележат и воочат сомнителните околности. За сите околности треба да се извести оперативниот дежурен и да се организира постапката за истражување.

### *5.5.4. Анонимна и псевдоанонимна пријава*

Анонимните пријави се пријави без потпис на подносителот, додека псевдоанонинната пријава има лажен потпис на пријавителот. Пријава може да биде напишана рачно, на компјутер, или на машина за пишување, да биде пратена како СМС порака, да биде аудио снимена, или да биде пријава по телефон без да се претстави соговорникот.

Во однос на точноста на пријавата таа може да биде точна, делумно точна или целосно неточна. Секоја информација која ќе биде добиена на ваков начин треба да биде проверена. Кога информацијата е точна или делумно точна не треба да се трага кон пријавувачот.

Во случаите на лажна анонимна или псудоанонимна пријава треба да се трага кон создавачот на пријавата, од причина што можеби се работи за вистинскиот сторител на убиство кој има намера да терети друга личност.

Ваквиот вид на пријава е во зависност од мотивот на пријавувачот. Можен е случај кога мотивот е од психолошка природа, а понекогаш авторот има психопатолошка позадина. Понекогаш целта на ваквиот начин на пријава може да биде да се насочи истрагата во погрешна насока.

[266] Zerjav C., *Kriminalistika*, Obrazovni centar za unutrasne poslove RSUP Hrvatske, Zagreb, 1986, str. 40.

Од голема важност, за органите на прогонот е да го откријат мотивот и создавачот на ваквата пријава. Лицето кое е посочено за можен сторител може да го даде одговорот за создавачот на ваква пријава и за неговиот мотив.

Можен мотив за анонимна или псевдоанонимна пријава која е во целост вистинита, може да биде и компромис помеѓу желбата кривичното дело да се разоткрие, а од друга страна да се избегне создавачот на анонимната или псеудоанонимната пријава да се експонира на судот и да се појави лицето во својство на сведок.[267]

### *5.5.5. Јавно озборување*

Стореното убиство не мора веднаш да биде видно манифестирано. За чинот на убиство не мора веднаш да се дознае, може да помине пократок или подолг временски период до неговото дознавање.[268]

Јавното озборување, како начин на дознавање за сторено убиство многу ретко се среќава во практичната работа на полицијата, но сепак е присутно. Јавното озборување се состои во гласини за сторено дејствие на некоја личност за кое не се знае дали е навистина сторено и од кого потекнуваат гласините. Првичните гласини со поминувањето на времето сѐ повеќе се трансформираат и добиваат друг тек, а до органите стасуваат деформирани и извитоперени.

Но, независно од вистинитоста или невистинитоста на јавното озборување, органите на прогонот треба да ги провери информациите. Потрагата по информациите треба да биде во насока кон создавачот и кон проверка на нивната вистинитост. Делувањето на органите треба да биде во насока *каде има дим има и оган.*[269]

Доколку се утврди дека јавното озборување е точно тогаш не треба да се трага по изворот на инфомацијата. Но, во случај кога се констатира невистинитост на содржината на информацијата, тогаш се работи за кривично дело, и се пристапува кон откривање на создавачот на лажните вести. Потрагата кон создавачот на лажните вести, започнува од последниот кој ја пренел, па наназад се доаѓа до изворот на веста. Ако е

[267] Симоновиќ Б., *оп. цит.,* стр. 30. (1)
[268] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 279.
[269] Korajlić N., *op. cit.,* str. 23. (1)

потребно се применува и соочување на лицата кои ја пренеле веста, како оперативно-тактичка мерка.[270]

### *5.5.6. Активности на полицијата*

При секојдневните вообичаени активности на полицијата која секојдневно има многу важни и многукратни задачи, како при преземање на реактивна и проактивна истрага на различни кривичи дела може да биде во состојба да открие планирано и извршено дејствие на убиство.

Преку правилно насочување, на оперативно-тактичките мерки и дејствија, особено преку остварувањето на поширок увид во одредено административно-територијално подрачје или преку контрола на одредено криминогено жариште и пунктови, кои се собиралиште на деликвенти или на лица со сомнително однесување, може да дојде и до информации за планирано или извршено убиство.

ОВР во следењето на секојдневните состојби на теренот може да дојде до податоци за конфликтни состојби во соседството, за нарушени семејни односи, да ги забележи лицата со агресивно однесување, да забележи материјалните последици од друго дејствие и од други облици на факти кои евентуално би можеле да иницираат кривичен настан и да ја истажат криминалната активност на одредено лице кое се јавува како потенцијален осомничен.[271]

### *5.5.7. Пријава од здравствена установа*

Обврска на здравствените работници им е да даваат помош и нега на лицата на кои тоа им е потребна. Во ситуации кога е побарано помош од здравствени работници, кога се работи за смрт на некое лице, тие согласно чл. 267 од Законот за здравствена заштита се должни да ја утврдат причината и времето на смртта. Согласно чл.267 став 2 - ниту едно лице не смее да биде закопано без да се изврши преглед и обдукција и да се утврди времето и причината за смртта. Во сите случаи кога ќе се контстатира насилна или смрт под сомнителни околности задолжително треба да го извести органот за внатрешни работи.

[270] Џуклески Г., *оп. цит.*, стр. 132. (1)
[271] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 218. (1)

Кога докторот ќе забележи нанесени повреди на телото на пациентот има должност и обврска, за констатираните повреди да ја извести полицијата и да пристапи кон санирање на повредите, особено кога ќе се посомнева дека повредите е можно да се нанесени од трето лице .

Обврската на здраствените работници, да ја известат полицијата за насилството врз пациентите е согласно потпишаните Протоколи за соработка помеѓу институциите.

Пријавата од здравствена установа е должност и обврска на медицинскиот персонал кога има сомение за сторено убиство.

### *5.5.8. Самопријавување на сторителот*

Самопријавувањето на сторителот дека извршил убиство е редок случај, но во праксата сепак постои. Самопријавувањето на сторителот може да биде лажно или вистинито. Праксата покажува дека постои и трет случај кога самопријавувањето е несвесно невистинито.

Кај сторено убиство, ако сторителот делото го сторил во силна афектна состојба, како што се убиство на миг или од небрежност и додека сторителот е под силно психичко дејство од стореното, може да појде во полициската станица и да ја зборува вистината.

Самопријавување може да направи и сторител којшто очекува дека ќе биде уапсен, а самопријавувањето е со цел да си ја олесни положбата, во постапката на докажување. [272]

Но, треба да се каже дека кон самопријавување посегнуваат душевно здрави и душевно болни лица како за постоечки кривични дела, така и за непостоечки дела или имаат мотив да се прикрие некој друг сторител на убиството.

На ваквиот тип на пријава треба да ѝ се приоѓа со потребен степен на критичност. Таа не треба да се прифати како точна или веднаш да се отфрли како неточна.[273]

Лажната самопријава може да биде тактички потег со цел истрагата да се однесе во погрешна насока и за различно кривично дело.

---

[272] Џуклески Г., *оп. цит.*, стр. 133. (1)
[273] Ангелески М., *оп. цит.,* стр. 214. (1)

Сите информации кои ќе бидат добиени од лицето кое тврди дека е сторител треба темелно да се проверат. Најнапред е потребно да се побара од пријавувачот да направи скица на настанот и за начинот на извршувањето на делото, каква била неговата положба при извршување на настанот, положбата на жртвата и сл.). Преку содржината на пријавата се очекува во раната фаза да се откријат објективните и субјективните околности за тоа како се одвивал настанот.[274]

### 5.6. Мерки и дејствија од првиот оперативен зафат

Полицијата најчето по телефон ја добива пријавата дека е сторено убиство и тоа веднаш по извршувањето на кривичното дело. Постапувањето на полицијата по добивањето на информациите е со брзо реагирање и со излегување на местото на криминалниот настан и негово обезбедување.

Начелото на оперативност наложува веднаш по добиеното сознание за сторено убиство да се преземат мерки за откривање на факти и околности кои се важни за негово разјаснување и докажување, односно да се откријат трагите, да се подигнат, да се фиксираат и да се заштитат од уништување од „забот на времето“.

Во зависност во колкава мера вработените органи кои се задолжени за спроведување на кривичен прогон ќе се придружуваат кон ова начело, ќе зависи и успешноста на расветлувањето на кривичното дело и успешниот исход на целокупната кривичната постапка.

Ако е надворешен простор, тогаш местото се обележува со лента, а полицијата веднаш информира во брза помош заради обезбедување на лицето –жртва на криминалниот настан или ако станува збор за повеќекратно убиство или убиство во обид, тогаш се обезбедуваат лешевите од страна на медицински лица, а на лицата кои имаат знаци на живот им се пружа медицинска помош. Посебно се обележуваат местата односно положбата во која е затекната жртвата. [275]

По обезбедувањето на местото на настанот и по укажувањето помош на лица затекнати на местото на настанот, а на некој начин се инволвирани или учествувале во

[274] Korajlić N., *op. cit.,* str. 22. (1)
[275] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 280 – 282.

самиот настан, се обезбедуваат со носење во полициска станица, каде што со нив се вршат разговори.

Полицијата се организира на начин што веднаш го известува Јавниот обвинител, најпрво по телефон, а потоа и по писмен пат треба да се извести надлежниот Јавен обвинител и да се преземат итните мерки на обезбедување на лице местото, до доаѓањето на увидната екипа.[276]

Обезбедувањето на местото на криминалниот настан претставува мерка од прв оперативен зафат, и се изведува од страна на униформиран дел на полицијата – групата за интервенции (тим што е во состав на дежурната екипа во секоја полициска станица).

На местото на настанот излегуваат најмалку двајца полицајци, во зависност од проценката на дежурниот полицаец, во првиот тим можат да бидат и повеќе полицајци и дежурен криминалистички инспектор за општ криминалитет кои дежураат, ако е надвор од работното време.

Во случајот кога станува збор за пронајден труп, чијашто смрт настапила претходно или поминал одреден временски период, веднаш по добивањето на информацијата, полицијата излегува на местото на настанот, каде што е пронајден трупот и го обезбедува местото, а потоа на местото на настанот излегува увидна екипа од полиција со јавен обвинител и тим од криминалистичка техника.

Во криминалистичката практика се забележани и случаи на пронаоѓање делови од човечкото тело, во кои полицијата исто го обезбедува местото на настанот и таму се врши увид заедно со јавниот обвинител и тимот од криминалистичка техника. Кај криминалните случаи кога сторителот веднаш по извршеното убиство бега од местото на настанот, се преземаат мерки за негово пронаоѓање.

Полицијата во вакви ситуации ги почитува начелата на брзина и изненадување, темелност, упорност и единствено водење на постапката, брзо се реагира со излегување и обезбедување на местото на настанот и брзо се реагира во однос на пронаоѓање на сторителот/сторителите со блокирање на споредните улици, влезните и излезните патишта, но се даваат и информации за сторителот, ако бил со возило - податоци и за возилото, и се информираат соседните полициски станици за вршење на засилени контроли.

[276] Petrović A., *op. cit.*, 453.

Целта на мерките и дејствата од првиот оперативен зафат е да се добие одговор на основното криминалистичко прашање: *Што се случило?* Во зависност од одговорот и затекнатата криминалната ситуација, ако постапувањето на полицијата е веднаш по извршувањето на кривичното дело, може да се дознае дека станува збор за убиство или веднаш не е јасно дека не станува збор за убиство, дека се работи за несреќен случај или самоубиство. Лекарскиот тим кој е вклучен веднаш по обезбедувањето на телото на жртвата, го прави и првичниот преглед со цел да утврди дали постојат одредени траги на насилство.

Ориентирање и избор на начинот на прегледување на местото на настанот претставува: [277]

- Маркирање на сите важни точки и сите видливи траги и предмети од кривичното дело на местото на кривичниот настан;
- Фотографирање и скицирање на местото на кривичниот настан;
- Обезбедување и пакување на траги и предмети;
- Влегување на судски медицинар во кругот на местото на кривичниот настан и вршење преглед на трупот;
- Фотографирање, скицирање и опишување на трупот, опишување на местото на настанот.

Одговор на прашањето „ШТО СЕ СЛУЧИЛО?“, се однесува на:[278]

- Давање прва помош или повикување брза помош за првична помош на жртвата;
- Први на местото на настанот пристапуваат униформирани полицајци;
- Блокирање и обележување на местото на настанот – психолошка бариера (лента „стоп полиција“,);
- Ослободување на местото на настанот од затекнатите и неповикани лица;
- Заштитување на лешот од атмосферски влијанија;
- Заштита на трупот од напад на животни или инсекти;

[277] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 280 – 282.
[278] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 280 – 282.

- Распрашување и задржување на очевидците и други посредни сведоци што се затекнати на местото на настанот.

Значењето на увидот е изразен во Локартовата теза, дека секој контакт на два предмета се остава трага и *vice versa*. Како последица на овој принцип се јавува потребата од увидот, без да се откријат трагите не може да се открие кривичното дело, ниту да се открие сторителот.[279]

Брзината на излегување на лице местото е правило кое не смее да се крши.[280] Обезбедувањето на докази од лице местото е неопходност и нивното необезбедување и непронаоѓање може да ја направат безвредна целокупната доказна постапка или да ја однесат целокупната постапка во погрешна насока.

Промените кои можат да настанат на лице местото можат да бидат предизвикани од човечки фактор или од временските прилики: од делување на дожд, снег, или да настанат промени од делување на многу топло време и сл.

На лешот по самото настапувањето на смртта започнуваат природни биолошки процеси кои можат да ја отежнат работата на екипите за расветлување. Со самото изминување на времето му се овозможува на сторителот да ги уништи постоечките или да создаде лажни траги, да си подготви алиби или да си организира бегство.

Со брзото излегување на лице место има поголема можност органите кои ја спроведуваат истражната постапка полесно да ги пронајдат и затекнат сведоците на местото на настанот и сл.

Полицијата веднаш се организира и прави план за понатамошни мерки и дејства на откривање на причините или мотивите за убиството. Се трага по сторителот врз основа на пронајдените предметите и трагите на местото на криминалниот настан коишто се пронајдени со првичните мерки и дејства, но и според сознанијата од првичните одговори со лицата што биле на местото на настанот, со пријавувачот, но и со другите лица-очевидци. Драгоцени се и сознанијата, што се добиени од семејствата на жртвата, а во подоцнежната постапка по обезбедувањето на сторителот и од блиски со лица сторителот и од други инволвирани лица, а сè во интерес на целосно расветлување на криминалниот случај.

---

[279] Станојоска,А. *оп. цит.,*стр.151

[280] Водинелиќ В. , *Криминалистика,* Научна књига, Београд, 1987, стр. 202. (3)

Сокривањето или откривањето на трупот е проблемот што се наметнува подеднакво и кај убиецот и кај криминалистите. Прашањето е *Дали убиецот може да се ослободи од трупот* и *Како засекогаш да го скрие трупот?*

Меѓутоа, во најголем број случаи трупот се појавува, и јасно го открива и обвинува сторителот и го доведува во врска со негово разоткривање.[281]

Врз основа на првичните сознанија се поставуваат првичните верзии кои понатаму се елиминираат или надоградуваат.

Верзии кои првично се поставуаат кај убиствата се следни:

- Се расчистуваат сомнежите дали се работи за несреќен случај или за убиство (на пример: пожар извршен заради прикривање убиство; ставање труп на железничка линија за да се прикаже несреќен случај)

- Дали се работи за самоубиство, а всушност е убиство;

- Дали природна смрт е всушност и докажано убиство;

-Во случај на пронаоѓање на исчезнато лице многу често се скриваат убиства;

- Или се работи за самоубиство прикажано како убиство, несреќен случај или природна смрт.

### *5.6.1. Класификација на местото на настанот*

Во однос на местото на настанот во каква состојба може да биде затекнато пред полициските службеници да направат негово обезбедување, тоа може да биде:[282]

- Недопрено – да немало никакво присуство на неповикани лица до неговото обезбедување,
- Неизменето –да имало пристап на лице или животно, со тоа да го изменила или контаминирала местото на настанот, ова е состојба на променетост но само во однос на подлогата, но не и на трагите,
- Изменето - кога имало пристап на луѓе и животни кои го промениле местото на настанот, од причина што имало движење на предмети и лешот, и лице местото е изменето од првичната состојба.

[281] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 280 – 282.
[282] Korajlić N., *op. cit.,* str. 53. (1)

Пристапот на полицискиот службеник кој прв пристигнал на местото на настанот треба да биде во насока на констатирање дали унесреќеното лице, е уште живо и доколку се констатира знаци на живот треба да преземе мерки за давање на прва помош и да го организира неговиот транспорт во најблиската здравствена установа.

Службеникот треба да ги забележи затекнатата состојба, положбата на телото, предметите и трагите во околината и да ја забележи состојбата на евентуалните промени кои настанале.[283]

### *5.6.2. Определување на просторна големина на местото на убиството*

Обезбедувањето на лице местото најчесто врши, како активност, униформираната полиција. Работниците на полицијата кои први ќе стасаат на местото на настанот имаат преземено голема одговорност, особено ако се работи за специфично и тешко убиство или ако убиството е сторено на отворен простор. Првите работници на полицијата кои стасале на лице местото имаат пресудно значење за целиот тек на понатамошната истрага.

Прво правило за припадниците на полицијата е без особена потреба да не влегуваат и да не се движат на лице местото на настанот. Ова правило е востановено од причина, да не дојде до уништување на трагите, преку кои во понатамошната постапка би се оневозможило да се идентификува сторителот.[284]

Местото на кое е извршено убиство преставува драгоцена основа за пронаоѓање на материјални траги.

Иако истрагата започнува од местото каде што е пронајдено телото, место на настан може да биде местото каде делото е извршено или каде настанале последиците, односно каде дејствието на извршување на делото е сè уште во обид.

Тоа се фазите пред извршувањето на делото (*ante delictum),* фазата на извршување *(tempore delicti)* и фазата после извршување на делото *(post delictum).*

Местото на настанот може во себе ги вклучува:[285]

- Местото од каде што телото е praveno поместувано,
- Местото, каде што се случил нападот кој предизвикал смрт,

---

[283] Korajlić N., op. cit., str. 53. (1)
[284] Petrović A., *op. cit.,* str. 454.
[285] Korajlić N., *op. cit.,* str. 49. (1)

- Местото, каде што се пронајдени физички докази поврзани со кривичното дело,
- Возилото кое било користено за пренос на телото до местото каде што е пронајдено.

Зборувајќи технички место на настанот започнува на местото каде осомничениот ја претворил намерата за извршување во дејствие на извршување, па продолжува кон правецот на бегство и ја вклучува секоја локација каде што трагите и предметите од кривичното дело можат да бидат лоцирани.[286]

Од особена важност е полицискиот службеник кој прв се нашол на местото на настанот, каде што е пронајдено телото, да биде свесен за можното постоење на повеќе места на истиот настан, односно да ги предвиди можните места на настанот и да презема активности истите да бидат обезбедени.

***Шема бр.2 Приказ на просторна големина на лице местото - Шематски приказ на место на настан***




[286] Korajlić N., *op. cit.,* str. 51. (1)

**Активности на местото на кривичното дело**

Работата на лице местото на кривичното дело започнува со определување на:[287]

- обезбедување на местото на настанот;
- ориентација на состојбата на местото;
- преглед на потесното место;
- преглед на околината на местото;
- информативен разговор со сведоци и очевидци на настанот;
- испитување на осомниченото лице ако е присутно на местото;
- опсервирање, скицирање и фотографирање на местото.

**Обезбедување на местото на настанот -** успехот на увидот е во зависност од ситуацијата на лице местото да остане непроменета до евидентирањето на состојбата од страна на увидната екипа.

Припадниците на полицијата, кои први пристигнале на местото на кривичниот настан, најпрвин треба да ги отстанат сите неповикани лица од лице местото.

Многу е важно членовите на оперативниот тим на самиот почетокот, пред да започнат со активностите, да се договорат:

- За параметрите на лице местото,
- Кои заштитни мерки треба да се имплементираат и
- Кој ќе биде планот за обработка, претрес и собирање на докази, тука влегува и планот за подигање на телото на жртвата.

Полицискиот службеник што прв дошол и ја преземал првичната контрола да пристапот должен е да ги објасни информациите до кои дошол на членовите на екипата кои подоцна се приклучиле на истрагата. Со објаснувањето на пристапот на лице местото и за првичниот впечаток кој го затекнал, треба да внимаваат да не дојде до дополнителна контаминирација на лице местото, со тоа што, откога ќе отпочне истрагата задолжително на себе ќе носат заштитна облека. Ова ќе му овозможи на оперативниот тим да ја направи првата проценка и да стекне впечаток за природата и големината на кривичното дело и за активностите што ќе следат подоцна.

[287] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 215. (3)

Првата проценка е во насока на констатирање на потребата од вклучување и повикување на специјалисти и експерти од разни области. [288]

Форензички патолог секогаш треба да биде дел од тимот и процесот на носење одлуки доколку има пронајдено тело на лице место на кривичното дело. Придонесот на патологот е од важност доколку станува збор за убиство, кога станува збор за утврдување и договарање на стратегија и план за работа. Активноста и работата на патологот започнува со целосен преглед на телото во примарното лице место на кривичното дело, а продолжува со детален преглед во лабораторија.

На местото на настанот кога има убиства, вообичаено се пронаоѓаат четири вида материјални докази:[289]

- Предмети
- Делови од телото
- Отисоци и
- Утисоци.

Обезбедувањето на местото на настанот треба да биде просторно определено со:

- да се обезбеди најширокото подрачје кое е возможно,
- да се направи брза и објективна проценка на лице местото врз основа на:
  а) локацијата  на теренот
  б) присуството на било каков физички доказ
  в) изјавите на сведоците
  г) присуство на природните граници(објекти, куќи, дрва и сл.)
- секојпат треба да се има предвид можноста од постоење на повеќе места на настани.

Целта на обезбедувањето на местото е да се нареди ланецот кој ќе ги поврзе *лице местото со жртвата , осомничениот и физичките докази.* Факт е дека секој контакт помеѓу предметите и лицата оставаат траги без оглед дали се работи за макро или микро траги. Невозможно е сторителот да изврши „настан“, а да не остави или да не понесе со

[288] Korajlič N., *op. cit.,* str. 47. (1)
[289] Korajlič N., *op. cit.,* str. 51. (1)

себе микро траги од жртвата или од местото на настанот, кои можат да го поврзат со извршувањето на делото.

Безбедносните параметри се многу важни, не само за да се обезбедува лице местото на настанот, туку и истото да се заштити од јавноста, за да се контролираат набљудувачите, љубопитните и медиумите и да не се дозволува неовластено мешање и пристап, да се координира работата на службата за брза помош и за зачувување на доказите и спречување на контаминација.

Обезбедувањето на местото на настанот во себе ги содржи определувањето на елементите кои се однесуваат на определување на:

**Единствениот правец на движење** кој претставува правецот, патот или насоката што треба да се користи од сите присутни за да се дојде до внатрешниот периметар на лице место на кривичното дело.

**Надворешен периметар** е област што полицијата сака и треба да ги контролира заради следниве фактори: контрола на пристапот, географски карактеристики, собирањето на докази, параметрите на пребарување, здравствените и безбедносните мерки, раководењето и контролата на сообраќајот. Надворешните периметри потребно е видно да се обележани со полициска лента или со природни бариери, но задолжително да бидат одбележани.

**Внатрешен периметар** е област што полицијата го идентификувала како лице место на кривичното дело, тука треба да бидат вклучени сите точки од каде што можат да се соберат значајни и важни докази и предмети. Внатрешниот периметар исто така, потребно е да биде обележан со полициска лента**.**

При првичната реакција секогаш треба да се обезбеди лице местото и да се постават периметрите:

- Првиот полициски службеник што ќе пристигнат треба да бидат обучени да можат да ги воспостават внатрешените и надворешните периметар;
- Раководител на оперативен тим ќе ги разгледа воспоставените границите на периметрите и доколку е потребно ќе даде предлог истите да бидат поместени;
- Во секој периметар мора да постои соодветна ‘контрола на пристапот’ за да може само овластените лица, да имаат пристап, за што потребно е да се води посебен дневник за пристап на местото на настанот;

- Оперативниот тим мора да донесе соодветни правила и да им даде инструкции на полициските службеници покрај периметрите за тоа кој смее да има пристап и да има можност да влезе. Можно е да има разлика во дозволата за пристап кон надворешниот и внатрешниот периметар;
- Полицискиот службеникот што прв ќе пристигне на лице место ќе воспостави контролна точка на кривичното дело;
- Раководител на оперативен ќе одреди единствен правец на движење што ќе биде означен и обележан, кој треба да се користи секогаш кога се излегува од лице место освен ако не се увиди дека го користеле сторителите. [290]

Поставувањето на параметрите за периметрите треба да биде брзо и објективно врз основа на:

1. Локација на кривичното дело или телото;
2. Присуството на физички докази и
3. Изјави од сведоци или информации добиени од разузнавачки активности .

За местата на кривично дело што е на отворен простор, потребно е да се искористат сите природни бариери;

Треба да размисли за можните влезови и излези што можел да ги користи сторителот или жртвата, потребно е истите да се избегнуваат при одредување на единстениот правец на движење на истражната екипа;

Треба да размислува и да се поврзат и другите места кои можат да бидат поврзани со местото на настанот, како напуштени објекти, возила и сл. што ќе треба да се зачуваат;

На полициските службеници што први ќе реагираат на пријавата треба да им се каже да не допираат и прегледуваат ништо на лице место, само да ги идентификуваат фактите, единствено да ги обезбедат и зачуваат;

Можат да ги соберат или заштитат физички доказите единствено оние кои можат да се изгубат или уништат како на пример да се покријат отисоците од чевлите во зависност од околностите на временските услови .[291]

[290] Правилник за начинот на вршење на полициски работи Сл.весник на РМ 147/07
[291] Korajlič N., *op. cit.*, str. 50 – 52 . (1)

### 5.7. Преглед на поширокиот простор на лице местото на убиството

Многу е тешко да се постават пошироките граници на лице местото на настанот. Тоа е патеката на движење на сторителот додека доаѓал и го напуштил местото на настанот.

Важноста на поширокото подрачје е во претпоставката дека сторителот можел по таа патека на движење да се ослободува и од средствата на извршување на дејствието, или пак да се ослободува од предметите кои ги понесол од местото или по патот се ослободил од облеката и сл. [292]

Во зоната каде има извршено убиство, насока на потрага по траги и предмети на кривичното дело, полицијата треба да се насочи и да изврши и проверка на поширокиот простор на претпоставените места на кои се движел сторителот: да се проверат контејнерите за отпадоци, да се проверат грмушките, напуштените објекти, хаварисани возила и други објекти кои би можеле да бидат погодни за криење на предмети.[293]

Определувањето на поширокото подрачје треба да биде во насока и на определување на правецот преку преглед на инсталираните камери за видео надзор на околните објекти како продавници, хотели, бензински станици и др. преку кои со сигурност може да се констатира понатамошното движење на сторителот.

Од важност е да се нагласи дека при пронаоѓањето на предмети кои можат да се донесат во врска со извршувањето на делото дека истите не треба да се поместуваат без особена причина, туку само да се означат. Ова е од причина што истите траги подоцна ќе бидат од голема важност во динамичката фаза на увидот.[294]

#### *5.7.1. Пристап на лице местото на убиство на отворен простор*

Обезбедувањето на лице местото, ако се работи за отворен простор преставува посебна потешкотија од причини што:[295]

- Местото нема јасно утврдени граници,

[292] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 223. (3)
[293] Korajlič N., *op. cit.,* str. 55. (1)
[294] Korajlič N., *op. cit.,* str. 55. (1)
[295] Korajlič N., *op. cit.,* str. 53. (1)

- На местото може да има вирови, локви со вода, песок, истото да е нерамно и може да има кривини и сл.,
- Криминалистичката истрага е чувствителна на временските прилики кои можат да ги уништат трагите, поради врнежи од дожд, снег и сл, што бара итност во откривањето на трагите,
- Теренот може да биде исклучителен без можност за користење на струја, вода, кои се важни за водење на истрагата,
- Дневната светлина е лимитирана и честопати има потреба од организирање на физичко обезбедување на просторот кој е определен за место на настан,

Чести се случаите кога телото треба да се поместува од местото на настанот пред пристигнувањето на увидната екипа, во таков случај потребно е телото да се стави во чист чаршав или во специјална вреќа во која се ставаат мртви, со цел да се зачуваат и да можат да се користат доказите кои би се нашле на телото на жртвата, во постапката за вештачење.

### *5.7.2. Пристап на лице местото на убиство на затворен простор*

Затворениот простор на лице местото нуди низа предности за негово обезбедување во однос на отворениот простор на лице местото. Најпрвин се констатираат приодите до местото, потоа се врши испитување дали некој претходно пристапил кон местото пред да се изврши негово обезбедување.

Лицето кое е задолжено за обезбедување, кое прво пристигнало на лице местото најпрво треба да ја констатира затекната состојба: вратата дали била отворена, полуотворена или затворена, отклучена, заклучена. При евентуална потреба да се отвори вратата да се избегнува истата да се фаќа со прсти.

Во случаи кога нема можност да се влезе во просторијата низ врата треба да се користат прозорите за влез. Влезната врата после работата на увидната екипа треба да се остави во состојба просторот да може да се затвори и да се обележи дека има ограничен пристап до местот на настанот. Од причина што во интерес на истрагата, увидната екипа може да има потреба повторно да се врати заради откривање на дополнителни докази.

Во случаите кога во просторот на лице местото треба да се влегува од прозор или преку тераса треба активноста да се изведе со особена внимателност со цел да не се

предизвика дополнително опасност и создавање на дополнителни жртви или материјална штета, со особена внимателност кон трагите кои би можеле да се најдат под прозорот.

Во случаите кога се користат услуги од стручни лица како бравари, заради отворање на врата, треба да се инсистира на предизвикување на што помала штета и да се пристапи со голема внимателност да не дојде до уништување на трагите. При влезот во просторијата да не се пали светлото или да се допираат прекинувачите за светло, а за осветлување треба да се користат батериски лампи.

Прозорите и вратите треба да бидат затворени, но не и да се заклучени, но секако видливо да се ограничи за неовластен влез. За обезбедување на просторот и за обезбедување на истиот потребно е да се постави континуирана стража. [296]

### *5.7.3. Можни контаминатори на лице место*

Секогаш вреди да се размислува за можни контаминатори или уништувачи на доказните траги. Додека се прави проценката потребно е да се разгледа и можноста за заштитата на лице местото. Можни контаминатори на лице место можат да бидат: [297]

- Атмосферските влијанија – особено ако лице местото е на отворен простор. Атмосферските влијанија можат да делуваат негативно на трагите од крвта, на трагите од отисоците, на трагите од телесните течности, од ДНК итн. Сите ови траги и слични траги на нив можат многу лесно да бидат уништени од влијанија на: дожд, мраз, снег, ветер, директна сончева светлина и сл.;
- Роднини или пријатели – дали на жртвата или на осомничениот или пак едноставно јавноста сакаат да биде од помош, но во овој момент на откривачкиот процес можат да направат огромна штета;
- Осомничениот или неговите соработници и соизвршители се во обид да ги уништат или отстранат инкриминирачките докази кои можат да упатуваат на нив. Тие се во потрага на изнаоѓање на легитимен начин да се обидат да влезат на лице место на кривичното дело и да се обидат да ги анулираат доказите, или да создадат нови преку обид да ја донесат истрагата во погрешна насока;

[296] Korajlič N., *op. cit.*, str. 54. (1)
[297] Фришиќ Е., *Методологија на вршење увид кај сериозни кривични дела, криминалистичко судски вештачења и нивната доказна вредност*, Скопје, 2018, стр. 29.

- Сите гледачи, поминувачи, загрижени лица од заедницата или јавноста, жители и лица кои што не сакаат да го напуштат поширокиот периметар на лице местото или пак не сакаат да ги поместат возилата а бидејќи се наоѓаат во периметрите на радиусот на местото на можат да бидат сериозна закана и проблем за безбедноста на лице местото;
- Официјалните лица, експертите или супервизорите – лица што мислат дека имаат право да влезат на лице место преставуваат посебна опасност да станат контаминатори на лице местото. Раководител на оперативен тим треба брзо да се справат со нив и да донесе одлука за тоа кој има дозвола да влезе, а кој нема дозвола да го напушти лице местото;
- Животинскиот свет;
- Медиумите, односно работниците кои работат на информирање на јавноста се во постојана потрага по сензација и пренесување на првични вести. Тие најверојатно се и најголемите престапници за можно прекршување на периметрите за да направат фотографии или се во потрага да дојдат до интервју.
- Геолошки турбуленции, особено ако лице местото е на отворен простор, може да биде контаминирано како на пример и од: поплави, лизгање на земјишта, подземни извори, испуштање на гасови, депонии и ѓубре, области на загадено тло, загаденост, клима и ерозија.

### 5.8. Специфичности при вршење увид на место на настанот

Со цел разјаснување на некои важни факти и околности на кривичното дело за кои е потребно непосредно забележување се наложува вршење на увид како истражно дејствие. Увидот се спроведува по налог на јавниот обвинител а го спроведуваат по негово овластување правосудната полиција тогаш кога за утврдување или разјаснување на некаков важен факт во постапката е потребно непосредно забележување. Осомничениот, бранителот и оштетениот можат да присуствуваат при увидот. Нивното отсуство не го одлага преземањето на увидот. (чл.233 од ЗКП)[298]

[298] http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_posta Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година(пристапено 19.01.2020)

Увидот на местото на кривичниот настан е истражно дејство раководено од страна на јавен обвинител и секако, увидна полициска екипа - инспектор и увидна екипа од криминалистичка техника - форензичари. Итното вршење увид на местото на кривичниот настан има двојна улога.

Прво, со криминалистичко-техничката обработка на место на кривичниот настан се прибираат траги и предмети што претставуваат материјални докази, односно се откриваат „немите сведоци“ за тоа како се одвивала криминалната драма на настанот.

Второ, со вршење увид се стасува до т.н. идеални траги - како што се исказите на затекнатите лица, како извори на докази. Со лица затекнати на лице местото веднаш се разговара, а подоцна тоа се прави тактиката на неформално полициско сослушување.

Со увидот како истражно дејствие се добиваат сознанија кои се однесуваат на: постоењето на кривично дело, се одредува видот на кривичното дело, се констатираат доказите,се пронаоѓа и утврдува идентитетот на жртвата и се контролираат поедините докази со кои се располага .

Со поставување на прашања кои треба да се одговорат преку вршењето на увидот се реализираат задачите кои доведуваат до кривичниот заклучок. Поставените прашања пред увидот секојпат се индивидуални за секој конкретен случај при вршење на увид.

Задачата на увидот е да одговори на прашањата во врска со:

- пронаоѓање, собирање и фиксирање на предмети и траги на кривичното дело;
- пронаоѓање на околности под кои се случило кривичното дело;
- пронаоѓање на сторителот.

Целите на увидот ќе се постигнат преку:[299]

- ❖ Преглед на лице местото во целина,
- ❖ Преглед на жртвата и на останатите предмети во целина,
- ❖ Преглед на трагите на лице местото,
- ❖ Преглед на сомнителните места,
- ❖ Со информативен разговор со граѓаните и сведоците и
- ❖ Со разговор со осомниченото лице во случај да се пронајде на лице местото.

Увидот се спроведува во неколку стадиуми, од моментот на пристигнување на увидната екипа на местото на криминалниот настан сè до целокупното обезбедување на сите

[299] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 212. (3)

траги. За доказите од местото на настанот и на сè што е преземено, се изготвува записник за увидот, а за сите одземени предмети кои во подоцнежната постапка ќе послужат како доказ се изготвува потврда за привремено одземени предмети. [300]

Според Водинелиќ[301], увидот треба да се реалзира во шест стадиуми, а тоа се:

1. **Во првиот стадиум - ориентација**, кога на местото на настанот ќе пристигне екипата за обезбедување, прави ориентација во просторот, го обележува просторот со посебна лента „полиција“ на целиот простор на кој се видливи предмети и траги од криминалниот настан. Во оваа фаза треба веднаш да се донесе одлука за евентуална употреба на куче-трагач по предмети и траги во поблиската или подалечната околина од местото на настанот.
2. **Втор стадиум:** Раководителот на екипата стапува во кругот на местото на настанот заради констатирање на значајните точки на самото место. Во оваа фаза истражителите ја подготвуваат опрема за вршење увид со цел на местото на настанот да не се контаминира со траги од истражителите. Потоа, се пристапува кон обележување на телата, на средствата, на предметите, и се обележуваат видливи, или трагите кои се претпоставува дека ќе бидат пронајдени. Секоја точка значајна за објаснување на случајот се означува со реден број или буква.
3. **Трет стадиум – пред динамичниот преглед**, на самото место се извршува фотографирање и скицирање. Во оваа фаза состојбата се опишува во нотес состојбата подоцна ќе се пренесе во форма во записникот за увид. Во оваа фаза на ништо да не се менува положбата, ниту да се допира, додека не се опише во записникот за увид, нацртан на скица и фотографија.
4. **Четврти стадиум** - е фазата на обезбедување на трагите и предметите и нивно пакување, во оваа фаза започнува динамичниот преглед на лице место. Како треба да се пакуваат трагите? Трагите на зрното и чаурата се многу битни, па заклучоците за индивидуалност на оружјето се можни само тогаш кога вештакот ги добива апсолутно непроменети. Се бара и стручно постапување и чување, кое ги исклучува оштетувањата и промените. Постапувањето со предметите и трагите на кривичното дело не е секогаш на

[300] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 283 – 288.
[301] Водинелиќ, В. и Алексиќ, Ж., *оп. цит.*, стр. 274.

висина на работната задача. Сосема погрешно е чаурите, односно зрната, да се ставаат заедно во плик (или со денови да се носат во џебот заедно со клучевите) и секој поединечен предмет да не е маркиран. Токму тој факт доведува до заменување. Оружјето, чаурите, зрната, итн., можат да бидат правилно вештачени и оценети само ако се точно фиксирани и маркирани местата на нивното наоѓање. На пример, ако револверот е држен со денови во топла соба, тешко ќе можат со неговата цевка да се најдат траги на привлечени честички на ткиво, мозочна маса, крв, итн., или ако се чекало со испраќање на предметите за вештачење, а и тоа се извршило со површно – лошо пакување.

5. **Петти стадиум** – во оваа фаза се вклучува со активности судскиот медицинар – форензичар, од причина што лекарските испитувања бараат менување на положбата на трупот. Од самите тие причини овој преглед треба да биде извршен на крајот на извидувањето. Треба да се одбегне непосредното приоѓање на трупот.
6. **Шести стадиум**- е стадиумот во кој се прават фотографски снимки на самото место: се прави општ преглед на местото на настанот и трупот во рамнина на неговата поширока околина, со посебен поглед на маркираните точки. Се прават блиски снимки на трупот, положбата на жртвата во однос со околината со додатно досликување и маркирање на особено значајни точки; од разни страни и озгора. Се прават големи снимки на повредите кога од трупот ќе се симне облеката, на трагите и предметите на кривичното дело.

Ако од откривањето на злосторот настапиле промени на местото на настанот, треба да се направат најмалку две снимки. Првата снимка го покажува местото на настанот во состојбата во која се наоѓа, со сите промени кои настапиле и втората снимка што треба да се направи, местото на настанот да биде онакво какво што било во моментот на откривање или барем во моментот на доаѓање на екипата.[302] Средствата за извршување на кривичното дело убиство се сите видови предмети,

[302] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 283 – 288.

оружје и материи (во сите агрегатни состојби ) со кои можат да се нанесат смртоносни повреди.

Начинот на извршување на убиството ќе го одреди работата на увидната екипа на местото на настанот.[303]

### *5.8.1. Опис на лице местото*

Затекнатата состојба на лице местото треба да остане непроменета сè додека не биде фиксирана состојбата, преку опис, фотографирање и скицирање. Со описот на лице местото се започнува преку забележување на општата состојба, па се опишуваат особеностите.

Најпрвин се опишува околината на лице местото, па се поминува кон опис на лице местото, па потоа се опишува нападнатиот објект, трагите на него, трагите на неговата блиска околина и останатите траги. Описот треба да се однесува на: положбата, големината, обликот и бојата на пронајдените траги. Кога се прави записник за описот на лице местото треба да се забележат и атмосферските околности и временските прилики, кои биле во моментот на извршувањето на кривичното дело и условите во кои се врши описот на лице место.

Описот на лице местото потребно е да даде прецизен ио конкретен опис на лице местото. Како на пример – во случај *лешот ако е пронајден на отворен простор* - со описот треба да се назначи точното место - на 03.10.2019г во 15,30 часот. на ул Вич на 3,2 м северно од пешачкиот премин е пронајден леш на непознат човек.

Описот на затворениот простор на лице местото започнува од влезната врата во правец на движење на стрелките на часовникот, од лево кон десно, во опис на круг а средишниот дел се забележува последен. Потоа се забележуваат сите промени на предметите за кои се претпоставува дека се настанати со актот на извршување на кривичното дело.

Ако се опишува положбата на лешот, описот започнува со положбата на главата па према нозете, со забележување на растојанието на останатите предмети. При описот треба да се забележат положбата на лешот со страните на светот.

[303] Korajlić, N., *op.cit.* , str. 541.

При описот на лице местото треба да се забележат и негативните факти, кои се очекувале но не биле пронајдени. Како на пример *на тепихот не се пронајдени крвни траги.*[304]

### *5.8.2.Скицирање на лице местото*

Скицирањето на лице местотот на кривичниот настан е помошно средство во постапката за разјаснување на објективните елементи на делото, во постапката на сослушување на сведоци и при испитувањето на осомничениот и помага во утврдувањето на субјективните елементи на делото. [305] Скицата може да има и доказна вредност на главната расправа како доказно средство. Доказната вредност на скицата е од важност во случаи во кои се потребни точки мерки и кога фотографијата како доказ треба да се надополни.

Затекнатата состојба се скицира во груб обсек, таа претставува основа за понатамошното цртање. Скицата се прави на милиметарска хартија со цел да се направи размер на скицата. На скицата потребно е да се забележи приближниот размер. Размерот на скицата не би требало да помине 1:200, а деталите од скицата 1:50. Секојпат треба да биде забележан правецот од кој агол се скицира. Потребно е да биде обележан и објектот што се скицира со почетната буква.

Со скицирањето треба да се започне кога ќе се констатира што е битно за доказната постапка. Секоја скица треба да се направи на посебен лист хартија. На скицата треба да бидат забележани и временските околности како правецот на дување на ветрот, прекршувањето на сончевите здраци и сл.

### *5.8.3. Претрес на дом и други простории*

Во текот на водењето на истражната постапка, ЈО може во согласност со одредбите од ЗКП да преземе истражно дејствие, како што е претрес на домот или на други простории (чл.295 од ЗКП).

Кога се презема оваа ПИМ мерка потребно е да се изврши темелен претрес на просториите, тогаш се ангажира обучен тим за претреси, составен од искусни истражители или инспектор, кои се подготвени да го извршат претресот. Раководителот

[304] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 231 - 233. (3)
[305] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 233 - 234. (3)

на оперативен тим ангажира полициски службеник од криминалистичка техника, доказните предмети прецизно да ги евидентира, да направи скици и фотографии за доказите и да советува за соодветното подигање, пакување, транспорт и чување на предметите.

Раководителот на претресот ќе биде задолжен да раководи со динамиката на извршување на претрес на просториите.[306]

- Најнапред, пред почетокот на претресот потребно е да се осигура дека евидентирањето на состојбите за лице местото на кривичното дело започнала да се води;
- Потребно е да ја провери безбедноста со користење на периметри за безбедносни мерки кога тоа е потребно;
- Треба да се изврши проценка на сите здравствени и безбедносни ризици; Најпрво просториите треба да се пребараат од осомничени лица, пред да се започне претрес и испитувањето;
- Да се провери дали постојат знаци за насилен влез;
- Да се направи мисловна реконструкција за рутата на движење на сторителот до и од местото на настанот;
- Да се провери можноста за употреба на службено куче за поголема успешност во потрагата; или специјализирано обучено куче за детекција, да трага по човечка крв, човечки лешеви, дрога, огнено оружје, експлозиви;
- Да се утврди пристапен пат до и надвор од просториите;
- Да се утврди процедура за употреба на лична заштитна облека како - маска на лице, комбинезон, ракавици, навлаки за чевли и сл.;
- Задолжително да се провери опасноста од: струја, можноста да дојде до поплава протекување на гас, вода и сл.;
- Можност да се користи дополнително осветлување на лице место;
- Да се утврди кои форензички експерти ќе бидат потребни;
- Дали во случајот е потребен форензички патолог;

[306] Фришиќ Е., *оп. цит.*, стр. 54- 72.

- Во записникот за состојбата на лице место задолжително да се заведе дали светлата се запалени или изгасени, дали греењето е вклучено или нема греење, дали завесите се тргнати или не, дали ролетните кренати или спуштени и сл;
- Задолжително да се заведе затекнатата состојба на положбата на вратата и прозорците;
- Задолжително да се провери поштата и весниците, дневниците, писмата, фотографиите, дали постојат исечоци од весници поврзани со кривичното дело, да се провери компјутерската пошта, проверка на мобилни телефони итн. Состојбата потребно е да се фотографира во позиција како што се пронајдени;
- Да се провери постоење на траги од обувки;
- Дали има знаци на неред на сите места внатре;
- Ако постојат траги од крв, потребно е веднаш да се преземат мерки за анализа на крвта. Крвта е потребно да се обележи и да се фиксира без оглед дали се работи за крвни капки, контакт траги, исфрлена, испрскана крв или отпечатоци или траги од обувките во крвта;
- Ако се пронајде огнено оружје, да се внимава и да се запази целокупната процедурата за да може подоцна да се извлекуваат докази
- Да се утврди процедурата за анализа на отпечатоци;
- Да се утврди процедурата за одземање на облека за понатамошно испитување или фотографирање пред да биде спакувана и етикетирана;
- Да се проверат евентуалните машини за перење или корпи со облека за перење, со цел да се направи проверка и на рачките и отворите за прашок, да се пронајдат евентуални траги од крв, земја или слично;
- Да се испитаат кадите, лавабоата, решетките за одвод на тушот, крпи, сапун, шишиња шампон за доказ на активноста на исперување, вклучително и рачките на вратите, патосниците и теписи во однос на форензички траги, завеси, постелнината, облека и сл.
- Евентуални отпушоци од цигари и сè друго што може да содржи траги од ДНК од посетителите;

- Да се претресе под даските на подот, под кровот, позади маската на кадата, во цистерните и резервоарите за вода и други можни затворени места, за евентуални крвни траги кои во идејата за отстранување на крвта можел да ги остави сторителот;
- Да се претресе ѓубрето и корпите за отпадоци;
- Да се пребара надворешноста поврзана со просториите (градини, доградби, куќарки, гаражи, покрив, одвод, празнини и сл.), за оваа активност можеби ќе се има потреба од специјална геофизичка опрема (пр. метални детектори, радари за откривање на предмети скриени под земја итн.);
- Да се пронајдат предмети од интерес кои можат да се доведат во врска со друго претходно извршено кривично дело;
- Да се проверат сите сомнителни предмети што ги има во просториите и кому му припаѓаат (ќе има потреба од попис на сите предмети во просториите или одредени места или соби за доказно поврзување на лицата со предметите);
- Предмети што јасно недостасуваат, оштетен мебел или мебел што недостастува може да е показател за сомнителни околности;
- Да се утврди процедурата за одземање на уреди од тип на компјутер и мобилен телефон;
- Да се провери дали возилото може да се поврзе со криминалниот настан и дали е потребно негово префрлување на соодветно место за понатамошна обработка;
- При обработката на возилото да се обрне внимание од можноста да се пронајдат остатоци од земја или други траги, со ставање на акцент на внимание на сводовите, на просторот за делот на нозете, гепекот или тркалата;

За извршениот претрес на лице местото и околниот терен, раководителот на претресот поднесува писмен извештај до раководителот на оперативниот тим.

### 5.9. Идентификација на жртвата

Идентификација на личноста се спроведува во постапка во која се утврдуваат и споредуваат правните, биолошките и фактичките обележја по кои едно лице се

разликува од сите останати. Правната основа на идентитетот се однесува на темелот на законските прописи кои се однесуваат на индивидуалната идентификација како особеноста на: името, презимето, брачната состојба, државјанството, престојувалиштето и сл.(овие особености се променливи).

Фактичките особености на обележјата на индивидуата се однесуваат на датумот на раѓање, местото, националноста (овие обележја не се променливи и независни од желбата на носителот).

Биолошкиот идентитет на индивидуата е од важност за криминалистиката. Целокупноста на сите индивидуални обележја на индивидуата не се земаат во предвид, туку само обележјата со кои индивидуата се разликува од останатите.

Во криминалистиката постојат три начини на идентификација на леш: евиденциска, истражна и експертизна.[307] Идентификацијата на лешот се врши со помош на обележување на идентификационите траги на лешот со елементи на индивидуалностите кои се однесуваат на младежи, тетоважи, ожиљци и сл. Од особена важност се идентификационите траги на вилицата на лешот, важна е улогата на стоматологот особено ако лешот е резултатот на пожар.

Во случај кога лешот е во лоша состојба, реконструкцијата на личноста се извршува со тродимензионална фацијална реконструкција. Денес, со развојот на компјутерската техника, може да се користи методот на *дигитална суперимпозиција.* Со овој компјутерски метод на идентификација се состои во прикажување на фотографија каква личноста би можела да биде преку компјутерското вклопување. Треба да се каже дека информациите од описот кој го дале членовите на семејството на унесреќеното лице, имаат особено значење за идентификацијата на лешот. Откога ќе настане подудирање на идентитетот се пристапува кон соопштение на семејството на лицето кое се идентификувало.[308]

Во одредени случаи каде има подолг временск период од пронаожањето на трупот на жртвата со цел нејзина идентификација се прави обдукција. Но, обдукција се прави и во сите случаи каде постојат елементи на сомнителност за настапувањето на смртта.

[307] Korajlić, N., *op.cit.* , str. 69.
[308] Korajlić, N., *op. cit.* , str. 71.

Самата обдукција треба да даде одговор на следните прашања, според Корајлиќ:[309]

- што е причина за смртта и дали таа била насилна?
- какви повреди освен смртни има на телото на жртвата?
- со какво средство се нанесени повредите?
- кои повреди настанале после настапувањето на смрта?
- кога настапила смртта?
- дали има повреди за кои може да се заклучи дека се одбранбени повреди?
- дали убиениот бил под дејство на алкохол?
- дали жртвата боледувала од некоја болест која можела да влијае како причина за смрт?
- дали под ноктите на жртвата има траги од сторителот?
- дали на жртвата има специфични траги, кои укажуваат на сторителот?

Лекарот кој е специјалист по судска медицина врз основа на надворешните промени на лешот, може приближно да го определи времето на настанување на смртта. Познато е дека температурата на лешот се намалува за 1 степен Целзиус на еден саат, но само до изедначување на температурата со температурата на телото. Мртовечките дамки се појавуваат на површината на телото 34 часа после смртта. А вкочанетоста на телото настапува 24 часа после смртта, а потполно е изразена 810 часови, постепено попушта после три до четири дена.[310]

### 5.10. Информативен разговор со лица кои можат да дадат информации

Лицата кои во моментот на извршување на кривичното дело биле во близина и можеле да видат или слушнат поединости, од случувањата во кои се случило убиство, се од важност во целокупната постапка, на разјаснување и докажување на кривичното дело.

[309] Korajlić, N., *op.cit.* , str. 66.

[310] Korajlić, N., *op. cit.* , str. 66

Со излегувањето на лице место започнува потрагата на сведоците и лицата кои имаат информации за кривичното дело, жртвата или сторителот. Кога екипата за увид излегува на лице местото започнува и систематското барање на лицата кои можат да дадат некакви информации. Во близината на лице местото, се бараат ваквите лица, не треба да се чека тие самите да се јават. Во случај да има повеќе лица, кои се спремни да дадат изјава за настанот, тие се разделуваат и се сослушуваат поединечно.

Екипата која го извршува увидот, не треба да се наслони на нивните изјави и да формира слика за тоа како се одвивал настанот, таа својата работа треба да ја насочи кон пронаоѓање на материјални докази, со кои ќе ги поврзе со добиените информации од лицата кои ги добиле.

Директно вклучувањето на лицата кои имаат информации за дадениот настан има огромно значење во фазата на реконструкција[311].

За да се докаже дека дејствувањето на осомничениот ја предизвикало смртта на друго лице, потребно е:

- Да се докаже причината за смртта и
- Да се докаже дека осомничениот, со дејствување ја предизвикал смртта.

Намерата е бараниот елемент, доказите мора да наведуваат на заклучокот дека злосторот бил намерен, а не случаен. Намерата е многу важен елемент и имплицира желба да се нанесе зло и пакост.

Начинот на извршување на делото го покажува степенот на намерата.

Видот на користеното оружје, како и тоа на кој начин оружјето е набавено и на кој начин дошле во контакт жртвата и осомничениот, помагаат во докажувањето на намерата, како и дејствата што ја предизвикале смртта.

Намерата и предумислата не се синоними.

Предумислата не е услов за намерата.

Повеќето злосторства од страст содржат намера, но не и предумисла, односно зла намера.

Решавање на следниве криминалистички задачи:

[311] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 229 - 231 (3)

## 5.11. Сведоци, вештаци од корист при расветлување на случајот

### *5.11.1. Сведок*

Сведок е лице кое било очевидец и присутен, во моментот додека се одвивал настанот, и за него може да се раскаже во интерес на дознавање на вистината.[312] Раководителот на оперативен тим треба да донесе стратегија преку која ќе се идентификуваат потенцијалните сведоци. Додека истрагата е во почетна фаза потребно е да се соберат што е можно повеќе информации коишто можат да се поврзат со криминалниот настан.

*Идентификација на сведоци и изработка на стратегија за нивно пронаоѓање*

Раководителот на оперативен тим треба да донесе стратегии, кои имаат за цел да се идентификуваат потенцијалните сведоци. Добрите сведоци се темелот на примарните докази во кривичното гонење и сите расположливи ресурси треба да се искористат во однос на истото и тоа постојано да остане апсолутен приоритет.

Раната проценка за типот на лица кои најпрво треба да се бараат ќе помогне во давање приоритет на ресурсите. Секој случај се разликува и раководителот на Оперативен тим треба да биде поактивен и да се обиде да ги искористи сите расположливи можности.

На почетокот треба да се повика единица за собирање визуелни докази и да се обработат видео снимки на лице место на кривичното дело за да се снимат сите кои се присутни, особено кога има насобран народ.

Во случаи кога има присуство на медиумите, потребно е да се провери дали тие имаат некои податоци за сведоци или корисни снимки, особено да се обрне внимание дали тие имаат направено некое интервју со сведоци па дури праксата покажала дека има случаи на направено интервју на медиумите и со осомничени лица. Медиумите можат да се употребат за да се нагласи, дека во врска со конкретниот настан на кои некои лица биле сведоци, можеби тие се лицата кои располагаат со информации, а за кои не се свесни, дека тие виделе нешто битно, а тие информации се од особена важност за натамошниот тек на истрагата. Од сведоците можат да се побараат и снимки направени на мобилен телефон или лични снимки направени на дигитална камера од некои лица кои биле присутни на лице место на кривичното дело. Можат, да бидат од

[312] https://sr.wiktionary.org/wiki/svedok(пристапено на 20.12.2018г.)

корист и се дадат на испитување и пасивни податоци, како на пример да се изврши проверка на видео надзорот на околните објекти или да се испитаат објавите на социјалните мрежи и сл.

Полицијата во интерес на пронаоѓање на потенцијални сведоци може да изврши и распрашување во локални јавни места. Стратегијата на поврзување со граѓаните од таа заедница може да биде делотворна во пронаоѓање на информации и потенцијални сведоци. Стратегија за поврзување со семејството може да помогне со информациите и потрагата по сведоци. Еден од начините за доаѓање на информации за сведоци е преку собирање разузнавачки информации.

Распрашувањето на самата географска локација за информации кои се од интерес за конкретните околности на случајот, како на пример на потенцијалните рути на движење кои можеле да ги користат како сторителот така и жртвата и испитување и проверка на евиденцијата од кривично дело за да се види дали биле заведени податоци на потенцијални сведоци и слушањето на снимките на јавувачот се точни.

Првиот контакт со сведоците: не се ограничува само на раните фази од кривично дело или при водењето на криминалистичко истражување, тоа може да се случи во кој било момент во текот на криминалистичкото истражување, вклучувајќи ги и оние случаи кои се отворени повторно после многу години.

Првите впечатоци кои можат да ги стекнат сведоците во разговорот со ОСЛ на полицијата, за тоа како тие можат да бидат третирани, влијаат на волјата на сведокот да соработува и на тој начин да обезбеди докази.

Прифатливо за сведокот е, кога тој ќе го даде првичниот исказ, истиот да биде заведен од полицискиот службеник кој постапува по предметот. На секој последователен разговор со сведокот, да може да го вклучи првичниот исказ и заведеното во белешките, кое може да му служи на ОСЛ како потсетник. Сето што е претходно кажано, ќе биде со цел да се потврди со истрагата, тоа што се кажало потребно е, подоцна да се испита потемелно, во сите детали.

Во рамките на криминалистичко истражување може да се направи и дијаграм или реконструкција, што ќе покаже каде точно бил и како бил позициониран сведокот кога го забележал нештото, што е од значење, за истрагата. Тоа ќе помогне во подоцнежната фаза, особено ако околината, кои биле драстично се променила во меѓувреме, од моментот кога е извршено кривично дело

Првичниот контакт со сведоците не се ограничува само на раните фази од кривично дело или водење на криминалистичко истражување и може да се случи во кој било момент во текот на водењето на криминалистичкото истражување, вклучувајќи ги и оние случаи кои се отворени многу години. Раководителот на оперативниот тим треба да постави цели за да се осигура дека членовите на истражниот тим и другиот полициски персонал кои би го имале првичниот контакт со жртвите, ја разбираат важноста на нивните постапки доколку и кога ќе се сретнат со сведоци. Првите впечатоци за тоа како може да се третирани или како ќе се постапува со нив може да влијаат на волјата на сведокот да соработува и на тој начин да обезбеди докази.

***Првични кратки искази***

Сосема е прифатливо за сведокот да даде првичен исказ, точно заведен од страна на полицискиот службеник кој постапува. Последователниот разговор според насоките и процедурите може да го вклучи и првичниот исказ и заведеното во белешките. Тоа ќе биде со цел да се потврди што се кажало и да се испитаат потемелно сите детали кои се вклучиле.

Во зависност од карактерот на кривично дело кое е во рамките на криминалистичко истражување може да е корисно да се направи дијаграм или реконструкција што покажува точно каде бил и како бил позициониран сведокот кога забележал нешто од значење. Тоа ќе помогне да се сочува овој податок и да се стават работите во контекст во подоцнежната фаза, особено ако околината од кривично дело се променила во меѓувреме.

Кога се води разговор со сведоци, полицискиот службеник мора да води сметка за следното:

- Колку време сведокот бил во состојба да го набљудува дејството на извршување на кривичното дело;
- Колкава била оддалеченоста помеѓу сведокот и местото на настанот;
- Каква била видливоста за да може да го види дејството на сторителот и да процени со каков вид располага сведокот;
- Дали постојат пречки кои можеле да го попречат погледот на сведокот;

- Дали лично сведокот се познава со сторителот, односно дали истиот му е познат или го имал само видено некаде претходно и како го поврзува дека тоа лице е наводниот сторител на кривичното дело;
- Што било претходно и од која причина успеал да го запамети наводниот сторител, и дали постои и што имало нешто специфично што придонело да се запамети лицето или пак информациите за кривично дело;
- Колку време има поминато откога сведокот за последен пат го видел наводниот сторител.

Полицискиот службеник треба да обрне внимание и на информациите:

- Дали сведокот има информации за предметите кои биле користени во извршување на кривичното дело и каде истите биле подоцна оставени;
- Дали сведокот знае и за тоа е свесен за постоење на доказни недоследности и пропусти во кажаното од негова страна и со тоа се обидува да манипулира или е свесен за непостоење на некои материјалните докази кои сè уште не се собрани, а се од важност за истрагата;
- Кога сведокот ја познава жртвата или осомничениот и претходно имале некакаков меѓусебен контакт, потребно е да се истражи нивната претходна врска, нивното минато, кои места ги посетувале и дали постојат други ситуации кои се поврзани или се слични;
- Секоја дополнителна информација за животот на сведокот може да ја зајакне или оттргне веродостојноста на исказот на сведокот, на пример дали сведокот конзумира и колку е склон кон консумирање на алкохол или дрога, и дали имал нешто консумирано кога бил во својство на сведок на настанот, дали консумира некои психотропни супстанции и сл. и
- Со цел да се избегне конфузија на добиениот исказ, потребно е претходно да се констатираат сите информација кои што ги поседува сведокот, дали има некои информации кои би можеле да одат во насока за да може да дојде до негово заплашување за да може да биде сведок и на судската постапка. На ова тема

има потреба да се работи, откако тој ќе се заврши со неговиот исказ во својство на сведок.

Без оглед дали некој е во категоријата на сведок и треба да се пронајде, со цел да се изврши разговор и да се елиминира од понатамошната истрага или е во категоријата на осомничен, многу е важно е да се знае како треба да постапуваат членовите на истражниот тим. [313]

### *5.11.2. Тактика на сослушување на сведоци*

Разговорот направен со семејството на жртвата, сведоците и осомничениот е од централно значење за водењето и успехот на криминалистичкото истражување. Можно е да се има повеќекратна корист од разговорите што се водат професионално и чиј квалитит е осигуран, а истите можат:

- Да ја насочат истрагата, што пак потоа може да води до обвинение или рано ослободување на невино лице;
- Зголемување на јавната доверба во полицијата, особено на сведоците и жртвите од кривични дела кои доаѓаат во директен контакт со полицијата и
- Спречување на недостаток на кредибилитет и загуба на довербата, нерешени кривични дела.

Раководителот на Оперативниот тим треба да ги искористи знаењеата и способностите на координаторот за разговорот вклучувајќи го во случајот уште во најрана фаза на устрагата. Координаторот може да му помогне на раководителот на оперативен тим да ги утврди соодветните стратегии и да се формулира процедура за утврдување на конкретни категории на сведоци и да ги спроведе самите разговори.

Координаторот за разговор треба да е способен и да му помогне на раководителот во изборот на соодветна екипа од полициските службеници за водење на процесот на истрага и да може биде поддршка на раководителот во текот на целиот процес. Општата стратегија за разговор со сведоци треба адекватно да ги покрива повеќето од разговорите со сведоците при секоја истрага.

[313] Правилник за начинот на вршење на полициски работи Сл.весник на РМ 147/07

Сепак, можно е да се појават и специфични околности поради кои треба да се изготви специфична стратегија за разговор со индивидуални сведоци. Ваквата специфична стратегија за разговор со индивидуален сведок како резултат на:

а) можниот карактер на нивното сведочење и

б) проблеми кои можат да влијаат на способноста на сведокот или осомничениот да разговара со полициските службеници што се задолжени да го водат разговорот, а се појавиле околности кои ја оневозможиле можноста да комуницираат со нив.

Без разлика дали некое лице во својство на сведок или осомничен, тој е во категоријата каде е потребно да се пронајде, да се објави разговор и да се елиминира или осомничен, важно е да се знае како е потребно да се постапува со нив и да се наметне однос како тие ќе постапуваат со членовите на истражниот тим. [314]

Сослушувањето е сложено и комплексно доказно дејствие што се спроведува во рамките на истражната и судската дејност а се состои од прибирање искази на сведоци заради проверка на доказите.

Се поставува прашањето кој се и во кое својство може да биде сослушуван? – тоа се сите лица кои има веројатност дека имаат сознанија за одреден кривичен настан, односно биле негови сведоци и имаат сознанија кои можат да се доведат во врска со кривичното дело и сторителот. [315]

Стратегија за разговор е преглед на високо ниво за процесот на разговор со сведокот во контекст на севкупната истрага. Стратегијата за разговор се договара со широка дискусија помеѓу Раководителот на оперативен тим, советникот за разговор и обучените лица за разговор.

Општа стратегија за разговор со сведок воглавно се применува кога се има потреба да се работи со бројни сведоци а треба да се земе во обзир во истражните активности, иако може да се изготви подоцна во текот на истрагата.

На постапката на сослушување и претходи фазата на темелно проучување на целокупниот доказен материјал кој е во кривичниот предмет како што се: записникот за увид, криминалистичката реконструкција, претходни изјави од сведоци и сл.

Пред почетокот на сослушувањето треба да се проучат и социодемографските, психофизиолошките и други својства на лицето кое се сослушува. а кои се однесуваат

[314] Правилник за начинот на вршење на полициски работи Сл.весник на РМ 147/07

[315] Ангелески М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2007, стр. 8. (3)

на: полот, возраста, образованието, професијата, дали се располага со податоци за можните психички реакции од настанот од претрпениот страв, дали има реакција на резервираност, конфликтност на личноста и сл.

Потребно е да се одредат и потребните и соодветните лица кои ќе можат да бидат присутни во просторијата додека трае сослушувањето. Во смисла на задолжителна потреба од присуство на: адвокат, преведувач, психолог, технички персонал кога има потреба да се направи аудио или визуелен запис, или има потреба за присуство на родител, како во случај кога се сослушува малолетник.

Местото каде ќе се врши сослушување на сведоците може да биде кабинетот на ЈО, канцеларијата на полицискиот службеник кој ќе го води сослушувањето на сведокот или пак место на сослушување може да биде и лице местото на настанот кога е потребно да се прави реконструкција или криминалистички експеримент на настанот.

Во принцип, сведокот на разговор потребно е да се повикува на сослушување по писмен пат, но во некои случаеви поради итноста на постапката, тој може да биде повикан и телефонски.

Во случаи кога сведокот не се отповикувал на поканата во предвиденото време и место, а своето отсуство не го оправдува, може за реализација на сослушувањето да биде и приведен.

Времето предвидено за негово повикување е во текот на денот, но по исклучок, заради итност на постапувањето некојпат сослушувањето може да биде закажано и веднаш.

Од голема важност е да се знае и категоризацијата на којашто може да и припаѓа сведокот. Имено сведокот може да биде: [316]

***Ранлив*** – во оваа категорија спаѓаат:

- сите деца кои можат да се појават за сведоци, кои во моментот на сослушување се на возраст под 18 години;
- сведоци кои страдаат од некакво ментално пореметување или имаат некакво нарушување на интелигенцијата или на социјалното функционирање;

[316] Ангелески М., *оп. цит., 2,* стр.125

- Или сведоците имаат некаков физички инвалидитет или страдаат од некакво физичко нарушување.
- ***Исплашени***-сведоци се од ранливата категорија како резултат на околностите.

- Во случајов исплашените сведоци се дефинирани како оние чиј квалитет на сведочењето може да се намали поради страв или страдање.
- Заради одредувањето дали сведокот спаѓа во оваа категорија, полицијата треба да гоземе во обѕир: карактерот и наведените околности, возраста, социјалното, културното и етничкото потекло, домашните и работните околности, религиозни убедувања и политички ставови.
- Особено треба да се анализираат ставовите на сведокот спрема: обвинетиот, членови на семејството на обвинетото лице или деловните партнери, минатото на наводниот сторител, особено дали тој или таа имале некаква претходна историја на насилство или заплашување.
- Каков бил односот на сведокот со жртвата и со членовите на нејзиното семејство, со колкав степен на чувство на емпатија за настанот располага и сл.
- Важен сведок е лице кое можеби било или тврди дека бил очевидец на самиот настан, на некаков начин е извршено делото на убиство, или пак колку сведокот кој е поврзан со жртвата.

Сите овие информации на некаков начин имаат централно место во истрагата. Раководителот на оперативен тим заедно со советникот за разговор сите овие информации ќе треба да ги утврди и класифицира, за тоа кои од сведоците се важни. Сведоци кои се категоризираат како ранливи или исплашени смеат да бидат испрашувани само од обучен персонал во координација со координатор за разговор.

Чинот на сослушување се одвива низ три последователни фази:[317]

- *Анкетна фаза* - во оваа фаза испитувачот ја воспоставува првичната комуникација во која го запознава соговорникот со причините за повикување и со неговите права и обврски. Во оваа фаза испитувачот задолжително со максимално внимание ја проучува личноста на соговорникот и добива впечаток

[317]Ангелески,М. *оп. цит.*,1 стр.

за неговите интелектуални, образовни и лични карактеристики. Од добро поставената првичната комуникација зависи понатамошната фаза на сослушувањето. Во оваа фаза треба да се воспостави релаксирана атмосфера за соговорникот.

- *Фаза на слободно излагање* во оваа фаза се остава слободен простор на соговорникот да даде излагање во форма на општо раскажување за она што го знае, за она што смета дека е интересно да го истакне, а е во врска со кривичниот настан, сторителот или жртвата. Во оваа фаза сведокот дава излагање според негова лична хронологија и онака како што тој нештото го забележал. Слушателот на исказот на сведокот во фазата на слободно излагање треба да покажува внимание и заинтересираност и да не го прекинува, ниту вербално ниту гестикулативно иако е свесен дека сведокот во својот исказ се задржува и укажува на банални нешта, а како возврат испушта битни факти за истрагата.
- *Фаза на поставување прашања* - во оваа фаза испитувачот започнува со активно учество и поставување на прашања со кои ќе ги зацврсти сознанијата од исказот и ќе ги надополни празнините од дадената изјава. Во оваа фаза исказот ќе добие на квалитет или пак ќе се демаскира испитаникот кој се обидел и дал лажен исказ.

### *5.11.3. Заштита на сведоци*

Во Законот за кривична постапка предвидена е посебна категорија, како што се сведоците, за кои постои веројатност дека со давањето исказ или со одговор на определено прашање, би се изложил себеси или нему блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, а со цел да се заштити го ускратува правото да даде исказ или да изнесе податоците се додека не се обезбедат услови за негова заштита.

Заштитата на загрозениот сведок се состои во посебен начин на испитување и учество во постапката. Ако јавниот обвинител оцени дека стравувањето од опасноста и стравот се реални и основани ќе го прекине испитувањето и ќе преземе итни дејствија согласно со одредбите за заштита на сведоците.

Проценката дали сведокот треба да има посебен третман на заштита треба да се проценува конкретно во дадената ситуација дали има опасност по неговиот живот или може да се доведе во опасност животот на нему блиско лице.

Кога е потребно да се размислува за потреба за заштита на сведоци, треба да има во предвид и следниве факти:

- Дали сведокот е оштетена страна или жртва, и дали истиот придонел со нешто за да се најде во таквата ситуација;
- Какво е неговото минато и која е семејна структура на сведокот;
- Дали заканата е вистинска и реална или само во очите на сведокот се гледа како таква;
- Дали сведокот или членовите од најблиско семејство имаат некакво криминално минато;
- Дали постојат други лица кои можат да се појават како сведоци кои можат да ги дадат ист квалитет на информации како и сведокот кој смета дека е изложен на ризик.

Исказот кој е даден според правилата за посебен начин на испитување на загрозен сведок може да се користи во текот на испитувањето, а потоа ќе се издвои од списите и ќе му се предаде на судијата на претходната постапка на чување во запечатен плик.

Повикувањето на заштитениот сведок во претходна постапка или на главна расправа се врши преку Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи.

Во претходна постапка заштита на загрозениот сведок се врши веднаш штом ќе се дознае за постоењето на веројатноста на околностите кои можат да го загрозат сведокот. Јавниот обвинител е обврзан да ги преземе мерки за заштита на загрозениот сведок.

Најнапред треба да го извести и да го запознае загрозениот сведок дека ќе се преземат мерки за негова заштита. Јавниот обвинител со решение ќе го определи псевдонимот на загрозениот сведок, како и посебниот начин на учество во постапката и на испитувањето. На испитувањето на загрозениот сведок во претходната постапка не присуствуваат обвинетиот и неговиот бранителот, ниту оштетениот и неговиот законски застапник.

Личните податоци на заштитениот сведок ќе бидат запечатени во посебен коверт и тие ќе се забележат во списот, со користење на псевдонимот. Запечатениот коверт со податоците за загрозениот сведок може да ги побара и да ги отвори само второстепениот суд кога одлучува по жалба.[318]

На ковертот ќе се забележи дека е отворен и ќе се наведат имињата на членовите на советот кои ќе се запознаат со неговата содржина. Откако членовите на советот ќе се запознаат со неговата содржина, ковертот повторно ќе се запечати и ќе му се врати на јавниот обвинител.

На заштитениот сведок не смее да му се поставуваат прашања со кои на директен или индиректен начин би се открил неговиот идентитет, местото на живеење, вработеноста или податоци за членовите на семејството.

Лицата кои во кое било својство ќе ги дознаат податоците за загрозениот сведок се должни да ја чуваат информацијата како класифицирана информација.

Давањето на исказ на заштитениот сведок може да се состои од прикривање на идентитетот, а во определени случаи и изгледот на загрозениот сведок. Испитување под псевдоним се однесува само на прикривање на личните податоци, испитувањето ќе се спроведе под псевдоним без наведување на другите податоци. Во другиот дел испитувањето ќе се спроведе според општите одредби за испитување сведок. По завршеното испитување загрозениот сведок го потпишува записникот со псевдонимот. Испитување со помош на технички уреди за пренос на слика и тон ќе се спроведе со помош на технички уреди за пренос на слика и тон, при што ликот на загрозениот сведок и неговиот глас се изменети. Заштитениот сведок во текот на испитувањето може да се наоѓа во посебна просторија, која физички е одвоена од другите учесници во постапката.

## 5.12. Криминалистички експеримент

Криминалистичкиот експеримент претставува вештачко повторување на криминалниот настан или на некои негови делови. Криминалистичкиот експеримент претставува системски и плански организирана работа за проверка на поставените

[318] Закон за заштита на сведоци бр. 07-1892/1 19 мај 2005 година

верзии и изнаоѓање на факти со цел разрешување на спорните околности во фазата на криминалистичко-оперативната обработка.[319]

Целите на експериментот како самостојна оперативна активност е да се утврдат нови докази, како и заради проверка или прецизирање на фактите кои се од значење за прецизирање на кривичниот настан или поконкретно која појава морала да ѝ претходи на настанатата утврдена последица.

Експериментот се спроведува и заради контрола на одредени факти и околности, како на пример се прави обид за проверка на исказот на сведокот дека го слушнал разговорот, преку експериментот се прави проверка на можноста на исказот да биде невистинит.

Важно криминалистичкото правило е дека пред реконструкција на криминалниот настан мора да биде фиксиран целокупниот изглед на лице местото и трагите и предметите на кривичното дело.[320]

За да може криминалистичкиот експеримент да ги даде очекуваните резултати, потребно е да бидат исполнети криминалистичко-тактичките услови за извршување на ова дејствие:[321]

- Раководителот на криминалистичкиот експеримент треба на почетокот да ја постави целта на експериментот.
- За успешен експеримент потребно е тој да биде изведен во точно оределено време на денот или ноќта како што е означено во моментот на настанување на криминалниот чин.
- Експериментот се изведува на местото на настанот.
- Експериментот се изведува со истите средства со кои е извршено дејствието.
- Неопходно е присуството на сведоците и вештите лица кои го воделе увидот.
- Криминалистичкиот експеримент по правило се спроведува повеќе пати, а минимум двапати и при секој експеримент се надополнуваат со нови факти.

[319] Кривокапиќ В. и Крстиќ О., *Криминалистичка тактика 2*, Полициска академија Београд, 1999, стр. 125.
[320] Кривокапиќ В. и Крстиќ О., *оп. цит.*, стр. 126.
[321] Кривокапиќ В. и Крстиќ О., *оп. цит.*, стр. 129.

- Резултатите од експериментот се обезбедуваат записнички, се скицираат, фотографираат, се снимаат со камера и сл.

## 5.13. Откривање на сторителот

Начелата на брзина и оперативност, како криминалистички начела доаѓаат во полн израз веднаш по добиеното сознание дека е сторено убиство. Согласно начелата, идеално би било постапувањето на органите задолжени за откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, во постапувањето со преземањето на оперативно тактичките мерки и истражните дејствија, да постапат веднаш - како во делот на постапувањето за откривање на сторителот на кривичното дело, така во откривањето на релевантни материјални траги важни за доказниот процес.

Изминатото време од стореното убиство до придвижувањето на откривачкиот механизам е обратно пропорционално на штета на откривачкиот процес. Од тактички и процесни причини логично откривачкиот процес започнува со увид на местото на настанот, потоа следи обдукција на жртвата и одредени вештачења, во зависност од околностите на самото убиство. Врз основа на собраните факти се прави верзии за тоа како се одвивал кривичниот настан и се планира понатамошната оперативна дејност и понатамошната криминалистичка обработка. Со откривањето на лешот се пристапува кон идентификација на жртвата и со откривање на нејзините криминалистички карактеристики, кои се однесуваат на начинот на живот, со што ќе се прават верзии кои можат да се поврзат со можен сторител кој би ѝ наштетил.

Во некои случаи кога е пронајден леш, на почетокот не се претпоставува за што конкретно се работи и дали е поради: природна смрт, самоубиство или се работи за убиство? Одговорот на ова прашање ќе го даде судскиот медицинар преку обдукцијата.

Карактеристично за откривачкиот процес на убиствата е потребата за вклученост на судскиот медицинар и вештаците како балистичари, стручњаци од дактилоскопирање, биохемичар и сл. во сите случаи кога е пронајден леш.[322]

Во откривачкиот процес на убиствата од битно значење се и изјавите на сведоците. Преку нивните изјави се утврдуваат индицијалните факти од кои

[322] Водинелиќ В., *Криминалистика откривање и докажување 2 том*, Факултет за безбедност, Скопје, 1985, стр. 743 (4)

произлегува проверка на верзиите, за тоа каков бил односот помеѓу сторителот и жртвата. Преку анализата на односот на жртвата и сторителот се доаѓа до мотивот на сторителот. Со методот на оперативна проверка се прави елиминација на кругот на осомничени лица. Кога сторителот и жртвата се познавале поставувањето на верзии за настанот им ја олеснува криминалистичката работа во откривачкиот процес. Работата е усложнета кога не може да се направи поврзување помеѓу жртвата и сторителот.

За констатирањето на кругот на осомничени лица придонес даваат трагите и предметите кои се пронајдени на местото на настанот. Со анализата на индицијалните факти кои потекнуваат од сторителот или од средствата со кои го извршил делото и од информативниот разговор се доаѓа до кругот на осомничени.

Од сите добиени индицијални факти се формира профилот на можниот сторител. Профилирањето е вид на криминалистичка алатка за утврдување на идентитетот на сторителот.

### *5.13.1. Изработка на фоторобот на осомниченото лице*

Фотороботот или нацртаното лице на осомничениот е значајна алатка во полициската истрага.[323] Полициската истрага ја користи оваа алатка за пронаоѓање на можен сторител кога на местото на настанот не се пронајдени материјални траги, а има изјава од очевидецот на настанот.

За да се направи фоторобот на осомничениот потребно е да се исполнети два услова: осомничениот да не носел маска и да се пронајдат сведоци кои ќе бидат во можност да го опишат сторителот.

Во изработка на фоторобот можат да учествуваат и повеќе сведоци. Во ваквиот случај се изработуваат повеќе цртежи на фотороботи кои подоцна се спојуваат во една конкретна фото слика.

Во праксата се забележува дека жените забележуваат повеќе детали од настанот, како на пример во што бил облечен сторителот, каков нос, очи имал, како се движел и сл. мажите го гледаат сторителот како една целина.

Фазата на изработка на фото робот е следна:

[323] Македонската полиција ја користи оваа алатка за откривање на осомничени лица. Во просек се правата околу 150 фотороботи, а само една е споделена во јавност. – Вечер бр.16910 од 17.12.2018 год.

- најпрво се враќа сведокот во контекст на настанот, за да се доловат битните детали и да се оживее настанот како што се случил во реално време.
- се бара да се направи опис на облеката, како тој се движел, да се обележи растојанието од кое го забележал сторителот.

Целта е да се извлечат сите битни информации, од голема важност е сведокот да не се прекинува додека зборува. Во делот на описот се започнува од: чевлите на сторителот, панталоните, нозете, облеката, телото, рацете, и најбитниот елемент изгледот на лицето, формата на брадата, устата, носот, веѓите, челото, косата и така до најситните детали.

Во компјутерот на криминалистичка техника има 500 различни форми на очи, нос и други карактеристики, сведокот треба да одбере приближна сличност.

Со холистички пристап има девет типа на лице и од нив се избира кое е најприближно исто со сторителот и би се дошло до финален резултат.

Човековиот мозок е најсовршениот компјутер кој изобилува со милиони информации. Од огромна важност е да се направи мобилизација на сите тие информации за да се постигне целта.

Неприкосновена е неопходната доверба која треба да ја стекне сведокот во органите на прогонот за да почне истиот со доверба да комуницира. Децата како сведоци при изработка на фоторобот на осомничениот се од важност и кај нив стекнатата доверба за да почнат со комуникација и опис е пресудна.

## 5.14. Лишување од слобода

За причините и за времето на лишувањето од слобода правосудната полиција го известува судијата на претходната постапка, за што составува службена белешка. Ако не е составена службена белешка, судијата на претходната постапка даденото известување ќе го внесе во записник.

При лишувањето од слобода лицето веднаш ќе се запознае за причините за лишувањето од слобода и ќе се поучи за правата од членот 69 на овој закон веднаш или откако за тоа ќе се создадат услови.

На активноста за лишување од слобода се пристапува откако претходно е обезбедена писмена наредба од јавниот обвинител. Наредбата треба да содржи име и

презиме на обвинетиот што треба да се приведе, назив на кривичното дело што му се става на товар со наведување на одредбата од законот, основот поради кој се наредува приведувањето, службен печат и потпис од судијата кој го наредува приведувањето.

Лишување од слобода без налог на суд е предвидена во Чл. 158 од ЗКП[324] само во исклучителни ситуации и тоа:

(1) Лицето затечено во извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност може да го лиши од слобода секој ако постои опасност од бегство за што веднаш се известува полицијата. Лицето лишено од слобода се задржува сè до доаѓањето на полицијата, која мора за тоа веднаш да биде известена.

(2) Лице затечено во извршување на кривично дело е лице кое е забележано при вршење на дејствието на делото, односно лице кое непосредно по сторено кривично дело е затечено под околности кои укажуваат дека сторило кривично дело.

(3) Правосудната полиција е должна веднаш, а најдоцна во рок од шест часа од лишувањето од слобода да го изведат лицето пред судија на претходна постапка.

Активноста за лишување како и секоја друга активност што ја презема полицијата треба внимателно да биде испланирана и подготвена. Планот за апсење треба да биде однапред подготвен. Со планот за апсење треба да се задоволат две начела: начелото на изненадување и начелото на брзина и начелото на конспиративност.[325]

Стратегијата преку која ќе се спроведе апсење не треба да се гледа како шаблон, таа треба конкретно да се прилагодува на секој индивидуален случај. Со обработена стратегија треба еластично да се пристапува и да се прилагодува на секој случај со врз основа на претпоставените способности на секое лице кон кое ќе се пристапува. Изборот на членови на групата која ќе ја спроведе активноста за лишување од слобода е од важност. Од членовите на групата се очекува да бидат добро физички и кондиционо подготвени и барем еден од нив да ја познава топографијата на теренот, каде што ќе се спроведува апсењето.

Кога ќе се одбере групата за апсење, се назначува еден од нив за раководител. Раководителот претходно ги распоредува членовите на тимот со конкретните задачи и

[324] Закон за кривична постапка *Сл. .весник на РМ бр. 150/10.*
[325] Водинелиќ В., *оп. цит.*, стр. 117. (2)

дискутра со групата за можностите кои можат да настанат во моментот на реализирање на активноста.

Екипата треба да има сознанија и информации за личноста која ќе се лишува од слобода, како во смисла да располага со негова фотофрафија, личен опис, да има информации за неговите карактерни особености и навики, дали легално располага со оружје, дали е регистриран во криминалистичката оперативна евиденција за некое друго кривично дело и сл. Од особена важност за екипата да располага со план или скица од местото каде што ќе се реализира апсењето, за истата да има сознанија за приодните и отстапните места и сл.

Од лицето кон кое се презема мерката лишување од слобода може да се очекува тоа да не дава отпор или истото да дава активен отпор. Постапувањето на екипата треба да биде со внимание и да биде подготвена сѐ да очекува од ваквите сторители. На почетокот лицето кое се лишува од слобода може да делува смирено, но тоа не смее да биде предуслов да се намали вниманието на групата за апсење и да ја намали будноста и насоченоста на вниманието. Употребата на огнено оружје во услови кога се спроведува мерката лишување од слобода може да биде исклучиво во крајна нужда, а употребата на други средства за присилба може да биде само во насока на кршење на дадениот отпор во мерка на нужно.

Ако се претпоставува дека лицето ќе дава активен отпор, апсењето треба да биде спроведено на изненадување и на отворен простор, за да не биде во состојба да организира самоодбрана, или пак ноќе да се затекне во домашни услови, повторно со изненадување.

По ставањето на *лисици* на рацете завртени на грбот, се пристапува кон негов личен претрес со цел пронаоѓање на оружје и орудија со кои би можел на себе или на некого да наштети или кон пронаоѓање на траги и предмети со кои може да се докаже неговата поврзаност со кривичното дело. Веднаш му се одземаат личните документи и парични средства, за сѐ што е пронајдено при личниот претрес се составува записник.

### 5.15. Тактика на сослушување на осомничен

Истражната постапка се спроведува против определено лице за кое постои основано сомнение дека е сторител на кривично дело (глава XXI чл. 291 ст. 1[326]). Истражната постапка е во надлежност на надлежен јавниот обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција.

Наредбата на надлежниот јавен обинител за спроведување на истражна постапка се состои од лични податоци за осомниченото лице и правна класификација на делото (чл. 292)[327].

Во истражна постапка која може да ја спроведе покрај другите кои му се на располагање на јавниот обвинител, тој може да спроведе и истражно дејство како што е да се повика на разговор осомниченото лице (чл. 295)[328]. Разговорот со осомниченото лице може да се спроведе и пред да биде спроведена истражната постапка, кога постојат опасности од одлагањето (чл. 295 ст. 2).

Осомничениот е лице за коешто постојат факти и основи на сомнение, кои го посочуваат лицето, за можен сторител на кривично дело. Комуникацискиот однос со осомниченото лице за убиство се одвива во конфликтна ситуација од причина, што лицето од првиот момент истиот целосно или делумно го одбива обвинението или дава образложение за стореното и целосно без одбрана го прифаќа. Доброто проучување на личноста на осомниченото лице (во оваа фаза) и добрата тактика на спроведување на разговор ја даваат успешноста на понатамошното спроведување на другите истражни дејствија. Тактиката на разговор се спроведува врз основа на добивањето на впечаток за тоа со каква личност се има пред соговорникот. Не е иста тактиката на водење на разговор со суров и ограничен човек или со интелигентен кај кого има покајување за стореното.

Започнувањето на разговорот со осомничениот започнува со добивање на првични лични излагања на прашањата за биографијата на осомничениот преку негово слободно изложување, за што се прави и записник за излагањето. Кога се испитува обвинетиот првпат ќе се праша дали го разбира јазикот на кој се води постапката, за

[326] Закон за кривична постапка, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10.*
[327] Закон за кривична постапка, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10.*
[328] Закон за кривична постапка, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10.*

името и презимето, за прекарот ако го има, за името и презимето на родителите, за моминското презиме на мајката, местото на раѓање, местото на живеење, денот, месецот и годината на раѓање, единствениот матичен број, за припадноста на заедница, државјанството, занимањето, семејните прилики, образованието, имотната состојба, дали, кога и зошто е осудуван, дали и кога ја издржал изречената казна, дали против него се води постапка за некое друго кривично дело, а ако е малолетен кој му е законски застапник.

Во делот на сослушувањето на осомниченото лице, а со цел да да се запази во целост постапката во ЗКП во чл.206.

Предвидени се правата на осомничениот во смисла:

- зошто се обвинува и кои се основите на сомневањето што стојат против него;
- дека не е должен да ја изнесе својата одбрана, ниту да одговара на поставените прашања, но доколку даде изјава таа може да се користи во постапката против него;
- дека може да земе бранител по свој избор со кого може насамо да се советува и кој може да присуствува на испитувањето;
- дека може да се изјасни за делото кое му се става на товар и да ги изнесе сите факти и докази кои му одат во полза;
- дека има право на увид во списите и да ги разгледува предметите кои се одземени;
- дека има право на бесплатна помош на преведувач, односно толкувач ако не го разбира или зборува јазикот кој се користи при испитувањето и
- дека има право на преглед од лекар при потреба од медицински третман или обвинетиот може доброволно да се откаже од некое од правата, но тоа треба да биде дадено писмено и да биде потпишана од негова страна.

Лицето не може да се откаже од правото на бранител, ако нема свој адвокат на обвинетиот ќе му се достави листата на дежурните адвокати изготвена од адвокатската комора. Во случај кога обвинетиот прво не сакал бранител, но подоцна изрази желба за бранител, испитувањето ќе се прекине и повторно ќе продолжи кога обвинетиот ќе се советува со него.

Пред започнувањето на првото испитување, обвинетиот ќе се информира и за правото на спогодување за вината со јавниот обвинител согласно со членовите 489 до 496 од овој закон.[329]

При испитувањето на обвинетиот ЈО може да се снима со апарат за визуелно-тонско снимање, снимениот материјал подоцна може да се користи во постапка.

Снимениот материјал се изработува во три примероци: по една за ЈО и обвинетиот и еден примерок за судијата кој ќе ја спроведува претходната постапка. Ако дојде до прекин на испитувањето се наведува причините зошто дошло до тоа и се забележува моментот кога продолжило снимањето за да не дојде до можност за некаква злоупотреба на аудио-визуелниот материјал. Материјалот прибран со аудиовизуелен запис може да се користи исклучиво во кривичната постапка. На распитот не треба да се поставуваат прашања во контекст на: сексуален живот и сексуалните склоности, политичкото и идеолошкото определување, расното, национално и етничко потекло, моралните критериуми и други особено лични и семејни околности, освен по исклучок, ако одговорите на таквите прашања се непосредно и очигледно поврзани со потребните разјаснувања на битните обележја на кривичното дело кое е предмет на постапката. [330]

Ако обвинетиот е со физички хендикеп во смисла ако е глув, во тој случај писмено ќе му се поставуваат прашања, а ако е нем, ќе се повика писмено да одговара. Ако испитувањето не може да се изврши на ваков начин ќе се повика толкувач кој ќе биде во можност да се разбере со обвинетиот.

Откако обвинетиот е поучен за правото на молчење и за другите негови права спрема обвинетиот не смее да се употреби никаков тип на измама за да се дојде до негова изјава или пак по секоја цена да има обиди за да се дојде до признание. Забранета е употребата на сугестивни и каприциозни прашања. Прашањата кои ќе бидат поставувани треба да бидат јасни, разбирливи и прецизни за да можат од обвинетиот да бидат разбрани. При испитувањето не смее да се поаѓа од претпоставката дека обвинетиот признал нешто што не признал, ниту смеат да му се поставуваат прашања во кои е веќе содржано, како треба на нив да се одговори.

Најнапред му се дава можност на обвинетиот непречено изложување да се изјасни за сите околности што го товарат и да ги изнесе сите факти што му служат во

[329] Закон за кривична постапка, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10.*
[330] Чл. 217 од Закон за кривична постапка, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10.*

прилог на својата одбрана. Обвинетиот своето излагање го изнесува усно, при испитувањето да може да му се дозволи да ги користи своите забелешки.

Откога обвинетиот ќе го заврши исказот, ќе се започне со поставување на прашања. Прашањата се со цел да се пополнат празнините и да се отстранат противречностите или неразбирливоста во некој сегмент од неговото излагање. Испитувањето треба да се врши на начин, што во целост така ќе се почитува личноста на обвинетиот.

Спрема обвинетиот не смеат да се употребат сила, закана или други слични средства на присилба за да се дојде до негова изјава или признание. Сторителот на убиство се обидува на сите можни начини да го отежнува утврдувањето на вистината.[331]

Од оваа причина потребно е добра подготовка на која подразбира добро проучување на кривичниот предмет и на дотогаш добиените доказни материјали, одделување на предметот на испитување, составување на план за спроведување на дејствието, проучување на личноста на осомничениот и сл. се очекува да покаже спремност и вештина на водење на разговор, од него се очекува да даде активна провокација на осомничениот да се испровоцира што повеќе да зборува. Целта на овој разговор е да открие мотив на сторителот, како обвинетиот дошол до жртвата, какви траги и други материјални докази уништил или скрил, какви повреди и нанесол на жртвата и како настанала смртта.[332]

Кога осомничениот соработува и дава искрено признание и прикажува чувство на каење за стореното, во записникот од сослушувањето задолжително треба да се забележат сите факти и околности од моментот од кога потекнала криминалната замисла, како дошол до жртвата,за начинот на реализација на убиството, за употребените средства за извршување, со каков ефект биле средствата, кој му бил мотивот, и каков ефект има стореното кривично дело на сторителот[333].

---

[331] Vodinelic V., *Kriminalisticka obrada ubistva i teskih telesnih povreda*, SSUP Beograd,1972, str. 33-38. (5)

[332] Ангелески М., *Криминалистичка методика*, Скопје, 2008, стр. 243 – 245. (4)

[333] Ангелески М., *оп. цит.*, стр. 242 – 243. (4)

# ГЛАВА VI

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ И КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

За добивање на податоци за состојбата на убиствата во Република Македонија, се обративме и добивме податоци од МВР од Бирото за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Се спроведе истражување со увид во досиејата на затворениците во КПУ – Идризово, Скопје.

Се направи увид во интернет страницата на Министерството за внатрешни работи со цел да се пронајде бројот на сторителите на убиство кои се во бегство од извршувањето на правосилната судска пресуда.

За добивање на податок се обративме и до болницата за психијатриско лекување во Бардовци каде се сместени стирителите на убиства а се наоѓаат на психијатриско лекување.

Од добиените податоци од од МВР од Бирото за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа ја претставуваме следната состојба на убиствата во Република Македонија:

| год. дело | Извршени убиства | Убиства во обид | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2007** | **42** | **60** | 102 |
| **2008** | **36** | **45** | 81 |
| **2009** | **36** | **46** | 82 |
| **2010** | **40** | **40** | 80 |
| **2011** | **28** | **40** | 68 |
| **2012** | **28** | **50** | **78** |
| **2013** | **20** | **53** | **73** |
| **2014** | **26** | **49** | **75** |
| **2015** | **22** | **37** | **59** |
| **2016** | **17** | **28** | **45** |
| **2017** | **27** | **34** | **61** |
| **вкупно** | **322** | **482** | **804** |

***Табела бр. 2. Фрекфенција на извршени убиства и убиства во обид.*** [334]

[334] Податокот за сторени убиства и убиства во обид е добиен од МВР од Бирото за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Во периодот од 2007 до 2017 година според статистиките добиени од МВР во Република Македонија се извршени вкупно 804 убиства и убиства во обид. Според бројките: 322 се сторени убиства, а 482 се убиства во обид.

Најмногу убиства (42) се сторени во 2007 година, а најмалку убиства во 2016 година (17).

Во однос на состојбата на обидот за убиство извршени се 482 обиди за убиства. Најмногу обиди за убиство има во 2007 година 60, а најмалку 28 во 2016 година. (Графикон бр.1).

***Графикон бр. 1 Сооднос на убиствата и обидот за убиства***




Како што може да се забележи од графиконот убиствата и обидите за убиства се изедначуваат во 2010 година и кај убиствата и кај обидот за убиство нивниот број изнесува 40 што би значело дека во истата година има 80 жртви од ова кривично дело, најмалку убиства и обиди за убиства има во 2016 година, во која се случиле 45 кривични дела и тоа 17 завршиле со убиство на жртвата, а 45 со обид за убиство.

Динамиката по градови според организациската поставеност на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал на сторените е прикажана во (Табела бр.3.)

| | СВР Скопје | СВР Битола | СВР Велес | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Струмица | СВР Тетово | СВР Штип | ОСОСК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2007** | 21 | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | 4 | 5 | 0 |
| **2008** | 10 | 4 | 3 | 3 | 5 | 0 | 8 | 1 | 2 |
| **2009** | 14 | 3 | 4 | 2 | 6 | 1 | 5 | 1 | 0 |
| **2010** | 14 | 3 | 0 | 7 | 5 | 3 | 4 | 4 | 0 |
| **2011** | 12 | 0 | 2 | 4 | 3 | 3 | 4 | 0 | 0 |
| **2012** | 8 | 3 | 4 | 2 | 3 | 2 | 4 | 2 | 0 |
| **2013** | 8 | 1 | 2 | 3 | 0 | 1 | 3 | 2 | 0 |
| **2014** | 8 | 2 | 6 | 1 | 2 | 0 | 3 | 4 | 0 |
| **2015** | 6 | 0 | 1 | 2 | 4 | 1 | 7 | 1 | 0 |
| **2016** | 4 | 3 | 1 | 4 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **2017** | 11 | 5 | 2 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 0 |
| **Вкупно** | 116 | 27 | 26 | 33 | 35 | 15 | 47 | 21 | 2 |

***Табела бр. 3: Сторени убиства по сектори за внатрешни работи по градови во РМ и оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал***[335]

***Графикон бр. 2 Процентуален приказ на убиствата по сектори за внатрешни работи по градови во РМ и оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал***




[335] Податокот е добиен од МВР од Бирото за јавна безбедност Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Според податоците (*Графикон бр.3* ) се забележува дека 36% убиства се сторени во надлежност на СВР Скопје, 15% се сторени во надлежност на СВР Тетово, 11% во надлежност на СВР Охрид, 10% во надлежност на СВР Куманово, 8% во надлежност на СВР Велес, 6% убиство во надлежност на СВР Штип, 5% убиства во надлежност на СВР Струмица и Одделот за сериозен организиран сериозен криминал 1% убиства.

Во однос на состојбата со обидот за убиства состојбата е претставена во табела бр.4.

| | СВР Скопје | СВР Битола | СВР Велес | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Струмица | СВР Тетово | СВР Штип | ОСОСК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2007** | 28 | 5 | 2 | 11 | 5 | 3 | 6 | 0 | 0 |
| **2008** | 9 | 2 | 1 | 11 | 5 | 3 | 6 | 0 | 0 |
| **2009** | 12 | 4 | 4 | 7 | 8 | 2 | 8 | 1 | 1 |
| **2010** | 12 | 4 | 2 | 4 | 6 | 0 | 8 | 4 | 0 |
| **2011** | 13 | 2 | 2 | 9 | 5 | 5 | 3 | 1 | 0 |
| **2012** | 16 | 2 | 1 | 8 | 8 | 3 | 8 | 3 | 1 |
| **2013** | 15 | 1 | 5 | 14 | 5 | 1 | 10 | 2 | 0 |
| **2014** | 11 | 2 | 1 | 7 | 8 | 2 | 18 | 0 | 0 |
| **2015** | 7 | 2 | 1 | 3 | 5 | 2 | 13 | 4 | 0 |
| **2016** | 6 | 4 | 1 | 5 | 3 | 1 | 5 | 3 | 0 |
| **2017** | 12 | 0 | 1 | 5 | 4 | 1 | 11 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 141 | 28 | 21 | 84 | 62 | 23 | 96 | 18 | 2 |

***Табела бр. 4 Обид за убиство според СВР на РМ и ОСОСК***

***Графикон бр. 3 Приказ на обидот за убиства според СВР на РМ и ОСОСК изразен во проценти***[336]




[336] Податокот за сторени убиства и убиства во обид е добиен од МВР од Бирото за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Во поглед на обидот за убиство (*Графикон бр.3* )повторно предничи податокот од СВР Скопје, каде се случиле 141 од сите обиди за убиства, потоа следи СВР Тетово, каде се случиле 96, потоа следува СВР Куманово со 84, па СВР Охрид со 62, СВР Битола со 28, па СВР Велес со 21, па СВР Штип со 18 обиди за убиство и податокот од ОСОСК со 2 обида.

Причините за ваквиот неуедначен распоред на убиствата и обидите за убиства можеме на индиректен начин да го поврземе со општествените, економските, политичките прилики во државата воопшто.

Во периодот на 2007 година кога највеќе доминираат убиствата и обидите за убиства, причините за тоа можеме да ги поврземе со сè уште неурамнотежените меѓунационални односи после конфликната ситуација од 2001 година. Во тој период кај населението сè уште има голема количина на нелегално оружје. Започнува со имплементација Охридскиот рамковен договор. Стапката на невработеност на населението е 35%, со просечна плата од 14. 291 денар во државата. Промените на општествените, економските и политичките прилики во периодот на 2017 година се одразија во подобрување на состојбата во целост, па и во однос на убиствата. Во овој период стапката на невработеност е 17%, просечната плата изнесува 22. 237 денари. Доаѓа до поголемо релаксирање на меѓунационалните односи. Во периодот од десет години спроведени се повеќе акции за собирање на нелегалното оружје.

Но ќе нагласиме и еден факт, дека периодот од последните десетина години е и период на масовно иселување на младите од Македонија. Според новинарски проценки се работи за бројка од половина милион луѓе кои ја напуштиле државата.[337]

Од податоците кои беа обработени во КПУ Идризово преку обработка на досиејата на затворениците, може да се види динамиката на убиствата по години (*Графикон бр.4* ). Се забележува дека најмногу сторители кои се на издржување на затворска казна за сторени убиства има 2015 година, а најмал број во 2016 година. Неблагодарно е да ја коментираме состојбата од причина, што немаме конкретен податок за лицата кои се на задолжително психијатриско лекување и на тие што се во бегство, бидејќи за нив не бевме во можност да ги анализираме правосилните судски пресуди.

[337] https://www.magazin.mk од-македонија-се-иселиле-половина-мил (пристапено 04.02.2020)

***Графикон бр. 4 Графички и табеларен приказ на убиствата во РМ според досиеата на сторителит кои се на издржување на казна затвор во КПУ Идризово.***




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 18 | 12 | 19 | 18 | 17 | 14 | 15 | 19 | 20 | 5 | 16 |

Според видот на убиствата (Прилог табела бр.5) сторителите ги извршиле следниве видови на убиства кои се пропишани според КЗ на РМ:

- 27,7 % сторителите направиле класично убиство според чл.123;
- 15,1 % се убиства на свиреп и подмолен начин според чл.123 ст.2т.2;
- 14,5% убиства во обид;
- 13,3% сторители одговарале за убиство од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или за убиство од други ниски побуди (чл.123 ст.2 т.4);
- 8,1% сторители одговарале за убиство на судија, јавен обвинител или адвокат при вршењето на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице при вршење на работа на државната безбедност или на должност на чување на јавниот ред или чување на сторителот на кривично дело или чување на лице лишено од слобода чл.123 ст2 т.7
- 6,9 % сторители одговарале за соизвршителство при извршување на убиство;
- 6,9 % сторители сториле обид со умисла да лишат од живот две и повеќе лица (чл.123 ст.3);

4,6 % сторители одговарале за убиство со умисла го довеле во опасност

животот на уште некое лице (чл.123 ст.2 т.3);

- 1,7 % сторители убиле две и повеќе лица (чл.123 ст.3);
- 1,2 % сторители убиле женско лице за кое знаел дека е бремена или малолетно лице.

| | |
|---|---|
| **Класично убиство** | 48 |
| **Убиство од одмазда** | 7 |
| **Убиство на судија, Јавен обвинител или адвокат при вршење на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице, при вршење работи од јавната или државната безбедност или на должност чување на јавниот ред, фаќање на сторителот на кривично дело или чување на лице лишено од слобода** | 3 |
| **Обид за убиство** | 25 |
| **Убиство на свиреп начин** | 8 |
| **Убиство на подмолен начин** | 18 |
| **Соизвршителство при извршување убиство** | 12 |
| **Убиство со умисла со доведување во опасност на животот на уште некое лице** | 8 |
| **Убиство од користољубие** | 16 |
| **Убиство на женско лице за кое сторителот знае дека е бремено или малолетно лице** | 2 |
| **Напад на судија, Јавен обвинител или адвокат при вршење на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице, при вршење работи од јавната или државната безбедност или на должност чување на јавниот ред, фаќање на сторителот на кривично дело или чување на лице лишено од слобода** | 11 |
| **Обид за убиство на две и повеќе лица** | 12 |
| **Убиство со умисла на две и повеќе лица** | 3 |
| ***ВКУПНО*** | **173** |

***Табела бр. 5. Вид на убиства***

Приказот на убиствата прикажани по градовите е претставен во *Табела бр.6.* Од приказот може да се забележи, дека најголем број на убиства се случиле во градовите Скопје, Тетово, Куманово и Прилеп, додека во најмал број има сторени убиства има во Кочани, Берово, Крива Паланка, Битола и Штип само по едно, за периодот на наш интерес.

| ***Град*** | ***Број на извршени убиства*** | ***Процент*** |
|---|---|---|
| ***Скопје*** | *61* | *35%* |
| ***Тетово*** | *24* | *14%* |
| ***Куманово*** | *20* | *11,5%* |
| ***Прилеп*** | *11* | *6,2%* |
| ***Кичево*** | *9* | *5,2%* |
| ***Струмица*** | *8* | *4,6%* |
| ***Велес*** | *6* | *3,5%* |
| ***Гостивар*** | *6* | *3,5%* |
| ***Охрид*** | *5* | *2,9%* |
| ***Кавадарци*** | *4* | 2,3% |
| ***Струга*** | *4* | 2,3% |
| ***Гевгелија*** | *2* | *1,2%* |
| ***Крушево*** | *2* | *1,2%* |
| ***Дебар*** | *2* | *1,2%,* |
| ***Неготино*** | *2* | *1,2%* |
| ***Кочани*** | *1* | *0,6%* |
| ***Берово*** | *1* | *0,6%* |
| ***Демир Хисар*** | *1* | *0,6%* |
| ***Дојран*** | *1* | *0,6%* |
| ***Крива Паланка*** | *1* | *0,6%* |
| ***Битола*** | *1* | *0,6%* |
| ***Штип*** | *1* | *0,6%* |
| ***ВКУПНО*** | ***173*** | ***100%*** |

***Табела бр. 6 Убиства по градови во РМ***

Динамиката на убиствата изразена според месеците од годината е преставена во (*Табела бр. 7)* при што добиена е следната состојбата: најмногу убиства се случени во месецот ноември 18,5%, а најмалку се случени во февруари 4,6%.

| *Месец* | *Број на убиства* | *Процент* |
|---|---|---|
| *Јануари* | *16* | *9,2%* |
| *Февруари* | *8* | *4,6%* |
| *Март* | *12* | *7,1%* |
| *Април* | *15* | *8,7%* |
| *Мај* | *24* | *13,9%* |
| *Јуни* | *11* | *6,3%* |
| *Јули* | *13* | *7,5%* |
| *Август* | *12* | *7%* |
| *Септември* | *11* | *6,3%* |
| *Октомври* | *10* | *5,7%* |
| *Ноември* | *32* | *18,5%* |
| *Декември* | *9* | *5,2%* |
| ***ВКУПНО*** | ***173*** | ***100%*** |

***Табела бр. 7: Динамика на убиства според месеци***

Според изборот на погодно местото на извршување на убиство, според изборот на сторителот за најпогодно во градска средина го избрал затворениот простор во 101 случај, а отворениот простор во 22 случаи. За сторителот кој делото го извршиле во рурална средина за најпогодно место на извршување повторно го одбрале затворениот простор во 41 случај, а отворениот простор само во 9 случаи на убиство. *(Табела бр.8)*

| | **МЕСТО.ОПШТО** | | **TOTAL** |
|---|---|---|---|
| | **ЗАТВОРЕН ПРОСТОР** | **ОТВОРЕН ПРОСТОР** | |
| **ГРАД** | **101** | **22** | **123** |
| **СЕЛО** | **41** | **9** | **50** |
| ***ВКУПНО*** | **142** | **31** | **173** |

***Табела бр. 8: Сооднос на просторот и местото на извршување***

Конкретното место на кое е извршено убиство е преставено во табела бр.9.

| | *ФРЕКВЕНЦИЈА* | *ПРОЦЕНТ* |
|---|---|---|
| **БЕНЗИСКА ПУМПА** | 3 | 1.7 |
| **ПРОДАВНИЦА, КАФЕАНА, ИНТЕРНЕТ КАФЕ** | 32 | 18.5 |
| **УЧИЛИШТЕ** | 5 | 2.9 |
| **ПАТ** | 16 | 9.2 |
| **ПЛЕВНА** | 1 | .6 |
| **КЕЈ** | 1 | .6 |
| **ГРОБИШТА** | 1 | .6 |
| **КУЌА (ОПШТО)** | 61 | 35.3 |
| **(КУЌА НА СТОРИТЕЛ)** | 13 | 7.5 |
| **(КУЌА НА ЖРТВА)** | 2 | 1.2 |
| **НИВА, ШУМА, СЕЛСКИ ПАТ** | 11 | 6.4 |
| **ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА** | 2 | 1.2 |
| **АВТОМОБИЛ** | 15 | 8.7 |
| **ФАКУЛТЕТ** | 4 | 2.3 |
| **ПАЗАР** | 2 | 1.2 |
| **НАПУШТЕН ОБЈЕКТ** | 3 | 1.7 |
| **ТОАЛЕТ** | 1 | .6 |
| ***ВКУПНО*** | **173** | **100.0** |

***Табела бр.9: Конкретно место на настан***

Висината на казната на сторителот за стореното убиство е претставено во (*табела бр.10*). Според приказот на казните најмногу сторители 20 се осудени на издржување на доживотна затворска казна, на 40 години се осудени три сторители, на 25 години еден, на 22 години затвор еден, на 20 години 12 сторители, на 19 години

еден сторител, на 16 години еден сторител, на 15 години 26 сторители, на 14 години 13 сторители, на 13 години три сторители, на 12 години 19 сторители, на 11 години четири сторители, на 10 години 15 сторители. На девет години шест сторители, на осум години девет сторители, на седум години 11 сторители, на шест години седум сторители, на пет години 18 сторители и на три години два сторители.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| **доживотен** | 20 | 11.6 |
| **3** | 2 | 1.2 |
| **5** | 18 | 10.4 |
| **6** | 7 | 4.0 |
| **7** | 11 | 6.4 |
| **8** | 9 | 5.2 |
| **9** | 6 | 3.5 |
| **10** | 15 | 8.7 |
| **11** | 4 | 2.3 |
| **12** | 19 | 11.0 |
| **13** | 4 | 2.3 |
| **14** | 13 | 7.5 |
| **15** | 26 | 15.0 |
| **16** | 1 | .6 |
| **19** | 1 | .6 |
| **20** | 12 | 6.9 |
| **22** | 1 | .6 |
| **25** | 1 | .6 |
| **40** | 3 | 1.7 |
| ***ВКУПНО*** | 173 | 100.0 |

***Табела бр. 10: Осудени лица за убиство***

Во *табела бр.11* е претставено конкретното средство кое сторителот го одбрал за погодно и го употребил за да стори убиство. Како што може да се види сторителот најчесто користел огнено оружје, потоа следи ладното оружје, удари со раце, глава, нозе кои биле фатални за жртвата, ја задушил жртвата со раце или употребил помошни средства (ортома, јаже, во еден случај внукот ја задушил бабата со перница, во друг

случај жртвата е удавена со постелнина), сторителот за усмртување на жртвата користел и запаливи течности за да ја јагленоса жртвата.

Сторителот за средства на извршување во најголем дел користел:

- Огнено оружје во 85 случаи или процентуално 49%,
- Ладно оружје во 64 случаи на убиство или 37%,
- Удар со делови од телото во 11 случаи 6,4%,
- Давење во 8 случаи или 4,6%,
- Користел отров во 3 или 1,7%, и
- Палење или јагленисување на жртвата 2 или 1,2%.

| | *ФРЕКВЕНЦИЈА* | *ПРОЦЕНТ* |
|---|---|---|
| **ЛОВЕЧКА ПУШКА** | **1** | **.6** |
| **АВТОМАТСКА ПУШКА** | **50** | **28.9** |
| **ПИШТОЛ** | **27** | **15.6** |
| **НОЖ, СЕКИРА** | **50** | **28.9** |
| **ПУШКА** | **7** | **4.0** |
| **ОТРОВ** | **3** | **1.7** |
| **ЧЕКАН, ТЕСЛА, ЦЕВКА** | **7** | **4.0** |
| **УДАР СО РАКА НОГА** | **11** | **6.4** |
| **ПАЛЕЊЕ** | **2** | **1.2** |
| **КАМЕН** | **6** | **3.5** |
| **ДАВЕЊЕ** | **8** | **4.6** |
| **ШТРАФЦИГЕР** | **1** | **.6** |
| ***ВКУПНО*** | **173** | **100.0** |

***Табела бр.11: Конкретни средства кои се употребени за извршување убиства***.

Мотивот на сторителот на извршување на кривичното дело, убиство во секоја конкретна ситуација е различен, па проучувајќи ги досиејата на сторителите ги категоризиравме во следниве категории според прикажаните мотиви во пресудите: *(Табела бр.12)*

- Банална расправија во 25,4%,
- Нарушени односи во семејството 16,8%,
- Користољубиви мотиви или при вршење на грабеж во 12,7%,
- Убиство бил затоа што ќерката решила да стапи во брак без согласност на семејството во 5,8%,
- Прељубницата останала бремена и да се зачува мирот во семејството се решил да ја усмрти во 5,8%,
- Предизвикување на заблуда преку поттикнување на националните чувства при што дошло до убиства во 4,6%,
- За брачно неверство има убиство во 4,6%,
- Сексуалната желба на сторителот завршила со смрт на жртвата во 1,7%,
- Поделба на имот било причина за смрт во 1,7%,
- Малтретирањето завршила со смрт во 1,2%,
- Заканата по живот на член од семејството завршила со смрт во 1,2%
- Заканите по сопствениот животот во 0,6%.

| МОТИВ | FREQUENCY | PERCENT |
|---|---|---|
| ЗАБЛУДА | 8 | 4.6 |
| МАЛТРЕТИРАЊЕ | 2 | 1.2 |
| НАРУШЕНИ СЕМЕЈНИ ОДНОСИ | 29 | 16.8 |
| БАНАЛНА РАСПРАВИЈА | 44 | 25.4 |
| РАСПРАВИЈА ЗА ВОДА, СТРУЈА | 3 | 1.7 |
| ЌЕРКАТА ИМ ИЗБЕГАЛА | 10 | 5.8 |
| ПОЗАЈМЕНИ ПАРИ | 15 | 8.7 |
| БРАЧНО НЕВЕРСТВО | 8 | 4.6 |
| ПОСТАПКА ЗА РАЗВОД | 12 | 6.9 |
| ПРЕЉУБНИЧКАТА БРЕМЕНА | 10 | 5.8 |
| ГРАБЕЖ | 22 | 12.7 |
| СЕКСУАЛНИ ОДНОСИ | 3 | 1.7 |
| ЗАКАНИ ПО ЧЛЕН ОД СЕМЕЈСТВО | 2 | 1.2 |
| ЗАКАНА ПО ЖИВОТ | 1 | .6 |
| СОСЕДСКА КАВГА | 1 | .6 |
| ИМОТЕН МОТИВ | 3 | 1.7 |
| *ВКУПНО* | 173 | 100.0 |

***Табела бр. 12: Мотивот на сторителот за извршување на убиство***

### 6.1. Проверка на поставените хипотези

**ГЛАВНА ХИПОТЕЗА:**

***„Убиствата во Република Македонија се одликуваат со карактеристики, кои зависат од: начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителите и на личноста на жртвата на кривично дело.“***

Поставената генерална хипотеза во истражувањето беше проверена преку посебните и поединечните хипотези со употребата на аналитичката пресметка во *SPSS.*

***Посебна хипотеза 1.*** **Според начинот на извршување сторителот најчесто користи огнено оружје.**

Во извршување на убиство сторителот користел во најголем дел од извршените убиства (49,1%) огнено оружје, (37%), со користење на ладно оружје, (6,4%) со удар со тело, (4,6%) со давење, а најмалку со користење на отров (1,7% ) и палење на жртвата со (1,2%).( *Графикон бр.5)*

*Графикон бр.5 Средства за извршување убиства*




Добиено е дека според начинот на извршување сторителот, како средство за извршување најчесто употребува огнено оружје за да изврши убиство и тоа во 85 случаи. Бројката на висок процент на употребено оружје ни покажува лесна достапност на оружјето.

Оттука произлегува дека **поставената посебна хипотеза се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 1.1.*** **Употребеното огнено оружје како средство за извршување убиство е поврзано со работниот статус на сторителот.**

| | | средство | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ладно оружје | огнено оружје | отров | удар со тело | палење | давење | |
| невработен | Count | 45 | 50 | 2 | 8 | 1 | 7 | 113 |
| | % within раб.стату | 39.8% | 44.2% | 1.8% | 7.1% | 0.9% | 6.2% | 100.0 % |
| државен сектор | Count | 4 | 10 | 0 | 0 | 0 | 1 | 15 |
| | % within раб.стату | 26.7% | 66.7% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 6.7% | 100.0 % |
| вработен странство | Count | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | % within раб.стату | 50.0% | 50.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| земјоделец | Count | 1 | 8 | 0 | 2 | 0 | 0 | 11 |
| | % within раб.стату | 9.1% | 72.7% | 0.0% | 18.2% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| професионален војник | Count | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | % within раб.стату | 0.0% | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| приватен сетктор | Count | 11 | 8 | 0 | 1 | 1 | 0 | 21 |
| | % within раб.стату | 52.4% | 38.1% | 0.0% | 4.8% | 4.8% | 0.0% | 100.0 % |
| овчар | Count | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | % within раб.стату | 0.0% | 50.0% | 50.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| ученик | Count | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | % within раб.стату | 33.3% | 66.7% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| пензионер | Count | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | % within раб.стату | 33.3% | 66.7% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0 % |
| *ВКУПНО* | Count | 64 | 85 | 3 | 11 | 2 | 8 | 173 |
| | % within раб.стату | 37.0% | 49.1% | 1.7% | 6.4% | 1.2% | 4.6% | 100.0 % |

***Табела бр. 13: Кростабулација помеѓу средствата за извршување и работниот статус на сторителите***

*Symmetric Measures*

| | | *Value* | *Asymptotic Standardized Error[a]* | *Approximate T[b]* | *Approximate Significance* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Interval by Interval* | *Pearson's R* | -.084 | .054 | -1.107 | .270[c] |
| *Ordinal by Ordinal* | *Spearman Correlation* | -.047 | .072 | -.621 | .535[c] |
| *N of Valid Cases* | | 173 | | | |

*a. Not assuming the null hypothesis.*

*b. Using the asymptotic standard error assuming the null hypothesis.*

***Табела бр. 14 Проверка на корелацијата за варијаблите работен статус и средство на извршување***

Статистичката анализа покажа дека не е пронајдена поврзаност на варијаблите работен статус и средство на извршување на убиство, со што **хипотезата не се потрдува.** Имено, сторителите во 50% од случаите на убиство, како средство за извршување користеле огнено оружје, но според работниот статус 50% се во категоријата на невработени и не можевме да добиеме податок со која професија се занимаваат. Достапноста на огненото оружје можеме да ја поврземе директно само со професионалните војници, што би бил само 3,5%.

Од причина што анализата на поврзаноста на работниот статус и употребата на огненото оружје не можеше во целост да ја претстави состојбата на сторителите и нивната професија, ја употребивме поединечната хипотеза за образованието на сторителите и употребата на огненото оружје, како средство за извршување на убиства.

***Поединечна хипотеза 1.2. Употребеното огнено оружје за извршување на убиство е поврзано со образованието на сторителите.***

Употребата на огнено оружје и образованието на сторителите (прилог табела бр.14) покажа дека во 60% сторителите се без образование или поконкретно се со основно образование, а во 1,2% се неписмени, во 37% се со средно образование, а со високо се 1,2%.

| Образование | Средство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ладно оружје | огнено оружје | отров | удар со тело | палење | даве ње |
| **Основно** | 35 | 51 | 1 | 7 | 2 | 4 |
| | 35.0% | 51.0% | 1.0% | 7.0% | 2.0% | 4.0% |
| **Средно** | 26 | 32 | 2 | 4 | 0 | 4 |
| | 38.2% | 47.1% | 2.9% | 5.9% | 0.0% | 5.9% |
| **Високо** | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 75.0% | 25.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| **Неписмен** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0.0% | 100.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| **ВКУПНО** | **64** | **85** | **3** | **11** | **2** | **8** |
| | **37.0%** | **49.1%** | **1.7%** | **6.4%** | **1.2%** | **4.6%** |

***Табела бр.15: Образованието на сторителите и употребените средства за извршување на убиство***

Едукацијата на сторителите и средствата кои се користени за извршување на убиства, како што се забележува во најголем процент сторителите се со основно образование, а имаат висок процент на употребено огнено оружје. Анализата на поседувањето на оружје не е направена во смисла дали сторителот го поседувал на легален или нелегален начин.

Со зголемувањето на едукацијата на сторителите во обратна пропорционалност се намалува и бројот на сторители. Сторителите со високо образование во еден случај употребиле огнено оружје, а во три случаи употребиле ладно оружје.

Анализата и пресметката на податоците ни потврдија дека не е пронајдена поврзаност на варијаблите образование и средство на извршување на убиство, со што хипотезата не се потрдува.

***Поединечна хипотеза 1.3. Сторителите најчесто извршуваат убиство мотивирани од расправија.***

Конкретните случаите на нарушени меѓучовечки односи се претставени во повеќе категории, и сите на посебен начин ја прикажуваат индивидуалноста на мотивот прогресирал во состојба да се изврши убиство. За прикажување на состојбата со мотивот на сторителот направивме кростабулација и со употребените средства за извршување.

Поединечната групираност на конкретните случаи каде има употреба на огнено оружје ги обединивме и добивме резултат, дека расправија била мотив за убиство е во 60 случаи или во 70%, во 17 случаи или во 20% мотивот е имотен и во осум случаи 9% е донесеноста во заблуда.

Ладното оружје било употребено во 69% во случаите на расправија, во 30% убиствата биле мотивирани од имотен мотив и во 1% од сексуални мотиви.

Удар со делови од телото било причина за смрт во 64%, каде мотивот бил расправија, а имотен мотив бил во 36%.

Давење на жртвата било мотивираност од расправија во 88% а сексуална мотивираност во 12%.

Отровот и палење на жртвата бил употребен во 100%, каде мотивот бил расправија.

Мотивот за извршување на убиство е конкретен и неповторлив за секој криминален настан. Сторителот кој го пронашол, како конкретен поттик да одземе човечки живот се разликува од случај до случај. Во обработката на пресудите мотивот не секојпат беше јасно дистинкциониран под поимот банална расправија, беа ставени многу конфликтни односи, иако зад сите конкретни мотиви постоеле расправии и нарушени меѓучовечки односи и имало расправии.

Како што забележавме најчест мотив за извршување на убиство биле конфликтните меѓучовечки односи, од што произлезе дека **поставената помошна хипотеза се потврдува.**

| Мотив | средство ладно оружје | огнено оружје | отров | удар со тело | палење | давење | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Заблуда | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| Малтретирање | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Нарушени семејни односи | 12 | 14 | 1 | 1 | 0 | 1 | 29 |
| Банална расправија | 17 | 22 | 0 | 2 | 0 | 3 | 44 |
| Расправија за вода, струја | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Ќерката им избегала | 1 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| Позајмени пари | 6 | 7 | 0 | 2 | 0 | 0 | 15 |
| Брачно неверство | 3 | 1 | 1 | 2 | 0 | 1 | 8 |
| Постапка за развод | 5 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 | 12 |
| Прељубничката бремена | 5 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 10 |
| Грабеж | 11 | 10 | 0 | 1 | 0 | 0 | 22 |
| Сексуални односи | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| Закани по член од семејство | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Закана по живот | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Соседска кавга | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Имотен мотив | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| **Вкупно** | **64** | **85** | **3** | **11** | **2** | **8** | **173** |

***Табела бр. 16 Средства и мотив за извршени убиства***

***Посебна хипотеза 2. Во однос на криминалната ситуација убиствата се случуваат во затворен простор, во зимски период и најчесто во урбана средина.***

***Поединечна хипотеза 2.1. Сторителите најмногу убиства извршиле во затворен простор.***

Во однос на просторот, каде што било извршено убиството резултатите покажуваат, дека најпогодно место кое го одбрал сторителот е затворениот простор во 82,1%, а отворен простор одбрал да биде во 17,9%. Затворен простор за извршување на убиства го одбираат подеднакво и мажите и жените сторители.

*Count*

| | | место.општо | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **затворен простор** | **отворен простор** | ***ВКУПНО*** |
| **Пол** | **жена** | **9** | **1** | **10** |
| | **маж** | **133** | **30** | **163** |
| ***ВКУПНО*** | | **142** | **31** | **173** |

***Табела бр. 17 Пол на сторителите и простор за убиства***

| | | пол | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **жена** | **маж** | ***ВКУПНО*** |
| **затворен простор** | ***Count*** | **9** | **133** | **142** |
| | **% within** | **6.3%** | **93.7%** | **100.0%** |
| | ***% within пол*** | **90.0%** | **81.6%** | **82.1%** |
| | ***% of Total*** | **5.2%** | **76.9%** | **82.1%** |
| **отворен простор** | ***Count*** | **1** | **30** | **31** |
| | ***% within*** | **3.2%** | **96.8%** | **100.0%** |
| | ***% within пол*** | **10.0%** | **18.4%** | **17.9%** |
| | ***% of Total*** | **0.6%** | **17.3%** | **17.9%** |
| ***ВКУПНО*** | ***Count*** | **10** | **163** | **173** |
| | ***% within*** | **5.8%** | **94.2%** | **100.0%** |
| | ***% within пол*** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |
| | ***% of Total*** | **5.8%** | **94.2%** | **100.0%** |

***Табела бр. 18. Простор за извршување убиство и полот на сторителот***

Големиот процент на избор на затворениот простор за најпогоден за извршување на убиство е подеднакво со висок процент застапен и кај мажите и кај жените сторители. Оваа ситуација би ја пропишале на природата на кривичното дело и на личноста на сторителот и жртвата и на нивните интерперсонални односи кои во зависност од конкретниот мотив ескалирале. Оттука произлегува, дека **поставената помошна хипотеза се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 2.2. Сторителите најмногу убиства извршиле во урбана средина.***

Од анализираните убиства во 71% од убиствата се случиле во урбана средина, а само 28,9% се случиле во рурална средина. Состојбата на местото на извршување и полот на сторителот ни покажа изедначена слика на двата пола на сторители, и мажите и жените сторители во најголем процент убиства извршиле во градовите во однос на селата. Ваквата ситуација ја поврзуваме со поинаквите општествени прилики на живот во рурална средина во однос на приликите на живот во градска средина. Луѓето кои живеат во рурална средина во секојдневното живеење се многу повеќе упатени и зависни едни од други заради завршување на земјоделските обврски, а и од потребите за социјално живеење во заедништво, многу повеќе се почитува традицијата и религијата. Но, го има и фактот дека населението е со поголема концентрација на густина на население многу повеќе концентрирано во градовите во однос на селата. Во градот животот е сосема поинаку конципиран во однос на селата. Луѓето во градот живеат со многу поинаква динамика, многу помалку имаат време за релаксирани односи и социјализација и дружење, постојат многу поинакви релации на социјално живеење во однос на живеењето во рурална средина. (табела бр.19)

***пол * grad/selo Crosstabulation***

| | | **град/село** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **град** | **село** | ***ВКУПНО*** |
| **пол** | **жена** | **9** | **1** | **10** |
| | **маж** | **114** | **49** | **163** |
| ***ВКУПНО*** | | **123** | **50** | **173** |

***Табела бр. 19 Сторители според полот и место на извршување убиство***

Оттука произлегува, дека **поставената помошна хипотеза се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 2.3. Најмногу убиства се случуваат во лето.***

Динамиката на убиствата претставена според годишните времиња (*Табелата бр.20*), при што се укажува дека најдоминантен период за извршување на убиства е периодот на есен со 30,5% и пролет со 29,7% , додека динамиката на случувањата во лето е 20,8% и зима со 19 %, каде состојбата е со помала динамика на случувања. Динамиката на убиствата во однос на годишното време со мали отстапувања се воедначени во пролет и есен во однос на лето и зима. Ваквата ситуација на распоред на убиствата ја поврзуваме со влијанието на климатските промени со влијанието на хормоналното и психичко здравје на луѓето кое се одразува на прагот на толеранција на фрустрациите кои би придонеле за развој на агресивно однесување кое во даден момент ескалира.

| ***Годишно време*** | ***Број на убиства*** |
|---|---|
| ***Пролет*** | ***51*** |
| ***Лето*** | ***36*** |
| ***Есен*** | ***53*** |
| ***Зима*** | ***33*** |

***Табела бр. 20: Динамика на убиствата според годишното време***

Од овој аспект при поставување на поединечната хипотеза очекувавме дека влијанието на високите температури во лето влијаат на сторителите како повод за убиство, од резултатите произлезе, дека **поставената поединечна хипотеза не се потврдува.**

Добиените податоци покажуваат дека **посебната хипотезата делумно се потврдува**, односно убиствата најчесто се случуваат во затворен простор и во урбана средина, а не се потврдува во однос на годишното време.

***Посебна хипотеза 3. Сторителите на убиство имаат специфични лични особености.***

***Поединечна хипотеза 3.1. Сторителите на убиства се најчесто мажи.***

Во однос на полот на сторителите се забележува значајна разлика во однос на полот. Поконкретно односот на полот брои 163 сторители кои се од машки пол, а само 10 сторители се од женски пол. (*графикон бр.5)*

***Графикон бр. 5 Сторители според полот***




Ваквиот распоред беше за очекување ако се потпреме на традицијата и на начинот на воспитување од најмала возраст на машката популација, во однос на женската популација уште од најмала возраст. Агресивноста во однесувањето на машката популација доминира од најмала возраст, на таквото однесување му се дава и поддршка, што во основа е многу погрешно. Традицијата на војување на мажите ја потврдува целата историја. За жените состојбата на воспитување е сосема поинаква, како од најмала возраст да се поттикнуваат женските деца, дека за да ги задоволат своите потреби имаат потреба од помош и поддршка, дека им треба постојана заштита и сл. Ова се глобалните предиспозиции, но не секоја личност од мажите која имала склоност од најмала возраст кон агресивност, подоцна задолжително ќе постане убиец. За многу сторители на убиства во средината каде фунционирале, се вели дека бил исклучително тивок и повлечен и дека никој не можел да претпостави дека таа личност би можела да направи убиство.

Големата застапеност на мажите извршители на убиство, ја потврди **поставената поединечна хипотеза.**

***Поединечна хипотеза 3.2. Сторителите на убиство се најчесто млади лица.***

Староста и полот на сторителите на убиства се прикажани во (*Табела бр.21*) Анализата на старосната структура на сторителите на убиства ја групиравме во три категории на сторители: на сторители со старост до 35 години и во оваа категорија се 104 сторители, во втората категорија се сторителите до 50 годишна возраст, каде има 39 сторители и третата категорија се сторителите со над 51 годишна возраст се 17 сторители.

| Возраст | пол: жена | пол: маж | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| до 35 | 6 | 98 | 104 |
| 36-50 | 2 | 37 | 39 |
| 51-61 | 2 | 28 | 30 |
| Вкупно | 10 | 163 | 173 |

***Табела бр. 21 Старост и пол на сторителите***

Животното неискуство и неконтролираноста на агресивноста ни потврди дека во најголем процет сторителите се на возраст до 35 години и кај двата пола на сторители, во оваа категоријална претставеност на возраста се 70 %. Ваквиот распоред на возраста го конципиравме на младост, кога луѓето се во полна реализација, како лична, работна, семејна и општествена со полн степен на елан за самонадградување. Вториот период до 50 години е периодот на зрелост и самореализација. Третиот период е период на стекнато животно искуство.

Табелата го потврдува ставот дека со зголемување на возраста се намалува бројот на сторени убиства и кај двата пола на сторители. Оваа состојба ќе ја поврземе

со животното искуство и моќта за релаксирање на фрустрациите и намалување на агресивноста.

| Возраст | *Frequency* | *Percent* |
|---|---|---|
| 17 | 3 | 1.7 |
| 18 | 2 | 1.2 |
| 19 | 8 | 4.6 |
| 20 | 7 | 4.0 |
| 21 | 5 | 2.9 |
| 22 | 5 | 2.9 |
| 23 | 7 | 4.0 |
| 24 | 4 | 2.3 |
| 25 | 3 | 1.7 |
| 26 | 10 | 5.8 |
| 27 | 4 | 2.3 |
| 28 | 5 | 2.9 |
| 29 | 4 | 2.3 |
| 30 | 9 | 5.2 |
| 31 | 4 | 2.3 |
| 32 | 5 | 2.9 |
| 33 | 6 | 3.5 |
| 34 | 8 | 4.6 |
| 35 | 7 | 4.0 |
| 36 | 3 | 1.7 |
| 37 | 4 | 2.3 |
| 38 | 4 | 2.3 |
| 39 | 3 | 1.7 |
| 40 | 2 | 1.2 |
| 42 | 1 | .6 |
| 43 | 4 | 2.3 |
| 44 | 1 | .6 |
| 45 | 4 | 2.3 |
| 46 | 2 | 1.2 |
| 47 | 2 | 1.2 |
| 48 | 3 | 1.7 |
| 49 | 2 | 1.2 |
| 50 | 3 | 1.7 |
| 51 | 1 | .6 |
| 52 | 4 | 2.3 |
| 53 | 3 | 1.7 |
| 54 | 2 | 1.2 |
| 55 | 6 | 3.5 |
| 56 | 5 | 2.9 |
| 57 | 2 | 1.2 |
| 58 | 1 | .6 |
| 59 | 2 | 1.2 |
| 60 | 2 | 1.2 |
| 76 | 1 | .6 |
| **Total** | **173** | **100.0** |

***Табела бр.22: Возраст на сторителите***

***Поединечна хипотеза 3.3. Сторителите најчесто се припадници на најмногубројната заедница.***

Според националната припадност на сторителите на убиства се забележува следната распределба:

- во однос на полот жените сторители на убиства се најмногубројни од македонска националност со 60%, 20% се од ромската националност, по 10 % се од албанска и бошњачката национална припадност.

-националната припадност на мажите сторители е следна: од албанска национална припадност 50,9% од сторителите, од македонска припадност 36,4%, од ромска припадност се 4,6%, од турска се 4%, од бошњачка се 2,3% и од српска се 1,7%. (*Табела 23*)

| **национал * пол *Crosstabulation*** | | | |
|---|---|---|---|
| **НАЦИОНАЛНОСТ** | **ПОЛ** | | **TOTAL** |
| | **жена** | **маж** | |
| **МАКЕДОНЕЦ** | **6** | **57** | **63** |
| **АЛБАНЕЦ** | **1** | **87** | **88** |
| **РОМ** | **2** | **6** | **8** |
| **СРБИН** | **0** | **3** | **3** |
| **ТУРЧИН** | **0** | **7** | **7** |
| **БОШЊАК** | **1** | **3** | **4** |
| ***ВКУПНО*** | **10** | **163** | **173** |

***Табела бр.23: Национална припадност и пол на сторителите на убиство***

Оттука произлегува, дека **поставената помошна хипотеза делумно се потврдува. Имено, поединечната хипотеза се потврдува кај жените сторители, но не и кај мажите сторители.**

***Поединечна хипотеза 3.4. Сторителите најчесто се со средно образование.***

Во согласноност со Законот за образование [338] во чл.3 од 2013 година, средното образование стана задолжително за секој граѓанин. Задолжителноста на образованието ни беше основа за оваа подинечна хипотеза.

Но, во однос на степенот на образование кое го имаат сторителите ( графикон бр.6), се дојде до податокот дека: во 57,8% истите се со основно обрзование, 39,3% се со средно образование, со високо образование се 2,3% а има неписмен или о,6%.

***Графикон бр. 6 Образование на сторителите***




Од резултатите се констатира дека **поставената поединечна хипотеза, дека сторителите се со средно образование не се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 3.5. Сторителите најчесто се невработени.***

Работниот статус на сторителите на убиство (*Графикон бр.7 ),* како што може да се забележи во најголем дел од нив се невработени лица во 72,3%, вработени во 24,3%, пензионери и ученици се по три лица, односно 1,7%.

[338] Закон за средно образовани Сл.весник на РМ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/97,82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012 и 24/2013

*Графикон бр. 7 Работен статус на сторителите*




Оттука произлезе заклучокот, дека **поставената поединечна хипотеза, дека сторителите на убиство се невработени лица се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 3.6. Сторителите на убиство се лица кои немаат формирано брачна заедница.***

Анализата на брачниот статус на сторителот е важно социјално обележје. За очекување е дека формираниот брачен статус ја прави личноста постабилна и социјално одговорна со изградени позитивни вредности со кои ќе се создаде семејна хармонија како во рамките на семејството така и во рамките на социјалната средина која го опкружува.

Фамилијарниот статус на сторителите *(табела бр.24)* е следен: и мажите и жените сторители на убиство се со 61,3% и имале формирано брачна заедница, 31,2% немале формирано брачна заедница, а 13 или 7,5% се разведени или во категоријата вдовец. Особеност на двете категории на сторители според полот се во тоа што имале формирана брачна заедница, но тоа не влијаело на сторителите да извршат убиство.

| ФАМИЛИЈАРЕН СТАТУС * ПОЛ *CROSSTABULATION* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | Total |
| | | ЖЕНА | МАЖ | |
| ФАМ.СТАТУ | САМЕЦ | 1 | 53 | 54 |
| | ВО БРАК | 6 | 100 | 106 |
| | РАЗВЕДЕН | 3 | 10 | 13 |
| *ВКУПНО* | | 10 | 163 | 173 |

***Табела бр.24: Брачен статус на сторителите***

Оттука произлегува, дека **поставената поединечна хипотеза не се потврдува и кај двата пола на сторители.**

***Поединечна хипотеза 3.7 Сторителите на убиство се лица кои имаат криминално минато.***

Постоењето на криминално минато на сторителите го поврзавме со висината на казната за стореното и со склоноста за вршење на криминални дејствија, каде сторителите по своите карактерни особености се со понизок праг и со склоност кон агресивно однесување.

Во однос на претходна осудуваност пред извршување на делото (*табела бр.25*) во најголем дел од нив без оглед на полот 70,5% претходно не биле осудувани, а 29,5% имале некакво криминално досие.

| осудуваност | | ПОЛ | | *TOTAL* |
|---|---|---|---|---|
| | | ЖЕНА | МАЖ | |
| | Не | 8 | 114 | 122 |
| | ДА | 2 | 49 | 51 |
| *ВКУПНО* | | 10 | 163 | 173 |

***Табела Бр. 25: Осудуваност на сторителите***

**Резултатите не ја потврдија хипотезата** и кај двата пола на сторители.

Бројката на повторници од 1/3 на сторители не е за потценување. Овие сторители биле на издржување на затворска казна за слични кривични дела: како учество во

тепачки и одговарале за нанесување на телесни повреди, но кај нив затаила можноста за ресоцијализација.

***Поедиечна хипотеза 3.8. Сторителите на убиство користеле алкохол и/или дрога пред извршување на делото.***

Употребата на алкохол и дрога пред извршување на делото убиство секако може да биде иницирачки фактор, кој ја зголемил побудата и храброста да извршат убиство.

Анализата во делот на конзумирање и користење на дрога и алкохол пред извршувањето на делото *(табела бр.26)* 62,4%, сторителот немал користено ниту дрога ниту алкохол, а 29,5%, биле под дејство на алкохол, под дејство на дрога биле 8,1%.

| **АЛКОХОЛ/ ДРОГА * ПОЛ *Crosstabulation*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АЛКОХОЛ/ ДРОГА** | | **пол** | | ***Total*** |
| | | **жена** | **маж** | |
| | **Не** | **6** | **102** | **108** |
| | **да,алкохол** | **2** | **49** | **51** |
| | **да, дрога** | **2** | **12** | **14** |
| ***ВКУПНО*** | | **10** | **163** | **173** |

***Табела бр.26: Користење на дрога и алкохол пред извршување на делото***

**Поединечната хипотезата не се потврдува,** но процентот од 37% на корисници на алкохол и droги не е за потценување, секако дека алкохолот и дрогата кај овие сторители имале големо влијание и ги поттикнало да го извршат делото.

***Подинечна хипотеза 3.9. Сторителите на убиство најчесто делото го извршиле самостојно.***

Во однос на тоа дали делото го извршил сам или имало повеќе извршители (*табела бр.27*) состојбата е следна: жените во 9 случаи или во 90% сами го извршиле делото, само во еден случај во извршувањето имале уште еден соизвршител.

Мажите сторители во 59,5% сторителот сам го извршил делото, со уште еден соизвршител во 27,7% случаи, со двајца соизвршители сториле убиство во 6,9% случаи, а во 5,8% случаи убиство сториле три и повеќе извршители.

| СОИЗВРШ * ПОЛ *CROSSTABULATION* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОИЗВРШИТЕЛСТВО | | ПОЛ | | *TOTAL* |
| | | ЖЕНА | МАЖ | |
| | САМ | 9 | 94 | 103 |
| | ЕДЕН СОИЗВРШИТЕЛ | 1 | 47 | 48 |
| | ДВАЈЦА СОИЗВРШИТЕЛИ | 0 | 12 | 12 |
| | ТРИ И ПОВЕЌЕ СТОРИТЕЛ | 0 | 10 | 10 |
| *TOTAL* | | 10 | 163 | 173 |

***Табела Бр. 27: Соизвршителство при извршување на убиство***

Резултатите покажуваат дека **поединечната хипотезата се потврдува,** од причина што во најголем број од сторителите се одликуваат според индивидуално извршување.

***Посебна хипотеза 4. Жените се најчести жртви на убиство во случаите со семејно насилство жртвите го познаваат својот убиец.***

***Поединечна хипотеза 4.1. Жените се најчести жртви на убиство.***

Жртви на убиства во 19,1% или 33 се жени а 80,9% или 191 се мажи. Состојбата е претставена во графикон бр.8 .

***Графикон бр. 8 Жртви на убиства според полот***



| **Број на жртви** | ***Frequency*** | ***Percent*** |
|---|---|---|
| **1 жртва** | **132** | **76.3** |
| **1 жртва и 1 ттп** | **3** | **1.7** |
| **1 жртва и 2 ттп** | **10** | **5.8** |
| **2 жртви** | **10** | **5.8** |
| **2жртви и 2 ттп** | **1** | **.6** |
| **2 жртви и 3 ттп** | **1** | **.6** |
| **3 жртви** | **4** | **2.3** |
| **3 жртви и 2 ттп** | **6** | **3.5** |
| **4 жрти** | **5** | **2.9** |
| **5 жртви** | **1** | **.6** |
| ***ВКУПНО*** | **224и 40ттп** | **100.0** |

***Табела бр.28. Број на жртви на убиство***

Во (*табелата број 28*) е претставен бројот на жртвите во кривичните дела убиство. Од табелата, како што може да се забележи, има повеќе жртви од бројот на сторители, тоа е затоа што во дел од сторените убиства еден ист случај на убиство е направено убиство во кое има повеќе жртви, а во друг случај покрај што има смртни последици по жртвите има и нанесени и тешки телесни повреди.

Имено, состојбата е следна: во пет случаи сторителите имааат нанесено смрт на 20 жртви, во шест случаи има смрт на 18 лица и 12 лица се здобиле со тешки телесни повреди, во четири случаи има усмртено 12 лица, во еден случај има две жртви и три лица со тешки телесни повреди, во еден случај има две жртви и две со тешки телесни повреди, во 10 случаи на убиство има 20 жртви, во 10 случаи има 20 убиени и 40 лица кои се здобиле со телесни повреди, во 10 случаи има 10 усмртени и 20 лица со тешки телесни повреди, во три случаи има три жртви кои се усмртени и на три жртви им е нанесено тешки телесни повреди, во 132 случаи има по една жртва.

**Поставената поединечна хипотеза не се потврдува.**

***Поединечна хипотеза 4.2 Жените се најчести жртви во услови на семејно насилство.***

Од табелата се гледа дека 33 жени се жртви на убиство, мотивот на сторителот за убиство на жртвата во седум случаи бил нарушени односи во семејството, во шест случаи имало постапка за развод, во четири случаи мотивот бил брачно неверство, во четири случаи расправи, во четири случаи користољубие бил мотивот на сторителот, во еден случај жртвата жена го мотивирала сторителот заради реализирање на сексуални односи и во еден заради тоа што ќерката отишла бегалка.

| **мотив * полжртва *Crosstabulation*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мотив** | **пол/жртва** | | ***Total*** |
| | **женско** | **машко** | |
| ***заблуда*** | ***0*** | **8** | **8** |
| ***малтретирање*** | ***0*** | **2** | **2** |
| ***нарушени односи во семејство*** | ***7*** | **33** | **40** |
| ***расправии*** | ***4*** | **84** | **88** |
| ***имотен мотив*** | ***0*** | **3** | **3** |
| ***ќерката бегалка*** | ***1*** | **9** | **10** |
| ***позајмил пари*** | ***4*** | **11** | **15** |
| ***брачно неверство*** | ***4*** | **4** | **8** |
| ***постапка за развод*** | ***6*** | **6** | **12** |
| ***прељубничка бремена*** | ***2*** | **8** | **10** |
| ***грабеж*** | ***4*** | **18** | **22** |
| ***сексуални односи*** | ***1*** | **2** | **3** |
| ***закани по семејство*** | ***0*** | **2** | **2** |
| ***закана по живот*** | ***0*** | **1** | **1** |
| **Вкупно** | **33** | **191** | **224** |

***Табела бр. 29:Пол на жртвата и мотив на сторителот***

**Поединечната хипотеза се потврдува, жените најмногу се жртви на семејно насилство.**

***Поединечна хипотеза 4.3. Жртвите го познаваат својот убиец***

Претходниот однос кој бил помеѓу жртвата и сторителот пред извршување на делото е преставен во (*табела бр.30*). Според резултатите се покажа дека само во еден случај имало делување од сериски убиец. Во тој случај жртвата не го познавала убиецот, но сторителот ја познавал жртвата (површно), тој вршел избор на жртвите, според полот (женски), возраста (избирал повозрасни гостоѓи), врз основа на нивната телесната конституција (да бидат со послаба телесна конституција) и значајно е што изборот го вршел по тоа жртвите да живеат сами. Во случајот на сериско убиство сторителот одбирал четири жртви повозрасни женски лица.

Во осум поединечни случаи сторителот само ја познавал и ја следел жртвата, според негов избор на погодна жртва. Во дванаесет случаи сторителот лично не ја познава жртвата, но ја препознава жртвата според професијата што ја извршува. Имено, во истражувањето се потврди дека дванаесет лица се жртви затоа што се припадници на униформираниот дел на полицијата.

Во сите останати случаи жртвата и сторителот од претходно се познавале и имале некаков претходен контакт. Имено, во 93 жртвите и сторителот биле во поблиски или пошироки фамилијарни односи, во 97 жртви биле во соседски, пријателски или биле работодавачи на сторителот, и во 10 случаи биле во љубовната врска која била фатална по жртвата.

| Однос Жртва - Сторител | *Frequency* | *Percent* | *Valid Percent* | *Cumulative Percent* |
|---|---|---|---|---|
| **член на семејство** | **93** | **36.4** | **36.4** | **36.4** |
| **сосед, пријател, газда** | **97** | **45.7** | **45.7** | **82.1** |
| **овластено лице** | **12** | **6.9** | **6.9** | **89.0** |
| **сериски убиец** | **4** | **.6** | **.6** | **89.6** |
| **непозната жртва** | **8** | **4.6** | **4.6** | **94.2** |
| **девојка** | **10** | **5.8** | **5.8** | |
| **Вкупно** | **224** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |

***Табела бр.30: Однос на жртвата и сторителот на убиство.***

Конкретниот однос на жртвата и сторителот на убиство е преставен во *табела бр.31*

| **\|Жртва** | ***Frequency*** | ***Percent*** |
|---|---|---|
| **Овластено лице** | ***12*** | ***6.9*** |
| **Сопруг** | **6** | **2.3** |
| **Сопруга** | **14** | **6.9** |
| **Дете** | **4** | **2.3** |
| **Дедо** | **9** | **1.7** |
| **Сват** | **14** | **6.9** |
| **Родители на сопруга** | **8** | **3.5** |
| **Снаа** | **5** | **.6** |
| **Татко, свекор** | **13** | **5.2** |
| **Мајка** | **9** | **2.9** |
| **Брат** | **10** | **4.0** |
| **Сериски убиец** | **1** | **.6** |
| **Љубовница** | **10** | **2.9** |
| **Непознат** | **5** | **2.9** |
| **Следена жртва** | **7** | **1.7** |
| **Пријател** | **48** | **24.3** |
| **Љубовник на сопругата** | **1** | **0.6** |
| **Сосед** | **41** | **20.8** |
| **Работодавец** | **7** | **.6** |
| **Вкупно** | **224** | **100.0** |

***Табела бр.31: Конкретниот однос на жртвата и сторителот на убиство***

**Хипотезата се потврдува.** Од истражувањето произлезе дека жртвата на убиство го познава својот сторител.

## 6.2.ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Според податоците кои беа добиени од Министерството за внатрешни работи[339] во периодот од 2007 до 2017 година на територијата на Република Македонија се случиле вкупно 322 убиства и 482 обиди за убиства. Според овие податоци предничат убиствата (116) и обидите за убиства (141) во Скопје (116). Најмалку убиства и обиди за убиства се случиле во територијални ингеренции на СВР Штип .

Во детална анализа на сторените убиства и обиди за убиства се обработија 173 сторители кои се или биле на издржување на затворска казна, во КПУ Идризово.

Добивме податок за 40 сторители кои се наоѓаат на задолжително лекување во психијатриската болница Бардовци, но нивните досиеа не ни беа достапни .[340]

Имаме податок за 15 сторители на убиства[341] за кои имаат изречени правосилни судски пресуди, но истите останале недостапни за органите за извршување на санкции од причина што се наоѓаат во бегство, за нив е распишана меѓународна потерница.

Според бројот на убиства (173) за кои досиеата беа предмет на анализа најмногу убиства (20) за кои сторителот е на издржување на затворска казна има во 2015 година а најмалку (5) во 2016 година. Во однос на сторените убиства и обидите за убиства во 2015 година има 59, што би значело дека ефикасноста на откривачката моќ на полицијата и процесуирањето на судските предмети за 2015 година е 33% а најмал процент во 2016 годиан 11%.

Според видот на убиствата од основен облик на делото сторени се (27,7%) од убиството квалификуван облик според начинот на извршување, мотивот на сторителот, и според својствата и должноста на жртвата сторени се (72,3%) од убиствата. Во овој период особеност е што нема пресуди од привилегиран облик на извршување на убиства. Ваквиот начин на извршување на убиство ни укажува дека убиствата се сторени на потежок начин според начинот на кој се извршени, мотивите на сторителите и својствата и должноста на жртвата. Во однос на казната за сторени убиства судот изрекол различен степен на затворски казни од: доживотен затвор каде има 20 сторители, на затвор од 40

339 Податок добиен од Министерството за внатрешни работи
340 Податокот добиен од Психијатриската болница Бардовци
341 Податок од официјалниот сајт на Министерството за внатрешни работи

години има тројца затвореници, најмногу затворски казни има од 15 години каде што издржуваат казна 26 сторители, најмала казна има изречено судот на двајца сторители на затворска казна од три години за основен облик на делото.

Разгледувањето на криминалната ситуација е со цел да се согледаат сите останати околности под кои се случило делото убиство. Просторната распространетост на убиствата при што државата ја претставивме во три региони кои засебно го претставуваме: Скопје како главен центар на социо-економски случувања и со најголема густина на населението на источен дел од државата по течението на реката Вардар и на западен дел од државата. Податоците потврдија дека најголем број од убиствата се случени во Скопје, каде е концетрирано најголем дел од населението, во Западниот дел од Македонија се случиле поголем дел од убиствата, а најмалку во Источна Македонија.

Во однос на релацијата на убиствата на просторот село-град, во однос на убиствата за очекување беше податокот дека тие најмногу ќе се случат во градовите во однос на селата, што ни се потврди дека повеќе убиства се сторени по градовите во однос на селата. Иако фактот дека населението во Македонија е повеќе концентрирано со живеење во градовите во однос на селата. Во однос на густината на населението кое живее во рурални или урбани места, постојано е изложена на мигрантски промени на местото на живеење, уште во периодот на постоење на бившата држава. Факт е дека населението е концентрирано во големите градови, а дека многу помала е густината на население во руралната средина. Скопје, како најголем град, со најголема концентрација на население предничи со бројот на извршени убиства 61.

За анализата ја претставивме државата во два региона на источен дел од државата има 42 сторени убиства и во западниот. Ќе нагласиме факт дека населението во селата се упатени многу повеќе едни на други и меѓусебно се познаваат, и имаат потреба од заедничко и порелаксирано живеење.

Во градовите има поголема дезаиленација на населението, луѓето се индивидуалци и не се упатени на заедничка комуникација и социјализација на едни со други, што човекот со предиспозиции и упатеност на социјално битие, повеќе живее во изолиран и депресивен живот, што преставува во основа предиспозиција за создавање на поголеми фрустрации. Односот на убиства на релацијата село град е 101 убиство кои се случени во градовите, а 41 во селска средина.

Најмногу убиства се сторени во Скопје (35%) , Тетово (14%), Куманово (11,5) додека градовите Штип, Битола, Крива Паланка, Дојран,Берово се со (0,6%) на сторени убиства.

Распоредот на извршените убиства според периодот на годишното време ни покажа дека најмногу се сторени во есен 30,5%, потоа пролет 29,7%, лето 20,8% и најмалку во зима 19%. Забележив е периодот на есен и пролет кога се сторени приближно 60% од убиствата за разлика од лето и зима.

Како причина за ваквиот распоред на случувањето го наоѓаме во климатските влијанија. Есента е период во кој има драстични климатски промени, во овој период луѓето имааат проблем да се аклиматизираат на температурните разлики и се под влијание на делувањето имаат засилено чувство на раздразливоста и промените на расположението, кое се изразува и на намалување на прагот на толеранција. [342]

Акумулираните фрустрации во текот на зимата кои биле наталожени се манифестираат на пролет. Со разбудувањето на природата излегуваат на површина и фрустрациите, во овој период има хормонална експанзија, како резултат на промената на временските прилики. Сите нагли климатски промени доведуваат до намален праг на толеранција на фрустрации.

Во лето луѓето се подинамични во поглед на движењето, расположението им се подобрува, размислуваат за одење на годишните одмори, и промени на секојдневието, се чувствуваат порелаксирано, што секако има влијание и во однесувањето.

Зимата ги прави луѓето попасивни и ги ограничува во размислувањето и движењето, ги прави инертни и помлитави.

Во однос на употребеното средство за извршување на убиство, сторителите во (50%) употребиле огнено оружје, ладно оружје во (37%), удари со делови од телото (6,4%), давење на жртвата (4,6%), отров (1,7 %)палење (1,7%) .

Високиот процент на употребено огнено оружје за извршување на делото нè упатува на заклучок, дека населението во Македонија поседува оружје. Поседувањето на оружје може да биде легално и нелегално, не смееме да го заборавиме конфликтниот период на 2001 година и акциите кои беа на повеќе наврати спроведувани за ослободување на нелегалното оружје.

[342] http// Wikipedia.ord.climate change

Податоците за употребата на огненото оружје за извршување на убиство сè уште се високи. Но, ќе ги нагласиме и фактите за особеностите на нашето население дека, секоја веселба или семејна радост да ја прослави со испукување на куршум. Ова е дел од наследството за прославување, што се пренесува од генерација на генерација.

Традицијата на оружјето, е обележана и во нашата национална историја. Имено, на знамето на лојалност кон револуционерната борба за слобода уште од турско ропство, како обележје ги има камата и пиштолот. Традиционалноста за поседувањето на огнено оружје во семејството, за не дај боже ситуација во турбулентниот историски период, на војни, немири и закани, го наметнува оружјето, да го поседуваме како вообичаен семеен имот. Оружјето се наследува во семејството од дедото на внуците. Но, често се случува во долгите постапки на судска разрешница на генерациското наследување на имотот, во многу случаи, да се загуби ажурноста на евиденцијата на легално поседување на наследство на оружјето, така се случува легалното поседување на оружје да се претвори во нелегално.

Начинот на извршените убиства покрај кривично-правното има и големо криминалистичко значение. Начинот на извршување на убиство го разгледувавме преку употребените средства за извршување. Употребата на ладно оружје за да изврши убиство упатува на заклучокот, дека сторителот презел некои претходни подготвителни активности за сторување на убиство.

Начинот на извршување на убиство е во зависност од мотивот, ситуационите можности и достапноста на средствата за извршување. Употребените средства за извршување на убиствата се тесно поврзани со професијата, начинот на користењето на слободното време, претходните знаења и искуства, од можноста за поседување на средства за извршување а сето тоа да се поврзе со очекуваниот отпор кој може да го даде жртвата. Па, согласно тоа, начинот на извршување се поврзува со претходното искуство, секако дека месарот како сторител на убиство за најпогодно средство ќе одбере ладно оружје (нож), додека војникот ќе користи огнено оружје, спортистот кој практикува боречки вештини ќе го изврши убиството со користење на силата на телото (рака, нога, давење и сл.), хемичарот ќе посегне по користење на отров и сл.

Со цел да го поврземе начинот на извршување убиство со личноста на сторителот го обработивме неговиот пол, возраст, национална припадност, образование, работен

статус, конзумирањето на алкохол и дрога пред извршувањето на делото, неговото криминално минато и од кој мотив го извршил делото.

Возраста на сторителите, како битна особеност се поврзува со животното неискуство и влијанието на младоста, како поголема склоност за агресивно поведение. Необразованоста на личноста на сторителите на убиство се поврзува со недостаток на знаење, ниски воспитни влијанија, неможност на позитивни морални вредности, а личностите без образование често имаат склоности кон поинаков систем на вредности, склони се кон надвладување на емоциите над разумот, а се склони кон поголемо конзумурање на алкохол и дрога и кон социопатолошки поведенија. Вработеноста дава ситуација на финансиска самостојност, покрај тоа што се создава чувство на самостојна лична вредност се градат позитивни социјални и општествени вредности. Се сложуваме со фактот, дека мотивите се психолошка појава која настанува под дејство на надворешни објективни фактори и внатрешни, субјективни околности и својства на личноста и, како такви, преставуваат движечка психолошка сила, што ја раководи таа личност во остварувањето на определено поведение.[343] Мотивите се раководени од интересите, потребите, страстите, чувствата и разновидните емоционални состојби и прилики.[344] Незадоволувањето на условите чувства создаваат фрустрации, а фрустрациите предизвикуваат агресивност во поведението кое може да ескалира и во ситуација да се изврши убиство. Се поставува прашањето дали сите фрустрирани личности се склони да извршат убиство? На ова прашање одговорот го наоѓаме во прагот на толеранција на фрустрации и можноста истите да бидат ставени под контрола.

Според резултатите од истражувањето во десет случаи жените се сторители на убиство, а лица од машки пол (163). Причините за помалото учество на жените сторители на убиство го поврзуваме со нивната биопсихолошка и општествено-економска и конституционална поставеност во општеството.

Жените според нивната биопсихолошка конституционалност се помалку чувствителни на болка, жените многу полесно се исцрпуваат, преживуваат повеќе телесни кризи (бременост, имаат поголема толеранција на болка, полесно ги преминуваат хормоналните промени и сл. ) имаат помала конституција и понизок раст, помала физичка сила и сл.

[343] Сулејманов,З. *Спомнато дело,* стр.89
[344] Сулејманов,З. *Спомнато* дело, стр.90

Во однос на нивната психичка конституционалност жените помалку се подлежни на душевни заболувања. Жените во принцип имаат колеблив карактер и се помалку агресивни во споредба со мажите. Традиционалноста и прифаќањето на општествените вредности во однос на воспитувањето на женско дете во однос на машкото дете е многу поразлична. Кај нас на женското дете му се прави поголема контрола на движењето во друштвото и начинот на користењето на слободното време и му се наметнуваат поинакви вредности и општествени ставови.[345]

Возраста на жените сторители на убиство до 35 години е шест, до 50 години се две и над 50 години се две. Образованието на жените сторители во најголем процент е основно, само една жена сторител на убиство е со високо образование. Во однос на работниот статус во најголем дел се невработени, само мал дел имаат самостојни приходи, што би значело дека материјалната егзистенција на жените е во финасиска зависност од приходите во семејството. Четири од нив во моментот на извршување убиство имале конзумирале алкохол и дрога. Најголем дел од жените (60%) се од македонска национална припадност. Особеност во извршувањето на убиство е што делото кога го извршуваат го сториле сами, само во еден случај имала соизвршител, но во тој случај немала за крајна идеја да изврши убиство. Во брак се најголем процент од жените сторители на убиство. Пред извршување на делото немале криминално минато. Тие делото го извршиле во 90% во затворен простор, сторителките делото го извршиле во градска средина (90%), само 10% делото го сториле во селска средина.

Кога жените извршуваат убиство во 70% биле мотивирани од нарушени односи во семејство или пак трпеле тортура од член од семејството, кој се решиле да го убијат.

Мажите сторители на убиство во најголем процент се личности до 35 години, со зголемувањето на возраста се намалува процентот на учество на сторителите. За периодот до 35 години е да имаат формирано брачна заедница и би требало да бидат одговорност за обезбедување на материјалната егзистенција во семејството. Според возраста личностите до 35 години треба да се реализираат, како општествени со економска независност.

Резултатите од истражувањето покажаа дека мажите на оваа возраст во најголем дел се со основно образование, што на пазарот на трудот според образованието би имале мала вредност, од причина што немаат конкретно образование нивната

[345] Сулејманов,З. *Спомнато дело, стр.120-121*

егзистенција би била лимитирана. Во делот на работниот статус, се потврди дека во најголем дел се невработени. Во моментот на извршување на убиството во голем процент (70%) не биле под дејство на алкохол и дрога. Но, процент (од близу 30%) кои биле под дејство на алкохол или дрога не е за потценување, што секако дека не е исклучено влијанието на алкохолот и дрогите во засилување на побудата да извршат убиство.

Во однос на соизвршители кои учествувале во извршувањето на делото, за забележување е фактот дека кај мажите соизвршителството, како начин на извршување на убиството е поголемо во однос на жените. Криминалната солидарност и поддршката во извршувањето на кривични дела воопшто се потврдува и кај убиствата и е позабележителна кај мажите во однос на жените. Националната припадност на мажите сторители во однос на жените сторители е со поголем процент учество на припадници од албанската националност во однос на останатите националности на населението во Македонија.

Анализата на конкретниот мотив кои ги добивме од пресудите и со нивно генерализирање го добивме најчестиот мотив на сторителите. Од анализата видовме, дека во најголем број случаи сторителот решил да убие поради: нарушени односи во семејството 72, во оваа категорија ги групиравме сите конфликтни односи кои се одвивале како во семејството, така и во поширокатa фамилија, помеѓу соседи, колеги од работа, пријатели и сл.

Резултатот кој се покажа дека користољубивоста била мотив во 40 случаи. Остварувањето на имотниот мотив, да се приграби поголем дел од имотот, да не се вратат позајмените пари или да се приграби со туѓата доверба за да се зачуваат финансиски средства, а во случај да се даде отпор во зачувување на имотот и да постане жртва на убиство. Униформирани полицајци постанале жртви на својата професија, затоа што некој рекол дека селаните се малтретирани од полицијата, без да се проверат пласираните информации дека има осум жртви. Незадоволениот сексуален мотив во три случаи има жртви поради невозвратената љубов.

Анализата на жртвата жена покажа дека во најголем процент жртва на убиство е маж. Застапеноста на жртва жена 33 во случаите на убиство. Во основа жената е жртва на убиство од својот маж, член на семејство, љубовник и слично само во мал процент таа е жртва на сериски убиец 12% . Големиот процент на жени жртви на својот маж кој

го познава. Ваквата состојба ја поврзуваме со традиционалноста на нашите жени, кои се воспитани да жената има подредена положба во семејството во однос на мажот, каде не се избегнува од лошата брачна заедница, која може да заврши со уште полош развод. Жените се жртви на убиство и заради невозвратена љубов.

Во многу поголем процент мажите се жртви од сторител маж. Процентот од 3,5% кога жртвата и сторителот не се познавале ни укажува на голем процент, кога сторителот и жртвата биле во некакви интерперсонални односи. Мажите се најчесто жртви на друг маж со кого биле во пријателски, соседски и колегијални односи, потоа следуваат мажите со кого биле во некакви поблиски или подалечни фамилијарни односи, дванаесет мажи се жртви на својата професија затоа што носеле униформа на полицијата на Република Македонија.

Забележлив е процентот на убиство во кои и мажите и жените жртви на убиство се жртви на сторителот, со кого биле во некакви интеперсонални односи.

Поставената генерална хипотеза дека: *Убиствата во Република Македонија се одликуваат со карактеристики кои се во зависност од начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителот и личноста на жртвата* ***се потврди.***

Од проверката и пресметките со помош на аналитичкиот програм *SPSS* преку кои се проверуваа посебните и поединечните хипотези, кои беа концепирани во согласност со генералната хипотеза и целта на трудот, со обработката на секоја од нив може да се заклучи посебноста на секое конкретно убиство кое се однесуваше на начинот односно на употребата на конкретните средства за извршување. Ситуацијата на кривичното дело која се однесуваше на местото и времето на извршување. Конкретните особености на личноста на сторителот која се однесуваше на полот, возраста, националната припадност, работниот, образовниот, семејниот и конзумирањето на алкохол и дрога пред извршувањето на делото, спецификата на конкретните убиства. Во однос на личноста на жртвата податоците ги обработивме во однос на половата припадност на жртвата и на нејзиниот претходен однос со сторителот.

Резултатите и преставувањето на состојбите ни ја **потврдија генералната хипотеза**

## 6.3. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА УБИСТВАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД ОД 1973-1983ГОДИНА И 2007-2017 ГОДИНА

За компаративна анализа на состојбата со убиствата ги употребивме истражувањата на професор Сулејманов, кој направил *Криминолошко истражување на убиствата во Република Македонија за период од 1973-1983 година.* За анализа ги обработивме податоците кои можат да бидат употребени за да се претстави состојбата на криминалистичките карактеристики на убиствата врз основа на податоците кои можеа да се компарираат. Целта на компаративната анализа беше да се согледа состојбата со убиствата на иста територија на Република Македонија во два различни периоди на општествено уредување: кога Македонија е Република во состав на тогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и вториот период, кога Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава со поинакво општествено уредување.

Според резултатите на компарираниот период во период од 1973 до 1983 год. изречени се 385 правосилни судски пресуди.[346] Ако ги спoредиме вкупните бројките изречени пресуди за периодот 2007-2017б (173) ќе добиеме ситуација во која без малку за 50% (за 228 случаи) има намалување на пресудите за убиствата. Но, ако го разгледуваме видот на убиствата во двата периода ќе видиме дека во двата периода доминира основниот облик на кривичното дело убиство.

Разликите се појавува во видот на убиствата, имено, во периодот од 2007 до 2017 година, и сите останати убиства се од квалификуван вид на убиства како: убиства на свиреп и подмолен начин, убиства од безобѕирна одмазда, убиства од користољубие, убиства каде има загрозување на животот на уште некое лице и убиства каде има загрозување и уништување на животот на овластени службени лица. Во овој период нема пресуди за привилегирани убиства: како убиство на миг, убиство од небрежност и убиство на дете при породување. Во периодот од 1973 до 1983 год. значителен е бројот на убиства имено (24) убиства на миг, (10) убиства од небрежност и (24) убиства на дете при породување.

[346] Сулејманов,З. Убиствата во Македонија, НИП Студентски збор, Скопје, 1995, стр.58

Во однос на средствата за извршување од преставената состојба произлегува приближно иста состојба на употребени средства за извршување на убиства.

Употребата на огненото оружје, како средство за извршување убиство, во периодот од 1973 до 1983 год. е со 40% застапеност, ладното оружје е 39%, употреба на тврд предмет е 10%, удари со делови од телото е 9%, а употребата на отров во 1%. Резултатите од емпириското истражување ни потврдија дека во близу 50% од стореното убиство, сторителот за да убие некого го користел огнено оружје, во 37% користел ладно оружје, во 6,4% користел удар со делови од телото, 4,6% ја задавил жртвата и во 1,7% ја запалил жртва.

Анализата ја насочивме кон образованието на сторителите, резултатите покажаа заедничка особеност за двата периоди и во периодот од 1973 до 1983г. и во 2007-2017г. сторителите се со основно и недооформено основно образование.

Заедничко за двата периода е што жените се многу помалку застапени, како сторители на убиства во однос на мажите поради нивната биопсихолошка и општествено-економска и конституционална поставеност во општеството. Мажите сторители на убиство во најголем процент се личности до 35 години. Сторителите на оваа возраст во најголем дел се невработени. Во моментот на извршување на убиството има забележителен процент (од близу 30% ) биле под дејство на алкохол или дрога, што влијаело на побудата да извршат убиство.

Како и жените и мажите во најголем процент немале криминално минато. Во однос на бројот на соизвршители кои учествувале во извршувањето на делото кај мажите забележливо е соизвршителството кај извршување на убиството во однос на жените. Во однос на националната припадност на мажите сторители во поголем процент учествуваат припадници од албанската националност.

Во периодот од 1973 до 1983 год. најчест мотив за извршување на убиства биле нерасчистените должничко доверителски односи, а расправијата како мотив е втора по бројност, останатите мотиви во принцип се изедначени.

Од 1973 до 1983 година, се следни, во тој период најмногу убиства се случиле во лето 29%, во есен 26%, во пролет 23% и во зима 22%. И во двете истражувања се потврдува дека зимата е период во кој се сторени најмалку убиства, а во останатиот период има осцилации.

Убиството како кривично дело се одвива после настан кој постоел помеѓу сторителот и жртавата. Во истражуваниот период од 2007 до 2017 година има 224 жртви и 40 лица се здобиле со тешки телесни повреди. Според полот на жртвата 33 жртви се од женски пол, а 191 жртва е од машки пол. Ваквата состојба на полот на жртвата во целост се поклопува со резултатите од референтното истражување за периодот од 1973 до 1983година (каде во 19% жртвите се жени а 80% жртви се мажи). Заедничко за двата периода што жртвата и сторителот биле претходно во некакви интерперсонални односи и го познава својот убиец.

Изборот местото за извршување на убиство е во зависност од полот на сторителот, кој бил неговиот мотив, со какви цели се решил за извршувањето на делото, во какви односи биле со жртвата и во какви услови го извршил дејствието на убиство.

Конкретното место за извршување убиство кое сторителот го избрал за најпогодно е затворениот простор во кој имало конфронтации со жрвата. Сторителот најчесто делото го извршил во домот дали на сторителот или на жртвата, во работни простории, во кафеана и сл.

# ЗАКЛУЧОК

Кога го разгледувавме најстарото кривично дело, коешто постои откога постојат цивилизациите, видовме дека тоа и денес постои и се адаптирало на општественото живеење. Нема држава во светот која успеала и не се соочува со проблеми на разрешување на убиствата. Во контекст на следење на состојбата во Република Македонија се забележува позитивен тренд на намалување на бројот на убиствата со текот на годините, но не се намалува нивната тежина, според начинот на кој се извршени.Со сторување на убиство се уништува човековиот живот, но тоа има импликации во целокупното општествено живеење. Проблемот со извршените убиства, без оглед на нивниот број во ниеден случај не смееме да го занемаруваме.

Компарираната состојба на убиствата во двата периода на истражување даде мноштво поклопувања на состојбата со убиствата почнувајќи од начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителот и личноста на жртвата. Разлики постојат во бројот на извршени кривични дела убиство и видот на кривичното дело, убиство.

Проучувањето на криминалистичките карактеристики на кривичното дело е од големо теоретско и практично значење. Криминалистичките карактеристики се нераскинлив дел од методика на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело.

Теоретските поставки на сознанијата за начинот на извршување, криминалната ситуација, трагите, личноста на сторителот и личноста на жртвата даваат база за успешна подготовка на справување и превенирање со овој проблем.

Практичните поставки на сознанијата за криминалистичките карактеристики одат во прилог на зголемување на откривачкитте способности на полициските службеници.

Заклучоците на кои упатуваат криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија за периодот 2007-2017 година, се следни:

Според **начинот на кој се извршени убиствата ни** укажува на индивидуални околности кои му претходеле на извршеното убиство и околности кои се одвивале помеѓу сторителот и жртвата. Во случаите кога има извршено убиство на суров и подмолен начин околностите на извршувањето укажува на особеностите на

сторителот, во моментот на извршување на убиство, дека бил под дејство на бес, лутина, дека истиот е склон кон освета, љубомора, или дека е садист. Судот го проценува и начинот на извршување на убиство, во случаите кога убиството е со елементи на особена суровост во извршувањето, може да побара сторителот да се прати на психијатриска проценка. Психијатриската проценка може да биде дека сторителот во моментот на извршување бил со нарушено ментално здравје. Ваквите сторители се испратени на задолжително лекување во психијатриска установа. Во периодот од 2007 до 2017 година, добивме податок дека на задолжително лекување во психијатриска установа има 40 пациенти кои делото го сториле, како резултат на нарушено ментално здравје.

Начинот на извршување зависи, покрај од личните особености на сторителот, од поседувањето на средствата за извршување на убиство, од неговото образование, професија, хоби и сл. и секако сето тоа е во зависност и од личните способноста и особеностите на жртвата.

Изборот на средство за извршување убиство, се однесува на: карактерот на сторителот, на неговите способности, знаења, поседувањето на средства за извршување и кој бил мотив за извршување убиство.

Начинот на извршување го проучивме преку средствата за извршување. Резултатите покажаа дека половина од убиствата се сторени со огнено оружје, што нè упатува на заклучокот, дека населението во Македонија поседува оружје. Поседувањето на оружје е од различни профили на професии и образование на сторителите.

Во останатите случаи на убиство сторителите за извршување употребиле: ладно оружје во 37% со удари од делови од телото во 6,4%, ја задушил жртвата во 4,6%, а ја отрул во 1,7% и ја запалил во 1,2%.

Анализата на мотив за извршување убиства во голем број случаи е банална расправија, потоа следуваат нарушените семејни односи, следен мотив е да се убие заради користољубие и грабеж, брачното неверство, останатите мотиви се со помал процент и во основа се индивидуални во зависност од личната конституција на сензитивност и мотивираност на сторителот.

Кога убиство е извршено од користољубие или грабеж, сторителот се подготвувал убиството да го изврши на едноставен и на најбрз начин. Не се

исклучени случаите на жртвата на ова дело, кога жртвата била измачувана, како во случаи како кога сторителот, сака да дојде до некакви информации, што за него се од важност, и кога употребил средства за измачување, без да има чувства за болката и положбата на жртвата.

**Криминалната ситуација,** како особеност, се однесува на територијалните, демографските и други специфики на регионот во кои дејствувал сторителот на убиство. Криминалната ситуација се набљудува во корелација со економските и социокултурните фактори, преку користењето на слободното време, како и од временските фактори кои имаат импликации на извршување на делото.

Според територијалниот распоред на убиствата предничат градовите Скопје, Тетово, Куманово и Прилеп, додека најмалку сторени убиства има во градовите: Кочани, Берово, Крива Паланка, Штип и др.

Територијалниот распоред на убиствата укажува на тоа дека: во Западна Македонија се сторени дури 70% од убиствата, а во Источна Македонија 30%.

Убиствата многу повеќе се случуваат во урбана средина во однос на руралната.

Во однос на полот на сторителот и непосредната средина во која се случени убиствата, се забележа дека имаат подеднаков процент на дистрибуција. Жените извршиле 90% убиства во град, а во село 10%. Исто и мажите извршиле најмногу убиства во град (114), а многу помалку во село (49). Ако земеме предвид дека густината на населението кое живее во градска средина е многу поголема од селската средина, ќе се забележи невоедначен распоред на живеење на населението. Бројката од 30% на сторени убиство во рурална средина не е ни малку за потценување.

Во однос на периодот на годишното време и извршените убиства, доминантно убиствата се случуваат во периодот на пролет и есен, а многу помалку во лето и зима. Резултатот на ваквите случувања го поврзуваме со влијанието на климатските фактори на човековото здравје и начинот на користењето на слободното време. Во пролет и есен период луѓето се под засилено влијание на интензивни климатски промени, кои секако влијаат и на нивната зголемена раздразливоста и склоноста за агресивно однесување.[347]

[347] www Health_final_mk

Според особеноста на местото на кое се сторени убиствата, тие во најголем процент се сторени во затворен простор, а многу помалку се случиле на отворен простор. Жените и мажите сторители го одбрале затворениот простор, погоден за извршување убиство.

Во однос на личните **карактеристики на сторителот на убиства** можеме да кажеме дека тоа е лице од:

- ***машки пол,*** (94% се мажи а 6% жени);

- најчесто е ***на возраст од 26 години*** ( на возраст до 35 години се 70% од сторителите);

- ***со основно образование*** (58% основно, 39% средно и 2% високо);

-***невработен*** (72,3% невработен, 24,3% вработен,3,4% ученик,пензионер),

-пред извршување на делото ***не конзумирал дрога ниту алкохол*** (не конзумирал 62,4%, дрога 8,1%, алкохол 30%);

- ***неосудуван*** (70,5% неосудуван, осудуван 29,5%),

- делото ***го извршил сам*** (во 60% сам, во 30% со еден соизвршител, со двајца соизвршители 7%, со три и повеќе 3%), и

-според националната припадност тој е ***Албанец*** (51% Албанец, 36,4% Македонец и 12% се сите останати националности).

Не постои, единствен фактор кој ќе ни укаже, дали некое лице ќе стане жртва или сторител на убиство. Единствено доминантна особеност која се издвојува е половата припадност, како важна особеност на убиствата. Но, не можеме да генерализираме и да кажеме дека припадноста на полот **маж** е главен потенцијал на можен сторител на убиство.

Мажите се побројни од жените сторители на убиства. Но, од друга страна, мажите имаат поголема веројатност и да бидат убиени од друг маж кој му бил: пријател, колега или познаник и слично, а убиството да се случи како одговор на некаков конфликт.

Во однос на **карактеристиките на жртвата на убиство** најнапред ќе кажеме дека има повеќе жртви од пресудени случаи за убиство (во 173 случаи имавме 224 жртви на убиство и 40 лица кои се здобиле со тешки телесни повреди).

Во однос на полот на жртвите, доминираат жртви кои се од машки пол (33 од женски пол, 191 се од машки пол). Жените се најчести жртви во рамките на семејните односи,

додека мажите жртви се жртви на делувањето на друг маж, во 90% од случаите жртвата и сторителот се познавале и биле во некаков меѓусебен контакт. Имаме делување на еден сериски убиец кој одбрал еден таргетен вид на жртви, повозрасни жени, сторителот ја одбирал и ја следел жртвата, со одбирање на најпогоден момент за извршување на грозоморниот чин.

Поставената генерална хипотеза дека *Убиствата во Република Македонија се одликуваат со карактеристики, кои зависат од: начинот на извршување, криминалната ситуација, личноста на сторителите и на личноста на жртвата на кривично дело*, во потполност се потврдува.

Процесот на откривање, разјаснување и докажување на убиствата е макотрпен процес, којшто бара екипираност и стручен тим со богато оперативно искуство. Факт е дека секој поединечен случај е трагичен случај сам за себе, но од секој случај може да се извлече заклучок и искуство од кои можат да се извлечат заклучоци за да не се повтори.

Превентивното општествено реагирање за запирање и намалување на извршените убиства е неминовност, потребна е стратегија за превентивно справување со убиствата со вклученост на младите и нивните семејствата, со широка општествена поддршка за справување со оваа тешка општествено негативна појава.

# ПРЕПОРАКИ

Со цел да дојде до подобрување на состојбата преку намалување на бројот на сторени убиства, ги даваме следниве препораки:

- Од согледаната состојба за криминалистичките карактеристики на убиствата се наметнува констатацијата, дека *во Република Македонија населението поседува премногу оружје*.
- Еден од начините за превенција е да се предвиди данок за сите кои поседуваат на оружје;
- Да се направи заложба за повторување на акцијата за ослободување од нелегално оружје, и доколку населението не ја поддржува акцијата, за нелегалното поседување оружје да се зголемат казните;
- Бројката на сторени убиства во рамките на извршување на семејно насилство и помеѓу блиски роднини не е за потценување. Голем дел од убиствата се случиле во рамките на семејството или помеѓу блиски роднини, што ни укажа дека во таквите семејства, во подолг период имало и постоело некаков облик на насилство. За постоењето на ваквото насилството во најголем број случаи секако дека знаеле: соседите, здравствените и социјалните установи, а за состојбата имала информации и полицијата, коишто ништо навремено не преземале, сè до доаѓањето на моментот кога ситуацијата ескалирала и е извршеното убиство.
- Во многубројните криминолошки и криминалистички истражувања коишто потекнуваат од крајот на XX век се нагласува тесната врска помеѓу насилството во семејството и тенденцијата за подоцнежно извршување на убиствата. (една третина од убиствата се случиле во рамките на семејното насилство).[348]
- За разлика од кај нас во светот се посветува големо внимание на заштита и превенција од убиства, каде што има изработено конкретни програми за превенција. Во конкретните програми се вклучува и психолошко тестирање на деца кои уште од најрана возраст кога покажуваат склоности кон агресивност, со цел да се работи со таквите деца за да се намали нивната агресивна склоност, преку испитување од каде доаѓа нивната агресивност.

---

[348] https://aic.gov atterns of Injury in Homicide Relationships: Clinical, Psychological, and Investigative Implications

- Преку правење на анализи на социјалните услови во кои личноста расте и се развива.

Се преземаат интегрирани мерки за превенција на убиства и за спречување на жртви на семејното насилство.

Мерките што се преземаат се однесуваат на:

- издвојување на насилникот од семејството,
- се препорачува психосоцијален третман на насилникот,
- преземање на засилена контрола и надзор на семејството, со цел да се заштити од насилникот со ангажирање на локалната полиција,
- давање помош за отпочнување на постапка пред кривичниот суд, и
- се формира работна група за координација за што побрзо враќање на трауматизираното семејство и жртвата, во заедницата и сл.

Драгоцени се искуствата од земјите кои имаат изградено стратегии за справување со убиствата, многу значајни се стратегиите од САД и Австралија кои посветуваат огромно внимание на превенција на убиствата и самоубиствата, особено кога има немили настани кои се случуваат во рамките на семејното насилство.

Има голем ангажман на заедницата кои работите ги насочуваат кон обучување на специјализирани тимови коишто одржуваат обуки на членовите на заедницата, за справување со конфликтни ситуации со цел да се намалат убиствата.

Изработени се засебни стратегии за жените и децата за да се спречи истите да станат жртви на убиство или да не станат престапници, со препораки кон:

- Изнаоѓање на начин и средства за заштита на жените да не станат жртви воопшто, а особено не на семејното насилство;
- Со особено внимание се води сметка за менталното здравје со цел да се забележува изместување на менталната свест;
- Се дава голема општествена поддршка на младите мајки, околу нивното здравје и здравјето на нивното потомство и едукациите кои тие ги имаат за заштита од секаков облик на насилство.

Како и кај останатите кривични дела, така и кај убиствата потребно е широка општествена заложба за превенција која ќе се преточи во стратегија за справување со

убиствата, во која активно учество ќе земат сите чинители на општественото живеење, тука се мисли на: јавниот сектор, воспитно образовните институции, граѓанскиот сектор, а секако тука треба да заземе активна улога и вклученоста на семејството.

Препорачуваме стратегијата да се насочи и кон следните, елементи :

- да се вклучи негативното влијанието на алкохолот и дрогата кон создавањето на агресивност на личноста која може да продуцира и убиства, стратегијата да биде дел од образовните процеси во кои учениците ќе земат активно учество во изработка на проекти и есеи, со цел да дојдат до поцелосни сознанија за штетноста од неконтролираното конзумирање на алкохол и дрога;
- да се вклучи програма за лекување и за ефикасно справување и управување со бесот и лутината уште од најрана возраст;
- да се вклучат сите државни органи од здравствени, социјални и органите задолжени за заштита на редот и мирот да имаат проактивна улога во ефикасното справување со семејното насилство, а со тоа би делувале и на превенција на убиствата.

# Библиографија


- Алексоски С., *Психологија со криминалистичка психологија*, Трекс, Скопје, 2005.
- Ангелески М. , *Криминалистика*, Студенски збор, Скопје, 1993. (1)
- Ангелески М., *Вовед во криминалистика*, Скопје, 2007. (2)
- Ангелески М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2007. (3)
- Ангелески М., *Криминалистичка методика*, Графос Куманово, 2008. (4)
- Батковска Л., *Криминалистичка психологија,* Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2007.
- Бачановиќ,О.,Пејовска.Н. *Виктимологија,* Авторизирани предавања на Прв циклус на студии на Факулетот за безбадност, Скопје, 2017, дв 70205704
- Бовцон Љ., *Општи проблеми социјалне патологије*, Југословенска ревија за криминологија и кривично право бр. 1, 1970.
- Бошковиќ М., *Криминалистичка методика I*, Полициска академија, Београд, 1998. (1)
- Бошковиќ, М. *Криминалистичка методика II,* Полициска академија, Београд, 1998.
- Бусарчевиќ М., *Основи криминалистичких вештачења*, Београд, 2001.
- Водинелиќ, В. *Криминалистика,* Савремена администрација Београд, 1984. (2)
- Водинелиќ В. , *Криминалистика,* Научна књига, Београд, 1987. (3)
- Водинелиќ В. *Криминалистика - откривање и докажување I том,* Скопје, 1985. (1)
- Водинелиќ В., *Криминалистика откривање и докажување 2 том*, Факултет за безбедност, Скопје, 1985. (4)
- Vodinelic V., *Kriminalisticka obrada ubistva i teskih telesnih povreda,* SSUP Beograd,1972, str. 33-38. (5)
- Габеров М., *Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство,* Правдико, Скопје, 2016,
- https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2016/01/.

- Горкиќ С., *Медицинска криминалистика*, Белград, 1981.
- Гроздановска М. Есеј на тема: „*Евтаназијата како современ начин на убиство“*, Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје.
- Jacobs D., Analyzing Criminal Minds: *Forensic Investigative Science for the 21st Century*. (Santa Barbara-Denver-Oxford: Praeger, 2011), p.15.
- Димоски Д., *Класифицирани убиства според начинот на извшување,* Правен факултет, Ниш, 2015. (1)
- Димовски Д., *Криминолошко одређење убиства*, (докторска дисертација), Правни факултет, Ниш, 2012. (2)
- Ѓорѓевиќ М., *Живот као објект кривично правне заштите*, Правни живот бр. 9/95, Београд, стр. 45.
- Žerjav C., *Kriminalistika,* Obrazovni centar za unutrasne poslove RSUP Hrvatske, Zagreb, 1986.
- Jacobs D., *Analyzing Criminal Minds: Forensic Investigative Science for the 21st Century,* Praeger, Santa Barbara – Denver - Oxford, 2011.
- Jovanovic K., *Kriminalisticka tehnika,* Visa skola unutrasnih poslova, Beograd, 1981.
- Канавчев М., *Квалифицирани (тешки) убиства,* Прегледна научна статија, Скопје, стр. 1 УДК:343.611:340.13 (1)
- Канавчев М., *Казено право посебен дел,* Просветно дело, Скопје, 2010. (2)
- Камбовски В., *Кривично право, посебен дел*, Скопје, НИО Студентски збор, Скопје, 1982. (1)
- Камбовски В. , *Кривично право општ дел* , Култура , Скопје, 2004. (2)
- Камбовски В., *Коментар на кривичниот законик на Република Македонија*, Клуб Матица Скопје, 2011. (3)
- Камбовски, В. Тупанчевски, Н. *Кривично право (посебен дел)* Скопје, 2011.
- Капамаџија Б., *Убиство - психопатологија и судска медицина*, Матица српска, Београд, 1981.
- Канепа Џ., *Криминална личност и типологија деликвената*, Југословенска ревија за криминологија и кривично право, бр.3, Скопје, 1973.

- Kepel R. and Birnes W. , *The psychology of serial killer investigations, Academic press*, Boston, 2003.
- Кривокапиќ В. и Крстиќ О., *Криминалистичка тактика* 2,Савремена администрација, Београд, 1999.
- Котески М. , *Криминалистички карактеристики кај убиствата*, 11Октомври,Прилеп, 1996 .
- Костиќ М., *Превенција као средство политике сузбијања криминалитета*, Правни факултет, Ниш, 2010.
- Константиновиќ – Виљиќ С. и Николиќ - Ристановиќ В. , *Криминологија*, Ниш, 2003.
- Лесоска, Н. *Кривично - правни и криминолошки аспекти на сериските убиства во Република Македонија и во светот* (магистерски труд) - Универзитет „Св. Климент Охридски''- Правен факултет - Битола), 2018.
- Лукиќ М. и Пејковиќ С., *Судска медицина*, Београд, 1975.
- Матовски Н., Бужеровска Л., Калајџиев Г., *Казнено процесно право*, Скопје, 2011.
- Марјановиќ Ѓ. и Канавчев М. *Македонско кривично право*, Просветно дело, Скопје, 1988.
- Milutinović M., *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije*, Savremena Administracija, Beograd, 1973.
- Milutinoviќ M., *Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije*, Savremena Administracija, Beograd,
- Мојаноски, Ц.,*Методологија на истражување на безбедносните појави, основна книга I* , Факултет за безбедност Скопје, 2012.
- Мојаноски, Ц. *Методологија на истражување на безбедносните појави, Истражувачка постапка книга II*, Факултет за безбедност Скопје, 2012.
- Мојаноски, Ц. *Методологија на истражување на безбедносните појави, Аналитичка постапка III*, Факултет за безбедност Скопје, 2012.
- Морган Л. , *Древно друштво*, Просвета, Београд, 1981.

- Modly D., *Pripucni kriminalisticki leksikon,* Fakultet kriminalistickih nauka, Sarajevo, 1998. ( 1)
- Modly D., Osiguravanje mjesto krivicnog dogadzaja, MUP RH, Zagreb, 2001. (2)
- Modly D., *Mikrotragovi,* Prirucnik 1/86.
- Middendorff W., *Kriminologie der Tötungsdelikte*, Sttutgart, München, Hannover, 1984.
- Milovanovic, M. *Sudska medicina*, IV izdanje, Medicinska knjiga, Beograd-Zagreb, 1975.
- Николиќ - Ристановиќ В. и Констатиновиќ-Вилиќ С. , *Криминологија*, Београд,2004.
- Николиќ – Ристановиќ В., *Пети међунарони симпозиум виктимолога, Југословенска ревија за криминологију и кривично право*, Београд, 1985.
- Николовска С., *Методика на истражување на општ криминалитет,* Факултет за безбедност, Van Gog, Скопје, 2015.
- Petrović A., *Kriminalistička metodika*, Beograd, 1978.
- Perić V., *Kako se prikupljaju i provjeravaju objavestenja o krivicnim djelima za koja se goni po sluzbenoj duznost,* Savremena administracija, Beograd, 1971.
- Симоновски Д. , *Криминолошки и криминалистички карактеристики на к.д. убиство со посебен осврт на подрачјето на Град Скопје за период 2000 – 2010 , докторска дисертација,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
- Симоновиќ Б., *Криминалистика,* Правни факултет, Крагујевац, 2004.
- Сулејманов З., *Убиствата во Македонија*, Студентски збор, Скопје, 2005. (1)
- Suherland, E., *Princip of Criminologu*, 1955, pg.121.
- Perić V., *Kako se prikupljaju i provjeravaju objavestenja o krivicnim djelima za koja se goni po sluzbenoj duznost,* Savremena administracija, Beograd, 1971.
- Petrović A., *Kriminalistička metodika*, Viša Škola unutrašnjih poslova, Beograd, 1978.
- Podnar A., *Trace of evidence, Strucni rad, UDK 343.98-* https://hrcak.srce.hr/file/141114.

- Рот Н. и Радоњиќ С. , *Психологија*, Скопје 1980.
- Tahović J., *Komentar krivi čnog zakonika,* Beograd, 1962.
- Cacan A.,*Geografsko profiliranje pocinilaca u kriminalistickoj istrazi seriskih krivicnih dela*, Casopis za kriminalistiku, kriminoligiju i sigurnosne studije, Godiste X, Zagreb, Broj 3-4, 2010.
- Симоновски Д., *Криминолошки и криминалистички карактеристики на убиствата, со посебен осврт на пордачјето на Град Скопје за периодот 2000-2010 год.,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014, (магистерски труд)
- Фришиќ Е., *Методологија на вршење увид кај сериозни кривични дела, криминалистичко судски вештачења и нивната доказна вредност*, Скопје, 2018.
- Џуклески Г., *Вовед во криминалистика*, График Мак Принт, Скопје, 2007. (1)
- Шепаровиќ З., *Виктимологија - студија о жртвама*, Загреб, 1987.
- Шипрага Ј.и Алексиќ Ж., *Криминалистичка методика*, Београд, 1986.

## ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

- Устав на РМ,(бр. 06-4542/1 од 17 ноември 1991г.
- Кривичниот законик на РМ,( *Сл. весник на РМ бр. 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, број 28/14, 115/14 и 132/14).*
- Закон за кривична постапка (*Сл. весник на РМ бр15 од 07.03. 2005).*
- Закон за внатрешни работи (*Сл. весник на РМ бр.19/04).*
- Закон за полиција (*Сл. весник на РМ бр.72/07).*
- Правилник за вршење на работи на МВР (*Сл. весник на РМ бр.19/95, 38/02, 149/07).*
- Закон за заштита на сведоци *(Сл. весник на РМ бр38/05 ).*
- Закон за средно образовани *(Сл.весник на РМ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/97,82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012 и 24/2013).*

## ИНТЕРНЕТ САЈТОВИ

- Crime library, *Types Of Serial Killers*.
- http://www.crimemuseum.org/library/serialKillers/typesOfSerialKillers.html
- Crime Times, *Serotonin aggression: Evidence mounts,*
- http://www.crimetimes.org/97d/w97dp4.htm
- *Criminal Justice Data and Statistics,*
- http://www.murdervictims.com/murder_statistics.htm
- Criminal minds, *Behaviour & Classification,*
- http://www.criminalmindsfanwiki.com/page/Behaviour+%26+Classification
- Criminal minds, *Ed Gein*, http://criminalminds.wikia.com/wiki/Ed_Gein
- *Criminology: Intelligence and crime,*
- http://socialscience.stow.ac.uk/criminology/criminology_notes/intelligence.htm

- Daily University Science News, *Link Seen Between Lead Level In Air And*
- *Homicide Rate,* http://www.unisci.com/stories/20012/0517014.htm
- Dearden, J.,Payne, J., *Alcohol and homicide in Australia,*
- http://www.aic.gov.au/documents/6/F/F/%7B6FF03CB5-1EF7-43EE-84FCF0997C5C84C9%
- 7Dtandi372.pdf
- Dishion, T., *Adolescent Transitions Program,*
- http://www.strengtheningfamilies.org/html/programs_1999/08_ATP.html
- Drawdy, S., Myers, W., *Homicide Victim/Offender Relationship in Florida*
- *Medical Examiner District 8,*
- http://searchfortruth.info/sites/default/files/_homicide-victim-offenderrelationship.
- pdf
- *Encyclopedia of Death and Dying,* http://www.deathreference.com/Ke-Ma/Mass-
- Killers.html
- *Fear,* http://www.edu.pe.ca/southernkings/emotionsfear.htm
- *Fired employee kills boss at Christmas party,*
- http://current.com/news/89621715_fired-employee-kills-boss-at-christmasparty.
- htm
- Foxnews, *Macedonian Man Arrested in Ax Murders of 4 Elderly Women,*
- http://www.foxnews.com/world/2009/11/09/macedonian-man-arrested-axmurders-
- elderly-women/
- Grossman, C., *The Stanforf study: Less TV = Less violence,*
- http://www.killology.com/stanfordstudy.htm
- Hall, S., *What Are the Causes of Violent Crimes?*
- http://www.ehow.com/about_5141992_causes-violent-crimes.html
- *Hans Eysenck's theories of criminal behavior,*
- http://www.helium.com/items/127853-hans-eysencks-theories-of-criminalbehavior
- Hickey, E., *Serial Killers: Defining Serial Murder,*
- http://www.serialhomicide.com/serial-killers.htm
- Institute for Public Safety and Justice, *The District of Columbia: Neighborhoods*
- *and Homicides,*
- http://www.scribd.com/doc/50127650/41/KRIMINOGENI-FAKTORI-pojam

- https://aic.gov atterns of Injury in Homicide Relationships: Clinical, Psychological, and Investigative Implications
- http://www.target.org.rs/
- http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/europe/russia/7910893/Russian-
- Satanists-jailed-for-ritual-sacrifice-teen-killings.html
- http://www.theshellowgroup.com/CM/SentencingReports/13-Homicide-Juvenile-
- Transfer-G-H.pdf
- http://www.unisa.edu.au/giving/news/successfulageing/archive/AngerInSociety.p
- df
- http://www.users.on.net/~bundy23/wwom/purdy.htm
- http://www.whatcomcounts.org/whatcom/modules.php?op=modload&name=Pro
- misePractice
- http://www.whatcomcounts.org/whatcom/modules.php?op=modload&name=Pro
- misePractice
- www Health_final_mk
- *Strategies to Prevent Youth Violenc*:http://www.cdc.gov/violenceprevention/pdf/chapter2a-a.pdf,
- Dishion, T., *Adolescent Transitions Program*http://www.strengtheningfamilies.org/html/programs_1999/08_ATP.html

**Варијабли преку кои се спроведе истражувањето** **прилог бр. 1**

| *Р.бр.* | **Варијабла** | *2007* | *2008* | *2009* | *2010* | *2011* | *2012* | *2013* | *2014* | *2015* | *2016* | *2017* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | Година на извршено убиство. | | | | | | | | | | | |
| ***2.*** | Вид на кривично дело. | | | | | | | | | | | |
| ***3.*** | Висина на казната | | | | | | | | | | | |
| ***4.*** | Пол на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***5.*** | Образование на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***6.*** | Работен статус на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***7.*** | Користење на алкохол /дрога пред извршување на делото. | | | | | | | | | | | |
| ***8.*** | Возраст на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***9.*** | Брачен статус на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***10.*** | Град/ село. | | | | | | | | | | | |
| ***11.*** | Место на настан**.** | | | | | | | | | | | |
| ***12.*** | Мотив на сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***13.*** | Пол на жртвата. | | | | | | | | | | | |
| ***14.*** | Претходен однос помеѓу жртвата и сторителот. | | | | | | | | | | | |
| ***15.*** | Употребени средства за извршување | | | | | | | | | | | |